Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 356, 2 декември 2024 година

декември 2024 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИГИЕНА И БЕЗБЕДНОСТ НА ПРОИЗВОДИ И СУРОВИНИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ..... 5

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЕДАГОГИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ НА НАСТАВНИЦИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ..... 32

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА И НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ..... 47

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА И ИСТОРИЈА НА НАЈНОВИОТ ВЕК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ..... 70

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-СТРУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ 6.02.01.13 ШПАНСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ..... 98

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНГЛИСКИ ЈАЗИК И МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ..... 107

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФАРМАЦЕВТСКА ХЕМИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ..... 119

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ РИМСКО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ..... 126

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ НАУКА ЗА ХРАНА И ТЕХНОЛОГИЈА НА ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ (2.11.05.01) НА ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ..... 139

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕЛОВНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ..... 151

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ВЛИЈАНИЕ НА РЕЗИСТЕНТНОСТА НА АЦЕТИЛСАЛИЦИЛНАТА КИСЕЛИНА ВРЗ КЛИНИЧКАТА СЛИКА НА ИСХЕМИЧЕН МОЗОЧЕН УДАР И ПОЈАВАТА НА РЕЦИДИВИ”, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП ..... 159

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КОНТРОЛА И УПРАВУВАЊЕ НА ЗАГАДУВАЊЕТО НА ВОЗДУХ, ВОДА И ПОЧВА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП ..... 165

РЕЦЕНЗИЈА
НА РАКОПИСОТ „НЕГА НА ПАЦИЕНТИ СО КОЛОРЕКТАЛЕН КАРЦИНОМ” ОД ДОЦ. Д-Р МАРИЈА КАРАКОЛЕВСКА-ИЛОВА И НАСЛОВЕН ВОНР. ПРОФ. Д-Р ДЕВА ПЕТРОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ..... 170

РЕЦЕНЗИЈА
НА РАКОПИСОТ ЗА ЗБИРКА ЗАДАЧИ СО НАСЛОВ „ЗБИРКА ЗАДАЧИ ПО ЛИНЕАРНА АЛГЕБРА И АНАЛИТИЧКА ГЕОМЕТРИЈА” ОД ПРОФ. Д-Р МАРТИН ЛУКАРЕВСКИ И ВОНР. ПРОФ. Д-Р ЕЛЕНА КАРАМАЗОВА-ГЕЛОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ..... 175

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ХЕМИЈА ЗА СТРУЧНИ СТУДИИ” ОД ДОЦЕНТ Д-Р МИЛКИЦА АРСОВА И АСИСТЕНТ М-Р ПАВЛИНКА КОКОШКАРОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ **178**

**ИСПРАВКА**
**НА ТЕХНИЧКА ГРЕШКА** ........ **183**

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИИ СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА** ........ **183**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КАЗНЕНО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **184**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ УРБАНИСТИЧКО И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ НА ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **209**

**ПРИГОВОР**
**ДО РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА** ........ **226**

**ОДГОВОР**
**НА ПРИГОВОРОТ** ........ **229**

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски дипл. инж.
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
ISSN: 1857- 8497

## РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИГИЕНА И БЕЗБЕДНОСТ НА ПРОИЗВОДИ И СУРОВИНИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1302-157/4 од 21.10.2024 година, донесена на 234. седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет, одржана на 21 октомври 2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *хигиена и безбедност на производи и суровини од животинско потекло* (4.02.02.04) на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- д-р Ацо Кузелов, редовен професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (претседател),
- д-р Јелена Миочиновиќ, редовен професор на Земјоделски факултет при Универзитетот во Белград, Република Србија (член),
- д-р Бранислав Станковиќ, редовен професор на Земјоделски факултет при Универзитетот во Белград, Република Србија (член).

Членовите на Рецензентската комисија од Универзитетот во Белград го познаваат македонскиот јазик.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” на 5 октомври 2024 година, за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *хигиена и безбедност на производи и суровини од животинско потекло (4.02.02.04)* на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат:
**д-р Димитар Наков**, во звање вонреден професор во наставно-научната област хигиена и безбедност на производи и суровини од животинско потекло на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Пријавата на кандидатот е комплетна и навремено доставена, со уредно подредена документација:

- Пријава;
- Кратка биографија (во четири примероци);
- Уверение за државјанство (оригинал);
- Диплома за стекнато право на научен степен доктор на земјоделски науки (еден примерок оригинал на увид и четири копии заверени на нотар);
- Диплома за завршени студии на прв и втор циклус универзитетски студии (еден примерок оригинал на увид и четири копии заверени на нотар);
- Уверение за завршени студии на прв и втор циклус универзитетски студии (четири копии заверени на нотар);
- Сертификат за познавање на англиски јазик;
- Одлуки за избор во наставно-научно звање – вонреден професор;
- Список на објавени научни и стручни трудови;
- Доставен по еден примерок од трудовите;
- Примерок од докторски труд во електронска верзија на CD;
- Друга документација од значење за изборот.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Димитар Наков**, доктор на земјоделски науки, е роден на 17.4.1977 година во Штип, Република Северна Македонија. Средно образование завршил во Штип. Со високо образование се стекнал на Факултетот за ветеринарна медицина (ФВМ) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирал на 1.6.2001 година, со просечен успех 8,66.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

По дипломирањето на ФВМ, во периодот од јуни 2001 до октомври 2002 година, кандидатот работел како доктор по ветеринарна медицина во Ветеринарната станица во Штип, а од февруари 2004 година до изборот во звањето помлад асистент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (ФЗНХ) работел во свињарската фарма „Мак-месо“, с. Таринци, Штип. По вработувањето на ФЗНХ, во учебната 2007/2008 г. се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Студиите ги завршил на 17.9.2009 година, со просечен успех 9,71. На 18.4.2011 година успешно го одбранил магистерскиот труд на тема „Анализа на ризик-факторите за појава на клинички мастит кај млечни крави во Република Македонија“.

На 23.12.2011 година, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, поднел пријава за изработка на докторска дисертација. Дисертацијата на тема „Испитување на поврзаноста меѓу оксидативниот стрес и маститот кај млечни крави во рана лактација“, успешно ја одбранил на 15.5.2015 година, пред Комисија во состав: д-р Методија Трајчев, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (ментор), д-р Жарко Маџиров, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во пензија, д-р Милена Петровска, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Ицко Ѓоргоски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје и д-р Сретен Андонов, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на земјоделски науки.

Првиот Реферат за избор во звањето помлад асистент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје во научната област зоохигиена е објавен во Билтен бр. 916 од 2.4.2007 година. На 19.4.2007 година е избран во звањето помлад асистент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје во областа зоохигиена. Рефератот за повторен избор во звањето помлад асистент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје во областа зоохигиена е објавен во Билтен бр. 981 од 1.3.2010 година. Рефератот за избор во звањето асистент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје во научната област зоохигиена е објавен во Билтен бр. 1014 од 1.9.2011 година, а Рефератот за повторен избор во звањето асистент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје во областа зоохигиена е објавен во Билтен бр. 1084 од 15.9.2014 година. Рефератот за избор во звањето доцент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје во научната област зоохигиена е објавен во Билтен бр. 1104 од 15.7.2015 година. Рефератот за избор во звањето вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје во научната област зоохигиена е објавен во Билтен бр. 1212 од 1.4.2020 година. Последниот Реферат за избор

во звање вонреден професор на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип во наставно-научната област хигиена и безбедност на производи и суровини од животинско потекло (40808) е објавен во „Универзитетски билтен“ бр. 301 од јуни 2022 година.

Во моментот кандидатот е вонреден професор за наставно-научната област хигиена и безбедност на производи и суровини од животинско потекло на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот на УКИМ бр. 916 од 2.4.2007 година, бр. 981 од 1.3.2010 година, бр. 1014 од 1.9.2011 година, бр. 1084 од 15.9.2014 година, бр. 1104 од 15.7.2015 година, бр. 1212 од 1.4.2020 година, „Универзитетски билтен“ на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип бр. 301 од јуни 2022 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, а врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор**

Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

**Општи услови за избор:**

Кандидатот дипломирал на Факултетот за ветеринарна медицина (ФВМ) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на 1.6.2001 година, со просечен успех 8,66. Втор циклус (магистерски) студии завршил на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје на 17.9.2009 година, со просечен успех 9,71. Кандидатот д-р Димитар Наков е доктор на земјоделски науки. Јавно ја брани докторската дисертација на 15.5.2015 година на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на тема „Испитување на поврзаноста меѓу оксидативниот стрес и маститот кај млечни крави во рана лактација“ пред Комисија во состав: д-р Методија Трајчев (ментор), редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Жарко Маџиров, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во пензија, д-р Милена Петровска, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Ицко Ѓоргоски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје и д-р Сретен Андонов, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, и се стекнува со научен назив Доктор на земјоделски науки. Со Одлука бр. 02-1746/4 од 27.8.2015 година, кандидатот е избран во наставно-научно звање доцент во научната област зоохигиена (40727) на УКИМ во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, согласно со Извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен бр. 1104, стр. 424, од 15.7.2015 година, по Конкурсот објавен во дневните весници „Дневник“ и „Коха“ од 8.6.2015 година. Со Одлука бр. 02-192/6 од 16.4.2020 година, кандидатот е избран во наставно-научно звање вонреден професор во научната

областа зоохигиена (40727) на УКИМ во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, согласно со Извештајот на Рецензентската комисија, објавен во Билтен бр. 1212, стр. 189, од 1.4.2020 година, по Конкурсот објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха" од 31.1.2020 година. Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, на својата редовна 203. седница, одржана на 4.7.2022 година донесе Одлука број 1302-123/3 од 4.7.2022 година за избор на д-р Димитар Наков во звање вонреден професор на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, за наставно-научната област хигиена и безбедност на производи и суровини од животинско потекло (40808), согласно со Извештајот (рефератот) на Рецензентската комисија објавен во „Универзитетски билтен" бр. 301 од јуни 2022 година, а по Конкурсот објавен во дневниот весник „Слободен печат" и весникот „Коха" од 17.5.2022 година.

**Објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации / научни трудови во научно списание со импакт-фактор во последните пет години, односно периодот од последниот избор во наставно-научно звање вонреден професор (дел од трудовите за целиот период на избор од пет години во наставно-научно звање вонреден професор се рецензирани во Рефератот на Рецензентската комисија објавен во „Универзитетски билтен" на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип бр. 301 од јуни 2022 година):**

| Бр. | Автор/и | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Mihajlović, Lj., Cincović, M., **Nakov, D.,** Stanković, B., Miočinović, J., Hristov, S. | Improvement of hygiene practices and milk hygiene due to systematic implementation of preventive and corrective measures. | Acta Vet. Belgrade, 2022, 72(1): 76-86. **JCR IF (2021) 1.000** DOI: 10.2478/acve-2022-0006 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30125 | 1993 |
| 2. | Bojkovski, J., Zdravković, N., Žutić, J., Radanović, O., Pavlović, I., Prodanov Radulović, J., Arsić, S., Nedić, S., Angjelovski, B., Dobrosavljević, I., Prodanović, R., **Nakov, D.,** Djurić, M. | Bronchopneumonia as a health problem on pig farms (research review) | Lucrări ştiinţifice medicină veterinară Timişoara. 2022, vol. Lv(3), pg. 5-13. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30973 | 2006 |
| 3. | Trajchev, M., Micev, D., **Nakov, D.,** Glavash Dodov, M. | Short communication: Influence of humic acids as a feed supplement on the health status of suckling piglets | *Maced. Pharm. Bull.* 2022, 68 (Suppl 1), 309-310. DOI:10.33320/maced.pharm.bull.2022.68.03.149 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30980 | 2001 |
| 4. | Gjorgjievski, S., **Nakov, D.,** Kuzelov, A., Todorovska, T., Ilieva, F., Vanevska, K. | Feeding of lambs with improved pelleted feed. Journal of Agriculture and Plant Sciences | JAPS, 2022, Vol 20 (2): pg. 23-29. doi: https://doi.org/10.46763/JAPS22202023gj https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31379 | 2017 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | Silovska Nikolova, A., Pejkovski, Z., Velkoska-Markovska, L., Belichovska, D., **Nakov, D.,** Belichovska, K. | The effect of swiss chard powder and starter cultures on colour development in smoked pork loin | Journal of Agricultural, Food and Environmental Sciences, 2022, Vol 76 (2): pg. 1-11. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32191 | 1965 |
| 6. | Hristov, S., Mihajlović, Lj., Cincović, M., **Nakov D.** and Stanković, B. | The improvement of the body and udder hygiene influence on the milk safety and composition on small dairy farms in Serbia | Journal of Agricultural Sciences (Belgrade), 2023, Vol. 68, No. 1, pg. 105-119. **CiteScore (2023) 0.7. JCR category rank Q4: Agronomy and Crop Science** https://doi.org/10.2298/JAS2301105H https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32192 | 1948 |
| 7. | Hristov, S., Stanković, B., Samolovac, Lj., Ostojić Andrić, D., **Nakov, D.** | Hygiene procedures before, during and after cow milking | Arhiv veterinarske medicine, 2023, Vol. 16 (1): pg. 5-15. **CiteScore (2022) 0.8.** https://doi.org/10.46784/e-avm.v16i1.316, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32193 | 2008 |
| 8. | Tomasevic, I., Hambardzumyan, G., Marmaryan, G., Nikolic, A., Mujcinovic, A., Sun, W., Liu, X-Ch., Bursać Kovačević, D., Bebek Markovinović, A., Terjung, N., Heinz, V., Papageorgiou, M., Skendi, A., Goel, G., Raghav, M., Dalle Zotte, A., **Nakov, D.,** Velkoska, V., Sołowiej, B.G., Semenova, A.A., Kuznetsova, O.A., Krocko, M., Duckova, V., Lorenzo, J.M., Echegaray, N., Oz, E., Oz, F., Djekic, I. | Eurasian consumers' food safety beliefs and trust issues in the age of COVID-19: Evidence from an online survey in 15 countries | J Sci Food Agric, 2023, 103: 7362–7373. doi: 10.1002/jsfa.12815. **JCR IF (2022) 4.1; CiteScore (2022) 8.2.** https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32195 | 1950 |
| 9. | Hristov, S., Cincović, M., Stanković, B., Đoković, R., Ostojić Andrić, D., Samolovac, Lj., **Nakov, D**. | Determination of new welfare and stress indicators of the animals on cattle and pig farms based on different publications | Proceedings of 14th International Symposium "Modern Trends in Livestock Production", 2023, 4th - 6th October 2023, Belgrade, Serbia. pg. 157-167. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32558 | 2010 |
| 10. | Stanković, B., Hristov, S., Cincović, M., Đoković, R., Ostojić Andrić, D., Milošević-Stanković, I., **Nakov, D.** | Determination of new biosecurity indicators on cattle and pig farms based on different publications | Proceedings of 14th International Symposium "Modern Trends in Livestock Production", 2023, 4th - 6th October 2023, Belgrade, Serbia. pg. 168-181. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32557 | 2010 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11. | Hristov, S., **Nakov, D.,** Miočinović, J. | Constructive alignment between objectives, teaching and learning activities, student competencies and assessment methods in higher education | Journal of Agriculture and Plant Sciences, JAPS, 2023, Vol 21 (2): pg. 21-36. doi: https://doi.org/10.46763/JAPS23212021h https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33242 | 2017 |
| 12. | **Nakov, D.,** Kuzelov, A., Hristov, S., Velkoska Nakova, V., Stanković, B. & Miočinović, J. | The Impact of Mastitis Pathogens on Antioxidant Enzyme Activity in Cows' Milk | Contemporary Agriculture, 2023, 72(4) 199-206. https://doi.org/10.2478/contagri-2023-0027 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33128 | 1953 |
| 13. | Cincović, M., Majkić, M., Spasojević, J., Hristov, S., Stanković, B., **Nakov, D.,** Nikolić, S., Stanojević, J. | Heat stress of dairy cows in Serbia (Review) | Acta Agriculturae Serbica, 2023, 28 (56), 107–125. **CEON WoS IF5 0.504** doi: 10.5937/AASer2356107C https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33312 | 1996 |
| 14. | Djekic, I., Hambardzumyan, G., Nikolić, A., Mujčinović, A., **Nakov, D.,** Silovska Nikolova, A., Semenova, A.A., Kuznetsova, O.A., Oz, F., Oz, E., Terjung, N., Volker, H., Tomasevic, I. | Confronting Views of Companies and Authorities on Food Safety Issues - A Cross-Country Survey | *Foods*, 2024, *13*, 773. https://doi.org/10.3390/foods13050773 **JCR IF (2023) 5.42.; CiteScore (2022) 5.8; JCR category rank Q1: Food Science and Technology – SCIE** https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33834 | 2012 |
| 15. | **Nakov, D.,** Kuzelov, A., Hristov, S., Stanković, B., Miočinović, J., Cincović, M. | Mastitis makes changes in the blood antioxidant enzyme activity during the transition period of dairy cows: part II | Book of Proceedings of the XIII International Symposium on Agricultural Sciences (AgroReS 2024), 2024, 27-30 May 2024, Trebinje, Bosnia and Herzegovina. pg. 152-159. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34381 | 2011 |
| 16. | **Nakov, D.,** Zlatanovska, B., Kocaleva Vitanova, M., Miteva, M., Hristov, S., Stanković, B. | Mathematical modelling and machine learning prediction for prevalence dynamics of clinical mastitis in dairy herds | Proceedings of the 26th International Congress of the Mediterranean Federation for Health and Production of Ruminants (FeMeSPRum2024), 20-23 June 2024, Novi Sad, Serbia, Veterinary Review, 2024, Vol 5, No 1. Pg 193-203, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34403 | 1998 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 17. | Hristov, S., Stanković, B., Starič, J., **Nakov, D.,** Prodanov-Radulović, J., Milovanović, B., Chantziaras, I., Allepuz, A. | Biosecurity measures on ruminant farms | Proceedings of the 26th International Congress of the Mediterranean Federation for Health and Production of Ruminants (FeMeSPRum2024), 20-23 June 2024, Novi Sad, Serbia, Veterinary Review, 2024, Vol 5, No 1. Pg 118-129 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34402 | 1998 |
| 18. | Hristov S., Cincović M., Stanković B., Đoković R., Ostojić Andrić D., **Nakov D.** | Determination of new welfare and stress indicators on cattle and pig farms based on previously published studies | Proceedings of the 26th International Congress of the Mediterranean Federation for Health and Production of Ruminants (FeMeSPRum2024), 20-23 June 2024, Novi Sad, Serbia, Veterinary Review, 2024, Vol 5, No 1. Pg 98-117 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34405 | 1998 |
| 19. | Stanković, B., Hristov, S., Cincović, M., Đoković, R., Ostojić Andrić, D., Milošević-Stanković, I., **Nakov, D.** | Determination of new biosecurity indicators on cattle and pig farms based on published studies | Proceedings of the 26th International Congress of the Mediterranean Federation for Health and Production of Ruminants (FeMeSPRum2024), 20-23 June 2024, Novi Sad, Serbia, Veterinary Review, 2024, Vol 5, No 1. Pg 265-273 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34404 | 1998 |

**Посебни услови**

Во текот на периодот од изборот во наставно-научно звање вонреден професор во 2020 г. до денешен момент на избор во звање во 2024 година, кандидатот активно учествувал во 8 научноистражувачки проекти, од кои 2 домашни проекти, 5 COST проекти и како раководител на еден ЕРАЗМУС плус проект (*From digital technology to educational tool: Improvement of active learning quality in biotechnical sciences using on-line education). Одлука бр. 09-238/1 од 14.5.2021. Erasmus+ Programme Grant Agreement number: 2021 1-RS01-KA220-HED-000032054.* Од нив, три се рецензирани во Рефератот на Рецензентската комисија објавен во „Универзитетски билтен“ на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип бр. 301 од јуни 2022 година.

Во прилог се наведени научноистражувачките проекти во кои д-р Димитар Наков активно учествувал од последниот избор во наставно-научно звање вонреден професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип на 4.7.2022 година до денес:

1. Tashkov, Dimitar and Chaneva Lazovska, Jasmina and Gjorgievski, Srekkjo and **Nakov, Dimitar** and Tashkov, Goran. (2022). Производство на современи типови на крмни смески. ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА. 2022 - 2023. Проектна апликација за инструмент за поддршка: Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва „старт-ап“ и „спин-оф“. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32613
2. MC member of the COST Action CA21124: Lifting farm animal lives – laying the foundations for positive animal welfare (LIFT), 2022-2026 (EU Framework Programme Horizon Europe 2021-2028). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32610
3. MC member of COST Action: CA22112 - European Network on Livestock Phenomics (EU-LI-PHE), 2023-2027 (EU Framework Programme Horizon Europe 2021-2028). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32611
4. Arsov, Emilija and Trajkova, Fidanka and Balabanova, Biljana and Markova Ruzdik, Natalija and **Nakov, Dimitar** and Atanasova, Biljana. (2023). Подобрување на организацискиот пристап при реализација на практичната настава во компании. Palladium International LLC Skopje, Increasing Market Employability and Helvetas Swiss Intercooperation. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33354
5. MC member of COST Action: CA23106 - An Evolutionary View to Understanding Affective States across Species”(AFFECT-EVO), 2024-2028 (EU Framework Programme Horizon Europe 2021-2028). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34663

**Стручно усовршување остварил со следење на обуки:**

1. Participation in Learning, Teaching, Training Activities: 1. Development of ALTONE principles and concept (Project HEAL-in-ONE, Erasmus+ Project No 2021 1-RS01-KA220-HED-000032054), from 21st to 23rd September 2022 at the Faculty of Agriculture of the University of Belgrade.
2. Participation in Learning, Teaching, Training Activities: 2. Raising the competencies of academics for creating prototypes of teaching situations (Project HEAL-in-ONE, Erasmus+ Project No 2021 1-RS01-KA220-HED-000032054), from 29th to 31st March 2023 at the Josip Juraj Strossmayer University of Osijek, Croatia.
3. Risk-based Meat Safety Assurance Systems focusing on risk categorisation of farms and abattoirs. CA18105: Risk-based meat inspection and integrated meat safety assurance (RIBMINS). Virtually, June 13th – 16th, 2023;
4. Стручно-дидактичка обука на ментори од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за реализација на практична настава. Swiss Agency for Development and Cooperation SDC. Штип, Северна Македонија, 24/08/2023 – 25/08/2023;
5. Improving Ruminant Biosecurity. Food and Agriculture Organization of the United Nations (FAO), Virtual Learning Center for Europe and Asia. Online course from 13 February to 15 March 2024;
6. African Swine Fever Introductory Course. Food and Agriculture Organization of the United Nations (FAO), Virtual Learning Center for Europe and Asia. Online course 7 June 2024;
7. Shaping the Future of Food Systems: Today’s Applications and Future Perspectives of Artificial Intelligence. EFSA’s Parma Summer School 2024. Online course 23-25 September 2024.

**Конференции и научни советувања:**

**1. Nakov, D.,** Trajchev, M., Stanković, B., Cincović, M., Hristov, S. 2022. Consumers’ awareness of piglet castration and attitudes towards alternatives to surgical castration:

results from North Macedonia. Proceedings of the 55th Congress of the ISAE, pg. 140. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30975

**2. Nakov, D.,** Trajchev, M., Andonov, S. 2022. Temperature-humidity index is associated with heat stress and milk yield of dairy cows. Book of abstracts of The IV International Symposium for Agriculture and Food (ISAF 2022), 12-14 October 2022, Ohrid, North Macedonia. pg. 8. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32620

3. Trajchev, M., **Nakov, D.,** Micev, D., Gjorgievski, S., Glavas Dodov, M. 2022. Influence of humic acids as a feed supplement on the reproductive performance of sows. Book of abstracts of The IV International Symposium for Agriculture and Food (ISAF 2022), 12-14 October 2022, Ohrid, North Macedonia. pg. 10. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30978

4. Ваневска, К., **Наков, Д.,** Кузелов, А. 2022. Исхрана на јагниња со подобрени пелетирани крмни смеси. Книга на апстракти, III Студентска конференција „Критични прашања во земјоделството и животната средина" Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, Земјоделски факултет, 11 Ноември 2022, Штип, Република Северна Македонија. стр. 22. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30981

**5. Nakov, D.,** Kuzelov, A., Hristov, S., Belichovska, K., Stanković, B., Miočinović, J. 2023. Mastitis makes changes in the antioxidant enzymes capacity of raw milk from dairy cows in early lactation. Book of abstracts, 3rd International meeting agriscience and practice (ASP 2023), 19 - 20 April 2023, Shtip, Republic of Macedonia. pg. 39 (abstract). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32565

6. Stanković, B., Hristov, S., Miočinović, J., **Nakov, D.** 2023. The influence of the personal hygiene and health of milkmen improvement on the milk safety and composition on small dairy farms. Book of abstracts, 3rd International meeting agriscience and practice (ASP 2023), 19 - 20 April 2023, Shtip, Republic of Macedonia. pg. 38 (abstract). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32567

7. Hristov, S., **Nakov, D.,** Miočinović, J. 2023. Constructive alignment between objectives, teaching and learning activities, student competencies and assessment methods in higher education. Book of abstracts, 3rd International meeting agriscience and practice (ASP 2023), 19 - 20 April 2023, Shtip, Republic of Macedonia. pg. 11 (abstract). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32566

**8. Nakov, D.,** Hristov, S., Stanković, B. 2023. Risk-based dairy management approach for clinical mastitis control. BETTER 20-21 June 2023, AUT, Tirana, Albania. Pg 12 (abstract). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33750

**9. Nakov, D.,** Kuzelov, A., Hristov, S., Stanković, B., Jelena Miočinović, J. 2023. The impact of mastitis pathogens on antioxidant enzymes activity in cows milk. Book of abstracts International symposium on animal science (ISAS 2023), 18th - 20th September 2023, Novi Sad, Serbia, pg. 24. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32568

10. Hristov S., Cincović M., Stanković B., Đoković R., Ostojić Andrić D., **Nakov D.** 2023. Determination of new welfare and stress indicators on cattle and pig farms based on previously published studies. Book of abstracts International symposium on animal science (ISAS 2023), 18th - 20th September 2023, Novi Sad, Serbia, pg. 27. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32569

11. Stanković, B., Hristov, S., Cincović, M., Đoković, R., Ostojić Andrić, D., Milošević-Stanković, I., **Nakov, D.** 2023. Determination of new biosecurity indicators on cattle and pig farms based on a meta-analysis of previously published studies. Book of abstracts International symposium on animal science (ISAS 2023), 18th - 20th September 2023, Novi Sad, Serbia, pg. 28. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32570

12. Анастасова, А., Анѓелевска, А., Кузелов, А., **Наков, Д.** 2023. Хигиенски квалитет на бунарска вода во регионот на Пробиштип и Кочани. Книга на апстракти, IV Студентска конференција „Критични прашања во земјоделството и животната средина", Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, Земјоделски факултет, 9 ноември 2023, Штип, Република Северна Македонија, стр. 34. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34702

**13. Nakov, D.,** Gjorgjievski, S., Kuzelov, A., Ilieva, F. 2024. The effects of feed form on broiler chicken growth performance. Book of abstracts of the International Congress on Natural, Health Sciences and Technology, 15 - 17 May 2024, Tetova, Republic of North Macedonia pg. 586 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34379

**14. Nakov, D.,** Kuzelov, A., Hristov, S., Stanković, B., Miočinović, J., Cincović, M. 2024. Mastitis makes changes in the blood antioxidant enzyme activity during the transition period of dairy cows: part II. Book of abstracts of the XIII International Symposium on Agricultural Sciences (AgroReS 2024), 27-30 May 2024, Trebinje, Bosnia and Herzegovina. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34381

15. Zlatanovska, B., Kocaleva Vitanova, M., **Nakov, D.** 2024. SIRS+P model of cow mastitis. Book of abstracts of the International Conference on Computer Science and Mathematics dedicated to Prof. Smile Markovski. May 21-23, Ohrid, Republic of N. Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34445

16. Anastasova, A., **Nakov, D.,** Angjelevska, A., Kuzelov, A., Ilieva, F. 2024. Analysis of groundwater quality in shallow wells before and after disinfection with peracetic acid. Book of abstracts of the 4th International Meeting Agriscience and Practice (ASP 2024), 13 June 2024, Shtip, Republic of North Macedonia. pg. 41 (abstract). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34428

**17. Nakov, D.,** Zlatanovska, B., Kocaleva Vitanova, M., Miteva, M., Hristov, S., Stanković, B. 2024. Mathematical modelling and machine learning prediction for prevalence dynamics of clinical mastitis in dairy herds. Proceedings of the 26th International Congress of the Mediterranean Federation for Health and Production of Ruminants (FeMeSPRum2024), 20-23 June 2024, Novi Sad, Serbia. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34403

18. Ilieski, V., Terzievski, D., **Nakov, D.** 2024. Evaluation of dog population management interventions with using of quantifiable indicators. Proceedings of the 6th annual meeting of the European Veterinary Congress of Behavioural Medicine and Animal Welfare, 3rd - 4th October 2024, Paris, France. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34839

Во текот на периодот од изборот во наставно-научно звање вонреден професор на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип во 2022 г. до денес, д-р Димитар Наков бил ментор на три дипломски труда (Одлука бр. 1303-194/1 од 16.11.2023 г., Одлука бр. 1303-106/1 од 21.05.2024 г. и Одлука бр. 1302-151/8 од 8.10.2024 г.) и еден магистерски труд (Одлука бр. 1302-51/11 од 31.1.2024 г.).

**Објавени учебници за средно насочено образование, земјоделско ветеринарна струка, за профилот ветеринарен техничар:**

**1. Наков, Д.** 2022. Анатомија со физиологија на домашните животни за II година Земјоделско-ветеринарна струка, профил: агротехничар средно стручно четиригодишно образование. Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија. Одлука 26-305/1 од 8.7.2022 година. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32618

**Учебник и учебно помагало објавени во е-библиотека за студентите на УГД:**

1. Кузелов, А., **Наков, Д.** 2023. Технологија на готови јадења. Универзитет „Гоце Делчев» - Штип, Земјоделски факултет. ISBN 978-608-277-002-4 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32619
2. **Наков, Д.,** Кузелов, А. 2024. Лабораториски прирачник за одредување квалитет на сурово млеко. Универзитет „Гоце Делчев» - Штип, Земјоделски факултет. ISBN 978-608-277-080-2 http://e-lib.ugd.edu.mk/1213

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Првиот избор во звање на кандидатот д-р Димитар Наков започнал на 19.4.2007 година, кога е избран во звањето помлад асистент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје во областа зоохигиена. Во периодот февруари 2005 - јули 2006 година бил ангажиран како демонстратор на Катедрата за радиобиологија, Оддел за говедарство при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. По изборот во звањето помлад асистент и вработувањето на ФЗНХ, одржува практична настава по предметите: Зоохигиена и Здравствена заштита на домашните животни, на студиската програма Анимална биотехнологија, по предметите Здравствена заштита во сточарското производство и Елиминирање и рециклирање на отпадоци од земјоделството на студиската програма Екоземјоделство, како и по предметот Хигиена на прехранбени производи, на студиската програма Преработка на земјоделски производи. Практичната настава ја одржува редовно и квалитетно во Лабораторијата за здравје и благосостојба на животните, но и непосредно, во фармите за одгледување и држење разни видови домашни животни, кланици, како и погони за преработка на месо и млеко. Освен тоа, активно учествува во оспособувањето на студентите самостојно да ги изработуваат и презентираат семинарските работи.

Од 27.8.2015 година до 16.4.2020 година кандидатот е избран во наставно-научно звање доцент од областа зоохигиена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Од 16.4.2020 година до 4.7.2022 година, кандидатот е избран во наставно-научно звање вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кога изведува настава, вежби и теренска настава на прв циклус студии на студиските програми анимална биотехнологија и екоземјоделство по предметот Зоохигиена, на студиските програми Анимална биотехнологија, Екоземјоделство и Квалитет и безбедност на храна по предметот Здравствена заштита на животните, на студиските програми Преработка на земјоделски производи, Анимална биотехнологија и Квалитет и безбедност на храна по предметот Хигиена и санитација во производството на храна, на студиските програми Квалитет и безбедност на храна, Преработка на земјоделски производи и Анимална биотехнологија по предметот Микробиолошки опасности на храна, на студиските програми Преработка на земјоделски производи и Анимална биотехнологија по предметот Системи за безбедност во примарното сточарско производство на студиската програма Анимална биотехнологија по предметот Анатомија на животни и на студиските програми Преработка на земјоделски производи, Екоземјоделство и Квалитет и безбедност на храна по предметот Анатомија и физиологија на животни. Во периодот кога кандидатот д-р Димитар Наков бил избран во наставно-научно звање на Факултетот за земјоделски науки и храна во

Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, изведува настава, вежби и теренска настава на втор циклус студии на студиската програма Анимална биотехнологија по предметите Здравје и благосостојба на животните – одбрани поглавја, Етологија и стрес кај животните, Биосигурност на фарма – одбрани поглавја и Здравствена заштита на животните - одбрани поглавја на студиската програма Квалитет и безбедност на храна по предметите Безбедност и контрола на храна од анимално потекло, Прописи за квалитет и Безбедност на храна од анимално потекло и Хигиена и санитација во производство на храна - одбрани поглавја и на студиската програма Преработка на земјоделски производи од анимално потекло по предметот Нутритивни ризици. Во истиот период, кандидатот д-р Димитар Наков изведува настава, вежби и теренска настава на трет циклус студии на студиската програма квалитет и безбедност на земјоделски производи по предметот Хигиена и санитација во производството на храна - напредни поглавја и на студиската програма Анимална биотехнологија по предметите Менаџмент на здравје и благосостојба на животните – напредни поглавја и Хигиена и биолошки ризици во производството на храна од анимално потекло – напредни поглавја. Од 4.7.2022 година до денес, кандидатот е избран во наставно-научно звање вонреден професор од наставно-научната област хигиена и безбедност на производи и суровини од животинско потекло на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во рамките на наставно-образовната дејност на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатот д-р Димитар Наков изведува настава, вежби и теренска настава на прв циклус студии на студиската програма квалитет и безбедност на храна по предметите Технологија на млеко и млечни производи, Санитација во прехранбената индустрија, Токсикоинфекции и интоксикации од храна и HACCP и ХАЛАЛ - теорија и пракса, на студиската програма Прехранбена технологија (Штип и Струмица), по предметите Хигиена и санитација во прехранбената индустрија и Млеко и преработки од млеко, на студиските програми Градинарство (Струмица)**,** Растителна биотехнологија (Струмица), Лозарство и винарство (Кавадарци), по предметот Сточарство, на студиската програма Биологија по предметите Вертебрата и Анимална физиологија, на студиските програми Фитомедицина (Штип), Поледелство (Штип), Растителна биотехнологија (Штип), Градинарство (Струмица), Лозаро-овоштарство (Кавадарци), Енологија (Кавадарци) по предметот Анатомија и физиологија на животни.

Кандидатот д-р Димитар Наков изведува настава, вежби и теренска настава на втор циклус студии на студиската програма Безбедност на храна, по предметите HACCP - теорија и пракса, Законска регулатива за безбедност и контрола на храна, Токсикоинфекции и интоксикации од храна, Хигиена и санитација во производството на храна, Биолошки опасности во храна и Квалитет и безбедност на млеко и производи од млеко.

Кандидатот д-р Димитар Наков изведува настава, вежби и теренска настава на трет циклус студии на студиската програма Квалитет и безбедност на храна, по предметот HACCP - теорија и пракса.

Со Решение бр. 1409-183/34 од 31.5.2018 година за акредитација на ментор на студентите на втор циклус студии од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, д-р Димитар Наков има право да биде ментор на најмногу 12 кандидати годишно, кои изработуваат магистерски трудови на втор циклус студии.

Во текот на периодот од изборот во наставно-научно звање вонреден професор на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип во 2022 г. до денес, д-р Димитар Наков бил ментор на три дипломски труда (Одлука бр. 1303-194/1 од 16.11.2023 г., Одлука бр. 1303-106/1 од 21.5.2024 г. и Одлука бр. 1302-151/8 од 8.10.2024 г.) и еден магистерски труд (Одлука бр. 1302-51/11 од 31.1.2024 г.).

Покрај наставно-образовната дејност на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатот д-р Димитар Наков учествувал во школи и работилници од областа на безбедност на храната од животинско потекло, здравјето и благосостојбата на животните, а како предавач учествувал во реализација на курсеви и семинари за дипломирани земјоделски инженери и доктори по ветеринарна медицина од областа на хигиената и санитацијата во сточарското производство и ветеринарната медицина. Како предавач учествувал во рамки на COST Dissemination Meetings.

Во текот на неговата плодна наставна и образовна дејност, д-р Димитар Наков има активности околу промоција на Факултетот низ средните училишни центри во Република Северна Македонија, учество на отворени промотивни денови на Факултетот пред идните студенти, како и континуирано учество на државните натпревар на ученици од училиштата со земјоделско-ветеринарна и шумарска струка во Република Македонија како претседател на Комисија.

Кандидатот д-р Димитар Наков, во периодот од изборот во наставно-научно звање вонреден професор во 2020 г. до денес, има објавено вкупно 47 научни публикации, од кои 8 во научни списанија со фактор на влијание (импакт-фактор), 15 научни труда во меѓународни научни списанија, 6 научни труда во зборници од научни собири и има 18 апстракти објавени во книга на апстракти од научни собири, а презентирани на меѓународни конференции и советувања. Сите објавени научни трудови на д-р Наков се достапни во електронска форма на е-репозиториумот на УГД - Штип: http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Nakov=3ADimitar=3A=3A.html

Од последниот избор во наставно-научно звање вонреден професор на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на 4.7.2022 година до денешен момент на избор во звање во 2024 година (дел од трудовите за целиот период на избор од пет години во наставно-научно звање вонреден професор се рецензирани во Рефератот на Рецензентската комисија, објавен во „Универзитетски билтен“ на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип бр. 301 од јуни 2022 година), кандидатот ги има објавено следниве научни публикации:

1. Mihajlović, Lj., Cincović, M., **Nakov, D.,** Stanković, B., Miočinović, J., Hristov, S. 2022. Improvement of hygiene practices and milk hygiene due to systematic implementation of preventive and corrective measures. Acta Vet. Belgrade, 72(1): 76-86. **JCR IF (2021) 1.000** DOI:10.2478/acve-2022-0006. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30125

2. Bojkovski, J., Zdravković, N., Žutić, J., Radanović, O., Pavlović, I., Prodanov Radulović, J., Arsić, S., Nedić, S., Angjelovski, B., Dobrosavljević, I., Prodanović, R., **Nakov, D.,** Djurić, M. 2022. Bronchopneumonia as a health problem on pig farms (research review). Lucrări ştiinţifice medicină veterinară Timişoara vol. Lv(3), pg. 5-13. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30973

3. Trajchev, M., Micev, D., **Nakov, D.,** Glavash Dodov, M. 2022. Short communication: Influence of humic acids as a feed supplement on the health status

of suckling piglets. Maced. Pharm. Bull. 68 (Suppl 1), 309-310. DOI:10.33320/maced.pharm.bull.2022.68.03.149. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30980

4. Gjorgjievski, S., **Nakov, D.,** Kuzelov, A., Todorovska, T., Ilieva, F., Vanevska, K. 2022. Feeding of lambs with improved pelleted feed. Journal of Agriculture and Plant Sciences, JAPS, Vol 20 (2): pg. 23-29. doi: https://doi.org/10.46763/JAPS22202023gj https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31379

5. Silovska Nikolova, A., Pejkovski, Z., Velkoska-Markovska, L., Belichovska, D., **Nakov, D.,** Belichovska, K. 2022. The effect of swiss chard powder and starter cultures on colour development in smoked pork loin. Journal of Agricultural, Food and Environmental Sciences Vol 76 (2): pg. 1-11. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32191

6. Hristov, S., Mihajlović, Lj., Cincović, M., **Nakov D.** and Stanković, B. 2023. The improvement of the body and udder hygiene influence on the milk safety and composition on small dairy farms in Serbia. Journal of Agricultural Sciences (Belgrade), Vol. 68, No. 1, pg. 105-119. https://doi.org/10.2298/JAS2301105H **CiteScore (2023) 0.7. JCR category rank Q4: Agronomy and Crop Science** https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32192

7. Hristov, S., Stanković, B., Samolovac, Lj., Ostojić Andrić, D., **Nakov, D.** 2023. Hygiene procedures before, during and after cow milking. Arhiv veterinarske medicine, Vol. 16 (1): pg. 5-15. **CiteScore (2022) 0.8.** https://doi.org/10.46784/e-avm.v16i1.316 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32193

8. Tomasevic, I., Hambardzumyan, G., Marmaryan, G., Nikolic, A., Mujcinovic, A., Sun, W., Liu, X-Ch., Bursać Kovačević, D., Bebek Markovinović, A., Terjung, N., Heinz, V., Papageorgiou, M., Skendi, A., Goel, G., Raghav, M., Dalle Zotte, A., **Nakov, D.,** Velkoska, V., Sołowiej, B.G., Semenova, A.A., Kuznetsova, O.A., Krocko, M., Duckova, V., Lorenzo, J.M., Echegaray, N., Oz, E., Oz, F., Djekic, I. 2023. Eurasian consumers' food safety beliefs and trust issues in the age of COVID-19: Evidence from an online survey in 15 countries. J Sci Food Agric 103: 7362–7373. doi: 10.1002/jsfa.12815. **JCR IF (2022) 4.1; CiteScore (2022) 8.2.** https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32195

9. Hristov, S., Cincović, M., Stanković, B., Đoković, R., Ostojić Andrić, D., Samolovac, Lj., **Nakov, D.** 2023. Determination of new welfare and stress indicators of the animals on cattle and pig farms based on different publications. Proceedings of 14th International Symposium "Modern Trends in Livestock Production", 4th - 6th October 2023, Belgrade, Serbia. pg. 157-167. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32558

10. Stanković, B., Hristov, S., Cincović, M., Đoković, R., Ostojić Andrić, D., Milošević-Stanković, I., **Nakov, D.** 2023. Determination of new biosecurity indicators on cattle and pig farms based on different publications. Proceedings of 14th International Symposium "Modern Trends in Livestock Production", 4th - 6th October 2023, Belgrade, Serbia. pg. 168-181. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32557

11. Hristov, S., **Nakov, D.,** Miočinović, J. 2023. Constructive alignment between objectives, teaching and learning activities, student competencies and assessment methods in higher education. Journal of Agriculture and Plant Sciences, JAPS, Vol 21 (2): pg. 21-36. doi: https://doi.org/10.46763/JAPS23212021h https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33242

**12. Nakov, D.,** Kuzelov, A., Hristov, S., Velkoska Nakova, V., Stanković, B. & Miočinović, J. 2023.The Impact of Mastitis Pathogens on Antioxidant Enzyme Activity in Cows' Milk. Contemporary Agriculture,72(4) 199-206. https://doi.org/10.2478/contagri-2023-0027 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33128

13. Cincović, M., Majkić, M., Spasojević, J., Hristov, S., Stanković, B., **Nakov, D.,** Nikolić, S., Stanojević, J. 2023. Heat stress of dairy cows in Serbia (Review). Acta Agriculturae Serbica, 28 (56), 107-125. doi:10.5937/AASer2356107C **CEON WoS IF5 0.504** https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33312

14. Djekic, I., Hambardzumyan, G., Nikolić, A., Mujčinović, A., **Nakov, D.,** Silovska Nikolova, A., Semenova, A.A., Kuznetsova, O.A., Oz, F., Oz, E., Terjung, N., Volker, H., Tomasevic, I. 2024. Confronting Views of Companies and Authorities on Food Safety Issues - A Cross-Country Survey. Foods, 13, 773. https://doi.org/10.3390/foods13050773 **JCR IF (2023) 5.42.; CiteScore (2022) 5.8; JCR category rank Q1: Food Science and Technology – SCIE** https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33834

**15. Nakov, D.,** Kuzelov, A., Hristov, S., Stanković, B., Miočinović, J., Cincović, M. 2024. Mastitis makes changes in the blood antioxidant enzyme activity during the transition period of dairy cows: part II. Book of Proceedings of the XIII International Symposium on Agricultural Sciences (AgroReS 2024), 27-30 May 2024, Trebinje, Bosnia and Herzegovina. pg. 152-159. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34381

**16. Nakov, D.,** Zlatanovska, B., Kocaleva Vitanova, M., Miteva, M., Hristov, S., Stanković, B. 2024. Mathematical modelling and machine learning prediction for prevalence dynamics of clinical mastitis in dairy herds. Proceedings of the 26th International Congress of the Mediterranean Federation for Health and Production of Ruminants (FeMeSPRum2024), 20-23 June 2024, Novi Sad, Serbia, Veterinary Review Vol 5, No 1. Pg 193-203. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34403

17. Hristov, S., Stanković, B., Starič, J., **Nakov, D.,** Prodanov-Radulović, J., Milovanović, B., Chantziaras, I., Allepuz, A. 2024. Biosecurity measures on ruminant farms. Proceedings of the 26th International Congress of the Mediterranean Federation for Health and Production of Ruminants (FeMeSPRum2024), 20-23 June 2024, Novi Sad, Serbia, Veterinary Review Vol 5, No 1. Pg 118-129 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34402

18. Hristov S., Cincović M., Stanković B., Đoković R., Ostojić Andrić D., **Nakov D.** 2024. Determination of new welfare and stress indicators on cattle and pig farms based on previously published studies. Proceedings of the 26th International Congress of the Mediterranean Federation for Health and Production of Ruminants (FeMeSPRum2024), 20-23 June 2024, Novi Sad, Serbia, Veterinary Review Vol 5, No 1. Pg 98-117. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34405

19. Stanković, B., Hristov, S., Cincović, M., Đoković, R., Ostojić Andrić, D., Milošević-Stanković, I., **Nakov, D.** 2024. Determination of new biosecurity indicators on cattle and pig farms based on published studies. Proceedings of the 26th International Congress of the Mediterranean Federation for Health and Production of Ruminants (FeMeSPRum2024), 20-23 June 2024, Novi Sad, Serbia, Veterinary Review Vol 5, No 1. Pg 265-273. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34404

**Кратка евалуација на издавачката дејност на кандидатот д-р Димитар Наков за периодот од последниот избор во наставно-научно звање вонреден професор на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип на 4.7.2022 година до денес, објавени учебни помагала, практикуми, трудови објавени во списанија со импакт-фактор, во меѓународни списанија и меѓународни стручни публикации, како и учество на конференции, советувања, научни симпозиуми:**

**Докторска дисертација:**

- **Наков, Д.** 2015. Испитување на поврзаноста меѓу оксидативниот стрес и маститот кај млечни крави во рана лактација. Докторска дисертација, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30127

Докторската дисертација на кандидатот Димитар Наков претставува оригинален научен труд од областа на хигиената во примарното производство на млеко и здравствената заштита на животните. Од приложеното авторезиме може да се констатира дека авторот успеал да изработи еден сериозен труд кој оправдано дава придонес во науката. Истовремено, трудот има апликативна вредност со што дава придонес и за решавање на проблемите поврзани со појавата на маститот и оксидативниот стрес на фармите за млечни крави. Кандидатот, како генерален заклучок од направените истражувања, укажува на реалното присуство на зголемено ниво на оксидативен стрес во организмот на кравите во периодот пред телење и периодот на рана лактација. Исто така, авторот укажува на високата преваленција на здравствените нарушувања на млечната жлезда во периодот на рана лактација што директно влијае на намалената млекопродукција на кравите. Навременото откривање и превенирање на оксидативниот стрес и маститот во стадата млечни крави би придонело за рентабилно производство на кравјо млеко. Затоа, авторот истакнува дека одредувањето на активноста на антиоксидативните ензими глутатион пероксидаза и супероксид дисмутаза во крвниот и млечниот серум на кравите може да се користи за откривање на зголеменото ниво на оксидативен стрес и да биде предиктивна дијагностичка алатка за откривање на кравите со здравствени нарушувања на млечната жлезда во периодот на рана лактација.

**Рецензирани учебници за средно насочено образование, земјоделско ветеринарна струка, за профилот агротехничар:**

- **Наков, Д.** 2022. Анатомија со физиологија на домашните животни за II година Земјоделско-ветеринарна струка, профил: Агротехничар средно стручно четиригодишно образование. Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија. Одлука 26-305/1 од 8/7/2022 година. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32618

Учебниот има за задача на учениците да има овозможи стекнување на потребните знаења за сите области на изучување предвидени со наставната програма по предметот Анатомија со физиологија на домашните животни за II година, Земјоделско-ветеринарна струка, профил Агротехничар, изготвена од Бирото за развој на образованието при Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. Во ракописот се обработени сите тематски единици од програмата, согласно со предвидениот фонд на часови за изведување на наставата, како: стручна терминологија која се користи при изучување на систематската анатомија на животните, градба на коски и поврзување на коските, градба на мускули, анатомија и физиологија на внатрешно органските системи, анатомија и физиологија на органите за дишење, градба и функција на срце, крвоток и лимфен систем, анатомија и физиологија на бубрези и органи за излачување на урина, анатомија и физиологија на машки и женски полови органи и анатомија и физиологија на нервен систем, сетила, ендокрин систем, кожа и кожни творби.

**Рецензиран учебник и учебно помагало објавени во е-библиотека за студентите на УГД:**

- Кузелов, А., **Наков, Д.** 2023. Технологија на готови јадења. Универзитет „Гоце Делчев» - Штип, Земјоделски факултет. ISBN 978-608-277-002-4 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32619

Учебникот „Технологија на готови јадења" претставува прегледно дело за вид храна која е широко прифатена од потрошувачите. Готовите јадења претставуваат храна која поминала процес на термичка обработка и може да се консумира без дополнителен третман за контрола на микробната контаминација. Авторите при изработката на овој учебник ја опфатиле хигиената, технологијата и безбедноста на готовите јадења, пред сѐ готовите јадења од месо. Авторите поттикнати од недостатокот на литература со таква содржина го напишале учебникот првенствено да им помогне на студентите за полесно совладување на наставниот материјал. Меѓутоа, побарувањата од прехранбената индустрија за овој вид храна секојдневно се зголемуваат. Затоа содржините презентирани во овој учебник може да претставуваат солидна теоретска основа за совладувањето на материјата и да им биде од корист на технолозите, менаџерите и раководителите кои работат во индустријата за производство на готови јадења.

- **Наков, Д.,** Кузелов, А.. 2024. Лабораториски прирачник за одредување квалитет на сурово млеко. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Земјоделски факултет. ISBN 978-608-277-080-2 http://e-lib.ugd.edu.mk/1213

Учебното помагало „Лабораториски прирачник за одредување квалитет на сурово млеко" од проф. д-р Димитар Наков и проф. д-р Ацо Кузелов претставува сеопфатен водич за лабораториска контрола на квалитетот и безбедноста на суровото млеко, наменет на студентите да им помогне за полесно совладување на наставниот материјал. Авторите ставиле посебен акцент на референтните, стандардните и рутинските методи кои се употребуваат за испитување на квалитетот и безбедноста на суровото млеко. Дополнително, авторите направиле преглед на важечката законска и подзаконска регулатива која се однесува на квалитетот и безбедноста на млекото и производите од млеко. Исто така, учебното помагало може да им користи и на технолозите кои работат во лаборатории за анализа на квалитетот и безбедноста на млекото.

**Евалуација на научни трудови во списанија со импакт-фактор (реден број 1, 6, 7, 8, 13 и 14 од листата на објавени трудови):**

1. Mihajlović, Lj., Cincović, M., **Nakov, D.,** Stanković, B., Miočinović, J., Hristov, S. 2022. Improvement of hygiene practices and milk hygiene due to systematic implementation of preventive and corrective measures. Acta Vet. Belgrade, 72(1): 76-86. **JCR IF (2021) 1.000** DOI:10.2478/acve-2022-0006. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30125

Авторите во трудот го испитувале влијанието на хигиената на молзење врз хигиенските индикатори на суровото млеко, како вкупниот број бактерии и вкупниот број соматски клетки во млекото. Добиените резултати укажуваат дека подобрувањето на хигиенските практики при молзење на кравите статистички значајно влијаат врз подобрување на хигиенскиот квалитет на суровото млеко.

2. Hristov, S., Mihajlović, Lj., Cincović, M., **Nakov D.** and Stanković, B. 2023. The improvement of the body and udder hygiene influence on the milk safety and composition on small dairy farms in Serbia. Journal of Agricultural Sciences (Belgrade), Vol. 68, No. 1, pg. 105-119. https://doi.org/10.2298/JAS2301105H **CiteScore (2022) 0.2.**

**JCR category rank Q4: Agronomy and Crop Science** https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32192

Авторите направиле оценување на хигиенските услови за одгледување на млечни крави преку следење на следните индикатори: општа оцена на хигиената на телото на животните, визуелна инспекција на млечната жлезда и нејзините папили, хемиски квалитет на суровото млеко преку следење на содржината на масти и протеини, како и хигиенскиот квалитет на суровото млеко преку следење на вкупниот број бактерии во млекото и вкупниот број соматски клетки во млекото. Системот на одгледување млечни крави, расовиот состав, достапната површина на под по крава односно густина на населување, системот за измолзување имале статистички значајно влијание врз хигиенските параметри на животните, квалитативниот состав и хигиената на суровото млеко.

3. Hristov, S., Stanković, B., Samolovac, Lj., Ostojić Andrić, D., **Nakov, D.** 2023. Hygiene procedures before, during and after cow milking. Arhiv veterinarske medicine, Vol. 16 (1): pg. 5-15. **CiteScore (2022) 0.8.** https://doi.org/10.46784/e-avm.v16i1.316 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32193

Во овој прегледен труд се дискутирани хигиенските постапки пред, за време и по измолзувањето на кравите. Авторите направиле детален опис на хигиенските постапки кои се однесуваат на хигиената на рацете на молзачите, дезинфекција на млечната жлезда пред и по измолзување, како и хигиена на измолзилиштата. Авторите заклучиле дека хигиенските постапки пред, за време и по измолзувањето на кравите значајно влијаат врз хигиенскиот квалитет на суровото млеко и здравјето на млечните крави. Трудот има научна, апликативна и практично применлива вредност.

4. Tomasevic, I., Hambardzumyan, G., Marmaryan, G., Nikolic, A., Mujcinovic, A., Sun, W., Liu, X-Ch., Bursać Kovačević, D., Bebek Markovinović, A., Terjung, N., Heinz, V., Papageorgiou, M., Skendi, A., Goel, G., Raghav, M., Dalle Zotte, A., **Nakov, D.,** Velkoska, V., Sołowiej, B.G., Semenova, A.A., Kuznetsova, O.A., Krocko, M., Duckova, V., Lorenzo, J.M., Echegaray, N., Oz, E., Oz, F., Djekic, I. 2023. Eurasian consumers' food safety beliefs and trust issues in the age of COVID-19: Evidence from an online survey in 15 countries. J Sci Food Agric 103: 7362–7373. doi: 10.1002/jsfa.12815. **JCR IF (2022) 4.1; CiteScore (2022) 8.2.** https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32195

Авторите направиле онлајн истражување на потрошувачите во Евроазија за нивните убедувања поврзани со безбедноста на храната во услови на пандемија со КОВИД-19. Загриженоста на потрошувачите била голема заради можноста да бидат заразени со КОВИД-19 преку храната која ја консумирале во ресторанските, храната купена од маркетите и храната доставена до нивните домови. Сепак, потрошувачите длабоко веруваат во државните служби задолжени за безбедноста на храната, сертифицираните производители на храна и научниците кои работат во полето на безбедноста на храната, пред сè храната од животинско потекло. Социјалниот статус на потрошувачите влијаел врз нивното убедување.

5. Cincović, M., Majkić, M., Spasojević, J., Hristov, S., Stanković, B., **Nakov, D.,** Nikolić, S., Stanojević, J. 2023. Heat stress of dairy cows in Serbia (Review). Acta Agriculturae Serbica, 28 (56), 107-125. doi:10.5937/AASer2356107C CEON WoS IF5 0.504 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33312

Во овој прегледен труд, авторите ги анализирале литературните податоци за влијанието на топлотниот стрес врз метаболниот профил кај кравите. Според литературните податоци, кај кравите изложени на топлотен стрес се забележува

зголемена телесна температура, активација на механизмите за разладување, намалена продукција на млеко и слаби репродуктивни резултати. Како резултат на топлотниот стрес, кај кравите се појавуваат промени во однесувањето и влошување на нивната благосостојба. Метаболната адаптација која предизвикува пад на млечноста се поврзува со зголемена осетливост на инсулин и редуцирана липолиза. Промените на продуктивните параметри и крвните параметри кај кравите под влијание на топлотниот стрес може да се искористат за селекција на животните за резистентност кон топлотен стрес.

6. Djekic, I., Hambardzumyan, G., Nikolić, A., Mujčinović, A., **Nakov, D.,** Silovska Nikolova, A., Semenova, A.A., Kuznetsova, O.A., Oz, F., Oz, E., Terjung, N., Volker, H., Tomasevic, I. 2024. Confronting Views of Companies and Authorities on Food Safety Issues - A Cross-Country Survey. Foods, 13, 773. https://doi.org/10.3390/foods13050773 JCR IF (2023) 5.42.; CiteScore (2022) 5.8; JCR category rank Q1: Food Science and Technology – SCIE https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33834

Цел на овој истражувачки труд била да се утврди нивото на загриженост за безбедноста на храната на компаниите од индустријата за храна и државните институции одговорни за безбедноста на храната. Во истражувањето учествувале 66 компании и 16 државни институции. Генерален заклучок е дека компаниите од индустријата за храна мора да имаат систематски приод кон новите предизвици по безбедноста на храната, додека државните институции одговорни за безбедноста на храната во иднина мора да имаат проактивна улога во тој процес.

**Евалуација на научни трудови објавени во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации (реден број 2, 3, 4, 5, 9, 10, 11, 12, 15, 16, 17, 18 и 19 од листата на објавени трудови)**

7. Bojkovski, J., Zdravković, N., Žutić, J., Radanović, O., Pavlović, I., Prodanov Radulović, J., Arsić, S., Nedić, S., Angjelovski, B., Dobrosavljević, I., Prodanović, R., **Nakov, D.,** Djurić, M. 2022. Bronchopneumonia as a health problem on pig farms (research review). Lucrări ştiinţifice medicină veterinară Timişoara vol. Lv(3), pg. 5-13. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30973

Авторите направиле прегледен труд за најчестите етиолошки фактори за појава на бронхопневмонија на фармите за одгледување свињи. Најчесто изолирани микроорганизми кои предизвикуваат респираторни инфекции кај свињите во интензивни услови на одгледување биле: Porcine reproductive and respiratory syndrome virus (PRRSV), Porcine circovirus type 2 (PCV-2), *Mycoplasma hyopneumoniae, Influenza virus, Actinobacillus pleuropneumoniae, Pasteurella multocida, Bordetella bronchiseptica*. Авторите направиле преглед и на неспецифичните ризик-фактори за појава на бронхопневмонија кај свињите, како несоодветни микроклиматски услови за одгледување, несоодветна исхрана, транспортот и други стресогени фактори. Покрај преглед на литературните податоци, друга цел на авторите била да се одреди антимикробната осетливост на најчесто изолираните микроорганизми од лезиите на белите дробови на умрени свињи.

8. Trajchev, M., Micev, D., **Nakov, D.,** Glavash Dodov, M. 2022. Short communication: Influence of humic acids as a feed supplement on the health status of suckling piglets. Maced. Pharm. Bull. 68 (Suppl 1), 309-310. DOI:10.33320/maced.pharm.bull.2022.68.03.149. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30980

Главна цел на истражувањето била евалуација на ефектот од употребата на хуминските киселини како додатоци во исхраната врз здравјето на прасињата. Во текот на експериментот, вкупно биле следени 26 маторици заедно со нивните

прасиња во прасилиште, поделени во две групи: 12 маторици со прасињата во контролна група и 14 маторици со прасиња во тест група. Авторите заклучиле дека додавањето на хумински киселини во исхраната на прасињата има позитивен ефект врз имунолошкиот систем и здравјето на прасињата во прасилиште.

9. Gjorgjievski, S., **Nakov, D.,** Kuzelov, A., Todorovska, T., Ilieva, F., Vanevska, K. 2022. Feeding of lambs with improved pelleted feed. Journal of Agriculture and Plant Sciences, JAPS, Vol 20 (2): pg. 23-29. doi: https://doi.org/10.46763/JAPS22202023gj https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31379

Трошоците за исхрана на фармските животни се главниот инпут кој влијае врз економскиот бенефит од производството. Авторите го испитувале ефектот на две физички форми на крмните смеси кои се користат во исхраната, брашнести и пелетирани, врз производните карактеристики на јагнињата во гоење. Притоа, авторите заклучиле дека употребата на пелетирана форма на крмни смеси дава подобри производни резултати при гоење на јагнињата преку зголемување на дневниот прираст и скратување на временскиот период на гоење.

10. Silovska Nikolova, A., Pejkovski, Z., Velkoska-Markovska, L., Belichovska, D., **Nakov, D.,** Belichovska, K. 2022. The effect of swiss chard powder and starter cultures on colour development in smoked pork loin. Journal of Agricultural, Food and Environmental Sciences Vol 76 (2): pg. 1-11. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32191

Цел на истражувањето била да се утврди влијанието на стартер културите и блитва во прав, како алтернативен природен извор на нитрити, врз формирање на површинската и бојата на пресек на пушена свинска печеница произведена во индустриски услови. Авторите заклучиле дека употребата на природни извори на нитрити кои се користат во индустријата за производство на полутрајни производи од месо не дава задоволителни резултати при производство во индустриски услови. Затоа, при употреба на нитрити од природни извори, потребно е да се комбинираат технолошките процеси на суво и влажно пушење со цел подобрување на сензорните карактеристики и постигнување на задоволителна боја на површината и во длабочина на сувомеснатите производи.

11. Hristov, S., Cincović, M., Stanković, B., Đoković, R., Ostojić Andrić, D., Samolovac, Lj., **Nakov, D.** 2023. Determination of new welfare and stress indicators of the animals on cattle and pig farms based on different publications. Proceedings of 14th International Symposium "Modern Trends in Livestock Production", 4th - 6th October 2023, Belgrade, Serbia. pg. 157-167. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32558

Авторите во трудот направиле анализа на индикаторите за благосостојба и стрес на фармите за одгледување говеда и свињи, врз основа на публикации кои произлегуваат од извештаите за национални и меѓународни проекти, а кои не се објавени во списанија и зборници на трудови од симпозиуми. Врз основа на дадените планови и програми, инструкции и препораки, научни искуства, анализа на најдобрите производни практики, законска регулатива и шеми за квалитет, авторите имале цел да генерираат идеи за нови индикатори за оценување на благосостојбата и стресот на фармите за одгледување говеда и свињи.

12. Stanković, B., Hristov, S., Cincović, M., Đoković, R., Ostojić Andrić, D., Milošević-Stanković, I., **Nakov, D.** 2023. Determination of new biosecurity indicators on cattle and pig farms based on different publications. Proceedings of 14th International Symposium "Modern Trends in Livestock Production", 4th - 6th October 2023, Belgrade, Serbia. pg. 168-181. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32557

Авторите во трудот направиле анализа на индикаторите за биосигурност на фармите за одгледување говеда и свињи, врз основа на публикации кои произлегуваат од извештаите за национални и меѓународни проекти, а кои не се објавени во списанија и зборници на трудови од симпозиуми. Врз основа на дадените планови и програми, инструкции и препораки, научни искуства, анализа на најдобрите производни практики, законска регулатива и шеми за квалитет, авторите имале цел да генерираат идеи за нови индикатори за оценување на биосигурноста на фармите за одгледување говеда и свињи.

13. Hristov, S., **Nakov, D.,** Miočinović, J. 2023. Constructive alignment between objectives, teaching and learning activities, student competencies and assessment methods in higher education. Journal of Agriculture and Plant Sciences, JAPS, Vol 21 (2): pg. 21-36. doi: https://doi.org/10.46763/JAPS23212021h https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33242

Трудот детално го опишува конструктивното усогласување на студиските програми, целите на наставните курикулуми, резултатите од учењето, оптоварувањето на студентите, наставните активности, оценувањето на студентите и стекнатите општи и специфични знаења и вештини, кои влијаат врз квалитетот на високото образование. Понатаму, конструктивното усогласување претставува пристап кој се базира на очекуваните резултати од наставата, при што резултатите од учењето се дефинирани пред да започне наставниот процес. Детално познавање на принципот на конструктивно усогласување и негова соодветна примена е основна обврска на наставничкиот кадар во високото образование. Наставниците, за да оформат наставен курикулум кој се базира на принципот на конструктивно усогласување, треба да започнат од специфичните компетенции кои треба да се стекнат со слушање на курсот, а потоа да ги изберат соодветните научни методи и активности за време на предавањата, како и начинот на оценување на специфичните компетенции кои треба да се стекнат од страна на студентите.

**14. Nakov, D.,** Kuzelov, A., Hristov, S., Velkoska Nakova, V., Stanković, B. & Miočinović, J. 2023.The Impact of Mastitis Pathogens on Antioxidant Enzyme Activity in Cows' Milk. Contemporary Agriculture,72(4) 199-206. https://doi.org/10.2478/contagri-2023-0027 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33128

Авторите на трудот се обиделе да воспостават корелација меѓу патогените микроорганизми кои предизвикуваат мастит кај млечните крави и активноста на антиоксидативните ензими во млекото (супероксид дисмутаза и глутатион пероксидаза), како индикатори за оксидативен стрес. Авторите, изолираните микроорганизми од млекото на крави со инфекција на млечната жлезда ги поделиле на контагиозни (*Streptococcus agalactiae, Staphylococcus aureus*) и патогени микроорганизми од околината (*Enterococcus spp., Pseudomonas aeruginosa, Escherichia coli, Aspergillus niger*). Присуството на контагиозни микроорганизми во инфицираната млечна жлезда статистички значајно влијаело врз зголемена активност на ензимот глутатион пероксидаза во млеко, додека присуството на патогени микроорганизми од околината влијаело врз зголемена активност на супероксид дисмутазата во млеко.

**15. Nakov, D.,** Kuzelov, A., Hristov, S., Stanković, B., Miočinović, J., Cincović, M. 2024. Mastitis makes changes in the blood antioxidant enzyme activity during the transition period of dairy cows: part II. Book of Proceedings of the XIII International Symposium on Agricultural Sciences (AgroReS 2024), 27-30 May 2024, Trebinje, Bosnia

and Herzegovina. pg. 152-159. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34381

Авторите го анализира периодот пред телење и периодот на рана лактација како најризичен за кравите кога тие доживуваат драстични метаболички промени кои водат во состојба на оксидативен стрес, но и период кога кравите во лактација се најприемливи да заболат од мастит. Преку следење на активноста на антиоксидативните ензими супероксид дисмутаза и глутатион пероксидаза во крвта на кравите, авторите утврдиле дека здравствените нарушувања на млечната жлезда имаат статистички значајно влијание врз активноста на ензимите. Избалансираната исхрана во периодот пред телење и рана лактација може да ја превенира појавата на оскидативен стрес кај млечните крави и со тоа да го намали ризикот кравите да заболат од случај на мастит.

**16. Nakov, D.,** Zlatanovska, B., Kocaleva Vitanova, M., Miteva, M., Hristov, S., Stanković, B. 2024. Mathematical modelling and machine learning prediction for prevalence dynamics of clinical mastitis in dairy herds. Proceedings of the 26th International Congress of the Mediterranean Federation for Health and Production of Ruminants (FeMeSPRum2024), 20-23 June 2024, Novi Sad, Serbia, Veterinary Review Vol 5, No 1. Pg 193-203. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34403

Авторите во трудот се обиделе преку математичко моделирање и машинско учење да ја предвидат динамиката на пренесување на патогените микроорганизми кои предизвикуваат мастит во стадо со молзни крави. Овие предиктивни модели може да придонесат за поефикасна имплементација на програмите за контрола на мастит, со што ќе се намали неговата инциденција во фармите за млечни крави.

17. Hristov, S., Stanković, B., Starič, J., **Nakov, D.,** Prodanov-Radulović, J., Milovanović, B., Chantziaras, I., Allepuz, A. 2024. Biosecurity measures on ruminant farms. Proceedings of the 26th International Congress of the Mediterranean Federation for Health and Production of Ruminants (FeMeSPRum2024), 20-23 June 2024, Novi Sad, Serbia, Veterinary Review Vol 5, No 1. Pg 118-129 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34402

Авторите во трудот ги опишале биосигурносните мерки на фармите за преживни животни кои го намалуваат ризикот од ширење на патогени микроорганизми. Биосигурносните мерки главно се однесуваат на внесување на нови животни во фармите, движењето на луѓе и возила, користењето на опремата, локацијата на фармата, снабдувањето со храна и вода на фармите, контролните програми и менаџментските практики. Авторите заклучиле дека е неопходна редовна проценка на биосигурносните мерки на фармите за преживни животни преку употреба на прашалници наменети за фармерите.

18. Hristov S., Cincović M., Stanković B., Đoković R., Ostojić Andrić D., **Nakov D.** 2024. Determination of new welfare and stress indicators on cattle and pig farms based on previously published studies. Proceedings of the 26th International Congress of the Mediterranean Federation for Health and Production of Ruminants (FeMeSPRum2024), 20-23 June 2024, Novi Sad, Serbia, Veterinary Review Vol 5, No 1. Pg 98-117. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34405

Авторите во трудот направиле анализа на индикаторите за благосостојба и стрес на фармите за одгледување говеда и свињи, врз основа на публикации објавени во списанија и зборници на трудови од симпозиуми. Тие индикатори се препознатливи за фармерите и лесно применливи во практика. Врз основа на дадените планови и програми, инструкции и препораки, научни искуства, анализа на најдобрите производни практики, законска регулатива и шеми за квалитет,

авторите имале цел да генерираат идеи за нови индикатори за оценување на благосостојбата и стресот на фармите за одгледување говеда и свињи, кои ќе бидат прифатени од страна на фармерите и ќе овозможат брза и практична оцена на благосостојбата и стресот на животните.

19. Stanković, B., Hristov, S., Cincović, M., Đoković, R., Ostojić Andrić, D., Milošević-Stanković, I., **Nakov, D.** 2024. Determination of new biosecurity indicators on cattle and pig farms based on published studies. Proceedings of the 26th International Congress of the Mediterranean Federation for Health and Production of Ruminants (FeMeSPRum2024), 20-23 June 2024, Novi Sad, Serbia, Veterinary Review Vol 5, No 1. Pg 265-273. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34404

Авторите во трудот направиле анализа на индикаторите за биосигурност на фармите за одгледување говеда и свињи, врз основа на публикации кои се објавени во списанија и зборници на трудови од симпозиуми. Тие индикатори се препознатливи за фармерите и лесно применливи во практика. Врз основа на дадените планови и програми, инструкции и препораки, научни искуства, анализа на најдобрите производни практики, законска регулатива и шеми за квалитет, авторите имале цел да генерираат идеи за нови индикатори за оценување на биосигурноста на фармите за одгледување говеда и свињи. Новите индикатори треба да овозможат брза и практична оцена на биосигурноста на фармите за одгледување говеда и свињи.

Според базата на Google Scholar, научните трудови на д-р Димитар Наков од 2015 г. до денешен момент на избор во звање во 2024 година се цитирани 339 пати (h-индекс 9), додека во изборниот период од 2022 до 2024 г. се цитирани 161 пат.

***Учество на научни конференции, советувања и симпозиуми***

Во состав на научноистражувачките активности на кандидатот д-р Димитар Наков, во текот на периодот од последниот избор во 2022 година, учествувал на научни собири, од кои сите се меѓународни, при што истражувачките резултати се презентирани со усни или постер презентации и сите се објавени на е-репозиториумот на УГД:

- Participation in the 55th Congress of the International Society for Applied Ethology (ISAE) – Animal Behaviour and Beyond from 4th to 8th September 2022, Ohrid, N. Macedonia.
- Participation in IV International Symposium for Agriculture and Food (ISAF 2022), 12-14 October 2022, Ohrid, Republic of North Macedonia.
- Participation in the III International meeting „Agriscience and Practice (ASP 2023)“, Faculty of Agriculture, Goce Delcev University – Stip, April 19-20, 2023, Republic of North Macedonia.
- Participation in COST Action CA20103 Annual conference: Biosecurity Enhanced Through Training Evaluation and Raising Awareness (BETTER), 20-21 June 2023, AUT, Tirana, Albania.
- Participation in the International Symposium of Animal Sciences (ISAS 2023), 18-20 September 2023, Novi Sad, Serbia.
- Participation in the II International Conference on Sustainable Agriculture Farming Systems, 15 - 17 May 2024, Tetova, North Macedonia.
- Participation in the XIII International Symposium on Agricultural Sciences (AgroReS 2024), 27-30 May 2024, Trebinje, Bosnia and Herzegovina.

- Participation in the IV International meeting „Agriscience and Practice (ASP 2024)", Faculty of Agriculture, Goce Delcev University – Stip, 13 June 2024, Shtip, Republic of North Macedonia.
- Participation in the 26th International Congress of the Mediterranean Federation for Health and Production of Ruminants (FeMeSPRum2024), 20-23 June 2024, Novi Sad, Serbia.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во периодот од последниот избор во наставно-научно звање вонреден професор во 2022 г. до моментот на избор во звање во 2024 година, кандидатот д-р Димитар Наков, хронолошки поредено по години, имал активно учество во работата на стручни комисии и работни групи во Агенцијата за храна и ветеринарство и Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Кандидатот д-р Димитар Наков остварил експертски активности во извршни тела на меѓународни организации кои поддржуваат/организираат научноистражувачка дејност. Кандидатот учествувал во организациони одбори на научни собири. Д-р Димитар Наков учествува во работата на комисиите за државни натпревари со цел развој на стручно-апликативната и организациско-развојна дејност.

***Активности за периодот 2022-2024 година***

1. Review Editor on the Editorial Board of Animal Behavior and Welfare (speciality section of Frontiers in Veterinary Science).
2. Претседател на Рецензентска комисија за ракописот на учебникот по наставниот предмет Биологија и патологија на диви и егзотични животни (изборен) за III (трета) година образование од Земјоделско-ветеринарна струка/сектор Земјоделство, рибарство и ветеринарство, за образовниот профил/квалификации техничар по ветеринарна медицина. Решение 26-380/1 од 20.7.2022 година.
3. Член на Координативно тело за подобрување на институционалната координација за преземање на мерки за справување со африканската свинска чума. Решение бр. 41-7226/2 од 16.8.2022 г. Службен весник на РСМ, бр. 184 од 19.8.2022 година.
4. Претседател на Рецензентска комисија за ракописот на учебникот по наставниот предмет Биологија и патологија на птици (изборен) за III (трета) година образование од Земјоделско-ветеринарна струка/сектор Земјоделство, рибарство и ветеринарство, за образовниот профил/квалификации Техничар по ветеринарна медицина. Решение 26-1111/1 од 14.9.2022 година.
5. Член на Научен одбор на Третата студентска конференција со наслов „Критични прашања во земјоделството и животната средина" на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Република Северна Македонија. Одлука бр. 1302-165/13 од 19.10.2022 г.
6. Претседател на Рецензентска комисија за ракописот на учебникот по наставниот предмет Биологија и патологија на риби и пчели (изборен) за III (трета) година образование од струка/сектор: Земјоделско-ветеринарна / Земјоделство, рибарство и ветеринарство за образовниот профил/квалификации Техничар по ветеринарна медицина, средно стручно четиригодишно образование. Решение 26-1695/1 од 14.12.2022 г.

7. Член на Организациски одбор на 3. Меѓународно научно-стручно советување „Агро-наука и пракса“ на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Одлука бр. 0201-251/27 од 28.2.2023 г.

8. Претседател на комисија на 51. Државен натпревар на ученици од училиштата со земјоделско-ветеринарна и шумарска струка во Република Македонија. Здружение за заштита на интересите на училиштата од земјоделска, шумарска и ветеринарна струка „ТЕРА-ФИТОН-АНИМАЛ“, 10.5.2023 г., Кавадарци, Република Северна Македонија.

9. Certificate in reviewing to Dimitar Nakov in recognition of an outstanding contribution to the quality of Journal of Agriculture and plant science vol 21, No. 1, year 2023.

10. Certificate in reviewing to Dimitar Nakov in recognition of an outstanding contribution to the quality of Journal of Agriculture and plant science vol 21, No. 2, year 2023.

11. Член на Работна група за изработка на елаборати за студиски програми на втор циклус (едногодишни) студии на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Република Северна Македонија. Одлука бр. 1302-187/5 од 2.11.2023 г.

12. Член на Комисија за реализација на Четврта студентска конференција со наслов „Критични прашања во земјоделството и животната средина“, на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 9.11.2023 г.

13. Член на Меѓународен научен одбор на Втората меѓународна конференција за одржливо земјоделство и земјоделски системи на Факултетот за земјоделство и биотехнологија при Универзитетот во Тетово. Одлука бр. 1302-64/4 од 21.3.2024 г.

14. Член на Организациски одбор на 4. Меѓународно научно-стручно советување „Агро-наука и пракса“ на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Одлука бр. 1302 - 64/4 од 21.3.2024 г.

15. Одлука за учество и Извештај од традиционалната студентска научно-спортска манифестација „Агрономијада 2024“ (1302-111/15 од 10.6.2024 г.)

16. Претседател на Комисија на 52. Државен натпревар на ученици од училиштата со земјоделско-ветеринарна и шумарска струка во Република Македонија. Здружение за заштита на интересите на училиштата од земјоделска, шумарска и ветеринарна струка „ТЕРА-ФИТОН-АНИМАЛ“, 15.5.2024 г., Ресен, Република Северна Македонија. Одлука бр. 1307-99/2 од 13.5.2024 г.

17. Член на Меѓународен научен одбор на 26$^{th}$ International Congress of the Mediterranean Federation for Health and Production of Ruminants (FeMeSPRum2024), Нови Сад, Србија, 20-23 јуни 2024 година.

18. Award certificate for the highest quality scientific work presented at the 26$^{th}$ International Congress of the Mediterranean Federation for Health and Production of Ruminants (FeMeSPRum2024), 20-23 June 2024, Novi Sad, Serbia.

19. Член на Научен одбор на Петтата студентска конференција со наслов „Критични прашања во земјоделството и животната средина“, на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Република Северна Македонија. Одлука бр. 1302-151/3 од 8.10.2024 г.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Кандидатот **д-р Димитар Наков**, од моментот на своите почетоци во академската средина до денес, покажува значителен напредок во

научноистражувачко, стручно и работно искуство во областа на анималната хигиена и безбедноста на храната од животинско потекло, каде има постигнато апликативни и значително забележителни резултати.

Подготвен за тимска работа, што како доказ се бројните публикации, како и учество во проекти како координатор, главен асистент или соработник истражувач.

Секогаш достапен за студентите, преку навремено завршени обврски и прашања во функција на добрата педагошка практика.

Од евалуацијата на спроведените активности, кандидатот во изборниот период има остварено 40 поени од наставно-образовна дејност (НО), 110,8 поени од научноистражувачката (НИ) и 95 поен од стручно-апликативната дејност (САОР), или вкупно 245,8 поени (НО+НИ+САОР=40+110,8+95=245,8).

Согласно со сите горенаведени податоци, како и согласно со Законот за високо образование, Правилникот за критериуми и постапка за избор на наставно - научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип и распишаниот Конкурс, д-р Димитар Наков ги исполнува предвидените услови да биде избран во звање редовен професор во наставно-научната област хигиена и безбедност на производи и суровини од животинско потекло на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип.

Врз основа на приложениот материјал, како и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои предлогот д-р Димитар Наков да биде избран во звање редовен професор за наставно-научната област хигиена и безбедност на производи и суровини од животинско потекло на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и Одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за потврдување.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Ацо Кузелов, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Јелена Миочиновиќ, редовен професор, член, с.р.
Д-р Бранислав Станковиќ, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1 | Избор во звање вонреден професор | 1 | 40 | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 3 | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) **Останати автори: ред. бр. 1, 6, 7, 8, 13 и 14** | | | 2x5x1=10 4x5x0,7 =14 | 24 | **24** |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) **прв автор: ред. бр. 12, 16** **втор автор: ред. бр. 4, 11,** **останати автори: ред. бр. 2, 3, 5, 17, 18, 19** | 1x6x0,7 = 4,2 1x6x1 = 6 1x3x1 = 3 1x3x0,7 = 2,1 | 15.3 | 2x9x0,7 = 12,6 4x3x0,7 = 8,4 | 21 | **36,3** |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир **прв автор: ред. бр. 15** **останати автори: ред. бр. 9, 10** | | | 1x9x0,7 = 6,3 2x3x0,7 = 4,2 | 10,5 | **10,5** |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство | 2x1=2 2x1,5=3 | 5 | 2x1,5=3 3x2=6 | 9 | **14** |
| 14 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) **ред. бр. 2, 3, 5** | | | 3x3 | 9 | **9** |
| 20 | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 5x1 | 5 | 1x2 | 2 | **7** |
| 24 | Рецензент на научен труд | 2x1 | 2 | 4x2 | 8 | **10** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **110,8** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1 | Книга/учебник | 3x10 | 30 | | | **30** |
| 7 | Пленарно предавање на стручен собир | | | 1x4 | 4 | **4** |
| 12 | Претседател на организациски или програмски одбор на стручен собир | 3x2 | 6 | | | **6** |
| 13 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 2x5 | 10 | | | **10** |
| 15 | Техничко унапредување | | | 7x2 | 14 | **14** |
| 17 | Елаборати и експертизи | 3x2 | 6 | | | **6** |
| 19 | Стручни награди и признанија | | | 1x8 | 8 | **8** |
| 27 | Член на универзитетски или владини тела | 1x5 | 5 | | | **5** |
| 28 | Член на факултетски орган / комисија | 6x2 | 12 | | | **12** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **95** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **245,8** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЕДАГОГИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ НА НАСТАВНИЦИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1602-79/12 од 3.9.2024 година донесена на 198. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 3.9.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области *педагогија (5.03.00.01) и образование на наставници (5.03.00.11)* на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 22.8.2024 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат:

1. Д-р Јадранка Рунчева, доцент.

Рецензентската комисија во состав:

- д-р Соња Петровска, редовен професор, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (претседател);
- д-р Кирил Барбареев, редовен професор, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (член);
- д-р Сузана Миовска-Спасева, редовен професор, Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (член),

по анализа на приложената документација од кандидатката со особена чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Доцент д-р Јадранка Рунчева** е родена на 7.9.1985 година во Штип, Р Македонија. Основно и средно гимназиско образование завршила во родното место. Во учебната 2004/2005 година се запишала на Педагошки факултет „Гоце Делчев“ - Штип, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Студиите ги завршила во 2008 година со просечен успех 9.51 и се стекнала со академско звање - дипломиран професор по одделенска настава. За постигнатиот успех кандидатката добила признание за постигнати одлични резултати во студирањето. Истата година д-р Јадранка Рунчева се запишала на постдипломски/магистерски студии на Институтот по педагогија при Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Испитите ги положила со просечен успех 9.62. На 10.2.2011 година ја одбранила својата магистерска теза на тема „Организација на наставата на наставничките факултети во Република Македонија“ под менторство на проф. д-р Сузана Миовска-Спасева, со што се здобила со звање - магистер по педагошки науки.

Понатамошното усовршување и истражување во областа на педагогијата кандидатката го продолжила на докторските студии на Институтот по педагогија, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје. Под менторство на проф. д-р Сузана Миовска-Спасева на 14.11.2017

година го одбранила својот докторски труд на тема „Професионалниот развој на наставниците во високото образование“ и се стекнала со звање - доктор по педагошки науки.

Универзитетската кариера д-р Јадранка Рунчева ја започнала во 2009 година на Педагошкиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како волонтер ангажирана во наставно-образовната работа на повеќе наставни предмети.

Во 2012 година таа е избрана во звање – помлад асистент за научна област педагогија, а во 2015 година во звање - асистент-докторанд за научните области системи за перманентно образование и педагогија.

На Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во 2019 година, кандидатката е избрана во звање доцент за научните области педагогија и образование на наставници, каде и денес работи.

Во текот на универзитетската кариера кандидатката континуирано работи на својот професионален развој преку посетување на завиден број на сертифицирани обуки во полето на образованието. Го владее англискиот јазик и поседува напредни познавања на компјутерски програми и алатки за учење на далечина, потребни за изведување на настава, работа со студенти и научноистражувачка работа.

Д-р Јадранка Рунчева е автор на повеќе научни и стручни трудови од областа на педагогијата и образованието на наставници. Автор е на рецензирана скрипта, рецензиран практикум и преведувач на книга наменети за студентите и пошироката стручна јавност. Таа активно учествува на научни и стручни расправи, симпозиуми, собири, конференции, семинари, промоции, обуки, презентации, работилници, трибини, тркалезни маси и јавни дебати од различни области на образованието, детално наведени во професионалното портфолио доставено во прилог на биографијата.

Кандидатката е член на домашни и меѓународни уредувачки одбори на списанија, организациски одбори на конференции, рецензент во повеќе меѓународни списанија во земјава и во странство. Била ментор на дипломски трудови и член на комисии за одбрана на дипломски трудови.

Д-р Јадранка Рунчева во текот на целиот свој работен ангажман има остварено три студиски престои во странство. Таа е ангажирана и како дел од неколку мултидисциплинарни и интердисциплинарни проектни тимови во земјава и во странство.

Нејзиниот научно-стручен опус е достапен на универзитетскиот репозиториум: https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Runceva=3AJadranka=3A=3A.html

**Општи услови за избор**

Доцент д-р Јадранка Рунчева ги исполнува условите кои се предвидени како елементи за избор во звање вонреден професор.

1. Кандидатката д-р Јадранка Рунчева има завршен прв циклус студии со просечен успех 9.51 и стекнато звање дипломиран професор по одделенска настава и постдипломски/магистерски студии со просечен успех 9.62 и стекнато звање магистер по педагошки науки.
2. Д-р Јадранка Рунчева е доктор на педагошки науки, степен стекнат на Институтот по педагогија, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“– Скопје.

3. Кандидатката има објавено најмалку пет рецензирани научни трудови во референтни научни публикации (согласно со Законот за високо образование) во последните пет години пред објавувањето на огласот за овој избор.
4. Кандидатката д-р Јадранка Рунчева е избрана во звање доцент за наставно-научните области педагогија и образование на наставници, со Одлука бр. 1602-93/17 на 132. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 5.6.2019 год.
5. Покажува способност за наставно-научна и педагошка дејност. Успешно реализира настава (предавања и вежби) на првиот и вториот циклус на студии. Иницира и активно учествува во организирање и реализирање на воннаставни активности за студентите - била вклучена во проектни активности наменети за студентите и во обуки за наставници. Учествува во работата на комисиите за изработка на студиски програми, ментор е на повеќе дипломски трудови.
6. Има сертификат за познавање на англиски јазик (Cambridge English Level 1 Certificate in ESOL International (Preliminary) and Council of Europe Level B2).

Табела: Рецензирани научни трудови во референтни научни публикации (согласно со Законот за високо образование) во последните пет години пред објавувањето на огласот за овој избор

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Наслов на публикацијата | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Runceva, J.** Sivevska, D., | Students' opinions and views on inclusive education | Pedagoška stvarnost, Časopis za školska i kulturno-prosvetna pitanja, God. 69 Br. 1 | 2023 |
| 2 | Kudek Mirošević, J. Runceva, J.. | Role of Assistive Technology in the Work with Children with Disabilities | International Conference EDUchallenge »Challenges in Education and Evaluation of Knowledge«. | 2023 |
| 3 | Sivevska, D., **Runceva, J.** | Organizational culture and climate in the pre-school institution, | Knowledge-International journal, 57 (2). pp. 293-300. ISSN 1857-923X | 2023 |
| 4 | **Runceva, J.** Sivevska, D. | Historical development of preschool education in the Republic of North Macedonia | Vospitanie – International Journal, Vol. 17 No. 1 | 2022 |
| 5 | Sivevska, D., **Runceva, J.** | Management in preschool Institution | Knowledge – International Journal, Vol. Vol.51 | 2022 |
| 6 | **Runceva, J.** Sivevska, D., Petrovska, S. | Why is it good to be a part of the teaching profession? | Journal of the Department of pedagogy, Faculty od Philosophy, Novi Sad, Department of Pedagogy | 2022 |
| 7 | Petrovska, S. Sivevska, D., **Runceva, J.** | School inclusion of gifted children | International scientific conference "Affective personality dimensions and giftedness fullfilment", Vrsac, Serbia | 2022 |
| 8 | Sivevska, D., Petrovska, S. **Runceva, J.** | Organization and Realization of Practical Teachings at the Faculty of Educational Sciences in Stip – Students' Views | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 48 (7). pp. 197-207. ISSN 2307-4531 | 2019 |
| 9 | Petrovska, S. Sivevska, D., **Runceva, J.** | Teacher views about establishment and functionality of the system of professional development of teachers in Republic of Macedonia | 57th Science Conference of Ruse University, Bulgaria | 2018 |

**Посебни услови**

Во последниот изборен период д-р Јадранка Рунчева има учествувано во неколку научноистражувачки проекти и проектни активности:
2016-2019, Професионален развој на наставниците во Република Македонија – состојби и перспективи, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (истражувач);
2017-2019, The competences of preschool educators for intercultural communication, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (истражувач);

- 2023-2025, Инклузија на деца со посебни образовни потреби, Детска фондација „Песталоци“ (ДФП) во Швајцарија. Учествува во компонентата Ревизија на студиски програми, како дел од Проектот „Инклузија на деца со посебни образовни потреби“;
- 2023-2024, Improvement of the curriculum Education and Media Culture and Improving students' competencies for media literacy through an interdisciplinary approach and a cross-curricular approach to other subject programs, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип , https://eprints.ugd.edu.mk/32689/;
- 2023-2024, Magic Mirror Platform https://magicmirror.mk/#project-section.

Кандидатката е коавтор на рецензирана скрипта со наслов „Основи на инклузивно образование“, автор на практикум со наслов „Основи на инклузивно образование“ и копреведувач на монографија/книга – „Советодавна работа во воспитно-образовните институции“ (Теориски и практични аспекти), сите објавени во Е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Таа континуирано работи на осовременување на програмите за предметите кои ги предава успешно вградувајќи ги сознанијата стекнати низ нејзината научноистражувачка работа. Иницира и активно учествува во организирање и реализирање на воннаставни активности за студентите.

Д-р Јадранака Рунчева е ментор на повеќе дипломски трудови на студенти на Факултетот за образовни науки, како и член на комисии за одбрана на дипломски трудови.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Универзитетската кариера д-р Јадранка Рунчева ја започнува во 2009 година на Педагошкиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како волонтер ангажирана во наставно-образовната работа на повеќе наставни предмети и под менторство на повеќе професори.

На 19.12.2012 година, на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип кандидатката е избрана во соработничко звање – помлад асистент (Одлука бр. 2102-472/3) за научна област педагогија. Во овој изборен период подготвува и реализира вежби по повеќе предмети: Теорија на воспитанието, Училишна педагогија, Методика на работа со надарени деца, Образовна технологија, Инклузивно образование, Методика на наставата по природа и општество, Методика на наставата по математика (согласно со акредитираните студиски програми по Одделенска настава и Предучилишно воспитување).

Во 2015 година, со Одлука бр. 1602-226/45 на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев во Штип, д-р Јадранка Рунчева е избрана во звање асистент-докторанд за научните области системи за перманентно образование и педагогија. Таа е вклучена во изведувањето на практичната настава, подготовка

и изведување на колоквиуми и испити, семинарски работи, консултации со студенти по предметите: Училишна педагогија, Семејна педагогија, Инклузивно образование, Педагошко советување и ориентација и Педагошка пракса.

Во 2019 година д-р Јадранка Рунчева е избрана во звање доцент за наставно-научните области: педагогија и образование на наставници (Одлука бр. 1602-93/17 од 5.6.2019 година донесена на 132. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип). Како доцент е ангажирана на студиските програми: Одделенска настава, Предучилишно воспитување и Педагогија, за предметите: Инклузивно образование, Методика на работа со деца со посебни образовни потреби, Педагошка пракса, Педагошко советување и ориентација, Организација на предучилишна установа и Компаративна педагогија.

Во текот на својата универзитетска кариера д-р Јадранка Рунчева континуирано и посветено работи на зајакнување на своите наставни и научноистражувачки компетенции. Во периодот од 14.10.2013 до 15.11.2013 г. остварила едномесечен студиски престој на Педагошкиот факултет во Салзбург, Австрија (Pädagogische Hochschule Salzburg, Austria) каде истражувала во контекст на нејзината докторска теза. Од 9.5.2016 до 13.5.2016 била учесник во Интернационалната Еразмус недела во организација на Педагошкиот факултет во Салцбург, Австрија, каде што одржала предавање на тема „Инклузивното образование во Р Македонија“. Од 27.6.2022 година до 1.7.2022 година на Централниот европски универзитет во Будимпешта, Унгарија, ја поминала обуката за изработка на проекти на тема: Професионален развој на наставничките универзитети (Summer University at Central European University on Topic: Professional Development in University Teaching and learning, Budapest, Hungary). Во периодот 2023/2024 година кандидатката учествувала во 13 сертифицирани вебинари на теми поврзани со аутизмот (Autism Research Institute, UK).

***Учество на научни симпозиуми, конференции, тркалезни маси, работилници, предавања***

Својот стручен и научен опус д-р Јадранка Рунчева активно го популаризира/споделува со домашната и меѓународната стручна и научна јавност на бројни конференции, симпозиуми, предавања и работилници:

Во последниот изборен период таа учествувала на 12 стручно-научни собири:

1. International Conference EDUchallenge, 2023, „Challenges in Education and Evaluation of Knowledge“. Slovenia;
2. 17h International Scientific Conference at Hungarian Language, 03.11. 2023, Teacher Training Faculty in Subotica, university of Novi Sad;
3. Scientific and professional tribune, 05.10.2023, Communication, partnership and cooperation between educational, cultural and other institutions;
4. International Scientific Conference, 50 years of pedagogue education, 26.05. 2023, Pedagogy-yesterday, today, tomorrow, Novi Sad, Srbija;
5. Medzunarodna konferencija, 2023, Afektivne dimenzije ličnosti i ostvarenje darovitosti, Vrsac, R Srbija;
6. 11th International Methodological Conference, 3-4 Nov 2022, Changing Paradigms in Education and Science, Novi Sad, Republic of Serbia;

7. Conference - Didactic Challenges IV,26-27.05.2022, Future studies in education, Osijek, Croatia;

8. Scientific conference with international participation, , 21–22 Oct 2022, "Modern discourse in science", Faculty of Pedagogy of Shumen University;

9. 4th International Conference on Social Sciences and Humanities, 10-12 June 2021, International Balkan University, Skopje;

10. Научна конференция с международно участие, 22 октомври – 23 октомври, 2021 Съвременният дискурс в науката., Педагогически факултет на Шуменски университет „Епископ Константин;

11. Седма международна научна конференция, 14-16 June 2019, «Съвременното образование - условия, предизвикателства и перспективи»,Blagoevgrad, Bulgaria;

12. Education and Social Sciences Conference, 2019, Vienna.

Кандидатката била и пленарен предавач (online) на три меѓународни научно-стручни собири под наслов „EDUchallenge" (Еду предизвик) во организација на EDU vision, Ljubljana, Slovenija (26 - 28.6.2024, 22 -24.11.2023, 24.8.2023).

***Евалуација на научните и стручните трудови објавени во последниот изборен период***

1. Petrovska,S., Sivevska, D., **Runceva, J**., (2018). *Teacher views about establishment and functionality of the system of professional development of teachers in Republic of Macedonia*, 57th Science Conference of Ruse University, Bulgaria, 2018 (трудот не е вреднуван во претходниот избор) https://eprints.ugd.edu.mk/21406/

Трудот претставува студија чија цел е да се утврдат разликите во мислењата на наставниците со различно работно искуство по однос на неколку детерминанти на професионалниот развој: задоволство од сопственото ниво на професионалниот развој, форми и пристапи што наставниците ги користеле за лично професионално усовршување и нивото на проактивност за личен професионален развој. Истражувањето е спроведено на примерок од 398 наставници од 28 средни и основни училишта во Република Македонија. Трудот има научен карактер, избраниот проблем е референтен за меѓународната истражувачка јавност, а методолошкиот пристап е научно коректен.

2. Petrovska, S., Sivevska, D., Popeska, B., **Runceva, J.,** (2018). *Teachers' views about their professional development (Situation in Republic of Macedonia),* 10th International Conference on Theory and Practice in Education,15-17 December 2018, in Budapest, Hungary (трудот не е вреднуван во претходниот избор) https://eprints.ugd.edu.mk/21398/

Презентираниот труд има емпириски карактер. Проучени се мислењата и ставовите на наставниците во однос на неколку димензии на нивниот професионален развој. Резултатите се дел од пообемен научноистражувачки проект. Истражувањето е спроведено на примерок од 398 наставници од основни и средни училишта во Република Македонија. Авторите со значајно ниво на веројатност го потврдуваат значењето на различни облици на професионален развој, потребата од поголема поддршка и промоција на професионалниот развој на наставниците и значењето на почитта на потребите и можностите за професионален развој на секој наставник индивидуално.

**3. Runcheva, J.** & Paster, O. (2019). Inclusion of immigrant and refugee children in early childhood education (conditions and challenges). Vienna: IAI Academic conference proceedings. https://eprints.ugd.edu.mk/32010/

Трудот има за цел да ја истражи вклученоста на децата имигранти и бегалци во раното детско образование, да ги истражи предизвиците со кои се соочуваат децата од предучилишна возраст во процесот на нивно вклучување во образовниот систем, како и начините за справување со предизвиците.

4. Petrovska, S., Sivevska, D., **Runceva, J.,** (2019). *Inclusion in early childhood education and care.* In: Седма международна научна конференция "Съвременното образование - условия, предизвикателства и перспективи", 14-16 June 2019, Blagoevgrad, Bulgaria. https://eprints.ugd.edu.mk/22775/

Трудот претставува обид да се анализираат научни сознанија и практични искуства во врска со вклучувањето на децата со посебни потреби во редовниот предучилиштен систем и да се донесат релевантни заклучоци во врска со клучните фактори кои ја детерминираат имплементацијата на инклузијата во предучилишното воспитание и образование. На систематичен начин со високо ниво на прегледност се посочени условите кои треба да бидат исполнети за да се оствари успешна инклузија во предучилишното воспитание и образование. Авторите аргументирано ги промовираат придобивките од инклузијата во овој развоен период.

5. Petrovska, S.,Sivevska, D., Popeska, B.,**Runceva, J.,** (2019) *Professional development of the teachers in Macedonia - situation and perspectives.* Седма международна научна конференция "Съвременното образование - условия, предизвикателства и перспективи", 14-16 June 2019, Blagoevgrad, Bulgaria. https://eprints.ugd.edu.mk/22774/

Во трудот авторите презентираат дел од резултатите добиени од научноистражувачкиот проект „Професионален развој на наставниците во Република Македонија – состојби и перспективи". Истражувањето е спроведена на примерок од 398 наставници од 28 средни и основни училишта во Република Македонија. Проектот има развоен карактер. Истражувањето е насочено кон детектирање на состојбите на професионалниот развој на наставниците во Република Македонија од аспект на политики, законодавство, институционална поддршка (државно, локално и внатреучилишно ниво) и откривање на можни начини за унапредување на истите, а во трудот се презентирани и детектираните статистички разлики во ставовите и мислењата на наставниците од одделенска и предметна настава. Користен е релевантен методолошки пристап и се добиени резултати кои главно кореспондираат со резултати од слични истражувања по однос на истражувачките задачи, а дадени се и препораки за унапредување на системот за професионален развој на наставниците.

6. Sivevska, D., Petrovska, S., **Runceva, J.,** (2019) *Organization and Realization of Practical Teachings at the Faculty of Educational Sciences in Stip – Students' Views.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 48 (7). pp. 197-207. ISSN 2307-4531 https://eprints.ugd.edu.mk/23273/

Авторите анализираат суштинско прашање кое е предмет на дискусија не само во експертските кругови, туку и меѓу креаторите на образовни политики, вработените наставници и студентите, а тоа е практичната компонента на студиските програми за иницијално образование на наставниците. Трагајќи по ефективен и ефикасен модел за воспоставување на соработка на Факултетот за образовни науки со менторските училишта авторите реализирале истражување со цел да ги откријат слабостите и предностите на постојниот модел за практично оспособување. Во него се опфатени студенти-идни воспитувачи, наставници од

основните училишта (од прво до петто одделение) и педагози од Факултетот за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Истражувањето има развоен карактер. Резултатите ги откриваат добрите и лошите страни на практичната обука на студентите и даваат насоки и препораки за подобрување.

7. Petrovska, S. Sivevska, D., **Runcheva, J.,** (2021). *High Schools students' views about the teaching profession,* 3rd International Conference on Social Sciences and Humanities (ICSSH2021), co-organized by International Balkan University and University of Houston-Clear Lake, Skopje, R. North Macedonia, from 10th to 12th of June 2021. https://eprints.ugd.edu.mk/29062/

Во презентираниот труд авторите се обидуваат научно да го аргументираат значењето на учителската професија, како за личниот развој на поединецот, така и за општеството, ставајќи ја учителската професија во контекст на процесот на доживотно учење. Направена е евалуација на научни сознанија, кои вешто се систематизирани. На теориската рамка се надоврзува и мало емпириско истражување направено на примерок од 150 средношколци од четвртата година со цел да се проучат мислењата на идните академски граѓани во врска со привлечноста/ одбивноста на наставничката професија.

8. Sivevska, D., **Runcheva, J**., (2021). *Outdoor activity and their importance for the proper development of children - special review of the pandemic situation*, 3rd International Conference on Social Sciences and Humanities (ICSSH2021), co-organized by International Balkan University and University of Houston-Clear Lake, Skopje, R. North Macedonia, from 10th to 12th of June 2021. https://eprints.ugd.edu.mk/29063/

Во трудот теориски се анализираат и евалуираат научни сознанија кои ја детерминираат можноста за примена на игрите на отворено и нивното значење за децата, посебно во периодот на пандемијата. Авторите мошне систематично ги структурираат поновите сознанија кои го потврдуваат значењето на надворешната околина и придобивките за развојот на децата, како и сознанијата во врска со негативностите и опасностите кои произлегуваат од интензивното користење на средствата за комуникација и современиот начин на живот. Врз основа на евалуираните сознанија авторите даваат и корисни педагошко-организациски препораки.

9. Sivevska, D., **Runcheva, J**., (2021). *The role of the pedagogue in the professional orientation of the students,* Научна конференция с международно участие „Съвременният дискурс в науката“, 22 октомври – 23 октомври 2021 г. Шумен, Бугарија, https://eprints.ugd.edu.mk/28968/

Во трудот се третира исклучително значаен педагошки, но и општествен проблем – улогата на училиштето во професионалната ориентација на учениците. Во елаборацијата на проблемот авторите се воделе од општествената брзо менувачка реалност во поглед на развојот на нови занимања, нови побарувања од пазарот на трудот. Посебно се потенцира и актуализира улогата на училиштето и посебно на педагогот. Евалуирана е советодавно-консултативната работа на училишниот педагог и поддршката која тој треба да им ја понуди на учениците при изборот на нивното понатамошно образование.

**10. Runcheva, J**., Sivevska, D., (2021). *Inclusive education - part of the study programs of the Teaching faculties*, Научна конференция с международно участие „Съвременният дискурс в науката“, 22 октомври – 23 октомври 2021 г. Шумен, Бугарија, https://eprints.ugd.edu.mk/28969/

Преку компаративен пристап, во трудот се анализира еден од најактуелните проблеми во образованието - вклучување на децата и младите со посебни потреби во редовното образование (инклузија). Авторите ги анализираат студиските програми на кои се подготвуваат воспитувачи и одделенски наставници во Македонија, Бугарија, Србија и Хрватска, со цел да се согледа понудениот пристап и содржини насочени кон оспособување за работа во инклузивни детски градинки и училишта во регионот, како и да се откријат предностите и недостатоците.

**11. Runceva, J.** Sivevska, D., (2022) *Historical development of preschool education in the Republic of North Macedonia,* Vospitanie – International Journal, Vol. 17 No. 1 (2022): Journal of Educational Sciences Theory and Practice https://eprints.ugd.edu.mk/30596/

Авторите го анализира развојот на предучилишното воспитание и образование во Република Македонија од 1945 година до денес. Трудот претставува значаен придонес за педагошката наука, бидејќи е даден систематизиран преглед на формите и начините на организација на предучилишните установи, грижата за децата и развојот на воспитно-образовниот кадар за период од 77 години.

12. Sivevska, D., **Runceva, J.** (2022) *Management in preschool institution,* KNOWLEDGE – International Journal, Vol.51.1 https://eprints.ugd.edu.mk/30153/

Трудот претставува анализа и евалуација на научни и стручни сознанија со кои авторите прават обид да ја апострофираат важноста на постоење на квалитетен менаџмент во предучилишните установи. Посебно се анализира улогата на директорот, неговите компетенции и квалификации

13. Sivevska, D., **Runceva, J**. (2022), *The role of the pedagogue in prevention of risky/ unacceptable student behavior,* Научна конференция с международно участие „Съвременният дискурс в науката", 22 октомври – 23 октомври, 2022 г. Шумен, Бугарија https://eprints.ugd.edu.mk/30747/

Во трудот се анализираат и елаборираат сознанија кои ја објаснуваат улогата на педагогот во справувањето со предизвикот на ризично однесување на децата и младите, кое авторите го третираат како последиците на современиот и динамичен начин на живот во семејството.

**14. Runceva, J.** Sivevska, D., (2022) *Зошто е добро да се биде дел од учителската професија?*. Časopis Zbornik Odseka za pedagogiju. Filozofski fakultet Univerziteta u Novom Sadu, https://eprints.ugd.edu.mk/30524/

Во трудот авторите се обидуваат да најдат одговор на вечно актуелното прашање: Зошто да се биде учител? За таа цел тие ги испитуваат мислењата на студентите идни наставници на Факултетот за образовни науки, во однос на неколку аспекти: мотиви за избор на професијата, дали годините поминат во студии ја промениле сликата за наставничката професија, нивното задоволство од знаењето и праксата која ја добиваат за воведување во професијата. Наодите упатуваат на заклучокот дека студентите се задоволни од изборот на својата идна професија, како и од знаењето и практичните активности кои ги добиваат во текот на своите студии за навлегување во вештините на наставничката професија. Сепак укажуваат дека е неопходно да се преземат мерки на институционално и социјално ниво со цел да се подобри позицијата на наставничката професија во општествениот контекст, како и разбирање на нејзината важност за целото општество.

15. Petrovska, S., Sivevska, D., **Runcheva, J.**, (2022). *School inclusion of gifted*

*children*, International scientific conference, 28 th Round table on giftedness, affective personality dimensions and giftedness fullfilment, Vrsac, Serbia, 01.07.2022 https://eprints.ugd.edu.mk/32011/

Трудот има теоретски карактер и во него се анализираат, систематизираат и евалуираат сознанија кои се насочени кон третманот на надарените деца во училиштето. Авторите го проблематизираат процесот на инклузија на овие деца и го ставаат во контекст на можна дискриминација.

16. Petrovska, S. Sivevska, D., **Runceva, J.** (2022) *Inclusion in the kindergarten (situation and challenges),* International conference Changing Paradigms in Education and Science, Hungarian Language Teacher Training Faculty, University of Novi Sad, November 3-4, 2022, https://eprints.ugd.edu.mk/31782/

Во трудот авторите укажуваат на важноста од имплементирање на инклузијата во предучилишното воспитание и образование и улогата на воспитувачот во спроведувањето на инклузивниот процес во воспитно-образовната работа. За таа цел ги проучуваат мислењата и ставовите на воспитувачите за состојбата со инклузивното образование во градинките, фокусирајќи се на следните три аспекти: знаењата на воспитувачите за карактеристиките на децата со посебни образовни потреби, степенот на соработка на воспитувачите со стручните служби и со родителите на децата со посебни образовни потреби, односот на другите деца (деца со типичен развој) кон децата со посебни потреби. Наодите укажуваат дека вработените воспитувачи генерално имаат позитивни ставови кон инклузивниот процес, но истовремено упатуваат и на предизвиците и проблемите со кои се соочуваат во однос на: недостаток на стручна служба (логопед, дефектолог), како и потреба за дополнителни обуки, работилници и сл. за проширување и продлабочување на нивните знаења и вештини за работа во инклузивна средина.

**17. Runceva, J.,** Lukic, N., Mesinkovska Jovanovska, L., Trajkovska, V. (2022) *Challenges faced by inclusive education in primary school.* International conference Changing Paradigms in Education and Science, Hungarian Language Teacher Training Faculty, University of Novi Sad, November 3-4, 2022, https://eprints.ugd.edu.mk/31960/

Трудот ги испитува мислењата и ставовите на наставниците од основните училишта за инклузивното образование и предизвиците со кои се соочува во училиштето. Примерокот го сочинуваат наставници од Основното училиште „Јован Микиќ“ во Суботица, Република Србија, и наставници од Основното училиште „Димитар Влахов“ во Штип, Република Северна Македонија. Покрај мислењата на наставниците, проучени се и мислењата и ставовите на педагозите и психолозите кои работат во наведените училишта. Генералните наоди откриваат дека: вклучувањето на децата со посебни потреби во редовните групи во основните училишта бараат исполнување на соодветни организациски, педагошки и материјално-технички услови, како и квалификуван воспитно-образовен кадар.

18. Sivevska, D., **Runceva, J. (2023).** *Organizational culture and climate in the pre-school institution*, Knowledge-International journal, 57 (2). pp. 293-300. ISSN 1857-923X https://eprints.ugd.edu.mk/31783/

Во трудот се анализирани и евалуирани научни и стручни сознанија насочени кон објаснување и потврдување на значењето на организациската култура како фактор што го детерминира квалитетот на работата на предучилишните установи. Авторите преку користење на методот на теориска анализа доста успешно ги систематизирале различните аспекти на организациската култура.

Посебно внимание е посветено на системот на вредности, интерперсоналните односи и начините на управување и раководење.

**19. Runceva, J**. Sivevska, D., (2023) *Students' opinions and views on inclusive education*, Pedagoška stvarnost, Časopis za školska i kulturno-prosvetna pitanja, EBSCO, God. 69 Br.1 (2023) https://eprints.ugd.edu.mk/32234/

Предмет на ова истражување се мислењата и ставовите на студентите од Факултетот за образовни науки во Штип, Македонија, за нивната подготвеност за работа во инклузивна училница и занимална. Истражувањето има развојна и апликативна цел – подобрување на студиските програми за образование на наставници и воспитувачи. Студентите експлицитно декларирале потреба од дополнителни знаења за работа со деца со ПОП, зајакнување на практичната работа и вклучување дополнителни обуки и работилници.

20. Sivevska, D., Runceva, J. (2023) Preschool education in the Republic of North Macedonia, Krugovi detinjstva - časopis za multidisciplinarna istraživanja detinjstva, God. 11. Br. 1 https://eprints.ugd.edu.mk/32449/

Трудот претставува анализа и преглед на структурата и поставеноста на предучилишното образование во нашата држава, програмите за работа во предучилишните установи и предизвиците со кои се соочува системот на предучилишно образование во Македонија.

21. Kudek Mirošević, J. and **Runceva, J.** (2023) *Role of Assistive Technology in the Work with Children with Disabilities.* In: International Conference EDUchallenge -Challenges in Education and Evaluation of Knowledge https://eprints.ugd.edu.mk/32919/

Во трудот се анализира улогата на асистивната технологија во работата со деца со попреченост преку елаборација на концептот на асистивна технологија, видовите на асистивна технологија, условите во кои се користи асистивната технологија, подготвеноста на наставниците да користат асистивна технологија, придобивките и бариерите од користење на асистивна технологија во инклузивната пракса.

Доцент д-р Јадранка Рунчева во текот на својата академска кариера (како соработник) работела со повеќе професори, изведувала вежби по повеќе предмети, па имала можност да ги продлабочува знаењата во повеќе дисциплини и да изгради холистички пристап во истражувањето на педагошките проблеми. Ова експлицитно се покажува и во нејзините научни и стручни публикации.

Увидот во научно-стручниот истражувачки опус на кандидатката покажува дека станува збор за истражувач кој е способен да ги детектира актуелните и значајните проблеми во педагогијата (сфатена и како теорија и како пракса) и во образованието на наставници, коректно да избере и аплицира методолошки пристап и логички да ги систематизира и евалуира научно-стручните сознанија.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност во последниот изборен период (2019-2024)**

Д-р Јадранка Рунчева професионалниот ангажман го пројавува и во делот на стручно-апликативната и организациско-развојната дејност.

Во периодот 2023-2024 година, д-р Јадранка Рунчева е дел од тимот кој го реализира проектот „Магично огледало“ (https://magicmirror.mk/#project-section). Платформата „Магично огледало“ нуди дигитални образовни ресурси кои се изработени во форма на игри користејќи проширена реалност и техника за контрола со помош на гестови. Платформата обезбедува: засилено интерактивно

учење; зголемен ангажман на учениците и наставниците; подобро усвојување на знаењето; персонализирано учење; директна врска со реалниот свет; пристапност и инклузивност. Кандидатката дала исклучителен придонес во дизајнирањето на наставните задачи согласно со наставните програми и возраста на учениците.

Д-р Јадранка Рунчева е ангажирана во проектните активности на проектот „Инклузија на деца со посебни образовни потреби“ (2023-2025), поддржан од Детска фондација „Песталоци“ (ДФП) во Швајцарија. Учествува во компонентата Ревизија на студиски програми, чија цел е иновирање на предметните програми на наставничките факултети со содржини кои ќе ги зајакнат наставничките компетенции за работа во инклузивни образовни средини.

Во периодот 2023-2024 година таа е дел од проектниот тим кој работи на подобрување на наставната програма - Образование и медиумска култура. Целта на овој проект е кај студентите на Факултетот за образовни науки да се унапредат знаењата од областа на медиумите и медиумската култура, да се подигне свеста за лажните вести и дезинформации и да се согледа важноста на медиумската писменост и култура за секој поединец и за општеството.

Во периодот 2023-2024 година д-р Јадранка Рунчева следела 13 стручни вебинари организирани од страна на Институтот за истражување на аутизмот (https://autism.org/) за што има приложено сертификати:

- Моторни вештини и извршни функции, 5 август 2024 година;
- Развој на јазикот, 5 август 2024 година;
- Полот, сексуалноста и аутизмот, 5 август 2024 година;
- Аутизам – Развој низ детството, 5 август 2024 година;
- Истражување за спиењето и аутизмот – 2024 година, 5 август 2024 година;
- Аутизмот и траумата, 5 август 2024 година;
- Друштвени игри, 28 март 2024 година;
- Полот и аутизмот, 28 март 2024 година;
- Аутизмот и Елерс-Данлосовиот синдром, 22 мај 2023 година;
- Како возраста и времето на дијагностицирање влијаат на квалитетот на животот, 3 мај 2023 година;
- Болка, сензорни проблеми и аутизмот, 31 август 2023 година;
- Влијанието на времето поминато пред екранот врз социјалниот ангажман во раниот развој, 15 септември 2023 година;
- Користење на социјалните медиуми и аутизмот, 26 септември 2023 година.

Во последниот изборен период доц. д-р Рунчева е член на неколку меѓународни уредувачки одбори на списанија и организациски одбори на конференции и симпозиуми:

- Уредник во списанието „Воспитание“ / Vospitanie - Journal of Educational Sciences, Theory and Practice од 23. 02 2022 https://js.ugd.edu.mk/index.php/vospitanie/about/editorialTeam

Член на уредувачки одбор во „Napredak“ – Journal for interdisciplinary research in education and training: https://hrcak.srce.hr/napredak

Таа е рецензент и на неколку трудови објавени во меѓународни списанија и зборници: Krugovi detinjstva - časopis za multidisciplinarna istraživanja detinjstva, Novi Sad; Pedagoška stvarnost, Novi Sad; Zbornik radova Djetinjstvo jučer, danas, sutra, ISBN 978-953-380-010-3, како и на два практикуми „Практична настава 1” и „Практична настава 2” (автор: Деспина Сивевска), кои ги користат студентите на Факултетот за образовни науки.

Д-р Јадранка Рунчева е еден од организаторите на настанот „Јапонската култура и педагогијата“, одржан во рамките на Штипско културно лето, 5.7.2023. година во Штип.

Била модератор на научно-стручна трибина „Комуникација, партнерство и соработка меѓу образовните, културни и други институции“ (5.10.2023 г., Факултет за образовни науки, Штип).

Д-р Јадранка Рунчева во изборниот период била дел од тимот кој започнува иницијатива за соработка и поврзување на факултетот со институции од регионот и светот: Филозофски факултет при Универзитет во Нови Сад Србија и Педагошки факултет (студии на унгарски јазик) при Универзитетот во Нови Сад (мај 2022); American University of Central Asia (2022) и Институт за педагошки истражувања Белград (јуни 2023).

Во последниот изборен период доцент д-р Јадранка Рунчева активно работи на подготовка и издавање на неколку учебни помагала и учебници:

Основи на инклузивно образование - практикум http://e-lib.ugd.edu.mk/816

Основи на инклузивно образование - скрипта http://e-lib.ugd.edu.mk/815

Советодавна работа во воспитно-образовните институции - Теориски и практични аспекти (превод од српски јазик на македонски јазик) https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=1148&ugd=f108ab6f3662d3e38b10b2e42c65aee4

Основи на инклузивно образование – учебник во фаза на објавување (Рецензијата е објавена во Билтенот на УГД) https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/349/pdf/349-18.pdf

Од севкупните активности, во стручно-апликативната и организациско-развојната дејност, може да се заклучи дека станува збор за кандидатка која поседува компетенции за апликација на теориските и научните сознанија во различни области на образованието. Презентираните активности експлицитно укажуваат дека д-р Јадранка Рунчева континуирано и успешно придонесува како во промоцијата и имплементацијата на педагошките сознанија во практиката, така и во промоција и вмрежување на Факултетот за образовни науки во високо образовниот простор на Балканот и пошироко.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование на Република Македонија, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 43 од 16.9.2019 г.) и распишаниот Конкурс на 22.8. 2024 година, Рецензентската комисија ја разгледа доставената документација на единствениот пријавен кандидат доцент д-р Јадранка Рунчева.

Анализата и оценката на наставно-образовната (НО - 30), научноистражувачката (НИ - 129.5), стручно-апликативната и организациско-развојната (САО - 74) дејност покажуваат дека доцент д-р Јадранка Рунчева ги исполнува условите за избор во звање вонреден професор.

Наведените активности кои се однесуваат на наставно-образовниот ангажман и неформалните облици на професионално усовршување недвосмислено ја покажуваат нејзината континуирана посветеност во иновирањето и етаблирањето на повеќе предметни програми на Факултетот за образовни науки.

Видливо е нејзиното континуирано научно напредување во областа на педагогијата и образованието на наставници. Таа своите достигнувања ги споделува како со домашната, така и со меѓународната научна јавност преку публикување на научни и стручни трудови во меѓународни домашни и странски списанија и публикации и преку учество на научни и стручни собири во земјава и во странство. Посебен интерес на нејзината научноистражувачка работа е инклузијата во образованието како еден од најголемите предизвици на формалното образование на децата и младите со посебни потреби. Прикажаните резултати од научноистражувачката работа потврдуваат дека станува збор за иницијативен, одговорен, научно коректен и креативен истражувач, со високо развиени способности за тимска работа.

Анализата на развојот на нејзината академска кариера, посебно во последниот изборен период, во стручно-апликативната и организациско-развојната дејност покажува дека д-р Јадранка Рунчева придонесува во развојот на научни и апликативни активности поврзани со образованието и посебно со образованието на наставници со што значајно придонесува и во развојот на својата матична институција.

Според гореизнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, д-р Јадранка Рунчева да биде избрана во звање вонреден професор во научните области педагогија (5.03.00.01) и образование на наставници (5.03.00.11).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Соња Петровска, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Кирил Барбареев, редовен професор, член, с.р.
Д-р Сузана Миовска-Спасева, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 4. | Избор во звање доцент | 30 | | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 4. | Научен труд објавен во **меѓународно научно списание** (прв автор, втор автор, останати автори) | Прв автор (11,14,19)x9 Трет автор (6) x3 | | | | 21 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, **објавени во зборник од трудови на научен собир** Во земјава: (7) Во странство: (1,2,5,9, 16,17 ) | 7 | 2 | 6 | 3 | 32 |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, Словенија | | | 5 | 6 | 30 |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство Во земјава (4) Во странство: (1,2,3,19) x2= 4*2 | 1 | 1 | 4 | 2 | 9 |
| 10 | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| 14 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 3 | 2 | | | 6 |
| 15 | Уредник на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) Воспитание | 1 | 6 | | | 6 |
| 16 | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) https://hrcak.srce.hr/napredak | | | 1 | 2 | 2 |
| 20 | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал научно-стручна трибина Комуникација, партнерство и соработка меѓу образовните, културни и други институции, 5.10.2023 г., Штип | 1 | 1 | | | 1 |
| 23 | Студиски престој во странство - Будимпешта | | | 1 | 8 | 8 |
| 24 | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) Рецензент на практикум | 2 | 1 | 3 | 1,5 | 6,5 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **129,5** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1 | Скрипта | 1 | 10 | | | 10 |
| 1 | Практикум | 1 | 10 | | | 10 |
| 1 | Превод на книга | 1 | 10 | | | 10 |
| 6 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир Во земјава: (8,18) 2 x 2 = 4 Во странство: (3, 4,10, 21)x 3 =4*3 =12 | 2 | 2 | 4 | 3 | 16 |
| 5 | Труд во стручно (научно-популарно) списание Во земјава: (10,11)x 2 = 2*2=4 Во странство: (12,13, 15, 20) x 6 = 4*6=24 | 2 | 2 | 4 | 6 | 28 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **74** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **233,5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА И НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1602-98/10 од 29.10.2024 година донесена на 203. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 29.10.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области *историја на Македонија и национална историја* на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- д-р Тодор Чепреганов, редовен професор во пензија, наставно-научна област национална историја - претседател;
- д-р Кирил Цацков, редовен професор во пензија, професор емеритус, наставно-научна област историја на Македонија, член;
- д-р Стојко Стојков, редовен професор на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, наставно-научна област византологија и средновековна историја, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 5-6.10.2024 година и во предвидениот рок се пријави:

- д-р Верица Јосимовска, вонреден професор на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Верица Јосимовска** е родена на 9 февруари 1969 година во Штип. Основно и средно образование (гимназиско) завршила во Штип. Интересот кон предметот Историја е главниот мотив што се одлучува да го одбере за своја идна професија. Образованието го продолжила на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на Филозофскиот факултет, Институт за историја, како редовен студент. Студиите ги завршила во 1992 година како дипломиран професор по историја. За време на студирањето е стипендист на Фондацијата „Петар Стаматов“.

Во 2010 година успешно ги завршила постдипломските студии на Институтот за национална историја во Скопје, каде што магистрира на темата „Руската имиграција во Штип меѓу двете светски војни“ и се здобила со академски степен магистер по историски науки.

Во 2013 година, исто така, на Институтот за национална историја во Скопје ја одбранила и докторската дисертација на тема „Историскиот развој на медицината во Вардарска Македонија 1913-1944“ и се стекнала со научен степен доктор по историски науки.

Од 1995 до 2014 година работи како наставник по историја и граѓанско образование во ООУ „Ванчо Прке“ во Штип.

Од септември 2014 година започнала со работа како лаборант на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Во 2015 година е избрана во наставник во звањето доцент за наставно-научните области: историја на Македонија и Национална историја на XIX век до 1918 год.

Во 2020 год. е избрана во наставно-научно звање вонреден професор за наставно-научните области: историја на Македонија и национална историја на XIX век до 1918 год. на Факултетот за образовни науки, каде што на Катедрата за историја и археологија држи предавања по предмети од историја на Македонија и нов век.

Во 2022 год. е избрана за раководител на Катедрата за историја и археологија при Факултетот за образовни науки.

**Општи услови за избор**

- Остварен просечен успех од 8,33 на интегрираните студии од прв и втор циклус на студии.
- Д-р Верица Јосимовска се стекнала со звање доктор на историски науки на 5.3.2013 год. кога успешно ја одбранила докторската дисертација „Историскиот развој на медицината во Вардарска Македонија 1913-1944“ на Институтот за национална историја во Скопје.
- Претходниот избор и е во звање вонреден професор во областите историја на Македонија и национална историја на XIX век до 1918 год. на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
- Кандидатката во изборниот период има објавено повеќе рецензирани научни трудови од кои издвојуваме 9 научни трудови во референтни научни публикации:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Cackov, Oliver and **Josimovska, Verica** | Creative history teaching is the main engine for successful and safe teaching | Vospitanie, Journal of educational sciences theory and ractice, 19 (1). pp. 10-13. ISSN 1857-8705 https://js.ugd.edu.mk/index.php/vospitanie/article/view/6825/5465 | 2024 |
| 2 | Cackov, O. **Josimovska, Verica** | *Development of traffic in Stip (1918–1944).* | Knowedge - International Journal, 64 (1). pp. 167-172. ISSN 2545-4439; 1857-923X https://eprints.ugd.edu.mk/34209/ | 2024 |
| 3 | **Josimovska, Verica** | Улогата на културните институции во проучувањето на историјата на родниот крај | Годишен зборник, 12 (12). pp. 60-65. ISSN 1409-9187 https://eprints.ugd.edu.mk/33190/ | 2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | **Josimovska, Verica** | The educational institutions in Vardar Macedonia between the Two World Wars | Review of the Institute of History and Archaeology RIHA, 9 (1). pp. 38-46. ISSN eISSN: 2671-3152 ISSN: 2671-3144 https://eprints.ugd.edu.mk/34817/ | 2022 |
| 5 | **Josimovska, Verica,** Cackov, O. | Epidemics on the macedonian front (1916-1918) | Knowlwdge - International Journal, 55 (5). pp. 1001-1005. ISSN 2545-4439 1857-923X https://eprints.ugd.edu.mk/30920/ | 2022 |
| 6 | **Josimovska, Verica** | The fight against malaria in Macedonia during the Two World Wars | Review of the Institute of History and Archaeology, 9 (1). pp. 5-14. ISSN ISSN:2671-3144 eISSN: 2671-3152 https://eprints.ugd.edu.mk/34723/ | 2022 |
| 7 | Cackov, O. **Josimovska, Verica** | The Macedonian-Thessaloniki front 1916-1918 | Knowledge - International Journal, 51 (1). pp. 231-235. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/34823/ | 2022 |
| 8 | **Josimovska, Verica** | An active with crtical thinking student and individual efforts -a necessity in modern history teaching | Воспитание - списание за образовна теорија и практика, 11 (15). pp. 181-184. ISSN 1857-5331 https://eprints.ugd.edu.mk/24356/ | 2020 |
| 9 | **Josimovska, Verica** | Austro-Hungarian Military Reports in Mirzsteg Reforms in Macedonia | Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, 7 (1). pp. 38-46. ISSN 2671-3144/e: 2671-3152 https://eprints.ugd.edu.mk/31665/ | 2020 |

- Кандидатката го познава и употребува англискиот јазик.
- Таа има реализирано плодна високообразовна дејност преку изведување на бројни предавања и вежби, менторства, пишување и објавување научни и стручни трудови, учебник, скрипта, практикум, учества во научни конференции и проекти, итн. Ангажирана е во изведување на наставата на студиската програма Историја и археологија на прв и втор циклус студии.

**Посебни услови**

Кандидатката вонреден проф. д-р Верица Јосимовска била член-истражувач во проектот „Македонскиот национален идентитет во британската и американската дипломатска и разузнавачка кореспонденција 1919-1945“ со поддршка на Универзитет „Гоце Делчев“ Штип во периодот 2017-2020.

Од 25.8.2021 до 4.9.2021 г. реализирала обуки за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници) во основните училишта во РС Македонија во рамките на ЦЕС Академијата, согласно со Јавниот оглас на Биро за развој на образованието на следниве теми:

- Дизајнирање објективни тестови на знаење;
- Стратегии за менаџмент во училница – принципи и примери на добра

практика за создавање позитивна работна атмосфера во училница и во онлајн/виртуелна училница;

- Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство).

Согласно со критериумите за избор во повисоко звање (редовен професор), д-р Верица Јосимовска има објавено рецензиран учебник:

- Верица Јосимовска (2024) *Македонците во рамките на Кралството СХС/Југославија, Бугарија и Грција (1919 -1941). Штип: Универзитет „Гоце Делчев“,* https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=1206&ugd=bd2... ISBN 978-608-277-071-0.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатката проф. д-р Верица Јосимовска во периодот од 1995 до 2014 година работи како наставник по Историја и Граѓанско образование во ООУ „Ванчо Прке“ во Штип. Долгогодишното искуство како наставник го збогатува со бројни обуки и проекти во интерес на модернизација и зголемена ефективност на наставниот процес. Активно учествува во работата на бројни училишни тела и комисии заради промоција на училиштето и унапредување на животот и работата на институцијата во целост. Професионалниот и кариерниот развој вон. проф. д-р Верица Јосимовска го продолжува на Факултетот за образовни науки, на Катедрата за историја и археологија. Искуството и ентузијазмот ги продолжува во работата со студентите во наставата и вонnаставни активности по предметите од историската област, но и со професионалниот однос придонесува за континуирано унапредување на курикулумите.

На својата 79. седница од 19.8.2015 г., Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки со одлука бр. 1602-194/11 и ја избра во звањето доцент од наставно-научните области: историја на Македонија и национална историја на XIX век до 1918 г., на студиските програми Историја и Историја - наставна насока за предметите: Европа од XVI до XVIII век (изборен предмет), Историја на Европа од XVIII до XX век (задолжителен предмет), Македонците во рамките на Кралството Југославија, Грција и Бугарија 1919-1939 (задолжителен предмет), Самостојна и независна Р Македонија (задолжителен предмет), Етнологија (изборен предмет), Преродбата и културните процеси во XIX и XX век во Македонија (задолжителен предмет), Историја на македонските градови во XX век (изборен предмет), Истражување на интернет и веб (изборен предмет) и Практична настава (задолжителен предмет).

Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки на 145. седница, одржана на 24.4.2020 година, донесе Одлука д-р Верица Јосимовска да се избере во наставник во звањето вонреден професор за наставно-научните области историја на Македонија и национална историја на XIX век до 1918 г. на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Ангажирана е во наставата на прв циклус студии на Факултетот за образовни науки на следниве студиски програми и предметни дисциплини:

- Нов век (XVI-XX) (задолжителен предмет), Преродбата и културните процеси во XIX и XX век во Македонија (задолжителен предмет), Македонските градови во XIX и XX век (изборен предмет), Македонија во рамките на Кралството Југославија, Грција и Бугарија 1919-1939 (задолжителен предмет), Самостојна и независна Р Македонија (задолжителен предмет), Холокауст (задолжителен предмет), Усна историја (изборен предмет), Методологија (изборен предмет),

Историја на македонската емиграција (изборен предмет), Практична настава (задолжителен предмет) на студиската програма Историја со археологија, модул Историја - наставна насока;

- Национална историја како изборен предмет на студиските програми: Одделенска настава, Предучилишно образование и Педагогија.

Ангажирана е на втор циклус студии на студиската програма Историја, митови, идентитети со предметите Методологија на историската наука и Развој на македонскиот идентитет во 19 и 20 век, како и со предметот Историја на студиските програми Образовни политики и образовен менаџмент, Образование на наставниците и професионален развој, Методика, Педагогија, Специјалистички студии за стекнување на наставнички компетенции на Факултетот за образовни науки.

Професионалниот однос на вонреден проф. д-р Верица Јосимовска се изразува и во оценувањето и менторирањето на дипломски трудови. Била дел од 45 комисии за одбрана на дипломски труд и на 15 дипломски трудови како ментор.

Во моментов е раководител на Катедрата за историја и археологија на Факултетот за образовни науки со мандатен период од три години.

Исто така, проф. д-р Верица Јосимовска е еден од основачите и претседател на Граѓанското здружение Штипско научно здружение со седиште во Штип.

Како истакнат научник од областа на историјата, проф. д-р Верица Јосимовска е член на Претседателството на Здружението на историчари на Република Македонија, втор мандатен период.

**Учество на научни, стручни и научно-практични конференции и конгреси до изборот за редовен професор:**

1. Josimovska, Verica (2019) *Professional development of the teacher-historian.* In: Седма международна научна конференция «Съвременното образование - условия, предизвикателства и перспективи», 14-16 June 2019, Blagoevgrad, Bulgaria.
2. Josimovska, Verica (2018) *Извештаите на воените претставници на Австро-Унгарија за спроведувањето на мирцштегските реформи во Македонија.* In: Меѓународен научен симпозиум „Почетоците на австриската дипломатија во Македонија со посебен осврт кон Австро-Унгарскиот конзулат во Битола/Монастир 1851-1919 , 14-15 Nov 2018, Bitola, R. Macedonia.
3. Josimovska, Verica (2017) *Застапеноста на интеркултуралните вредности во системот на современото образование и воспитание.* In: Четврта научно-стручна конференција со меѓународен карактер „Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи“, 18 May 2016, Stip, Macedonia.
4. Josimovska, Verica (2017) *Стручното усовршување на наставникот по историја.* In: Петта научно-стручна конференција со меѓународен карактер „Современото воспитание и образование-состојби, предизвици и перспективи“, 17 May 2017, Stip, Macedonia.
5. Josimovska, Verica (2017) *Штип и штипско во весникот „Политика“ (1919-1941).* In: VII Меѓународен научен собир „Врските меѓу Р.Македонија и Р.Србија низ вековите и денес“ во организација на Конзулатот на Р.Србија во Р. Македонија, 19-21 May 2017, Bitola, Macedonia.
6. Josimovska, Verica (2016) *Книжевноста како сведок на историјата.* In: Меѓународна научна конференција, Филологија, култура и образование, УГД-Штип, Воронешки државен универзитет, 18-19 March 2016, Stip, Macedonia.

7. Josimovska, Verica (2016) *Иновативни методи во учењето и проучувањето на чувствителни и контроверзни историски теми.* In: Научно-стручна трибина „Предизвиците и перспективите на учителската професија", 07 Oct 2016, Stip, Macedonia.

8. Josimovska, Verica (2015) *Higher education in the period of transition.* In: International scientific conference: Education in XXI century – conditions and perspectives –, 24-25 Sept 2015, Stip, Macedonia.

9. Josimovska, Verica and Josimovska, Elena (2015) *Ратни дневници и рапорти лекара за рад у Македонији у Првом светском рату.* In: VII научно-стручни скуп "Историја медицине, фармације, ветерине и народна здравствена култура" , 15–16 Oct 2015, Zajecar, Serbia.

10. Josimovska, Verica (2015) *Основни облици на илегална санитетска служба за време на Втората светска војна.* In: Научен собир - Македонија во Втората светска војна и потоа – 70 години од победата над фашизмот, 19 Oct 2015, Skopje, Macedonia.

11. Josimovska, Verica (2015) *Кабинетот по историја- учителка на животот.* In: Научно - стручна трибина - Учителот и средината за учење и развој, 2 Oct 2015, Stip, Macedonia.

12. Josimovska, Verica (2015) *Високото образование во периодот на транзиција.* In: Меѓународна научна конференција на Факултетот за образовни науки: Образованието во XXI век - состојби и перспективи, 24–25 Sept 2015, Stip, Macedonia.

13. Josimovska, Verica and Josimovska, Elena (2015) *Образовни институции во Штип на српски наставен јазик во периодот 1913-1941 година.* In: Шести меѓународен научен симпозиум „Афирмација, продлабочување и проширување, на вековните културни врски меѓу Р. Македонија и Р. Србија", 30 Oct-1 Nov 2015, Bitola, Macedonia.

14. Josimovska, Verica and Josimovska, Elena (2014) *Евреите и еврејските маала во сопствената меморија и меморијата на своите сограѓани.* In: Меѓународна конференција: Евреите во Македонија: историја, традиција, култура, јазик и религија по повод 70 години од возобновувањето на работата на еврејската заедница во Македонија по Втората светска војна (1944 - 2014), 18-19 Dec 2014, MANU - Skopje, Macedonia.

15. Josimovska, Verica and Josimovska, Elena (2014) *Жене које су пружиле медицинску помоћ Србији (у делу Македоније) у Првом светском рату.* In: VI Naucno-strucni sobir- Istorija medicine, farmacije, veterine i narodna zdravstvena kultura, 2-3 Oct 2014, Zajecar, R Srbija.

16. Gacova, Marina and Josimovska, Verica and Zakoska, Maja (2014) *Педијатрија на подручју Македоније између два светска рата.* In: VI Научно стручни скуп, Историја медицине, фармације, ветерине и народна здравствена култура, 2-3 Oct 2014, Zajecar, R Srbija.

17. Josimovska, Verica and Eftimova, Biljana (2014) *Почетоци и развој на штипската анестезија.* In: V Конгрес на македонските анестезиолози (со меѓународно учество), 2-5 Oct 2014, UKIM - Skopje, Macedonia.

18. Josimovska, Verica and Josimovska, Elena (2013) *Здравствената служба во Вардарска Македонија во време на Втората светска војна.* In: IV Македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество, 18-19 Apr 2013, Skopje, Macedonia.

19. Josimovska, Verica and Cackov, Oliver (2013) *Културата и просветата во Штип во време на Балканските војни.* In: Четврта меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток-Запад" (Култура, славјанство и економија), Apr 2013, Sveti Nikole, Macedonia.

20. Josimovska, Elena and Josimovska, Verica (2003) *Бошначкото маало во Штип до и по Балканските војни.* In: Меѓународен научен симпозиум „Бошнаците на Балканот", 13-14 Sept 2002, Skopje, Macedonia.

**Учество на научни, стручни и научно-практични конференции и конгреси во изборниот период 2020-2025:**

1. Mirascieva, Snezana and Josimovska, Verica (2024) *Игра Као Подстицај за Развој Деце Предшколског Узраста.* In: XII Naučno – stručna konferencija međunarodnog karaktera „Razvijanje kooperativnosti i kompetitivnosti kroz igru dece predškolskog uzrasta", 19-22 Sep 2024, Sarajevo, BiH (воведно излагање).
2. Cackov, Oliver and Josimovska, Verica (2024) *Development of traffic in Stip (1918–1944).* In: 45 th International Scientific Conference -TEACHER OF THE FUTURE, 23-26.05.2024, Budva,Montenegro.
3. Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija and Josimovska, Verica and Koceva, Daniela (2024) *Dimensioning of strategies in contemporary educational work in a historical context– from Comenius to Stream –.* In: International Conference Stem/Steam/Stream Approach in Theory and Practice of Contemporary Education., 31 May 2024, Jagodina, Srbija. (In Press)
4. Josimovska, Verica (2023) *Добротворната улога на македонските мигрантски организации.* In: Прва меѓународна научна конференција: „Македонија крстопат на епохи, цивилизации и култури". Институт за историја и археологија, ФОН, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, 23 Nov 2023, Stip. (In Press)
5. Josimovska, Verica (2023) *Улогата на културните институции во истражувањето на роднокрајната историја.* In: Трибина: „Комуникација, партнерство и соработка меѓу образовните, културните и други институции", 5 Oct 2023, Stip.
6. Josimovska, Verica and Cepreganov, Todor (2022) *Епаминонда Поп Андонов во документите на АСНОМ.* In: Четврти научен собир во чест на заштитниците на градот Стумица „Св. Петнаесет тивериополски свештеномаченици", 6-7 Dec 2022, Strumica. (In Press)
7. Josimovska, Verica (2022) *Гоце Делчев-реалистичен визионер на македонското национално-ослободително движење.* In: Научна конференција „150 години од раѓањето на Гоце Делчев", 3-4 May 2022, Skopje. (In Press)
8. Cackov, Oliver and Josimovska, Verica (2022) *The Macedonian-Thessaloniki front 1916-1918.* In: 35th International Scientific Conference Knowledge without borders, 01–03 March 2022, Vrnjacka Banja, Serbia.
9. Josimovska, Elena and Josimovska, Verica (2021) *Dramaturg dr. Dušan Budimirović iz Zagreba – osnivač kazališta u Štipu.* In: VI. Kongres hrvatskih povjesničara, 29 Sept – 2 Oct 2021, Rijeka.

**Список на објавени стручни и научни трудови**

**Објавени стручни и научни трудови до изборот за редовен професор**

1. **Josimovska, Verica** (2019) *Professional development of the teacher-historian.* Седма международна научна конференция „Съвременното образование условия,

предизвикателства и перспективи". ЮЗУ „Неофит Рилски", Благоевград, pp. 208-212. ISBN 978-954-00-0200-2

Авторот во овој труд ја обработува улогата на наставниците во општеството, посебно на наставникот по историја. За да се оправда неговата улога наставникот треба да биде професионалец или тој / таа треба да има професионален развој. Наставникот-историчар има задача во современата настава да пренесува знаење на учениците и во исто време да им овозможи активно учество во наставниот процес, особено во работата со документи и собирање извори на знаење.

2. **Josimovska, Verica** (2019) *Извештаите на воените претставници на Австро-Унгарија за спроведувањето на мирцштегските реформи во Македонија.* Меѓународен научен симпозиум „Почетоците на австриската дипломатија во Македонија со посебен осврт кон Австро-Унгарскиот конзулат во Битола/Монастир 1851-1919, 14-15 Nov 2018, Bitola, R. Macedonia. (In Press)

Трудот ги анализира заинтересираноста и активностите на големите сили во прв ред Австро-Унгарија и Русија, подготовка на програма со реформи во Мирцштег кои Османлиската држава требала да ги исполни за подобрување на положбата на христијанското население. Посебно се следи активноста на Австро-Унгарија во спроведувањето на реформите во Македонија преку бројните извештаи од теренот испратени од нејзините дипломатските и воени претставници.

3. **Josimovska, Verica,** Josimovska, E. (2018) *Реконструкција на бомбашкиот атентат во Штип од 1911 година.* Гласник, 62 (1-2). pp. 86-100. ISSN 0583-4961

Целта на овој труд е да направи реконструкцијата на првиот бомбашки напад во Штип од 1911 година преку бројни написи во тогашните дневни весници на Балканскиот Полуостров и дава информации за населението што е повредено во него. Клучни зборови: Штип, Отоманска Империја, напади, весници.

4. **Josimovska, Verica,** Knezevic, Z. (2018) *Македонија и Македонците во извештаите на британската разузнавачка служба, 1942 – 1945 година.* Journal of History, LIII (1). pp. 137-156. ISSN 0579-0263

Трудот ја опфаќа активноста на британските воени мисии на Балканот преку СЈО на територијата на Македонија за време на Втората светска војна. Мисиите преку бројни извештаи до нивните центри во Каиро и Лондон ја прикажуваат економската, политичката и воената состојба. Бројни се извештаите што ја отсликуваат популацијата во Македонија во однос на неговиот јазик и националните определби, како и нејзиното учество во движењето на отпорот.

5. **Josimovska, Verica** (2018) *Штип и Штипско во весникот „Политика" (1919-1941).* Зборник на трудови од Меѓународна научна конференција, одржана на 19 и 20 мај 2017 г. во Битола „Врските меѓу Р. Македонија и Р. Србија низ вековите и денес". Конзулат на Република Србија во Република Македонија, pp. 515-524. ISBN 978-608-65122-7-9

Трудот обработува написи во весникот „Политика" во периодот 1919-1941 год. кои се однесуваат на Штип и околината. Написите се однесуваат на политичкиот, економскиот и културниот живот во градот и околината, како и содржини од секојдневието во градот.

6. **Josimovska, Verica** (2017) *Стручното усовршување на наставникот по историја.* Петта научно-стручна конференција со меѓународен карактер „Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи". Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Штип, pp. 176-179. ISBN 978-608-244-472-7

Целта на трудот да ја потенцира потребата од континуиран професионален развој на наставниците, стекнување на знаења, вештини и компетенции кои ќе овозможат подобрување на квалитетот на работата, зајакнување на мотивацијата и развивање на системот за оценување и самоевалуација.

**7. Josimovska, Verica** (2017) *Hospitals on the territory of Vardar Macedonia as part of Serbia during the Kingdom of Serbs, Croats and Slovenes/Yugoslavia (1918–1941).* Vojnosanitetski pregled, 74 (10). pp. 997-1003. ISSN 0042-8450

Во овој труд авторот го прикажува историјатот на болниците во Вардарскиот дел на Македонија помеѓу двете светски војни во рамките на Кралството на СХС/Југославија. Трудот го обработува решавањето на проблемот со недостиг од болници и активностите на Министерството за здравство за формирање на болници во местата каде што порано ги немало, како и изградба на нови болници. Во трудот е опфатен и болничкиот персонал кој бил ангажиран во нивното функционирање.

8. Stojkov, S., **Josimovska, Verica** (2017) *Идеите за етногенеза на македонскиот народ пред 1944.* Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, 4 (1). pp. 80-93. ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152

Овој труд ги обработува клучните текстови напишани од Македонци, а настанати во времето пред 1944 г. кои ја третираат и аргументираат идејата за македонската нација, нејзината појава и развој од етнонационална позиција, т.е. идејата за етногенезата на македонскиот народ и нација. Елаборирани се и условите и контекстот во кој овие идеи се појавуваат и се презентирани, а пред сѐ отсуство на надворешна поддршка, на сопствени национални институции и во услови на национална „агресија“ од соседскиот национализам.

**9. Josimovska, Verica** (2017) *Социјално-здравствената заштита на децата во вардарскиот дел на Македонија во периодот меѓу двете светски војни.* Гласник, Институт за национална историја, 61 (1). pp. 159-168. ISSN 0583-4961

Трудот го прикажува спроведувањето на организирана здравствена заштита на мали деца и студенти во справувањето со големата смртност и присуството на заболувања на територијата на Вардарска Македонија во периодот меѓу двете светски војни во рамките на Кралството на СХС /Југославија. Опфатена е работата на лекарите, отворањето на диспанзери, поликлиники во училиштата, домови за децата и спроведувањето на постојаните медицински прегледи во подобрување на здравјето на младите.

**10. Josimovska, Verica,** Josimovska, E. (2017) *Театарската дејност на соколските друштва во Македонија во периодот меѓу двете светски војни.* Театарски гласник (88/89). pp. 103-110. ISSN 0351-9600

Историјата и активностите на дилетантските театри на Соколските друштва во периодот меѓу двете светски војни во рамките на Кралството на СХС/Југославија, кои во одредени периоди биле и единствените театри на овие простори се предмет на обработка во овој труд.

11. Josimovska, E., **Josimovska, Verica** (2017) *Слепиот гуслар Филип Митре неисцрпен извор на „Кралски песни“ од XIX век.* Muzika, 20 (23). pp. 59-64. ISSN 1409-6579

Овој труд ги обработува патувачките пејачи на епски песни, составен дел на сите панаѓури по црквите и манастирите низ Балканот. Прикажан е животот на Македонецот Филип Митре, патувачкиот слеп изведувач на „кралски песни“, човекот со ќемане, неисцрпен извор на епски песни од времето на 19 век.

**12. Josimovska, Verica** (2017) *Евлија Челеби во посета на Штип пред неколку векови и неговите впечатоци оставени во ракопис од 1662 ГОД.* In: Годишен зборник на Факултет за образовни науки. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Штип, pp. 26-33. ISBN ISSN: 1409 - 9187

Трудот претставува опис на градот Штип од средината на XVII век, прикажано преку патописното раскажување на Евлија Челеби. Патописецот го опишал градот со сите негови карактеристични градби, со посебно внимание на џамиите, Исарот, функционирањето на градската управа, како и истакнувањето на повидните жители на градот.

**13. Josimovska, Verica** (2016) *Застапеноста на интеркултуралните вредности во системот на современото образование и воспитание.* In: Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи - зборник на трудови. НУ-УБ „Гоце Делчев“ Штип, Штип, pp. 37-40. ISBN 978-608-242-037-0

Трудот ги обработува идеите за плурализам и интеркултурализам, како важна улога во воспитно-образовниот процес во мултикултурното опкружување. Ја нагласува потребата од  знаења, вештини и искуства со кои младите преку интеракција ќе бидат подготвени за самопочитување и почитување на другите и градење мостови спрема припадниците на разни култури.

14. Josimovska, E., **Josimovska, Verica** (2016) *Образовни институции во Штип на српски наставен јазик во периодот 1913-1941 година.* In: Афирмација, продлабочување и проширување на вековните културни врски меѓу Р. Македонија и Р. Србија (Зборник на трудови од Меѓународниот научен собир, одржан на 30 и 31 октомври 2015 година во Битола). Конзулат на Р. Србија во Р. Македонија – Битола, Битола, pp. 667-674. ISBN 978-608-65122-5-5

Во трудот станува збор за периодот на српските училишта во Штип кој започнал 1913 година и завршил со априлската војна 1941 година. Овој период се карактеризира со воведување на гимназиско образование опфатено со телесно-културни воншколски активности. Исто така, во овој период биле отворени и занаетчиски училишта кои давале можност за егзистенција на младата популација од Штип.

**15. Josimovska, Verica** (2016) *Higher education in the period of transition.* In: Proceeding book of the International Scientific Conference -Education in XXI century – conditions and perspectives Stip, 24-25 Sept 2015. University ”Goce Delcev” - Stip, Faculty of Educational Science, Stip, pp. 353-355. ISBN 978-608-244-275-4

Трудот се осврнува на потребата за промовирање на високото образование, академската слобода и универзитетската автономија во време на транзиција од еден социјален систем во друг. Ја нагласува потребата да академската заедница и универзитетите да бидат активни учесници во креирањето на образовниот систем во земјата, а не само корисници на законите и правилата согласно со потпишаната Болоњската декларација.

**16. Josimovska, Verica,** Stojkov, S.(2016) *Organization of illegal sanitation service in Macedonia during the WWII.* Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, 3 (1). pp. 117-131. ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152

Трудот го опфаќа организирањето на здравствениот одред како основен облик на нелегалната санитарна служба во рамки на формираните народноослободителни единици во Македонија во текот на Втората светска војна.

**17. Josimovska, Verica** (2016) *Книжевноста како сведок на историјата.* Зборник на трудови од Прва меѓународна научна конференција ФИЛКО -

Филологија, култура и образование. pp. 345-350. ISSN ISBN: 978-608-244-308-9

Во трудот се обработуваат историски настани кои послужиле како инспирација за книжевно дело на тема болест. Во овој труд се опфатени историските теми за големите епидемии на чума во средниот век и колерата во 19 век и големата смртност меѓу населението, што авторите во своите дела многу реално ја прикажале. Книжевноста описот на болестите го користи како историски доказ на животот и тридимензионалното опишување на ликовите и општеството.

**18. Josimovska, Verica** (2016) *Кабинетот по историја - учителка на животот.* Зборник на трудови од Научно-стручна трибина „Учителот и средината за учење и развој ", Факултет за образовни науки, Штип. pp. 21-24.

Целата на трудот е да го прикаже значењето на кабинетот - специјализирана училница, во целокупниот наставен процес по историја. Опремен со наставни средства, од класичните средства па се до најсовремените електронски уреди кои придонесуваат во градењето на критички ставови за појави и процеси од минатото.

**19. Josimovska, Verica** (2016) Иновативни методи во учењето и проучувањето на чувствителни и контроверзни историски теми. Зборник на трудови од Научно-стручна трибина „Предизвиците и перспективите на учителската професија". pp. 62-66.

Трудот ја обработува пишаната историја, особено во земјите каде што се цензурирани одредени настани и личности во изминатиот период. Посебно големо интересирање се јавува за историските факти презентирани преку конкретни историски сведоштва кои се понудени во почетокот на деведесеттите години поткрепени со усни сведоштва.

**20. Josimovska, Verica** (2016) *Руските имигранти и културните настани во Штип во периодот 1923 – 1927 година.* „Гласник" на Институтот за национална историја, 60 (1). pp. 199-208. ISSN 0583-4961

Во овој труд се истражува многу интересен период од штипската историја, кога во Штип се случиле многу значајни културни настани. Штип кој ги отворил вратите за руските имигранти кои внеле нова димензија во културно-забавниот живот во градот. Успеале да создадат атмосфера во која ќе се зборува за театар, опера, хорски настапи, концерти, клубови за вежбање на телото и сл.

**21. Josimovska, Verica** (2016) *Конспиративно стационарно згрижување и лекување на територијата на Македонија во периодот 1941-1944.* Annual Miscellaneous Collection, 6. pp. 87-98. ISSN 1409-9187

Целта на трудот е да го прикаже стационарното лекување на ранетите во НОБ во Македонија за време на Втората светска војна, кое било поврзано со обемот на воените операции на теренот. Во таа насока се движел и развојот на партизанските болници во Македонија. Единствени неподвижни установи во партизанскиот санитет во Македонија биле корпусните болници и болницата на ГШ на НОВ и ПОМ во октомври 1944 година.

**22. Josimovska, Verica** (2016) *Militiry hospitals in the Vardar Region of Macedonia from the Ottoman Period.* Medicus, 21 (1). pp. 112-115. ISSN 1409-6366

Во трудот се обработуваат почетоците на изградба на болнички установи, во Вардарскиот дел од Македонија во 19 век, во време на османлиското владеење. Турската армија започнала со изградба на воени болници во Скопје, Битола, Штип, Велес, Дебар и Струмица. Сите овие болници поединечно се прикажани со

податоци за нивната местоположба, година на изградба, болнички капацитети и структура на болничкиот персонал.

**23. Josimovska, Verica** (2015) *Medical assistance in Pirava 1931 trught images.* Medicus, 20 (3). pp. 424-426. ISSN 1409-6366

Трудот низ фотографија и збор го прикажува времето по земјотресот од 7 март 1931 година во селото Пирава. Улогата на медицинските екипи во пружањето на медицинска помош на настраданото население кое останало без домови, без вода, храна и облека.

**24. Josimovska, Verica** (2015) *Volunteer medical mission "American women's hospitals" in Macedonia and Kosovo during and immediately the Great War.* "Medicus", 20 (2) (308). pp. 291-302. ISSN 1409-6366

Целта на трудот е да го прикаже присуството меѓународните санитетски мисии во Кралството на Србија, на територијата на Македонија и Косово за време на Големата војна и по нејзиното завршување. Ја опфаќа активноста на мисиите во пружање на помош за здравствено-социјална заштита на населението на овие простори.

**25. Josimovska, Verica,** Josimovska, E.(2015) *Девет децении од првата оперска сцена на репертоарот на штипскиот театар.* СУМ: Списание за уметност. pp. 121-137. ISSN 1409-6455

Штипската историја забележала дека 29 август 1925 година е голем ден за штипската култура. Денот, како почеток на оперската сцена на репертоарот на штипскиот театар, а годината, како година на првата опера. Големината на овој настан може да се вреднува и според она што останало запишано во сеќавањата и во тогашниот печат кој исто така со акцент го нотирал настанот.

26. Josimovska, E., **Josimovska, Verica** (2015) *Војничките театри на Македонскиот фронт низ фотографскиот објектив (1916-1918).* Театарски гласник (84/85). pp. 139-144. ISSN 0351-9600

Авторите ги прикажуваат театарските активности на Македонскиот фронт. Според расположливите податоци: фотографии, театарски плакати, записи и сеќавања може да се констатира дека на Македонскиот фронт се посветувало големо внимание на театарски и музички претстави. Театрите никнувале на фронтот, на борбените линии во затишјата помеѓу борбите, на борбените положби, во заробеничките логори.

**27. Josimovska, Verica** (2015) *Табу, време на страв и страдање, прогонувањето на Македонците во Бугарија во време на комунизмот (1944 -1989)од Стојко Стојков: рецензии-прикази.* Гласник на институтот за национална историја, 59 (1-2). pp. 246-248. ISSN 0583-4961

Приказот се однесува на книгата „Табу, време на страв и страдање, прогонувањето на Македонците во Бугарија во време на комунизмот (1944–1989)" на авторот Стојко Стојков. Истата, беше промовирана на 12 декември 2014 година во Штип на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев".

**28. Josimovska, Verica** (2015) "Volunteer medical mission 'American Women's Hospitals' in Albania during and immediately the Great War", Medical Journal Medicus, (ISSN 1409-6366 UDC 61 Vol · 20 (1) · 2015, pp. 98-105

Трудот обработува една епизода од најтешките моменти во албанската историја, годините на Првата светска војна и непосредно по неа. Животот во сиромашната планинска земја Албанија, под притисок на секојдневните реквизиции на храна, добиток, покуќнина и принудна работа на се што било

работоспособно, станал неподносливо тежок. Со доаѓањето на санитетските мисии на тлото на Албанија состојбата видливо почнала да се менува. Конкретно, најбројни биле волонтерите, лекари и медицински сестри од Црвен крст на САД и Мисијата „Болници на американските жени". Нивната работа била делумно превентивна, а поголем дел социјално-медицинска, во смисла на отворање на болници, амбуланти и установи за згрижување на децата без родители.

**29. Јосимовска, Верица** (2015). „Болничко-превентивни установи во Вардарска Македонија (1941-1944)" (рецензиран труд во печат Гласник на ИНИ, Скопје, год.59, бр.1)

Трудот го опфаќа периодот на Втората светска војна и формирањето на болнички институции на територијата на Вардарска Македонија која се наоѓа под бугарската окупација. Веднаш по преземањето на болниците, согласно со Законот за болници на бугарската администрација, било извршено рангирање на болничките институции. Посебно се осврнува на третманот кон домашниот медицински кадар и поставувањето на медицински кадри од Бугарија.

**30. Јосимовска, Верица**, Јосимовска, Е. (2015) „Судбината на Еврејското маало во Штип по 11 март 1943 година", Меѓународна научна конференција „Евреите во Македонија: историја, традиција, култура, јазик и религија", Еврејска заедница во Македонија, 19-20 декември 2014 год., Скопје (рецензиран труд во печат)

Авторите даваат приказ на депортацијата на Евреите од Штип на 11 март 1943 година, како и трагичните настани што уследиле, поврзани со судбината на Еврејското маало во Штип. Уништено до темел, без трага. Покрај усните кажувања на штипјани, разните објави за распродажба на имотот на Евреите, фотографиите, останале како сведоштво за настаните што се случувале по депортацијата. Тие точно ги забележале сите етапи на бришењето на историјата зад која стои големото злосторство.

**31. Јосимовска, В.,** Цацков, О., Јосимовска, Е.(2014). „Животот во Штип по Букурешкиот мировен договор", Зборник на трудови од меѓународен научен собир: Букурешкиот мировен договор, Македонија и Балканот, МАНУ, Скопје. (ISBN 978-608-203-119-4 pp.299-306)

Трудот е посветен на еден многу специфичен период од штипската историја кога, на крајот од двете Балкански војни и Букурешкиот мировен договор започнало ново временско раздобје, сосема различно од претходното. Животот се одвивал во строги полициско воени услови, се менувале законите и господарите, а од тоа пак зависел целокупниот начин на живеење. Им се воведувале српски и бугарски школи и гимназии, им ги менувале имињата и презимињата се менувале богослужбите, верските и свадбените обичаи. Новоформираните, музички и спортски друштва нуделе туѓи културни карактеристики, дури и начинот на облекување претрпел промени и никој не им дозволувал да бидат тоа што се - Македонци.

32. Јосимовска, Е., **Јосимовска, В.** (2014). „Социјално-здравствена заштита деце на територији данашње Македоније у годинама непосредно иза Великог рата", Зборник радова са V Научен стручен собир: „Историја на медицината, фармацијата, ветерината и народната здравствена култура", Зајечар (Србија). (ISBN 978-86-84483-23-4 pp.219-226)

Трудот ги истакнува последиците од војната, разорувања и човечки жртви. Посебен осврт е даден на децата како најзагрозена категорија. Авторите даваат приказ на формирањето на систем на детска социјална и здравствена заштита.

Конкретно е опфатена дејноста на американската мисија (The American Women's Hospitals - AWH), англиската (The Serbian Relief Fund-SRF) и Американскиот црвен крст на територијата на Вардарскиот дел на Македонија.

**33. Јосимовска, В.,** Цацков, О. (2014). „Ново Село како сликарска инспирација", Зборник на трудови од Прв научен собир: „Улогата на штипско Ново Село во македонската историја, Штип. (ISBN 978-608-4662-24-2 pp. 31-39)

Авторите направиле успешен приказ на една впечатлива колекција уметнички дела со мотиви од живописното Ново Село ја потврдуваат вредноста на експонатите на овој т.н. музеј во живо. Го потврдуваат фактот дека присуството во новоселскиот амбиент поседува чудесна моќ да ги буди емоциите, идеите и креативноста. Специфичната местоположба, архитектурата, живеалиштата на познати личности и настани, биле инспирација на бројни ликовни уметници да овековечат сегменти од Ново Село на своите платна.

34. Paunovic, P., **Josimovska, V.(**2014). „Prve zdravstvene ustanove na oslobođenoj teritoriji za vreme Solunskog fronta", Timočki medicinski glasnik, br. 3, vol. 39, Zaječar, 2014. (ISSN 0350-2899 pp.142-146)

Авторите во овој труд пишуваат за активностите на градската амбуланта во Битола, англиско-српските болници, американско-српски болници и диспанзери за граѓаните во битолскиот округ во периодот 1917-1918 година. Се наведуваат првите здравствени установи и лекари на тоа подрачје. Авторите пишуваат за хигиенските услови на тоа подрачје, за работата на лекарите во споменатите здравствени установи.

**35. Јосимовска, В**., Јосимовска, Е. (2014). „Придонесот на учениците и учителите од штипското образование низ историјата за афирмација на театарската традиција на Штип", Театарски гласник, бр. 82/83, Скопје. (ISSN 0351-9600 pp. 96-101)

Во сите историски прикази и истражувања за театарската дејност во Штип неодминливо се споменуваат учениците и учителите, подоцна професорите, како актерски аудиториум врз кој почиваат почетоците и континуитетот на штипскиот театар. Дури, во извесни периоди од развојот, тие се единствените носители на таа дејност. Ваквиот придонес, на една денес занемарена категорија, заслужува да биде нагласено нотиран како историска детерминанта без која театарската уметност би била со помала историска афирмативност.

**36. Јосимовска, В**., Ефтимова, Б.(2014). „Почетоците на развојот на штипската анестезија", Зборник на апстракти од V Конгрес на македонските анестезиолози, Скопје. (ISBN 978-608-4596-63-9) pp.171—173.

Евалуација: Трудот го обработува периодот на почетоците и развојот на анестезиолошката дејност во Штип. Опфатено е времето на создавање и развиток на Хируршката служба, каде што долги години припаѓала и анестезијата како нејзин составен дел. Собраниот материјал и направените истражувања упатуваат на заклучок дека овие почетоци датираат од времето на формирањето на Окружната болница во Штип, во 1919 година и првите направени операции во овој регион.

**37. Јосимовска, В.,** Цацков, О.(2013) „Културата и просветата во Штип во време на Балканските војни", Зборник на научни трудови IV Меѓународна научна конференција, „Меѓународен дијалог Исток-Запад", Свети Николе, Р. Македонија-Тамбов, Руска Федерација, 20.4.2013. (ISBN 978-608-4689-04-1 pp.221-223)

Трудот ја опфаќа историјата на Штип 1912-1913 година или Штип во време на Балканските војни, за Штип во три различни држави, за Штип со три различни управни власти, во рамките на Турската империја, Штип град во Царството Бугарија и град во Кралството Србија. Посебно во трудот се нагласени културно-просветните услови.

**38. Јосимовска, В.,** Јосимовска, Е.(2013). „Здравствената служба во Македонија во Втората светска војна", Зборник на апстракти од Четврти конгрес на МАИМ (со меѓународно учество), Скопје, 18-19 април. (pp. 29-30)

Авторите ја обработуваат Санитетската организација во Вардарска Македонија во периодот 1941-1944 година. Цело време додека траела Втората светска војна овде функционирале два паралелни система: Едниот конспиративен, а другиот во надлежност на Бугарската власт во Македонија. Во пракса тоа биле две сосема различни санитетски организации кои функционирале независно една од друга и немале ништо заедничко помеѓу себе.

39. Јосимовска, Е., **Јосимовска, В.** (2013). „Сведоштва за Брегалничката епидемија во 1913 година", Прилози од научен собир „Сто години од Балканските војни", МАНУ, Скопје, 3-4 декември 2012. (ISBN 978-608-203-100-2 pp. 495-510)

Трудот го обработува периодот 1912-1918 година кога во Македонија се случиле три војни (две балкански и една светска) и дури четири стравотни епидемии: колерата 1913, дамчестиот тифус 1915, маларијата 1916-1917 и шпанската треска 1918 година со пандемска големина. За време на Брегалничката битка во 1913 г. се случила и епидемиската катастрофа предизвикана од смртоносната заразна болест колера во литературата позната и како Брегалничка епидемија. Пренесени се сведоштва за овие трагични настани од 1913 година во дневниот печат од тоа време, во разни списанија и публикации, во телеграми, воени рапорти и санитетски извештаи, необјавени дневници, усни соопштенија, како и во упатуваните апели за помош.

**40. Јосимовска, В.** (2011). „Делата на Јосиф Ковачев и времето во кое ги создаваше", Годишен зборник, година 2, 2011, Институт за историја и археологија, УГД - Штип (ISSN:1857-7342 UDC: 37.014.3(497.7) "18" pp. 175-178)

Постои еден период во штипската историја за којшто велиме дека е период на педагошките реформи на Јосиф Ковачев. Со неговото име е поврзан почетокот на модерната ера на педагошко-просветната работа во Штип, во Македонија и во поширокиот регион на Балканот. Професионалец, целосно предаден на педагошката модернизација на училиштата, на подготовка на квалитетни учители, направил неговите ученици да учат во училиште по сите европски стандарди.

**41. Јосимовска, В.** (2010). „Добродетелот Хаџи Костадин од Штип", Годишен зборник, година 1, 2010, Институт за историја и археологија, Универзитет „Гоце Делчев"-Штип (ISSN:1857-7342 UDC: 929 pp.117-119)

Трудот е посветен на Хаџи Костадин, штипјанец, добродетел-филантроп, донатор и инвеститор на повеќе важни објекти во градот. Се работи за најобразованиот и најбогатиот штипјанец меѓу тогашните свои сограѓани. Од хумани побуди кон болните, сиромасите и бездомните сограѓани тој ја гради првата каритативна установа во овој дел на Македонија наречена Шпитале. Како градоначалник на црковно-школската општина Св. Никола Варошки дал голем придонес за градењето на ново училиште, заслужен е за изградбата на зградата на „Штипското театро", издал и книга под наслов „Кратко описание за светите дваесет манастири во Атонската Гора", печатена во Цариград во 1866 год. Тоа, всушност, е прзиот печатен туристички водич во историјата на Штип.

42. Јосимовски, Ј., **Јосимовска, В.(**2005). „Анета Јанакиева Томчова, прва жена лекар во Струмица“, Зборник на трудови од втор конгрес на МАИМ со меѓународно учество, Струмица, 3-5 ноември. (ISBN 9989-2122-3-6 pp.55-58)

Авторите ја прикажуваат богатата животната сторија на д-р Анета Јанакиева-Томчова (1900-1989) од Струмица. Ангажирана од Кралството СХС за општински лекар во Струмица, ќе биде првата жена-лекар во Струмица, на која и бил потребен голем труд да ја изгради довербата меѓу населението. Посебно внимание се дава на нејзината ангажираност во борбата против маларијата како тежок здравствен проблем во овие предели. Освен во Струмица, раководела со маларичните станици во Дојран, Валандово и Радовиш. Во време на Втората светска војна ги лекувала болните и ранетите во партизанската болница во с. Велјуса. По војната во Струмица го формирала и детскиот диспанзер.

**43. Јосимовска, В.,** Јосимовски, Ј.(2005). „Лекари на работа во Струмица од турскиот период до Втората светска војна“, Зборник на трудови од Втор конгрес на МАИМ со меѓународно учество, Струмица, 3-5 ноември 2005. (ISBN 9989-2122-3-6, pp.85-87)

Трудот дава преглед на здравствено-хигиенската и социјалната заштита во Струмица во втората половина на XIX и почетокот на XX век. Посебно се забележува активноста на првите лекари во Струмица и струмичко ангажирани од различните управи во зависност под чија власт се наоѓале овие територии во овој период.

44. Јосимовска, Е., Јосимовски, Ј., **Јосимовска, В.** (2003). „Бошначкото маало во Штип до и по Балканските војни“, Зборник на трудови од меѓународен научен симпозиум - Бошњаците на Балканот. (ISBN 9989-2039-1-1 pp.179-182)

Трудот го опишува Бошњачкото маало во Штип, лоцирано на влезот на градот, на левиот брег на реката Брегалница, своето постоење го бележи во периодот 1908 – 1912 година. Иако веќе не постои, сепак се истакнуваат записи кои упатуваат на постоењето на добро организирана бошњачка заедница во Штип.

45. Јосимовски, Ј., **Јосимовска, В.** (2001). „Колерата во 1913 година во Брегалничкиот регион“, Зборник на трудови од Прв македонски конгрес за историја на медицината (МАИМ), Штип, 2001. (ISBN 9989-2122-2-8 pp. 91-96)

Трудот го обработува периодот на Балканските војни, кога паралелно со воените дејствија по течението на реката Брегалница се јавува колера која ќе достигне епидемиолошки размери. Со ширењето на колерата подеднакво страдале и војниците од двете завојувани страни и населението. Бројните извештаи и рапорти зборувале за големи жртви кои придонеле за силен одзив во светската јавност. Во гаснењето на епидемискиот пожар напомош ќе пристигнат еминентни медицински стручњаци од разни европски и воневропски земји.

**Објавени книги до изборниот период:**

1. **Јосимовска, В.** (2014). Епидемиите во Вардарскиот дел на Македонија и борбата со нив за време на војните (1912-1918), Штип, 2014. (ISBN 978-608-4662-21-1) http:// eprints. ugd. edu.mk/11497/
2. **Јосимовска, В.** (2015) „Руската колонија во Штип меѓу двете светски војни“, Штип, 2015. (ISBN 978-608-4662-34-1)
3. **Јосимовска, В.(**2015) Странските санитетски мисии во служба на детската заштита во Вардарскиот дел на Македонија (1917-1926), Штип, 2015. (ISBN 978-608-4662-35-8)

**Скрипта/практикум:**

1. **Јосимовска, В.,** Чепреганов, Т. (2020) „Македонците во рамките на балканските земји меѓу двете светски војни" – е-скрипта https://eprints.ugd.edu.mk/23940/
2. **Јосимовска, В.**, Чепреганов, Т. (2020) „Македонците во рамките на балканските земји меѓу двете светски војни" – е-практикум https://eprints.ugd.edu.mk/23940/

**Објавени стручни и научни трудови во изборниот период (2020-2025)**

1. Cackov, O., **Josimovska, Verica. (2024)** *Creative history teaching is the main engine for successful and safe teaching.* Vospitanie, Journal of educational sciences theory and ractice, 19 (1). pp. 10-13. https://js.ugd.edu.mk/index. php/vospitanie/ issue/view /376  ISSN 1857-8705

Трудот го обработува значењето на креативното учење и креативната настава по историја. Посебен акцент во трудот е даден на креативниот наставник кој никогаш не е задоволен од обични резултати. Тој постојано истражува, открива и создава нешто ново. Во трудот се претставени резултатите од оваа динамика која може да се постигне со успешна комуникација со наставникот и ученикот со нов стил и сопствен модел на работа.

2. Cackov, O., **Josimovska, Verica (2024)** *Development of traffic in Stip (1918–1944).* Knowedge - International Journal, 64 (1). pp. 167-172. ISSN 2545-4439; 1857-923X https://eprints.ugd.edu.mk/34209/

Во трудот е опишан развојот на сообраќајот во Штип во периодот од 1918 до 1944 година, како исклучиво важна стопанска гранка со сите свои обележја и актуелности, кој ќе одигра голема општествено-економска улога во животите на граѓаните во овој крај. Поволната географска местоположба на градот Штип играла значајна улога во неговиот историски развој. На просторот меѓу Вардар и Струма и Скопје и Солун се вкрстувале важни стопански и стратешки патишта кои овозможиле Штип да се развива како важен стопански и културен центар. Особено по Првата светска војна, во рамките на Кралството на СХС, Штип повторно ќе ја заживее сообраќајната поврзаност со изградбата на железничката пруга Велес – Штип - Кочани.

**3. Josimovska, Verica** (2023) *Улогата на културните институции во проучувањето на историјата на родниот крај.* Годишен зборник, 12 (12). pp. 60-65. ISSN 1409-9187 https://eprints.ugd.edu.mk/33190/

Во овој труд се истакнува значењето на роднокрајната историја и потребата од нејзино изучување со поголеми содржини во наставните програми. Роднокрајната историја е важен фактор во моралното, патриотското, естетското, еколошкото воспитување на ученикот, придонесува за општото образование, ги развива когнитивните интересирања на ученикот, ги воведува во креативна активност и формира практични и интелектуални вештини. Во изучувањето на роднокрајната историја голема улога имаат културните институции со своите ресурси. Во трудот се истакнува потребата од проширувањето на основните дејности на постоење на овие институции и нивно вклучување во реализирањето на образовните цели на учениците.

**4. Josimovska, Verica,** Cepreganov, T. **(2023)** *Епаминонда Поп Андонов во документите на АСНОМ.* In: Зборник на трудови: Епаминонда Поп Андонов и македонското народноослободително и антифашистичко движење за време на

Втората светска војна (1941-1945). Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Струмица, Струмица, pp. 53-64. ISBN 978-608-4845-22-5 https://eprints.ugd.edu.mk/32670/

Трудот ги обработува документите на АСНОМ, каде што е претставена активноста на Епаминонда Поп Андонов во подготовките за свикување на Првото заседание на АСНОМ, како и донесените одлуки како повереник за просвета при Президиумот.

5. **Josimovska, Verica (2022)** *The educational institutions in Vardar Macedonia between the Two World Wars.* Review of the Institute of History and Archaeology RIHA, 9 (1). pp. 38-46. ISSN eISSN: 2671-3152 ISSN: 2671-3144 https://eprints.ugd.edu.mk/34817/

Трудот има за цел да ги прикаже различните степени на образование во Вардарска Македонија во рамките на Кралството СХС/Југославија. Високиот процент на неписменост во овој дел од Кралството е предизвик за властите во организирањето на образовниот систем, каде што ќе се спроведуваат асимилаторски политики и ќе се градат идни генерации израснати во српски дух и српска култура. Даден е преглед на различните видови училишни институции и проблемите со кои се соочуваат.

6. **Josimovska, Verica,** Cackov, O. (**2022**) *Epidemics on the macedonian front (1916-1918).* Knowlwdge - International Journal, 55 (5). pp. 1001-1005. ISSN 2545-4439 1857-923X https://eprints.ugd.edu.mk/30920/

Трудот има за цел да ја прикаже борбата со епидемиите кои се појавиле во време на Првата светска војна и ја претставувале другата страна на фронтовите линии. Завојуваните страни и цивилното население се соочиле со големи жртви, особено Балканот, а посебно Македонија, за време на овие години на војни кои биле и жариште на повеќе епидемиски бранови на стомачен тифус, повратна треска, дамчест тифус, дизентерија. Бројот на жртвите од крајот на војната во 1918 год. ќе се зголеми со појавата на епидемија на грип позната како шпанска треска (шпански грип) која ќе заземе пандемиски размери. Пандемија која во текот на 1918 и 1919 година ќе однесе околу 50 милиони луѓе во светот, значително повеќе од вкупниот број на жртви во Првата светска војна. Посебно внимание во трудот се посветува и на улогата на санитетот на балканските земји, но и на големиот број странски мисии кој се справувал со ваквата состојба со помош на војската и месното население.

7. **Josimovska, Verica (2022)** *The fight against malaria in Macedonia during the Two World Wars.* Review of the Institute of History and Archaeology, 9 (1). pp. 5-14. ISSN ISSN:2671-3144 eISSN: 2671-3152 https://eprints.ugd.edu.mk/34723/

Во трудот се обработува присуството на маларијата во Македонија и организираната медицинска борба во искоренувањето на оваа болест. Посебно е истакната улогата на д-р Андрија Штампар со неговата концепција против маларијата и особено мерките кои биле преземени во Македонија во периодот меѓу двете светски војни во превентивната медицина и изградбата на здравствени установи.

8. Cackov, O., **Josimovska, Verica (2022)** *The Macedonian-Thessaloniki front 1916-1918.* Knowledge - International Journal, 51 (1). pp. 231-235. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/30451/

Во трудот е претставен Македонскиот фронт на кој во Првата светска војна се воделе големи битки меѓу завојуваните страни, со што оваа фронтова линија била

од големо значење за исходот на војната. Битките на високите планински сртови, временските услови и големите жртви ја прават посебно специфична и тешка оваа фронтова линија. Големи страдања доживеало и македонското население кое се нашло во средиштето на фронтот. Населението било користено како работната сила и изложено на разни реквизиции за издржување на илјадниците војници од двете страни на фронтот, истовремено мобилизирано и регрутирано од страна на завојуваните страни. Немилосрдното бомбардирање предизвикало огромни материјални штети и многу изгубени животи кај цивилното население.

**9. Josimovska, Verica (2022)** *Гоце Делчев - Реалистичен визионер на македонското национално-ослободително движење.* Годишен зборник, 11-12. pp. 32-35. https://eprints.ugd.edu.mk/33189/ ISSN 1409-9187

Трудот ја обработува биографијата на Гоце Делчев и неговото место и улога во македонското националноослободително движење. Психолошките, идеолошките и организациските карактеристики и сеќавањата за Гоце го отсликуваат неговото дело, како творец и визионер на вистинските патишта за вековните аспирации на Македонците за слобода, независност и самобитност на македонската кауза.

**10. Josimovska, Verica (2020)** *An active with crtical thinking student and individual efforts -a necessity in modern history teaching.* Воспитание - списание за образовна теорија и практика, 11 (15). pp. 181-184. ISSN 1857-5331 https://eprints.ugd.edu.mk/24356/

Во трудот се анализира потребата од промена на наставната програма по предметот Историја од аспект на воведување на содржините што ќе се изучуваат преку екстерните училишни активности. Овие содржини треба да ја поттикнат креативноста на наставникот и да создадат критички и историски размислувања во умот на ученикот, како што е целта на наставата по модерна историја.

**11. Josimovska, Verica (2020)** *Austro-Hungarian Military Reports in Mirzsteg Reforms in Macedonia.* Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, 7 (1). pp. 38-46. ISSN 2671-3144/e: 2671-3152 https://eprints.ugd.edu.mk/31665/

Трудот има за цел да ја прикаже богатата дипломатска кореспонденција на австроунгарските дипломати во почетокот на 20 век, особено околу актуелното македонското прашање на Балканот. Посебно е прикажана дипломатската преписка со руските дипломати преку предлог програма за реформи за двете големи сили во прввиот ред, Австро-Унгарија и Русија, создадоа во Мирцштег што требаше да ја преземе османлиската држава за да ја подобри положбата на своето христијанско население. Прикажани се дипломатските активности на Австро-Унгарија поврзани со оваа иницијатива, со цел да влијае на процесите во согласност со нејзините интереси и амбиции на Балканот.

12. Josimovska, E., **Josimovska, Verica (2020)** *Театарските активности во Штип пред изведбата на првата опера во Македонија во 1925 година.* Театарски гласник (94/95). pp. 55-59. ISSN 0351-9600 https://eprints.ugd.edu.mk/27950/

Трудот ги прикажува театарските активности во повоените години од Првата светска војна, како дел од културните традиции во Штип ќе останат запаметени како едни од најактивните во штипската историја на музичко-театарскиот живот. Судејќи според одржаните музичко-забавни вечери, објавени во печатот, животот во овој период бил прилично разнообразен и прифатен од публиката

13. **Josimovska, Verica (2020)** *Научните концепции на д-р Андрија Штампар за организација на медицинската служба во Кралството на СХС.* Yearbook, Faculty of Educational Sciences, IX (9). pp. 61-66. ISSN 1409-9187 https://eprints.ugd.edu.mk/26800/

Во трудот се прикажани принципите врз кои била организирана здравствената служба во Кралството на СХС, а кои се однесувале на интеграција на превентивната и куративната медицина со нагласен акцент на превентивата. Во теориска и практична смисла, постоечката организација успеала да примени превентивно-хигиенски и социјално-медицински сфаќања кои одговарале на една аграрна земја. Голем придонес во градењето на здравствената служба имаат принципите воспоставени од д-р Андрија Штампар.

**Објавени книги и монографии во изборниот период 2020-2025:**

1. Верица Јосимовска **(2023)** *Историскиот развој на медицината во Вардарска Македонија 1913 -1944.* Штип: Клонинг, ISBN 978-608-242-150-6 https://eprints.ugd.edu.mk/33158/
2. Е.П.Ѓорѓева, С.Мирасчиева, С.Петровска, Д.Сивевска, И.Китанова, Д.Коцева, **В.Јосимовска, О.Цацков, Т.Стојанов (2020)** *Педагошки факултет, Факултет за образовни науки (1995-2020)* (монографија), Штип: Универзитет „Гоце Делчев". https://eprints.ugd.edu.mk/27320/
3. Cerreganov, T., Dzingo, T., **Josimovska, Verica, Cackov, O.,** Nikolova, S.**(2020)** *Македонскиот национален идентитет во британската и американската дипломатска и разузнавачка кореспонденција (1919-1945).* Принт фактори, Скопје, Република Македонија. ISBN 978-608-245-540-2 https://eprints.ugd.edu.mk/24216/

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Проф. д-р Верица Јосимовска ја унапредува својата работа и преку други активности.

Член-истражувач е во проектот Македонскиот национален идентитет во британската и американската дипломатска и разузнавачка кореспонденција 1919-1945. (2019-2020) https://eprints.ugd.edu.mk/19037/

Од 25.8.2021 до 4.9.2021 г., реализирала обуки за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници) во основните училишта во РС Македонија во рамките на ЦЕС Академијата, согласно со Јавниот оглас на Биро за развој на образованието на следниве теми:

- Дизајнирање објективни тестови на знаење;
- Стратегии за менаџмент во училница – принципи и примери на добра практика за создавање позитивна работна атмосфера во училница и во онлајн/виртуелна училница;
- Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство).

Согласно со критериумите за избор во повисоко звање (редовен професор), д-р Верица Јосимовска има објавено **рецензиран учебник**:

**Верица Јосимовска (2024)** Македонците во рамките на Кралството СХС/Југославија, Бугарија И Грција (1919 -1941). ISBN 978-608-277-071-0 https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=1206&ugd=81e67474170ac1c55f6fc720954bcde8

Во однос на организациско-развојната дејност, д-р Верица Јосимовска била ангажирана како:

- претседател на Штипското научно здружение – Штип;
- член на Претседателството на Здружението на историчари на Македонија;
- член на Уредувачкиот одбор на RIHA (Review of the Institute of History and Archaeology);
- член на Уредувачкиот одбор на списанието на JAHA на Institute of cultural heritage and archaeology;
- член на Уредувачкиот одбор и технички уредник на Годишниот зборник на Факултетот за образование и наука, УГД;
- член на Уредувачкиот одбор за издавање на монографија по повод 25 години Педагошки факултет/Факултет за образовни науки;
- член на Институтот за историја и археологија;
- член на Конкурсна комисија за прием на документите, електронска обработка на податоци и проверка на психофизичките способности на нови студенти во прва година во учебната на Факултетот за образовни науки;
- член на Комисија за разгледување на барања и молби од студенти од прв циклус на студии;
- член на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот за образовни науки;
- член на комисии за изработка на елаборати на студиските програми од втор циклус на студии;
- член на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на ректор на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
- претседател на Комисија за избор на декан на Факултетот за образовни науки;
- член на Комисија за избор на продекан на Факултет за образовни науки;
- раководител на Катедрата за историја и археологија;
- член на Комисијата за самоевалуација на Факултетот за образовни науки;
- член на Работната група за изработка на Предлог-закон за учебници за основно и средно образование при Министерството за образование и наука.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со член 164 од Законот за високо образование на Република Македонија и членовите 7, 8, 9 и 10 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 43 од 16.9.2019 г.), по деталното разгледување на доставената документација Рецензентската комисија со големо задоволство констатира дека вонреден проф. д-р Верица Јосимовска значително го надминува вкупниот предвиден квантум (НО-40 + НИ-118.6 + СА-45) на поени за избор во звањето редовен професор, остварувајќи вкупно 203.6 поени.

Врз основа на анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатката д-р Верица Јосимовска може да се заклучи дека во сите наведени дејности таа постигнала мошне значајни резултати. Во наставно-образовната дејност таа како вонреден професор потврдила дека може да се соочи со предизвикот на ангажирање на повеќе предметни програми. Во научноистражувачката и стручно-апликативната дејност и организациско-развојната дејност се афирмирала како солиден истражувач кој ја совладал

методологијата на научното истражување, како од теориски така и од практичен аспект. Анализата на објавените трудови и трудовите презентирани на научно-стручни собири во земјава и во странство покажува дека кандидатката ја насочила својата истражувачка дејност кон сопствено надградување за реализација на наставата која треба да и биде доверена, но едновремено дала свој придонес за афирмација на историјата кај нас.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија позитивно ја оценува целокупната работа на кандидатката и е на мислење дека таа ги исполнува условите за избор во наставно-научно звање. Затоа, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му предложиме д-р Верица Јосимовска да ја избере во звањето редовен професор за наставно-научните области историја на Македонија и национална историја, а одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за потврдување.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Тодор Чепреганов, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Кирил Цацков, редовен професор, член, с.р.
Д-р Стојко Стојков, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **1.** | Избор во вонреден професор | 40 | | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| ***Р. бр.*** | ***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности*** | ***Поени*** | | | | |
| | | *Во земјава* | | *Во странство* | | |
| | | *број* | *поени* | *број* | *поени* | *Вкупно* |
| **1.** | Монографија | 1 | 10 | | | 10 |
| **2** | Книга | 2 | 10 | | | 20 |
| | Научен труд објавен во меѓународно списание<br>Трудови:1,2,3,5,6,7,8,10,11<br>Поени:3/3/3.9/3.9/3/3.9/3/3.9/3.9 | 6 | | 3 | 1 | 47.4 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>Трудови:4,9,12,13<br>Поени:2/2.6/2/2.6 | | | | | 9.2 |
| | Член на уредувачки одбор на научно списание СЦИ/ ЦА (останати) | 3 | 3 | | | 9 |
| | Пленарно предавање на научен собир | | | 1 | 6 | 6 |
| | Учество на научен собир со реферат (постер/усно) во земјава и во странство<br>Во земјава: усно, 4<br>Во странство: усно, 5 | 4 | 1/1.5 | 5 | 1.5/2 | 16 |
| | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | 1 | 1 | | | 1 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **118.6** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| | Учебник | 1 | 10 | | | **10** |
| | Учесник во научен проект | 1 | 5 | | | **5** |
| | Елаборати и експертизи | 1 | 2 | | | **2** |
| | Раководител на катедра | | 3 | | | **3** |
| | Член на универзитетски орган или владини тела | 1 | 5 | | | **5** |
| | Член на факултетски орган, комисија | 10 | 2 | | | **20** |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **45** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **203.6** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА И ИСТОРИЈА НА НАЈНОВИОТ ВЕК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1602-98/8 од 29.10.2024 година донесена на 203. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 29.10.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области *историја на Македонија и историја на најновиот век* на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- д-р Ѓорѓи Малковски, редовен професор во пензија, наставно-научна област национална историја - претседател;
- д-р Александар Трајановски, редовен професор во пензија, наставно-научна област историја на Македонија, член и
- д-р Стојко Стојков, редовен професор на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, наставно-научна област византологија и средновековна историја.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 5-6.10.2024 година и во предвидениот рок се пријави:

- д-р Оливер Цацков, вонреден професор на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Оливер Цацков е роден на 16 јуни 1978 година во Штип. Основно и средно стручно (медицинско) образование завршил во Штип. Во учебната 1997/1998 година се запишал на Педагошки факултет „Гоце Делчев“ - Штип при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Во 2002 година дипломирал со просечен успех 9,38 и се стекнал со звање дипломиран професор по одделенска настава.

Во учебната 2002/2003 година се запишал на постдипломските студии на Институтот за национална историја при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Предвидените испити ги положил со просечен успех 8,50.

Во јуни 2009 година го одбранил магистерскиот труд под наслов „Штип и Штипско за време на Балканските војни 1912-1913 година“ и се стекнал со академско звање магистер на историски науки.

Во 2009 година пријавил тема за изработка на докторска дисертација на Институтот за национална историја при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје под менторство на проф. д-р Ѓорѓи Малковски, под наслов „Штип и Штипско за време на Првата светска војна 1914-1918 година“.

Во февруари 2015 година успешно ја одбранил докторската дисертација, со што се стекнал со академско звање доктор на историски науки.

Својата универзитетска кариера Оливер Цацков ја започнал како волонтер во ИНИСА, а од 1.9.2011 г. кога со Одлука бр.0402-17/50 на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип, а по претходно објавен Конкурс е избран за помлад асистент на Катедрата за историја со археологија.

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки, УГД - Штип (бр. 2102-136/9 од 16.5.2014 година), д-р Оливер Цацков е избран за соработник во звање асистент во наставно-научната област историја на Македонија и општа историја на новиот век. Рефератот е објавен во Универзитетски билтен бр.122 од 15.4.2014 г.

Со Договорот за вработување бр.0402-7/53 од 9.9.2015 г. е избран во наставно-научно звање доцент на Факултетот за образовни науки, а со Договор за вработување бр.0402-7/20 од 1.5.2020 г. е избран за вонреден професор на Факултетот за образовни науки.

Во изборниот период од 2015 до 2019 година е автор и коавтор на вкупно 28 научни и стручни публикации, претставени на меѓународни конференции, собири и советувања во земјава и во странство. Коавтор е на учебни помагала - рецензирани скрипта и практикум „Европа во 20 век“ и на учебникот „Балканските војни и Првата светска војна“.

Во 2020 год. е избран во наставно-научно звање вонреден професор за наставно-научните области: историја на Македонија и историја на најновиот век на Факултетот за образовни науки, каде што на Катедрата за историја и археологија држи предавања по предмети од историја на Македонија и нов век.

**Општи услови за избор:**

- Кандидатот на додипломските студии има остварено просечен успех од 9,38, а на постдипломскте студии просечен успех од 8,50;
- Д-р Оливер Цацков е доктор на историски науки;
- Претходниот избор и е во звање вонреден професор за наставно-научните области национална историја и општа историја на новиот век;
- Кандидатот има објавено 7 труда во меѓународни списанија, односно зборници од меѓународни научни конференции:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Cackov, Oliver and Josimovska, Verica | Creative history teaching is the main engine for successful and safe teaching | Vospitanie, Journal of educational sciences theory and ractice, 19 (1). pp. 10-13. ISSN 1857-8705 https://js.ugd.edu.mk/index.php/vospitanie/article/view/6825/5465 | 2024 |
| 2 | Cackov, Oliver and Josimovska, Verica | *Development of traffic in Stip (1918–1944)* | Knowedge - International Journal, 64 (1). pp. 167-172. ISSN 2545-4439; 1857-923X http://eprints.mk/id/eprint/34207 | 2024 |
| 3 | Josimovska, Verica and Cackov, Oliver | Epidemics on the macedonian front (1916-1918) | Knowlwdge - International Journal, 55 (5). pp. 1001-1005. ISSN 2545-4439 1857-923X https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34824 | 2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Cackov, Oliver and Josimovska, Verica | The Macedonian-Thessaloniki front 1916-1918 | Knowledge - International Journal, 51 (1). pp. 231-235. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34823 | 2022 |
| 5. | Cackov, Oliver and Pasterk, Olivera | The text method in the history teaching reveals | Vospitanie, 11 (15). ISSN 1857-5331 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24240 | 2021 |
| 6. | Cackov, Oliver | The activity of the " Sokol" society in Shtip between the world war | Review of the Institute of History and Archaeology RIHA, 9. pp. 15-21. ISSN 2671-3144 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34724 | 2024 |
| 7. | Cackov, Oliver and Pasterk, Olivera | *Migration periods in Macedonian history (XX century* | Knowleage international journal, 45 (5). pp. 992-996. ISSN 1857-923X https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28061 | (2021) |

- Кандидатот го познава и употребува англискиот јазик.
- Има реализирано плодна високообразовна дејност преку изведување на бројни предавања и вежби, менторства, пишување и објавување научни и стручни трудови, учебник, скрипта, практикум, учества во научни конференции и проекти.

Ангажиран е во изведување на наставата на студиската програма Историја и археологија на прв и втор циклус на студии.

**Посебни услови:**

**Учество во проекти:**

1. НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Штип - Илинденски сведоштва на лица од Штип и Штипско.
2. НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Штип - Старите книги од музејското депо.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Во периодот 2010/2011 година, кандидатот доц. д-р Оливер Цацков започнал со работа на Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип како волонтер на ИНИСА. Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки, УГД - Штип (бр. 2102-136/9 од 16.5.2014 година), д-р Оливер Цацков е избран за соработник во звање асистент во наставно-научната област историја на Македонија и општа историја на новиот век. Рефератот е објавен во Универзитетски билтен бр.122 од 15.4.2014 г. Со високо ниво на посветеност и одговорност ги реализира вежбите по наставата: Помошни историски науки, Вовед во историските студии и методологијата, Преродбата и создавањето на балканските нации, Светот и Европа од 18 до 20 век, Македонското национално движење 1878-1913 година, Источно Римско Царство Византија од 324 година до 10 век, Преродбата и културните процеси во 19 и 20 век во Македонија, Балканот и Македонија во рамките на Османлиската Империја, Светот и Европа од X до XVIII век, Балканските војни и Првата светска војна, Македонците во рамките

на Кралството Југославија, Бугарија и Грција 1919-1939 година, Историја на XX век, Теорија на методиката на наставата по историја. На студиска програма Историја на Факултетот за образовни науки, доц. д-р Оливер Цацков е вклучен во реализирање на наставата по предметите: Балканските војни и Првата светска војна, Светот и Европа во 20 век, Македонија од крајот на XIV до крајот на XVIII век, Практична настава 1 и 2, Христијанството во Средновековна Македонија на студиската програма Историја – наставна насока.

Доц. д-р Оливер Цацков, освен на Катедрата за историја и археологија, од учебната 2018/2019 година е вклучен и во реализација на наставата на студиските програми Одделенска настава и Предучилишно воспитание на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, за предметот Историја. Во академската 2016/2017 година е ангажиран и во реализација на часовите и практичните вежби за прв циклус студии со следниве предмети: Аудиовизуелна архивистика, Балканските војни и Првата светска војна, Архивистика, Историја на Европа XX век, Преродбата и создавањето на балканските нации.

Ангажманот на доцент д-р Оливер Цацков се проширува и во реализирањето на универзитетскиот изборен предмет Национална историја, како и на еден предмет на Правен факултет при УГД на модулот Новинарство и односи со јавност. Исто така е ангажиран и во менторирањето и јавните одбрани на завршните активности на студентите, односно во околу 30 дипломски работи.

Како доцент д-р Оливер Цацков има вкупно објавено околу 50 публикации во земјава и во странство. Во изборниот период од 2015 до 2019 година е автор и коавтор на вкупно 28 научни и стручни публикации, претставени на меѓународни конференции, собири и советувања во земјава и во странство. Коавтор е на учебни помагала - рецензирани скрипта и практикум „Европа во 20 век“ и на учебникот „Балканските војни и Првата светска војна“.

Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки на 140. седница одржана на 25.4.2020 година донесе Одлука д-р Оливер Цацков да се избере во наставник во звањето вонреден професор за наставно-научните области историја на Македонија и историја на најновиот век на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Ангажиран е во наставата на прв циклус студии на Факултетот за образовни науки на следниве студиски програми и предметни дисциплини:

- Балканските војни и Првата светска војна (задолжителен), Светот и Европа во 20 век (задолжителен), Македонија во Втората светска војна и во рамките на Федеративна Југославија (задолжителен), Големите географски откритија (изборен), Практична настава 1, 2 (задолжителен) Историја на Османлиската Империја (задолжителен), Историја (изборен), Општа историја (изборен);
- Општа историја како изборен предмет на студиските програми: Одделенска настава, Предучилишно образование и Педагогија - Светот и Европа како изборен предмет на студиската програма Медиумски студии и односи со јавност на Правен факултет во Штип.

Ангажиран е на втор циклус студии на студиската програма Историја, митови, идентитети со предметите Современите услови и одржувањето и развојот на идентитетот и Развој на македонскиот идентитет во 19 и 20 век.

Професионалниот однос на вонреден проф. д-р Оливер Цацков се изразува и во оценувањето и менторирањето на дипломски трудови. Бил дел од 50 комисии за одбрана на дипломски труд и на 20 дипломски трудови како ментор.

**Учество на научни, стручни и научно-практични конференции и конгреси до изборот за редовен професор:**

1. Наставникот во одделенската настава како незаменлив фактор во реализирањето на содржини од здравственото воспитување во училницата, Сертификат за активно учество на IV Македонски конгрес за Историја на медицината, Скопје, 19.4.2013 г.;
2. Сергеј Михајлов - музички педагог, творец и реализатор на првата опера во Македонија „Палјачи“ од Леонкавалов, V Македонско-руска научна конференција, Охрид, 17-19 јуни 2012 г.;
3. Вклученоста на децата од ромска националност во предучилишната установа, IX Симпозијум са међународним учешће „ВАСПИТАЧ У 21. ВЕКУ“, Висока школа за васпитаче струковних студија у Алексинцу, 29 – 30 март 2013, Сокобања;
4. Културата и просветата во Штип за време на Првата балканска војна, IV Меѓународна научна конференција: Меѓународен дијалог: Исток-Запад, Меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“, Свети Николе, 19.4.2013 г.;
5. Активноста на македонскиот театар во српскиот печат по Втората светска војна, Меѓународна научна конференција: Културе у дијалогу, Универзитет во Белград, 28-30 септември 2012 г.;
6. VI Меѓународен балкански конгрес за образование и наука на тема „СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО И ОБРАЗОВАНИЕТО“, Охрид, 30 септември и 1 октомври 2011 година;
7. Role of the game in the development of preschool child,LUMEN 2013 International Conference, Iasi, Romania, април 2013 г.;
8. Наставникот во одделенската настава како незаменлив фактор во реализирањето на содржини од здравственото воспитување во училницата, IV Македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество, 18-19 април 2013 г., Скопје;
9. **Цацков, О**., Цацков, К., Белиќ, М. (2003). *Цвета Хаџи-Василева добитничка на меѓународното признание за сестринство*, Прв балкански конгрес за историја на медицината, МАИМ, Охрид, 23-25 октомври.
10. **Цацков, О**. (2010). Постолова Б., Везот–мост помеѓу минатото и иднината, Меѓународен симпозиум на тема - Популаризација на етнолошкото културно наследство, Македонско етнолошко друштво, Штип, 21-22 септември 2010 година.
11. **Цацков, О.,** (2011). Подготвеноста на наставниците за примената на компјутерот во одделенска настава, VI Меѓународен балкански конгрес за образование и наука на тема „Современото општество и образованието“, Охрид, 30.9-1.10.
12. **Цацков О**. (2012). Сергеј Михајлов – музички педагог, творец и реализатор на првата опера во Македонија „Паљачи“ од Леон Кавалов, V Македонско-руска научна конференција, Охрид.
13. **Цацков, О**.(2012) Активноста на македонскиот театар во српскиот печат по Втората светска војна, Културе у дијалогу, Меѓународна научна конференција, 28- 30 септември, Београд.
14. **Цацков, О.** (2013). Вклученоста на децата од ромска националност во предучилишната установа, IX Симпозијум са међународним учешће „ВАСПИТАЧ У 21. ВЕКУ“, Висока школа за васпитаче струковних студија у Алексинцу, 29 – 30 март 2013, Сокобања.

15. Јосимовска, В., **Цацков, О.** (2013). *„Културата и просветата во Штип во време на Балканските војни“*, IV Меѓународна научна конференција, Меѓународен дијалог Исток-Запад, Свети Николе, 19-20 април.

16. **Cackov, O. (2013).** Role of the game in the development of preschool child, LUMEN 2013 International Conference, Iasi, Romania, 10-13 April 2013.

17. **Цацков, О.** (2013) Наставникот во одделенската настава како незаменлив фактор во реализирањето на содржини од здравственото воспитување во училницата, IV Македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество, 18-19 април, Скопје.

18. Josimovska, V., **Cackov, O.,** Josimovska, E. (2013). *„Life in Shtip after Bucharest Peace Treaty“*, International Scientific Conference, Peace Treaty of Bucharest, Macedonia and the Balkans, Skopje, 31 October and 1 November.

19. **Цацков, О.** (2013). Историјата како фактор за зближување и почитување на нациите, 7. Цар-Шишманови дни, 4-6 октомври, Самоков, Бугарија.

20. Јосимовска, В., **Цацков, О.** (2014). *„Ново Село како сликарска инспирација“*, Прв научен собир: Улогата на штипско Ново Село во македонската историја, Штип, 17 октомври.

21. **Цацков, О.** (2014). Универзалноста и едукативноста на планинарското спортување, Шеста международна научна конференция “Съвременни тенденции на физическото възпитание и спорта”, 07-08 Nov 2014, Софийският Университет „Св. Климент Охридски”, Департаментът по спорт, София, Бугарија.

22. **Цацков, О.** (2014). Предизвикот на наставникот во новото време, научно-стручна трибина „Компетенциите и професионалниот развој на учителот во 21 век“, Факултет за образовни науки УГД, 3.10.2014, Штип.

23. **Цацков, О.** (2014) Што учениците треба да научат од историја, Осми Цар-Шишманови дни в Самоков, Бугарија, 10-12.10.2014 г.

**Учество на научни, стручни и научно-практични конференции и конгреси во изборниот период 2020-2025:**

1. Cackov, Oliver and Josimovska, Verica (2024) *Development of traffic in Stip (1918–1944).* In: 45 th International Scientific Conference -TEACHER OF THE FUTURE, 23-26.05.2024, Budva,Montenegro.
2. Цацков Оливер (2023) Леснво In: Прва меѓународна научна конференција „Македонија крстопат на епохи, цивилизации и култури“. Институт за историја и археологија, ФОН, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 23 Nov 2023, Stip. (In Press)
3. Цацков,Оливер (2022) *Гоце Делчев-.* In: Научна конференција „150 години од раѓањето на Гоце Делчев“, 3-4 May 2022, Skopje. (In Press)
4. Cackov, Oliver and Josimovska, Verica (2022) *The Macedonian-Thessaloniki front 1916-1918.* In: 35th International Scientific Conference Knowledge without borders, 01–03 March 2022, Vrnjacka Banja, Serbia.
5. Оливер Цацков I: Лесновскиот манастир - центар на Кратовско-лесновскста книжевна школа Прва меѓународна научна конференција: „Македонија крстопат на епохи, цивилизации и култури“. Институт за историја и археологија, ФОН, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 23 Nov 2023, Stip (In Press).
6. Cackov, Oliver and Josimovska, Verica (2024) *Development of traffic in Stip (1918–1944).* In: 45 th International Scientific Conference -TEACHER OF THE FUTURE, 23-26.05.2024, Budva, Montenegro.

**СПИСОК**
**на објавени стручни и научни трудови**

**Објавени стручни и научни трудови до изборот за редовен професор**

**1.** Цацков О, Постолова Б., *Везот–мост помеѓу минатото и иднината, Меѓународен симпозиум на тема* „Популаризација на етнолошкото културно наследство", Штип, 21-22.

Како најизразен знак на националната култура и носители на националната симболика се народните носии, посебно селските кои изобилуваат со најразлични рачно изработени везови. Везот претставувал карактеристичен традиционален украс, особено на женските носии. Овој труд ќе ги презентира напорите на сите кои се потрудиле убавината на народен вез да излезе на виделина, бидејќи везот носи одреден збир и на историски информации за некое лице: неговиот етнички идентитет, неговата судбина, неговиот социјален статус, неговата професија, септември 2010 г.

**2**. Цацков О., *Гимназиското образование во Штип помеѓу двете светски војни*, Зборник на Институтот за историја и археологија при Универзитетот „Гоце Делчев", бр.1, 2010.

Штип е град со богата и значајна образовна традиција чиишто корени датираат уште од крајот на XVIII век, поточно од 1793 година кога според Петар Завоев почнало да работи првото ќелијно училиште. Најзначајниот импулс во развојот на образованието во Штип и Штипско несомнено е поврзан со Јосиф Ковачев, основачот на првото педагошко училиште во штипско, Ново Село. Во 1869 година општообразовното училиште прераснало во класно училиште со предметна настава и нова наставна програма. Од оваа година, условно земено, датира класното гимназиско образование во Штип.

**3.** Цацков О., *Јосиф Ковачев ученик и учител*, Научен симпозиум „Јосиф Ковачев, неговото време", Штип, 29 ноември 2010 г.

Времето во кое живееше и работеше Јосиф Ковачев, родоначалникот на првото Педагошко училиште во Штип, односно во Македонија, беше силно обременето со револуционерни превирања за ослободување од грчкото влијание во црквата и во училиштата.

**4**. Цацков. О, Цацков К., *Неодминливото значење на монографијата „Балканските војни и Македонија" на Ѓорѓи Абаџиев вреднувана од историски аспект*. Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, *XXXVII* Научна конференција, Охрид, 15-16 јуни 2010 г.

**6.** Цацков О., Цацков К., *Влијанието на училиштето и наставникот за социјализација и хуманизација на личноста,* Међународна научна конференција, „Учитељ у балканским културама", Врање, 4.12.2010. Р. Србија.

Социјализацијата и хуманизацијата претставуваат процеси на приспособување кон општеството. Секоја единка во општеството се раѓа беспомошна, некултивирана и која зависи од другите луѓе. Со социјализацијата и хуманизацијата како единка се стекнува со знаење и навики, како и развивање на склоп на карактеристики.

**7.** Цацков, О., Сивевска Д., Подготвеноста на наставниците за примената на компјутерот во одделенската настава (The willingness of teachers for application of computers in primary school (I-V grade)), VI Меѓународен балкански конгрес за образование и наука на тема „СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО И ОБРАЗОВАНИЕТО", Охрид, 30 септември и 1 октомври 2011 година.

Во трудот се прикажани резултати од истражување со кое се детектира подготвеноста на наставниците за примената на компјутерот во наставата, условите во кои се реализира наставата со помош на компјутер, применливоста на е-учењето во одделението.

**8.** Цацков, О., Сивевска Д Бочварова, Ј. *Вклученоста на децата од ромска националност во предучилишната установа,* IX Симпозијум са међународним учешће „ВАСПИТАЧ У 21. ВЕКУ“, Висока школа за васпитаче струковних студија у Алексинцу, 29 – 30. март 2013, Сокобања.

Во трудот се третира проблемот на вклученоста на децата од ромска националност во детските градинки во Република Македонија, со посебен осврт на детските градинки во Штип. Проучени се ставовите и мислењата на воспитувачите во врска со: соработката и комуникацијата меѓу македонските и ромските деца во детската градинка, улогата и активноста на наставникот во функција на подобрување на соработката меѓу двете групи на деца, обуки и оспособување на наставникот за активно вклучување на ромските деца во групата со македонски деца во детската градинка.

**9**. Цацков, О., Сивевска Д *Улогата на воспитувачот во реализирањето на воспитно-образовната дејност во предучилишната установа*, VIII Симпозијум са међународним учешће „ВАСПИТАЧ У 21. ВЕКУ“, Висока школа за васпитаче струковних студија у Алексинцу 30 – 31. март 2012, Сокобања.

Воспитувачот е еден од значајните фактори кои влијаат на правилното воспитување на секое дете. Во трудот се прикажани резултати од истражување во кое е испитано мислењето на воспитувачите за некои карактеристики на успешниот воспитувач (од што зависи вештината на воспитувачот во реализирање на воспитно-образовната дејност, на кој начин го стекнува авторитетот кај децата, на кој начин се усовршува, колку следи литература за стручно усовршување).

**10.** Cackov, O., Sivevska, D., Petrovska, S., *Role of the game in the development of preschool child* (Улогата на играта во развојот на предучилишното дете) LUMEN 2013 International Conference, Iasi, Romania, 10-13 April 2013.

**11.** Цацков, О., *Последиците од Првата балканска војна во Брегалничко-струмичкиот регион*, 25-27 октомври 2012, Струмица.

Штип е град со изразено богата историска традиција. Во него се случувале настани кои имале длабоко значење не само за жителите на овој град, туку и за регионот и соседните земји. Сите настани што следувале не можат да се издвојат од контекст на географските обележја на овој град. Последиците од Првата балканска војна и во Струмица и Струмичко беа катастрофални. Можеме да зборуваме за економски, социјални, хуманитарни, етнички, етички, па дури и психолошки последици.

**12.** Цацков, О., *Активноста на македонскиот театар во српскиот печат по Втората светска војна*, Култура во дијалогот, Меѓународна научна конференција, 28-30 септември 2012, Белград.

Содржината на овој труд дава еден широк спектар на заемни врски на културното наследство на Македонија со српската културна литература. Сето ова има големо значење врз зајакнувањето на македонската драмска литература и драма на македонски јазик.

**13**. Цацков, О., Јосимовска, Е., *Воените, економските и политичките последици од Првата балканска војна врз животот на народот во Штип и штипско*, МАНУ, 3-4 декември, Скопје.

Во трудот се обработува дел од историјата на Штип што се случувала на подрачјето на штипскиот регион непосредно по Првата балканска војна.

Конкретно се обработуваат последиците од воените дејствија на цитираното подрачје кои се однесуваат на економските и политичките последици.

**14**. Цацков, О., Јосимовска, В., *Културата и просветата во Штип за време во Балканските војни*, 4. Меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток –Запад",19-20 април 2013, Св.Николе.

Кога зборуваме за Штип 1912-1913 година или Штип во време на Балканските војни, зборуваме за Штип во три различни држави, за Штип со три различни управни власти. Тоа се трите „лица" или форми на Штип што се менувале во период малку поголем од едно полугодие. Првото лице на градот било Штип во рамките на Турската Империја, второто лице, Штип град во Царството Бугарија и третото лице град во Кралството Србија. Овој историски момент навистина заслужува внимание во културно-просветен поглед.

**15.** Цацков, О., Цацков, К., *Наставникот во одделенската настава како незаменлив фактор во реализирањето на содржини од здравственото воспитување во училницата*, IV Македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество, 18-19 април 2013, Скопје (во печат).

Целта на овој труд е да се даде незамисливата компонента на наставникот во спроведувањето и реализирањето на содржини од здравственото воспитание во училиштето. Должност на секој наставник е да му помогне на ученикот кога му е најпотребно и да поттикне што е можно повисок степен во духот на физичкиот развој и да усвои знаења и основни вештини од здравственото воспитание и образование. Наставникот успешно ќе го реализира ова преку примена на повеќе методи и наставни средства и практична активност.

**16** Цацков, О., Јосимовска, В., *Животот во Штип по Букурешткиот договор, Букурешткиот мировен договор*, Македонија и Балканот, Скопје, 31 октомври и 1 ноември 2013 година (во печат).

Периодот помеѓу Балканските војни и по потпишувањето на Букурешкиот мировен договор е период од исклучително значење за Штип. Веднаш по 500-годишното владеење на Турција на овие простори во период од неколку месеци се менуваат српското и бугарското владеење. Сето ова оставило силни и тешки последици врз животот во градот и околината.

**17.** Цацков, О., *Историјата како фактор за зближување и почитување на нациите*, 7. Цар-Шишманови дни, 4-6 октомври 2013, Самоков, Бугарија (во печат).

Преку историјата треба да се овозможи балканските народи да го издигнат својот индивидуален и колективен идентитет преку познавање на сопственото историско наследство во локални, регионални, национални, европски и глобални димензии. Таа треба да е инструмент за спречување на злосторствата на човештвото. Оттука несомнено е големото значење на историјата во наставата како го овозможува горенаведеното.

**18.** Aleksoski S.**,** Aleksoski O., **Cackov, O. (2015).** Exsternal migration in Macedonia during the transition until today. *Mediterranean Journal of Social Sciences, Vol 6,No.3,pp.672-689.*

Трудот го третира прашањето на миграцијата на македонското население, каде што како најчести причини се наведуваат економските, социјалните и политичките. Трудот има особена вредност нагласувајќи ги причините за напуштање на македонската држава засекогаш и потребата од утврдување на условите за живот во земјата и превентивните чекори заради намалување на бројот на мигрантите.

**19**. Цацков, К**. Цацков О**. (**2014).** Сергеј Михајлов – музички педагог, творец и реализатор на првата опера во Македонија „Паљачи“ од Леон Кавалов, *Руско-македонски јазични, литературни у културни врски 5,* Скопје, Филолошки факултет, стр.635-641.

Штип уште во минатото се развил во значаен, стопански, трговски и просветно-културен центар. Токму оваа поволна регионална положба претставувала примарен фактор за неговиот брз растеж, израснувајќи како најголем општествено-политички, економски и просветно-културен град во Источна Македонија. По Октомвриската револуција многу интелектуалци од Русија за свој престој и емиграција го одбрале токму овој град. Еден од тие емигранти кој со своето дело даде непроценлив придонес за подигнувањето на културниот и духовниот живот во Штип бил Сергеј Михајлов. Особено голем е придонесот во реализацијата на првата опера во Македонија, „Палјачи“ од Л.Кавалов која ја поставил на сцена.

**20.** Petrovska, S., Sivevska, D., **Cackov, O.** (**2013**). Role of the game in the development of preschool child, *Procedia Social and Behavioral Sciences 92, pp. 880-884,* *www.sciencedirect.com*.

Евалуација: Трудот го третира прашањето за значењето на играта во предучилишниот период на секое дете низ прегледот на литературата, а резултатите од истражувањето говорат дека играта во предучилишниот период е основната форма на работа во градинките и основно јадро во планирањето на дневните активности.

**21. Цацков, О. (2013).** Активност македонског театра у српском печату између два светска рата. *Cultures in dialogue, Communication and Cultural influences Book 4.* Београд: Филолошки факултет Универзитета Београд. Стр.293-299.

Евалуација: Содржината на овој труд дава еден широк спектар на заемни врски на културното наследство на Македонија со српската културна литература. Сето ова има големо значење врз зајакнувањето на македонската драмска литература и драма на македонски јазик.

**22**. Јосимовска, В., **Цацков, О**.(**2013**)**.** Културата и просветата во Штип за време во Балканските војни, *Зборник на научни трудови од 4. Меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток-Запад“ (култура, славјанство и економија),* Св.Николе, Македонија – Тамбов, Руска Федерација, стр. 221-223. 37.014(497.731)"1912/13.

Кога говориме за Штип 1912-1913 година или Штип во време на Балканските војни говориме за Штип во три различни држави, за Штип со три различни управни власти. Тоа се трите „лица“ или форми на Штип што се менувале во период малку поголем од едно полугодие. Првото лице на градот било Штип во рамките на Турската Империја, второто лице, Штип, град во Царството Бугарија и третото лице град во Кралството Србија. Овој историски момент навистина заслужува внимание во културно-просветен поглед.

**23**. Цацков К**., Цацков. О.** (**2010**). Неодминливото значење на монографијата „Балканските војни и Македонија“ на Ѓорѓи Абаџиев вреднувана од историски аспект. *XXXVII Научна конференција на XLIII Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, (Зборник).* Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“. хрид. Стр.-159-165.УДК.94(497.7) "1912/13"(049.3).

Трудот има огромно значење за македонската историја поради фактот што предмет на интерес е расветлувањето на периодот на Балканските војни како

период на ослободување на Македонија од петвековното османлиско ропство, особено што монографијата на Абациев е всушност сведок на една од светските историски трагедии, македонската (заедно со ирската, според Казимец). Уште повеќе што овој период е уште еден кој се карактеризира со статусот на Македонија како „јаболко на раздорот".

**24. Цацков О. (2010).** Гимназиското образование во Штип меѓу двете светски војни, *Годишен зборник на Институтот за историја и археологија при Универзитет „Гоце Делчев", бр.1,* стр.65-70. UDK:373.5(497.731)„1793)1939.

Штип е град со богата и значајна образовна традиција чиишто корени датираат уште од крајот на XVIII век, поточно од 1793 година кога според Петар Завоев почнало да работи првото ќелијно училиште. Најзначајниот импулс во развојот на образованието во Штип и Штипско несомнено е поврзано со Јосиф Ковачев, основачот на првото педагошко училиште во штипско, Ново Село. Во 1869 година општо образовното училиште прераснало во класно училиште со предметна настава и нова наставна програма. Од оваа година условно земено датира класното – гимназиско образование во Штип.

**25. Цацков О., (2011).** Јосиф Ковачев, ученик и учител, *Годишен зборник Институт за историја и археологија. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип,* год.2, ISSN 1857-7342, УДК: 37.011.1-051. стр. 151-153.

Времето во кое живееше и работеше Јосиф Ковачев, родоначалникот на првото Педагошко училиште во Штип, односно во Македонија, беше силно обременето со револуционерни превирања за ослободување од грчкото влијание во црквата и училиштата. Уште како дете добро го запознал тој систем на школување со сите недостатоци што ги содржел, и во него, во тие рани детски години, започнува да се раѓа идејата еден ден кога ќе порасне да успее нешто да промени.

**26. Цацков О. (2013).** Последиците од Првата балканска војна во Брегалничко-струмичкиот регион. Зборник Струмица и струмичко во времето на Балканските војни и Букурешкиот мировен договор, Струмица, Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Струмица, ISBN 978-608-203-100-2, стр.179-184.

Штип е град со изразено богата историска традиција. Во него се случувале настани кои имале длабоко значење не само за жителите на овој град, туку и за регионот и соседните земји. Сите настани што следувале не можат да се издвојат од контекст на географските обележја на овој град. Последиците од Првата Балканска војна и во Струмица и Струмичко беа катастрофални. Можеме да зборуваме за економски, социјални, хуманитарни, етнички, етички, па дури и психолошки последици. Тоа беа „придобивките" што „братските" народи и „соседи" и го подарија на Македонија.

**27.** Сивевска, Д**., Цацков О. (2013).** Улогата на воспитувачот во реализирањето на воспитно-образовната дејност во предучилишната установа. *Наше стварање Зборник радова са деветог симпозијума „Васпитач у 21 веку".* Алексинац: Висока школа за васпитаче струковних студија у Алексинцу. УДК 371.135:373.23. стр. 55-61.

Воспитувачот е еден од значајните фактори кои влијаат на правилното воспитување на секое дете. Во трудот се прикажани резултати од истражување во кое е испитано мислењето на воспитувачите за некои карактеристики на успешниот воспитувач (од што зависи вештината на воспитувачот во реализирање

на воспитно-образовната дејност, на кој начин го стекнува авторитетот кај децата, на кој начин се усовршува, колку следи литература за стручно усовршување).

**28**. Бочварова, Ј., Сивевска Д., **Цацков О**. **(2013).** Вклученоста на децата од ромска националност во предучилишната установа, Књига резимеа IX Симпозијум са међународним учешћем „Васпитач у 21 веку", Висока школа за васпитаче струковних студија у Алексинцу.

Во трудот се третира проблемот на вклученоста на децата од ромска националност во детските градинки во Република Македонија, со посебен осврт на детските градинки во Штип. Проучени се ставовите и мислењата на воспитувачите во врска со: соработката и комуникацијата меѓу македонските и ромските деца во детската градинка, улогата и активноста на наставникот во функција на подобрување на соработката меѓу двете групи на деца, обуки и оспособување на наставникот за активно вклучување на ромските деца во групата со македонски деца во детската градинка.

**29. Цацков О**. **(2013)**. Воените, економските и политичките последици од Првата балканска војна врз животот на народот во Штип и штипско, 100 години од балканските земји, Прилози од научниот собир одржан на 3-4 декември 2012 година, Скопје: МАНУ. ISBN 978-608-203-100-2, стр. 487-494

**30**. Јосимовска, В., **Цацков, О**., Јосимовска, Е. **(2013).** Животот во Штип по Букурешкиот мировен договор, *Букурешкиот мировен договор, Македонија и Балканот, Меѓународен научен собир по повод 100-годишнината од потпишувањето на Букурешкиот мировен договор, 31 октомври и 1 ноември 2013 година*, Скопје: МАНУ стр.299-304.

Периодот помеѓу Балканските војни и по потпишувањето на Букурешкиот мировен договор е период од исклучително значење за Штип. Веднаш по петстотини годишното владеење на Турција на овие простори во период од неколку месеци се менуваат српското и бугарското владеење. Сето ова оставило силни и тешки последици врз животот во градот и околината.

**31. Цацков, О. (2013).** Штип и Штипско во воените планови на завојуваните страни пред почетокот на Првата светска војна, Годишен зборник на Факултетот за образовни науки при УГД – Штип, УДК 94:355.1(494.731)"1912/18". стр,113-117.

Трудот го третира прашањето за односот на балканските држави во однос на Македонија, со посебен осврт на Штип и Штипско во воените планови. Ги третира вооружените судири на балканските држави насочени против турската држава.

**32**. Јосимовска, В., **Цацков, О. (2014).** *Ново Село како сликарска инспирација.* Улогата на штипско Ново Село во македонската историја, Штип:МАИМ, стр.31-18.

Многубројните сликарски дела со мотиви од живописното Ново Село ја потврдуваат вредноста на експонатите на овој т.н. музеј во живо. Го потврдуваат фактот дека присуството во новоселскиот амбиент поседува чудесна моќ да побудува емоции, идеи и креативност. Специфичната местоположба, архитектурата, живеалиштата на познати личности и настани, биле инспирација на бројни ликовни уметници да овековечат сегменти од Ново Село на своите платна.

**33. Цацков, О. (2014).** Универзалноста и едукативноста на планинарското спортување, *Шеста международна научна конференция «Съвременни тенденции на физическото възпитание и спорта»*, Софийският Университет „Св. Климент Охридски", Департаментът по спорт, София:УИ „Св.Климент Охридски", стр.365-358.

**34. Цацков, О.,** Грегова, Т. **(2015).** *Ecology a necessary factor in teaching methods for nature and society studies for forming a responsible person.* Меѓународна научна конференција: Образованието во XXI век – состојби, предизвици и перспективи, 24-25 септември 2015 год., Штип, Македонија.

Ако речеме дека иднината им припаѓа на младите, дали е потребно младите да чекаат другите да размислуваат за својата иднина? Еколошко образование значи фаворизирање на нов животен стил, нови етничко-културни вредности, нова слобода, како и одговорна личност. Овој труд се занимава со еколошки содржини што се приспособени на интересите и можностите на учениците за модернизирање на наставата со еколошко знаење. Еколошкото образование се очекува да биде долготраен процес и важен фактор во натамошните научни истражувања од областа на екологијата, опфаќајќи вистински подобрувања во учењето на учениците што ќе се користат во текот на целиот живот. Исто така, ги содржи целите и задачите на еколошката едукација и поттикнување на еколошка свест, однесување и начин на живот поврзана со животната средина. Затоа, еколошкото образование опфаќа четири главни компоненти: когнитивен домен, ефективен домен, одговорно еколошко однесување и лична одговорност. Значи, како педагошки истражувачи најмногу треба да се интересираме за промените што се случуваат кај студентите како резултат на настава и учење.

**35. Цацков, О**. **(2015).** *Познавањето на локалната историја е незаменлива компонента во едукацијата на ученикот во наставниот процес*. IX Цар-Шишманови денови во Самоков. 2–4 октомври 2015 год. Самоков, Бугарија.

Познавањето на локалната историја е неопходна на секој ученик не само како составен дел од општото образование и воспитание, туку и како услов за да може да ги реализира своите права и да ги исполнува своите обврски како субјект во една определена општествена средина. Тоа значи дека локалната историја треба да биде задолжителен дел од едукацијата, но во исто време и дел од човековото живеење. Во темата е даден доволен простор зошто треба да се изучува оваа област како дел од историјата. Таа ќе помогне да се поттикне интерес на ученикот за изучување на историја и да го познава минатото на својата најблиска околина. Преку изучување на оваа историја му се обезбедуваат на ученикот знаење, вештини, можност за дијалог и дискусија, комуникација и формирање на етички и морални норми. Тоа значи дека локалната историја треба да се вклопи во националната и општата по своето време, простор и значење.

**36. Цацков, О. (2015).** *Историјата како фактор за зближување и почитување на нациите.* Меѓународен научен симпозиум „Вера и култ“, 2 – 4 октомври 2015 год., Самоков, Бугарија.

Наставата по историја во демократска Европа треба да зазема клучно место во изградбата на одговорни и активни граѓани, и во изградбата на почитување на сите видови разлики. Во трудот е дадено дека историјата треба да игра важна улога во промовирањето на фундаменталните вредности, како што се, толеранцијата, заемното разбирање, човековите права и демократија. Историјата треба да биде дел од образовната политика којашто директно ќе влијае врз развојот и напредокот на младите луѓе. Со нивното активно учество во градењето на Европа, како и мирољубивиот развојна општествата во една глобална перспектива, во духот на разбирањето и довербата. Историјата како таква не смее да биде инструмент на идеолошка манипулација, пропаганда и слично. Преку историјата треба да се овозможи балканските народи да го издигнат својот индивидуален и колективен идентитет преку познавање на сопственото историско наследство во

локални, регионални, национални, европски и глобални димензии. Таа треба да е инструмент за спречување на злосторствата на човештвото.

**37. Цацков, О. (2016)**. *Учењето по пат на откривање незаменлива компонента во наставата по историја.* Зборник, IV Научно-стручна конференција со меѓународен карактер на тема „Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи", 18 мај 2016 год., Штип, РС Македонија.

Современата состојба на која било држава не може да се разбере без осврт за нејзиниот претходен развој - за минатото. Човек кој ништо не знае за она што се наоѓа околу него нема да знае ништо и за она што го очекува. Тоа е подрачјето со кое се занимава историјата како наука. Во поново време многу е актуелен и често се применува модулот учење по пат на историја. Смислата на овој начин на учење во принцип е заснован врз познатите педагошко-психолошки и логички барања и претпоставки кои доаѓаат во израз и во педагошкото учење**.**

**38**. **Цацков, О.,** Кротева, М., (**2016**). *The tourism attraction and language competences for promotion touristic resources.*1st International Scientific Conference "Tourism in function of Development of the Republic of Serbia – Spa tourism in Serbia and experiences of other countries". 2 – 4 јуни 2016 год., Врњачка Бања, Србија.

Иако Штип е богат со природни и историски туристички ресурси, во потполност, капацитетите остануваат неискористени, како и непознати и неафирмирани како туристички атракции. Првиот дел од трудот дава вовед во градскиот профил со посебен аспект на природното и историското богатство на регионот и неговите обележја. Вториот дел од трудот дава педагошки пристап кон реформите во образованието и градењето на трансверзални вештини во однос на јазичните компетенции. Таа ја потенцира важноста за познавање странски јазик и ги претставува англискиот јазик за специфични цели во областа на туризмот.

**39**. **Цацков, О. (2016).** *Универзалноста на Климентовото дело – неизгаслива светлина на сесловенските народи.* Меѓународна научна конференција Климентово дело, 23 -24 јуни 2016 год., УГД – Штип, РС Македонија.

Насловот на темата не е случаен, туку, напротив, многу спонтан, може да се каже и единствен, затоа што и наследството што го оставил Климент е единствено од таков вид. Она што го оставил Климент за идните генерации во себе содржи, исто така, неодминливост и универзалност. Климент на овие простори ги поставил темелите на сесловенската писменост и духо. Целта на овој труд е да се одбележи Климент како словенски и како македонски писател, поет, беседник, просветител и преведувач.

**40**. **Цацков, О. (2016).** *Учителот личност што треба да се следи и почитува.* Зборник, Научно-стручна трибина „Предизвиците и перспективите на учителската професија", 7 октомври 2016 год., Факултет за образовни науки, УГД – Штип, Р Македонија.

Учителите кои се свесни за својата исклучителна и голема улога знаат да ја ценат дадената можност и чест, се гордеат со резултатите на својот труд и се радуваат на успесите на своите ученици што ги допреле со својот професионален и личен авторитет. Покрај родителите, учителот е највлијателната личност во годините кога се формира личноста на ученикот. Главниот успех во изборот на неговата работа се состои во начинот како ќе им се доближи на учениците. Како со нив ќе постапува и каков ќе биде неговиот однос кон нив. Тој го постигнува тоа ако искрено ги сака својата професија и учениците. Треба да се каже и тоа дека не може да се замисли добар учител без неговите лични карактеристики и морални

вредности. Само таков учител може да стекне доверба и да изгради авторитет помеѓу учениците, родителите и пошироката околина.

**41. Цацков, О. (2016*).*** *Зградата на Ректоратот во Штип, објект што ги поврзува минатото, сегашноста и иднината.* Годишен зборник 2015 / 2016 год., Факултет за образовни науки, УГД – Штип, Р Македонија.

Зградата на Ректоратот отсекогаш претставувала не само јадро околу кое се случувале многу значајни настани, туку и зграда во која поминале и плејада на истакнати македонски личности. Богатата историја на ова најпрво училиште, па касарна, болница и повторно училиште ја заокружи денешната улога на Ректорат на Универзитетот „Гоце Делчев". Во текстот се поместени хронологијата и најзначајните моменти од постоењето на ова здание.

**42. Цацков, О. (2017).** *Позитивната педагошка комуникација на наставникот по историја – знаењата се трајни и корисни.* V Научно-стручна конференција со меѓународен карактер: Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи. 17 мај 2017 год., Штип, Р Македонија.

Наставата како најсистематски и најорганизиран облик на воспитанието и образованието овозможува организирање на успешна и квалитетна педагошка и образовна социјална комуникација. Комуникацијата и соработката е многу важна за заедничките ученички активности, па затоа процесот на планирањето треба примерно да се насочи на осмислувањето и организирањето на активностите и задачите на начинот што овозможува највисоко ниво на директна интеракција.

**43. Цацков, О.,** Белчева, Ј., Андреева, Т**., (2017).** *Йонизиращите лъчения през погледа на един клас и две науки - бинарен урок по физика и история в единадесети клас.* Национална научна конференција: Граѓанското образование во природните науки. 30 септември – 1 октомври 2017 год., Пловдив, Бугарија.

Интердисциплинарната обука се состои во проучување на два или повеќе предмети во исто време, кои може да имаат мала или никаква формална врска. Оваа обука бара интеграција директно помеѓу дисциплините, на пример, заедничка студија за одредена тема.

***44. Цацков, О., Цацков, К., (2017). Мише Развигоров – револуционерен деец, учител и војвода.*** Меѓународен научен симпозиум: Митови – стереотипи – мистификации. 29 септември – 1 октомври 2017 год., Самоков, Бугарија.

Многу е тешко да се опише, поточно да се наслика портретот на истакнатиот македонски револуционерен деец, учител и војвода Мише Развигоров. Развигоров целиот свој живот ќе го посвети на најважните идеали за него. Револуцијата од една страна и работата со неговите ученици од друга. Осврт е даден и на неговиот придонес како делегат на Организацијата на советувањето во 1904 и 1905 година, на конгресот на Скопскиот револуционерен округ.

**45. Мирасчиева, С., *Цацков, О., (2017). Зошто да се биде учител – причини, предизвици и перспективи. Зборник, V Научно-стручна трибина „Да се биде учител", 6 октомври 2017 год., Факултет за образовни науки, УГД – Штип, Р Македонија.***

Технолошката инвазија во просторот на образование и воспитание, пред учителот, меѓу другото, поставува барање за обликување на процесот на учење. Соочен со одговорност и задачи, нужност од почитување на другите и тимска работа, со квалитативно стручно усовршување, сензибилност за доверба и грижа за учениците, современи стратегии за учење и поучување, истражување и саморазвој станува свесен за потребата од промени.

**46.** ***Цацков, О., (2017). Музеите во наставата по историја.*** Зборник, V Научно-стручна трибина „Да се биде учител“, 6 октомври 2017 год., Факултет за образовни науки, УГД – Штип, Р  Македонија.

Наставата по историја е заснована врз изучување на историските остатоци која таа систематски ги открива, класифицира и истражува врз основа на нив и ги утврдува основните факти од кој произлегуваат историските настани, појави и процеси. Музејот е совршено место за промовирање и поддржување на свест за природното, историското, археолошкото, културното и уметничко наследство.

**47.** ***Цацков, О. (2017). Револуционерното дело на Ванчо Прке.*** Годишен зборник, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Р Македонија.

Ванчо Прке е народен херој чие револуционерно движење оставило длабоки траги во Штипско и пошироко во Македонија. Со неговиот интелект и харизма успеал да анимира голем број на младинци како политичка и револуционерна сила. Неговото богато револуционерно искуство било искористено со негово ангажирање за создавање и  формирање на месни комитети и партизански одреди низ Македонија. Иако неговото револуционерно дејствување било многу кратко Прке ќе биде пример на идните генерации и секогаш ќе служи за поттик и инспирација за се што е човечко и ослободољубиво.

**48.** ***Цацков, О. (2017). Влијанието на странските пропаганди врз книжевното творештво на Миладиновци.*** Зборник, Музејски летопис. Национална установа „Завод за заштита на спомениците на културата и музеј“ – Струмица.

Периодот од втората половина на 18 век до првата половина на 20 век е најтешкиот во историјата на македонскиот народ, кога покрај турскиот, економски неподнослив режим македонското население било изложено на засилени акции од страна на пропагандите на соседните балкански држави Бугарија, Србија, Грција, како и римокатоличката и романсковлашката пропаганда. Тргнувајќи од своите интереси, балканските држави развиле огромна пропагандна активност, сè со цел да го запрат историскиот развој на македонскиот човек, односно да го насочат кон сопствените интереси.

**49.** ***Цацков, О. (2018). Планирањето и велосипедизмот во наставата по историја.*** Modern trends of physical education and sports. IX Меѓународна научна конференција: Современите тенденции на физичкото воспитание и спортот. 19 април 2018 год., Софија, Бугарија.

Во наставата по историја се користат голем број објекти, средства, познати места од културното историско минато, кој можат преку некој спортска активност да послужат и да бидат непосреден избор на податоци и информации. Во темата се прикажани конкретни примери од планинарењето и велосипедизмот како спортски дисциплини кои можат да се користат во наставата по историја. Преку овие активности се добиваат промени кој поттикнуваат осовременување на наставата, креативност, едукативност, иновативност и развивање на физичките моторни способности

**50. Цацков, О. (2018).** *Метод на демонстрирање во наставата по историја.* Зборник, VI Меѓународна научна конференција: Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи, 12 мај 2018 год., Штип, Р Македонија.

Во трудот е даден посебен осврт за методот за демонстрирање во наставата по историја. Преку овој метод учениците ја развиваат интелектуалната мисла,

вештини, самостојно творештво и проширување на одредени знаења. Многу дидактичари овој метод го сметат за еден од главните и најмногу употребувани во методиката во наставата по историја. Во трудот се зборува за активностите кои треба да се реализираат за да се добие очекуваниот успех. Се очекува методот на демонстрација да биде поттик за понатамошни научни истражувања.

**51. Цацков, О. (2018).** *Историско културните односи меѓу Македонија и Србија изразени преку творештвото на Тодор Мановиќ.* VII Меѓународна конференција на тема: Врските помеѓу Р Македонија и Р Србија низ вековите и денес. Зборник, 2018 год., Битола, Р Македонија.

Блискоста меѓу македонскиот и српскиот народ има многу постари корени отколку што е познато во историјата и тоа во сите сфери на животот, како економскиот, културно-просветниот, книжевниот и духовниот.

**52. Цацков, О.,** Цацков, К., **(2018).** *Словенската писменост на светите браќа Кирил и Методиј континуитет што ги поврзува словенските народи.* Меѓународен научен симпозиум, XX Цар – Шишманови денови во Самоков. 5 – 7 октомври 2018 год., Самоков, Бугарија.

Целта на овој труд е да се потенцира епохалното значење на словенските правоучители, творци на првата словенска азбука, мисионери, неуморни проповедници светите браќа Кирил и Методиј. Во темата е прикажан посебниот придонес на нивната Моравска мисија пресудна за словенската писменост и важна за иднината на сите словенски народи. Кирил и Методиј и нивните ученици се најдобра гаранција за идните генерации како треба да се чува духот на сесловенството.

**53. Цацков, О. (2019).** *Доне штипјанчето – симбол на храброст и издржливост вграден во животите на сегашноста и иднината.* XIII Цар-Шишманови денови во Самоков. Асоциация за антропология, етнология и фолклористика „Онгъл“. 4 – 6 октомври 2019 год., Самоков, Бугарија.

Во трудот се осветлува ликот на македонскиот револуционер, куририот Доне Тоше Стојанов, познат во народот како Дончо Штипјанчето, име кое ќе стане симбол на храброст, издржливост и непокор. Во темата се опишува првата македонска афера која можела да заврши со катастрофални последици по битолскиот и штипскиот регион, ако тој пред полицијата не се држел како вистински херој.

**54. Цацков, О. (2019).** *Душан Будимировиќ и Сергеј Михајлов основоположници на театарскиот и музичкиот живот во Штип помеѓу двете Светски војни.* „ФИЛКО“ – филологија, култура и образование. Воронешки државен универзитет (Русија), УГД – Штип (Македонија). 23-25 мај, Voronezh State University.

Во трудот посебен акцент е даден на исклучителниот придонес на режисерот и драматург Будимировиќ-основач на првиот штипски театар и неговата интензивна театарска активност во Штип помеѓу двете светски војни. Исто така, простор е даден и на Михајлов, музичкиот педагог и композитор заслужен за развојот на музичката култура на Штип.

**55. Цацков, О.** ***(2017).*** *The latest military conflicts in Eastern Macedonia at the end of The First World War from a historical point of view.* Review of the Institute of History and Archaeology RIHA, ISSN: 2671-3144 eISSN: 2671-3152, *Факултет за образовни науки,* Vol 4 No 1 стр.100- 108, УДК 2671-3144 / 2671-3152.

Во темата се опишани и обработени економските, политичките состојби и нивните последици. Прикажани се грабежите на населението, како од градовите, така и од селата од овој регион. Исто така, дадена е и тактиката и борбените дејства

на Антантата врз позициите што ги држела бугарската и германската војска. Дадени се извештаите на српската армија до Врховната команда за положбата и активноста на нивните за последните воени конфликти.

**56**. **Cackov, O. (2019).** *First battle line on Salonica Front 1916-1918.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 23 (3). ISSN 2545-4439.
Во трудот се обработува трагедијата на градовите и населението, и планинските висови кои се наоѓале на првата борбена линија на македонскиот фронт со огромни разурнувања и опустошувања од секојдневните артилериски и авионски напади.

**57**. **Cackov, O. (2019).** *Krivolak battle - example of a senseless human tragedy.* Knowledge – International Journal Vol.34.5 pp.1401-1405.

Во трудот е опишана битката на Криволак, која е пример за безумна човекова трагедија која се одвивала за време на Првата светска војна, а се одвивала во централниот дел на Македонија. Оваа битка ги покажала целата бесмисленост, апсурдност и залудната трагедија на учесниците во истата. Во него е прикажан распоредот и воените операции на бугарските и француските војници, збогатен со географски и топографски податоци. Исто така, опишани се и неподносливата положба во која се нашле војниците од двете страни, суровата дисциплина и специфичната и психичка состојба која резултирала од долгиот престој во рововите.

**58**. **Cackov, O. (2019)** *Military activities of Bulgarian and Serbian army during the First World War in 1915.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 30 (6). pp. 1441-1446. ISSN 2545-4439.

Во темата е даден доволен простор за воените операции на бугарската и српска армија, економско-политичкиот, здравствениот живот, како и духовниот во овој период и нивните последици. Трудот е збогатен со податоци за многу географски, топографски поими кој детално ја опишуваат положбата, движењето на бугарската армија во периодот од септември и октомври 1915 година.

**59**. Bardarova,S., Serafimova, M., **Cackov,O. (2018).** *The role of active employment policies and the economic effects on the unemployment of young people in Macedonia.* Knowledge – International Journal, Vol. 28.5, pp. 1467-1476.

Трудот има одредена историска дименија, опфаќа период од една деценија и го третира прашањето на невработеноста како една од карактеристиките на македонското општество.

**60**. *Иновации во историјата – процес со трајни и позитивни вредности.* In: Десети Цар-Шишманови дни в Самоков тридесет и шести научни четения на асоциация за антропология, етнология и фолклористика „Онгъл", 2-3 Oct 2016, Samokov**.**

Иновациите како неминовен феномен имаат огромна сила и влијание во сферата на образованието. Тие создаваат нов систем на вредности кои доведуваат до промени во недоследностите во наставата и прифаќаат нови позитивни вредности. Во насловот е даден посебен акцент на иновациите кои отвораат нови развојни творештва, како на професорот така и на студентот, а со тоа го освежуваат, моделираат и стимулираат наставниот процес.

**Објавени книги до изборниот период:**

1. Штип 1900-1910 Цацков, О. (2014). Штип од 1900 до 1912 година, Скопје: ISBN 978-9989-2112-2-5.

2. Цацков, О. (2016). Штип и Штипско за време на Првата светска војна 1914 – 1918 година. Монографија, ОРО, Скопје, Р Македонија. ISBN 978-9989-2112-4-9.

Согласно со критериумите за избор во повисоко звање (вонреден професор) д-р Оливер Цацков има објавено рецензирана скрипта и рецензиран практикум од научната област за којашто се избира:

1. Цацков, О. (2020). Историја на Европа во XX век, скрипта, ISBN: 978-608-244-713-1, Штип: УГД http://e-lib.ugd.edu.mk/428.
2. Цацков, О. (2020). Историја на Европа во XX век, практикум, ISBN: 978-608-244-714-8, Штип: УГД http://e-lib.ugd.edu.mk/427.

**Објавени стручни и научни трудови во периодот од 2020 до 2025**

1. Cackov, Oliver (2024) *The activity of the “ Sokol” society in Shtip between the world war.* Review of the Institute of History and Archaeology RIHA, 9. pp. 15-21. ISSN 2671-3144.
2. *Cackov, Oliver and Josimovska, Verica (2024) Development of traffic in Stip (1918–1944). In: 45 th International Scientific Conference -TEACHER OF THE FUTURE, 23-26.05.2024, Budva,Montenegro.*
3. *Cackov, Oliver and Josimovska, Verica, (2024) Creative history teacjhing is the main engine for successful and safe teaching,Vospitanie,Journal of Education Sciences Theory and Practice,Vol.19,No.1 2024.*
4. Cackov, Oliver and Pasterk, Olivera (2021) *Migration periods in Macedonian history (XX century).* Knowleage international journal, 45 (5). pp. 992-996. ISSN 1857-923X.
5. Cackov, Oliver and Pasterk, Olivera (2020) *The text method in the history teaching reveals new* knowledce and truths. Vospitanie, 11 (15). ISSN 1857-5331.
6. *Josimovska, Verica and Cackov, Oliver (2022) Epidemics on the macedonian front (1916-1918).Knowlwdge - International Journal, 55 (5). pp. 1001-1005. ISSN 2545-4439 1857-923X.*
7. *Cackov, Oliver and Josimovska, Verica (2022) The Macedonian-Thessaloniki front 1916-1918. Knowledge - International Journal, 51 (1). pp. 231-235. ISSN 2545-4439.*
8. Cackov, Oliver and Ilieva Nikolova, Anita (2024) Алманах на Македонскиот фронт 1915-*1918.* НУ Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип, Радовиш, ISBN 978-608-242-157-5.
9. Cackov, Oliver and Ilieva Nikolova, Anita (2023) *Во сенка на вистината.* Soni pres, Radovis. ISBN 9786082421544.
10. Cackov, Oliver and Majhosev, Andon (2023) *100 години синдикален живот во Штип 1923-2023.* 2-Avgust, Stip. ISBN 978-608-242-151-3.
11. Cackov, Oliver (2023) *Објектите на културата кои се извори на знаење и предмет на учење.* Годишен зборник на Факултетот за образовни науки, УГД, Штип, 12. pp. 107-112. ISSN 1409-9187.
12. Cackov, Oliver (2023) *Весниците како средство за асимилирање во Македонија за време на Кралството.* Факултет за образовни науки УГД, Годишен зборник -Yearbook 2022-2023, 11/12. pp. 25-28. ISSN 1409-9187.
13. Cackov, Oliver (2023) *Лесновскиот манастир - центар на Кратовско-лесновската книжевна школа.* In: Прва меѓународна научна конференција: „Македонија крстопат на епохи, цивилизации и култури“. Институт за историја и археологија, ФОН, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 23 Nov 2023, Stip. (In Press)
14. Cackov, Oliver and Ilieva Nikolova, Anita (2023) *Македонскиот фронт низ фотографии (1915-1918).* Kloning, Stip. ISBN 978-608-242-149-0.

15. Cackov, Oliver and Nikolovska-Ilieva, Anita (2023) *25-тиот час на Македонскиот фронт 1915-1918.* 2-ри Август Штип, Stip. ISBN 978-608-4897-75-6.

16. Cackov, Oliver and Ilieva, Nikolovska, Anita (2023) *Лексикон на Македонскиот фронт 1915-1918 година.* 2-ри Август Штип, Stip. ISBN 978-608-4897-74-9.

17. Cackov, Oliver and Nikolovska-Ilieva, Anita (2023) *Сто години од масакрот во село Гарван (1923-2023).* Општина Конче, Радовиш. ISBN 978-608-245-859-5.

18. Cackov, Oliver (2022) *Радио настава за време на пандемија.* Четиридесет и втори научни четения на Асоциация за антропология, етнология и фолклористика „Онгъл».

19. Cackov, Oliver (2022) *Гоце Делчев - учител и револуционер во Штип.* 150 години од раѓањето на Гоце Делчев.

20. Cackov, Oliver and Ilieva Nikolova, Anita (2021) *Балканските војни и Првата светска војна.* Other. Universitet Goce Delcev Stip, Stip.

21. Cackov, Oliver (2011) *Климент Охридски - првиот словенски просветител и учител на македонскиот народ.* Годишен зборник на Факултет за образовни науки. pp. 39-43. ISSN 1409-9187.

22. Cackov, Oliver (2021) *Моравската мисија на Кирил и Методиј значаен фактор за словенската писменост.* Шеста меѓународна научна конференција „Филологија,култура и образование".

23. Cackov, Oliver and Pasterk, Olivera (2021) *The acculturation and integration of Macedonians in the United States of America.* In: The acculturation and integration of Macedonians in the United States of America. Lambert Academic Publishing, Saarbrücken, Germany.. ISBN 978-620-3-30524-1.

24. Cackov, Oliver (2020) *Педагошки факултет, Факултет за образовни науки (1995-2020).* In: Педагошки факултет, Факултет за образовни науки (1995-2020). Универзитет „Гоце Делчев" - Штип . ISBN 978-608-244-776-6.

25. Cackov, Oliver (2020) *Како да им се доближиме и да ги зачуваме историските споменици на културата во Источна Македонија.* Yearbook, Faculty of Educational Sciences, 9. pp. 67-74. ISSN 1409-918.

26. Cackov, Oliver (2020) *Брегалничката голгота.* Yearbook, Faculty of Educational Sciences, 8. pp. 29-35. ISSN 1409-9187.

27. Cackov Oliver, prof d-r Todor Cepreganov, d-r Verica Josimovska, Makedonskiot identitet vo Britanskata i Amerikanskata diplomatska I razuznuvacka korispondencija (1919-1945), Izdavac:Todor Cepreganov, Pecati Print faktori, ISBN 978-608-245-540-2.

**Објавени стручни и научни трудови во изборниот период (2020-2025)**

1. Cackov, Oliver (2024) *The activity of the "Sokol" society in Shtip between the world war.* Review of the Institute of History and Archaeology RIHA, 9. pp. 15-21. ISSN 2671-3144.

Во текот на вековите црквите и манастирите создале такво богатство на културно-просветно книжевно истриско наследство со кое македонскиот народ со право може да се гордее. Во трудот е опишана една од најрепрезентативна сакрална градби во периодот на средновековието, односно познатиот Злетовски манастир, кои се одликува со живописен иконостас и складни архитектонски форми. Во темата централно место е дадено на Кратовско-злетовската книжевна школа во која се препишувале содржини на преписи и преводи на словенски јазик, книги, поменици, евангелија и житија.

2. *Cackov, Oliver and Josimovska, Verica (2024) Development of traffic in Stip (1918–1944). In: 45 th International Scientific Conference -TEACHER OF THE FUTURE, 23-26.05.2024, Budva,Montenegro.*

Во трудот е опишан развојот на сообраќајот во Штип во периодот од 1918 до 1944 година како исклучиво важна стопанска гранка со сите свои обејежја и актуелности, кој ќе одигра голема општествено-економска улога во животите на граѓаните во овој крај. Поволната географска местоположба на градот Штип играла значајна улога во неговиот историски развој. На просторот меѓу Вардар и Струма и Скопје и Солун се вкрстосувале важни стопански и стратешки патишта кои овозможиле Штип да се развива како важен стопански и културен центар. Особено по Првата светска војна, во рамките на Кралството на СХС, Штип повторно ќе ја заживее сообраќајната поврзаност со изградбата на железничката пруга Велес -Штип- Кочани.

3. Cackov, Oliver and Josimovska, Verica, (2024) Creative history teacjhing is the main engine for successful and safe teaching,Vospitanie,Journal of Education Sciences Theory and Practice,Vol.19,No.1 2024.

Трудот го обработува значењето на креативното учење и креативната настава по историја. Посебен акцент во трудот е даден на креативниот наставник кој никогаш не е задоволен од обични резултати. Тој постојано истражува, открива и создава нешто ново. Во трудот се претставени резултатите од оваа динамика која може да се постигне со успешна комуникација со наставникот и ученикот со нов стил и сопствен модел на работа.

4. Cackov, Oliver and Ilieva Nikolova, Anita (2024) Алманах на Македонскиот фронт 1915-*1918.* НУ Универзитетска библиотека „Гоце Делчев" – Штип, Радовиш. ISBN 978-608-242-157-5

Во книгата се рефлектираат главните елементи и вредности коишто се однесуваат на војната на Македонскиот фронт, во соодветниот временски период од три години, коишто, според нашето длабоко уверување, може да претставува платформа за нов увид или попрво критички ангажман на читателите во оформување на сопствени размислувања, знаења и заклучоци за оваа тематика.

5. Cackov, Oliver and Ilieva Nikolova, Anita (2024) *Во сенка на вистината.* Soni pres, Radovis. ISBN 9786082421544.

Во сенка на вистината е збирка на необјавени песни и раскази на универзитетскиот професор Душко Цацков, создадени во текот на неговите училишни денови, во периодот помеѓу 1949-1955 година.

6. Cackov, Oliver and Majhosev, Andon (2024) *100 години синдикален живот во Штип 1923-2023.* 2-Avgust, Stip. ISBN 978-608-242-151-3.

Книгата е хронологија на 100 години синдикално движење во Штип од самите почетоци на создавањето на синдикалниот живот до турбулентните години на распадот на Југославија и синдикалните премрежја на штипските работници во период на транзиција на власта.

7. Cackov, Oliver (2023) *Весниците како средство за асимилирање во Македонија за време на Кралството.* Факултет за образовни науки УГД, Годишен зборник -Yearbook 2022-2023, 11/12. pp. 25-28. ISSN 1409-9187.

Културата во Вардарска Македонија, како и образованието, била на многу ниско ниво. Во зафрлените делови на Вардарска Македонија комуникацијата со надворешниот свет беше уште поскромна, всушност, може да се каже дека речиси и да не постоела. Кралството Србија како форма за реализирање на своите

пропагандистички цели во негирањето на македонското постоење го користела и печатот. Тој, иако во однос на другите краишта на Кралството значително во помал обем, колку и да ја постигнувал својата цел овозможил во Македонија да се појави процес на развиен културно-книжевен живот, кој во развојот на македонската литература е од непроценлива важност. Најчесто од политички карактер. Владејачката структура многу бргу ја увидела целисходноста на печатот како средство за асимилирање. Трудот ги анализира најзначајните помеѓу нив.

8. Cackov, Oliver (2023) *Лесновскиот манастир - центар на Кратовско-лесновската книжевна школа.* In: Прва меѓународна научна конференција: „Македонија крстопат на епохи, цивилизации и култури". Институт за историја и археологија, ФОН, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, 23 Nov 2023, Stip. (In Press)

Во текот на вековите цркивите и манастирите создале такво богатство на културно-просветно книжевно историско наследство со кое македонскиот народ со право може да се гордее. Во трудот е опишана една од најрепрезентативните сакрални градби во периодот на средновековието односно познатиот Злетовски манастрир, кој се одликува со живописен иконостас и складни архитектонски форми. Во темата централно место е дадено на Кратовско-злетовската книжевна школа во која се препишувале содржини на преписи и преводи на словенски јазик, книги, поменици, евангелија и житија.

9. Cackov, Oliver and Ilieva Nikolova, Anita (2023) *Македонскиот фронт низ фотографии (1915-1918).* Kloning, Stip. ISBN 978-608-242-149-0

Книга со над 100 авторски фотографии кои го следат Македонскиот фронт од неговото создавање во 1916 година во Солун се до напуштањето на австро-унгарската и бугарската војска од територијата на Македонија.

10. Cackov, Oliver and Nikolovska-Ilieva, Anita (2023) *25-тиот час на Македонскиот фронт 1915-1918.* 2-ри Август Штип, Stip. ISBN 978-608-4897-75-6.

Во книгата „25-тиот час на Македонскиот фронт" хронолошки се обединети автентични сведоштва на голем број непосредни учесници на Македонскиот фронт – офицери, војници, воени известувачи и дописници итн. Обединети во 25 поглавја, низ нивните искази е претставен заокружениот циклус на војната, кој не ги вклучува само воените активности, туку и сѐ она што претставува животот во воени услови и воопшто – раѓањето, празнувањето, забавувањето, страдањето, смртта. 25-тиот час, односно оној час кој не постои во сметањето на времето, е посветен на сите оние кои врз своите плеќи ги носеа ужасите на Првата светска војна и на Македонскиот фронт, а кои речиси никогаш не се споменуваат во историските книги.

11. Cackov, Oliver and Ilieva, Nikolovska, Anita (2023) *Лексикон на Македонскиот фронт 1915-1918 година.* 2-ри Август Штип, Stip. ISBN 978-608-4897-74-9.

Ова дело е подготвено со цел да се задоволи изразената потреба од еден современ лексикон од областа на историјата на Првата светска војна, поточно историјата на еден нејзин специфичен дел Македонскиот фронт – од неговото формирање во 1915 година, до крајот на војната во 1918 година. Лексиконот содржи основни поими и изрази, како и клучни настани и личности врзани за Македонскиот фронт, кои, веруваме, во целост ќе ги задоволат барањата на неговите корисници. Се надеваме дека оние кои за прв пат ќе се сретнат со историските факти за Македонскиот фронт преку овој лексикон, поврзувајќи ги неговите над 500 одредници на еден едноставен начин ќе можат да ја доловат големата слика за овој значаен дел од нашата национална историја.

12. Cackov, Oliver and Nikolovska-Ilieva, Anita (2023) *Сто години од масакрот во село Гарван (1923-2023)*. Општина Конче, Радовиш. ISBN 978-608-245-859-5.

Трагичната историја на денес речиси наполно раселеното село Гарван, судбина која ова место ја дели со бројни други села низ Македонија не е многу позната. Современата македонска историографија денес нема дилеми во врска со поводот за оваа одмаздничка акција, како и за нивото на одговорност во нејзиното извршување. Исто како што нема никакви дилеми во врска со тоа за кое точно население, според етничката припадност, тука станува збор. Секое поинакво тврдење е надвор од почитувањето на самостојното национално чувство на Македонците и надвор од здравиот разум.

13. Cackov, Oliver (2023) *Објектите на културата кои се извори на знаење и предмет на учење.* Годишен зборник на Факултетот за образовни науки УГД, Штип, 12. pp. 107-112. ISSN 1409-9187- https://eprints.ugd.edu.mk/33322/1/Zbornik-FON-2022-2023-pages-2.pdf.

Во трудот се претставени трите објекти на културата-музејот, библиотеката и домот на културата кои се од исклучително значење во воспитно-образовниот процес и во наставата. Овие објекти, освен основната функција, имаат и поттикнувачка улога во креативноста, оспособувањето, како и во самостојното творештво. Исто така, во нив се создаваат нови знаења преку, истражувања, презентации и способност за независна работа. Овие објекти им овозможуваат на учениците да се здобијат со основните сознанија од блиското и далечното минато на својот потесен и поширок крај.

*14. Josimovska, Verica and Cackov, Oliver (2022) Epidemics on the macedonian front (1916-1918). Knowlwdge - International Journal, 55 (5). pp. 1001-1005. ISSN 2545-4439 1857-923.*

Првата светска војна и претходните две балкански војни се одвивале на два фронта во поголем или помал размер. Едниот фронт се борел борејќи се на воените страни, а другиот фронт се борел со појава на заразни болести. На Балканот, особено Македонија, беше и жариште на неколку епидемиски бранови во овие години на војна. Почнувајќи со колера во 1913 година.

*15. Cackov, Oliver and Josimovska, Verica (2022) The Macedonian-Thessaloniki front 1916-1918. Knowledge - International Journal, 51 (1). pp. 231-235. ISSN 2545-4439.*

Македонскиот фронт познат како Солунски фронт не е доволно истражен во споредба со другите фронтови во Првата светска војна. Линијата на фронтот во 1915 година се протегала од Охрид, Галичица, Преспанското Езеро, врвовите на планината Баба, Ниџе (Кајмакчалан) и Беласица, покрај реката Места до брегот на реката Струма до Егејското Море три години. Од јужната страна беа војските на Ананта (англиски, француски, српски, руски, грчки, војници од колониите), а од север германските, австриско-унгарските и бугарските сили.

16. Cackov, Oliver (2022) *Радио настава за време на пандемија.* Четиридесет и втори научни четения на Асоциация за антропология, етнология и фолклористика „Онгъл».

Иако денес има се поголем број на медиуми и социјални мрежи радиото се уште има значајно место во светот на медиумите. Радиото пренесува информации кои однесуваат на јавни, заеднички, интересни и актуелни теми во која било област од општествениот живот. Неговата улога во денешните новосоздадени услови на глобална пандемија може да биде силно изразена. Во трудот се зборува токму за тоа - како радиото може да се примени во наставата. Во трудот е поместена и

анкета спроведена во Македонија, Австрија и во Америка на прашања за тоа што мислат за настава преку радио.

17. Cackov, Oliver (2022) *Гоце Делчев - учител и револуционер во Штип.* 150 години од раѓањето на Гоце Делчев.

Во трудот е опишан учителскиот и револуционерен лик на Гоце Делчев и неговите просветни педагошки идеи и иновации кои имаат карактер на длабоки хумани вредности. Како и визии за идните генерации. Тој беше изразен пример на учител револуционер во чија личност биле споени две благородни функции и на таков начин ќе стане најверен толкувач на историските интереси на својот народ. Идеите и мислите на Гоце извираа од условите и потребите на македонскиот народ од неговото ослободително дело. Тој со неговите истомисленици станал основоположник на едно ново самостојно педагошко училиште на револуционерната педагогија. Резултатите постигнати во педагогијата биле значајни не само со својата дидактичка вредност, туку дале голем придонес за нашето педагошко и културно богатство. Со овие свои универзални визии кои и денес се наша современа реалност Делчев се вбројува во големите наши европски хуманисти во неговото и наше време

18. Cackov, Oliver and Pasterk, Olivera (2021) *Migration periods in Macedonian history (XX century).* Knowleage international journal, 45 (5). pp. 992-996. ISSN 1857-923X.

Трудот го проучува процесот на интеграција и акултурација на македонските иселеници кои живеат во САД. На почетокот на теоретскиот дел се објаснети поимите: култура, акултурација, асимилација и миграција. Потоа е даден преглед на историската заднина во USA, преглед на населението и миграциите во САД и се објаснети карактеристиките на American culture and values. Истите прашања беа разгледани и кога станува збор и за Македонија.

19. Cackov, Oliver and Ilieva Nikolova, Anita (2021) *Балканските војни и Првата светска војна.* Other. Universitet Goce Delcev Stip, Stip.

Учебникот „Балканските војни и Првата светска војна", иако во историска рамка опфаќа период кој е релативно краток, сепак периодот од 1912 до 1918 година е еден од најдинамичните и најтурбулентни во историјата на Македонија, Балканот и пошироко. Токму затоа „Балканските војни и Првата светска војна" претставува интересна историографска тема во која во една логична методолошка структура се поместени најзначајните историски моменти во гореспоменатиот период, кои моменти ја одредија судбината како и на Македонија така и на Европа.

20. Cackov, Oliver (2021) *Климент Охридски - првиот словенски просветител и учител на македонскиот народ.* Годишен зборник на Факултет за образовни науки. pp. 39-43. ISSN 1409-9187.

Целта на овој труд е да ја одбележи големата и неодминлива заслуга на Климент како словенски и македонски просветител, писател, поет и беседник. Посебно е акцентиран посебниот придонес на Климент за прифаќањето на делото на Кирил и Методиј и пренесувањето на истото.

21. Cackov,Oliver (2021) *Моравската мисија на Кирил и Методиј значаен фактор за словенската писменост.* Шеста меѓународна научна конференција „Филологија, култура и образование".

Целта на овој труд е да се потенцира епохалното и цивилизациско значење на творците на првата словенска азбука создадена од браќата Кирил и Методиј, а кои воедно успеале да ги воведат словенските народи во кругот на европската

цивилизација. Во трудот зборуваме и за широкото значење и придонес на нивната Моравска мисија, пресудна за словенската писменост и важна за иднината на сесловенските народи. Кирил и Методиј и нивните ученици се најдобрата гаранција за идните генерации како треба да се чува и брани духот на сесловенството. Светите браќа Кирил и Методиј придонесоа да се воспостават темелни врски помеѓу македонско-руска културно научна мисла.

22. Cackov, Oliver and Pasterk, Olivera (2021) *The acculturation and integration of Macedonians in the United States of America.* In: The acculturation and integration of Macedonians in the United States of America. Lambert Academic Publishing, Saarbrücken, Germany. ISBN 978-620-3-30524-1.

Книгата ја обработува акултурацијата и асимилацијата на македонските емигранти во САД. Слично како и во соседните земји, Република Македонија е зафатена од бран на зголемена миграција. Забележливо е дека бројот на Македонците кои мигрираат во европските и прекуокеанските земји, како што се САД, постојано расте. Се чувствува дека и покрај релевантноста на темата на оваа истрага, останува недоволно истражување, што ја поттикна авторката да го фокусира своето истражување на тоа.

23. Cackov, Oliver (2020) *Педагошки факултет, Факултет за образовни науки (1995-2020).* In: Педагошки факултет, Факултет за образовни науки (1995-2020). Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISBN 978-608-244-776-6.

Монографија, по повод 25 години од Педагошкиот факултет односно Факултетот за образовни науки. Монографијата ја следи хронологијата на развојот и трансформацијата на Факултетот од создавањето до денешниот ФОН во состав на УГД Штип.

24. Cackov, Oliver (2020) *Како да им се доближиме и да ги зачувме историските споменици на културата во Источна Македонија.* Yearbook, Faculty of Educational Sciences, 9. pp. 67-74. ISSN 1409-918.

Источна Македонија отсекогаш била место каде што се испреплетувале и дополнувале односно била јазол на многу цивилизации и култури. На оваа територија било создадено богато историско и културно наследство. Во трудот се наброени и опишани најпознатите историски и културни споменици кои оставиле траен белег на само во Македонија, туку и во светското културно наследство. Исто така, во трудот се наброени кои форми, методи и институции треба да се вклучат за да не доближат до нив, за да станат достапни и истите да бидат трајна инспирација и восхит на идните генерации.

25. Cackov, Oliver (2020) *Брегалничката голгота.* Yearbook, Faculty of Educational Sciences, 8. pp. 29-35. ISSN 1409-9187.

Во јули 1913 година затегнатоста на односите помеѓу довчерашните сојузници достигнала кулминација. И двете страни Србија и Бугарија се подготвувале за нов судир. Овој пат меѓусебен. Врховната команда на Србија, за тоа како да постапува српската војска при напад од страна на Бугарија ги издала следниве директиви: ...Нашите трупи треба постојано да се концентрирани, особено ноќе и подготвени да секој бугарски напад не само да го бранат, туку по преминувањето во напад, немилосрдно ги гонат нејзините трупи, понатаму се вели дека во Штип се наоѓале 20 баталјони, со неколку полски и ридски батерии, и 5 ескадрони коњаница. Пред нив стои Дринската дивизија… Судбоносниот чекор го направи Бугарија на реката Брегалница.

26. Cackov, Oliver and Pasterk, Olivera (2020) *The text method in the history teaching reveals new* knowledce and truths. Vospitanie, 11 (15). ISSN 1857-5331.

Во темата е обработено се она што е поврзано со текст методата во наставата по историја. Посебен акцент е даден на постигнатите резултати од текст методата, како што се мотивацијата, креативноста, интересот, откривањето на нови информации и податоци, факти, развивање на мисловната активност, а добиените знаења се корисни и трајни. Во трудот е објаснета и одговорноста при изборот на оваа метода, тежината, обемот на одговорноста, сопствениот критериум и за сите оценки кои служат за вреднување на знаењата и за посложени проблеми од минатото сегашноста и иднината.

27.Cackov Oliver, prof d-r Todor Cepreganov, d-r Verica Josimovska, Makedonskiot identitet vo Britanskata i Amerikanskata diplomatska I razuznuvacka korispondencija (1919-1945), Izdavac:Todor Cepreganov, Pecati Print faktori,ISBN 978-608-245-540-2.

**Објавени книги и монографии:**

1. Цацков Оливер и Илиева Николова, Анита (2023) Македонскиот фронт низ фотографии (1915-1918). Kloning, Stip. ISBN 978-608-242-149-0;
2. Цацков Оливер и Илиева Николова, Анита (2023) *25 -от час на Македонскиот фронт 1915-1918.* 2-ри Август Штип, Stip. ISBN 978-608-4897-75-6;
3. Цацков Оливер и Илиева Николова, Анита (2023) *Лексикон на Македонскиот фронт 1915-1918 година.* 2-ри Август Штип, Stip. ISBN 978-608-4897-74-9;
4. Цацков Оливер и Илиева Николова, Анита (2024) *Алманах на Македонскиот фронт 1915-1918.* НУ Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип, Радовиш. ISBN 978-608-242-157-5;
5. Цацков Оливер и Илиева Николова, Анита (2023) Во сенка на вистината. Soni pres, Radovis. ISBN 9786082421544;
6. Цацков Оливер, Андон Мајхошев (2023) *100 години синдикален живот во Штип 1923-2023*. 2-Avgust, Stip. ISBN 978-608-242-151-3;
7. Cackov, Oliver and Pasterk, Olivera (2021) *The acculturation and integration of Macedonians in the United States of America.* In: The acculturation and integration of Macedonians in the United States of America. Lambert Academic Publishing, Saarbrücken, Germany.. ISBN 978-620-3-30524-1;
7. Petrova Gjorgjeva, Emilija and Mirascieva, Snezana and Petrovska, Sonja and Sivevska, Despina and Kitanova, Irena and Koceva, Daniela and Josimovska, Verica and **Cackov, Oliver** and Stojanov, Trajce (2020) *Педагошки факултет, Факултет за образовни науки (1995-2020).* Documentation. Универзитет „Гоце Делчев“, Штип;
8. Cepreganov, Todor and Dzingo, Teon and Josimovska, Verica and **Cackov, Oliver** and Nikolova, Sonja (2020) *Македонскиот национален идентитет во британската и американската дипломатска и разузнавачка кореспонденција (1919-1945).* Принт фактори, Скопје, Република Македонија. ISBN 978-608-245-540-2.

**Рецензиран учебник:**

- Цацков Оливер, Анита Илиева-Николовска (2021) Балканските војни и Првата светска војна ISBN 978-608-277-071-0. http://e-lib.ugd.edu.mk/1063.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

- Член на Уредувачкиот одбор на RIHA (Review of the Institute of History and Archaeology).
- Член на Уредувачки одбор за издавање на Монографија по повод 25 години Педагошки факултет.
- Член на формирање Изборна комисија за избор на продекан на Факултетот за образовни науки. Член во Комисијата за спроведување на тајно гласање за избор на членови на Комисија за самоевалуација.
- Член на Органнизиционит одбор на годишникот на Педагошкиот факултет при Шуменския Университет „Епископ Константин Преславски".
- Член на Дисциплинската комисија на ФОН.
- Член во Одбор за соработка и доверба со јавноста на ФОН при УГД.
- Член на Конкурсна комисија за прием на документи, електронска обработка и проверка на психофизички способности за запишување на студенти за прв циклус за учебна 2020/2021 година.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со член 164 од Законот за високото образование на Република Македонија и членовите 7, 8, 9 и 10 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Универзитетски гласник бр. 43 од 16.9.2019 г.), по деталното разгледување на доставената документација, Рецензентската комисија констатира дека вонредниот професор д-р Оливер Цацков го надминува вкупниот предвиден квантум (40 +144,3 + 38) на поени за избор во звањето вонреден професор, остварувајќи вкупно 182,3 поени.

Врз основа на анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно апликативна и организациско развојна дејност на кандидатот д-р Оливер Цацков може да се заклучи дека во сите наведени дејности постигнал мошне значајни резултати. Во научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност и организациско развојната дејност се афирмирал како солиден истражувач кој ја совладал методологијата на научното истражување како од теориски така и од практичен аспект. Анализата на објавените трудови и трудовите презентирани на стручно-научните собири во земјата и странство покажува дека кандидатот ја насочил својата истражувачка дејност кон сопствено надградување за реализација на наставата која треба да му биде доверена, но едновремено дал свој придонес за афирмација на историјата кај нас.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија позитивно ја оценува целокупната работа на кандидатот и е на мислење дека тој ги исполнува условите за избор во наставно-научно звање. Затоа, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да му предложиме д-р Оливер Цацков да го избере во звањето **редовен** професор за наставно-научните области историја на Македонија и историја на најновиот век.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Ѓорѓи Малковски, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Александар Трајанов, редовен професор, член, с.р.
Д-р Стојко Стојков, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | Избор во звање вонреден професор | | | | | **40** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Монографија или научна книга | **8** | | **1** | | **95** |
| | Труд со оригинални научни резултати во меѓународно научно списание 1/2/3/4/5/6/7/11/12/18/19/25/26 3,9/3,9/3,9/3,9/3,9/3,9/3/3,9/3,9/2/2,6/2,6/2,6/2,6. | | **3** | | | **42,8** |
| | Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир 13/21/22 1,3/2,6/2,6 | **1** | | **2** | | **6,5** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **144,3** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| | **Учебник 1** | **1** | | | | **10** |
| | Член на уредувачки одбор | **2** | | **1** | | **4** |
| | Член на факултетски орган- комисии | **7** | | | | **14** |
| | Учесник во научен проект | **2** | | | | **10** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **38** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **182,3** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-СТРУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ 6.02.01.13 ШПАНСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1902-221/6 од 17.10.2024 година, донесена на 294. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 17.10.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во наставно-стручно звање *виш лектор* за наставно-научната област 6.02.01.13 шпански јазик на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- **д-р Весна Коцева**, вонреден професор за наставно-научните области 64006 романистика и 64028 методика на јазик на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – претседател;
- **д-р Надица Негриевска**, доцент за наставно-научните области 64006 романистика и 64018 граматика, семантика, семиотика, синтакса на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член;
- **д-р Светлана Јакимовска**, редовен професор за наставно-научните области 64006 романистика и 62022 преведување на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 5.10.2024 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат: м-р Марија Тодорова, магистер по методика на настава по шпански јазик, вработена како виш лектор по шпански јазик на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената комплетна документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

М-р Марија Тодорова е родена на 18 август 1981 година во Кочани. По завршувањето на нејзиното средно образование во родниот град дипломира во 2006 година на Државниот универзитет во Чикаго (САД) со просек 10,00 и се стекнува со звање дипломиран филолог по шпански јазик и книжевност. Покажува забележителни успеси во текот на студирањето и добива високи академски признанија. Во 2011 година, со просек 9,93, магистрира на Факултетот по класични и нови филологии при Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски“ во Софија, Република Бугарија, и се стекнува со звање магистер по методика на настава по шпански јазик. Магистрира на тема „Изучување на шпански јазик како втор странски јазик“.

**1.** ***Законски и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во наставно-стручно звање виш лектор***

**1.1. Има завршено студии од втор циклус академски студии од научната област во која се избира и има стекнато назив магистер од соодветната област:** во 2011 година на Факултетот по класични и нови филологии при Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски“ во Софија, Република Бугарија, по јавна одбрана на тема „Изучување на шпански јазик како втор странски јазик“ се стекнува со звање магистер по методика на настава по шпански јазик.

**1.2. Има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно**: Марија Тодорова има просек 10,00 на прв циклус на студии и просек 9,93 на втор циклус на студии.

**1.3. Покажува способност за наставна работа и има наставно и стручно искуство во областа во која се избира**: м-р Марија Тодорова има шеснаесетгодишно работно искуство во високообразовната установа Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**1.4. Претходен избор во виш лектор**: Со Одлука бр. 1902-91/4 од 19.4.2021 г. донесена на 226. седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 19.4.2021 г., кандидатката Марија Тодорова е избрана во звање виш лектор за наставно-научната област 64006 Романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**1.5. Објавени научни и стручни трудови во областа во која се избира**: кандидатката Марија Тодорова има објавено како автор и коавтор голем број трудови објавени во меѓународни списанија и зборници коишто ги наведуваме во продолжение.

**1.6. Посебни услови**

**Објавени најмалку три научни или стручни трудови во областа во која се избира.**

М-р Марија Тодорова има објавени најмалку три научни или три стручни трудови од областа во периодот од 2021 до 2024 година.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Todorova Marija | Cognitive Processes in Reading Comprehension: A Theoretical Framework for Foreign Language Acquisition | International Journal of Advanced Natural Sciences and Engineering Researches, 8 (3). pp. 162-170. ISSN 2980-0811 | од 2017 г.<br><br>трудот е објавен во 2024 г. |
| 2. | Тодорова Марија | Стратегии за читање во повеќејазичен контекст | Knowledge – International Journal, 66 (5). pp. 621-627. ISSN 2545-4439 | од 2009 г.<br><br>трудот е објавен во 2024 г. |
| 3. | Тодорова Марија | Теоретско истражување на моделите за процесирање на информации во контекст на повеќејазично читање со разбирање | Knowledge–International Journal, 64 (5). pp. 659-664. ISSN 2545-4439 | од 2009 г.<br><br>трудот е објавен во 2024 г. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Prodanovska-Poposka, Vesna and Todorova, Marija | Affective variables in the foreign language learning process | Palimpsest-International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, 8 (15). pp. 261-271. ISSN 2545-3998 | од 2016 г.<br><br>трудот е објавен во 2023 г. |
| 5. | Todorova, Marija and Prodanovska-Poposka, Vesna | Attitudes of high school students toward mother tongue usage in foreign language classroom | Vopitanie - Journal of Educational Sciences Theory and Practice, 18 (1). pp. 62-69. ISSN 1857-8705 | од 2001 г.<br><br>трудот е објавен во 2023 г. |
| 6. | Prodanovska-Poposka, Vesna and Todorova, Marija | Foreign Language Learning Motivation in Academia | Book of proceedings 5th International Conference "Education Across Borders" - "Innovative Education: Strengthening the Future". pp. 564-577. ISSN 978-9928-4731-8-9 | трудот е објавен во 2023 г. |
| 7. | Kuzmanovska Dragana, Koceva Vesna, Vitanova-Ringaceva Ana, Kirova Snezana, Ivanova Biljana, Koteva Ivana, Todorova Marija | Perception of Women in Society Given through Proverbs and Sayings | EDULEARN22 Proceedings 14th International Conference on Education and New Learning Technologies pp. 5345-5349. ISSN 2340-1117 | од 2009 г.<br><br>трудот е објавен во 2022 г. |
| 8. | Тодорова Марија, Продановска – Попоска Весна | Разликата помеѓу Spanglish и Chicano English | Knowledge - International Journal, 50 (5). pp. 599-603. ISSN 2545-4439 | од 2009 г.<br><br>трудот е објавен во 2022 г. |
| 9. | Todorova, Marija and Prodanovska-Poposka, Vesna | Teachers' perspectives on prevalence of the mother tongue in foreign language teaching. | Vospitanie - Journal of Educational Sciences, Theory and Practice, 17 (1). pp. 34-39. ISSN 1857-8705 | од 2001 г.<br><br>трудот е објавен во 2022 г. |
| 10. | Тодорова Марија | Онлајн настава по шпански јазик во услови на пандемија | Knowledge – International Journal, 46 (6). pp. 281-286. ISSN 2545-4439 | од 2009 г.<br><br>трудот е објавен во 2021 г. |
| 11. | Тодорова Марија | Контрастивна анализа на гласовните системи на шпанскиот и на италијанскиот јазик | Годишен зборник на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 12 (17). pp. 9-14. ISSN 1857-7059 | од 2016 г.<br><br>трудот е објавен во 2021 г. |
| 12. | Тодорова Марија, Уланска Татјана | Перцепцијата на студентите за онлајн наставата по шпански и англиски јазик во услови на пандемија | ФИЛКО - Зборник на трудови од Шеста меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 6 (6). pp. 339-345. ISSN 978-608-244-871-8 | од 2016 г.<br><br>трудот е објавен во 2021 г. |
| 13. | Тодорова Марија, Продановска – Попоска Весна | Стратегии при усвојување на шпански јазик (Ј3) кај студенти со англиски јазик (Ј2) | Годишен зборник Филолошки факултет, УГД - Штип, 12 (18). 205 -213. ISSN 1857-7059 | од 2016 г.<br><br>трудот е објавен во 2021 г. |

### 2. *Наставно-образовна и научноистражувачка дејност*

**2.1. Наставно-образовна дејност**

Својата академска кариера м-р Марија Тодорова ја започнува како асистент и тутор на Државниот универзитет во Чикаго „Chicago State University" – САД, во периодот од 2005 до 2007 година. Во 2008 година започнува да работи на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип како кореспондент. Во 2013 година се стекнува со наставно-стручно звање лектор за научната област романистика - шпански јазик, според Одлука бр.2402-80/5 од 16.5.2013 година, донесена на 84. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет. Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во Универзитетски билтен број 104 од 17.6.2013 година. Во 2017 година се стекнува со наставно-стручно звање виш лектор за научната област романистика - шпански јазик, според Одлука бр.1902-86/15 од 15.3.2017 год., донесена на 153. седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет. Рефератот за овој избор е објавен во Универзитетски билтен број 192 од 14.6.2017 година. Со Одлука бр. 1902-91/4 од 19.4.2021 г. донесена на 226. седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 19.04.2021 г., кандидатката Марија Тодорова е избрана во звање виш лектор за наставно-научната област 64006 романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Рефератот за овој избор е објавен во Универзитетски билтен број 273 од 1.4.2021 година.

М-р Марија Тодорова предава Шпански јазик ниво А1.1., Шпански јазик ниво А1.2., Шпански јазик ниво А2.1., Шпански јазик ниво А2.2., Шпански јазик ниво Б1.1., Шпански јазик ниво Б1.2. на Филолошкиот факултет. Одржува настава по предметите Шпански јазик 1, Шпански јазик 2, Шпански јазик 3, Шпански јазик 4 како странски јазик - факултетски изборни предмети на сите нематични факултети при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**2.2. Научноистражувачка дејност**

Во текот на изборниот период (2021-2024) виш лектор м-р Марија Тодорова учествува на повеќе симпозиуми и конференции во земјава и странство, и тоа како од областа на филолошките науки, така и од областа на образованието и воспитанието. Кандидатката дава значаен придонес во истражувањата и дискусиите во областа шпански јазик, како автор и коавтор на голем број трудови објавени во меѓународни списанија и зборници, коишто ги наведуваме во продолжение со кратка евалуација за секој труд одделно.

**I. Трудови објавени во меѓународни научни списанија и во зборници од меѓународни научни конференции**

1. **Todorova, Marija** (2024) Cognitive Processes in Reading Comprehension: A Theoretical Framework for Foreign Language Acquisition. International Journal of Advanced Natural Sciences and Engineering Researches, 8 (3). pp. 162-170. ISSN 2980-0811

Евалуација на трудот: Во овој труд се дава осврт на теоретската основа на когнитивната психологија во контекст на читање со разбирање на втор и трет странски јазик. Преку испитување на воспоставените теории, како што е

теоријата на шеми и теоријата на когнитивно оптоварување, авторката се обидува да ги објасни когнитивните процеси вклучени во читањето и разбирањето кај изучувачите на странски јазици, односно како учениците стекнуваат вештини за читање и развиваат вештини за читање на странските јазици.

**2. Тодорова, Марија** (2024) Стратегии за читање во повеќејазичен контекст. Knowledge – International Journal, 66 (5). pp. 621-627. ISSN 2545-4439

Евалуација на трудот: Во овој труд авторката ги опишува стратегиите кои се однесуваат на способноста за ефективно разбирање и интерпретација на пишани текстови на различни јазици. Во трудот, исто така, се анализира како факторите јазична блискост, ниво на владеење и културен контекст влијаат на изборот и ефективноста на стратегиите за читање и се разгледува улогата на образовните институции и наставните методи за развој на вештините за користење на стратегии за читање.

**3. Тодорова, Марија** (2024) Теоретско истражување на моделите за процесирање на информации во контекст на повеќејазично читање со разбирање. Knowledge–International Journal, 64 (5). pp. 659-664. ISSN 2545-4439

Евалуација на трудот: Овој труд претставува теоретско истражување на моделите за процесирање на информации во контекст на повеќејазично читање со разбирање. Фокусирајќи се на моделите „bottom-up" и „top-down" се истражува како читателите ги поврзуваат текстуалните информации со нивното претходно знаење и како извлекуваат значење од текстовите. Во овој труд се дава сеопфатен преглед на овие модели на процесирање и нивното значење за повеќејазично читање со разбирање, преку анализа на секој модел посебно и на неговата примена.

4. Prodanovska-Poposka, Vesna and **Todorova, Marija** (2023) Affective variables in the foreign language learning process. Palimpsest-International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, 8 (15). pp. 261-271. ISSN 2545-3998

Евалуација на трудот: Во овој труд се опишуваат афективните варијабли, односно анксиозноста, мотивацијата и самодовербата кај студентите кои го изучуваат англискиот и шпанскиот јазик. Во трудот се презентира тестирањето на хипотезата за афективен филтер на Крашен преку анкетирање на група студенти со цел да се утврди присуството на анксиозност, да се оцени нивото на мотивација и самодоверба, и да се потврди или да се побие хипотезата за афективен филтер на Крашен. Според добиените резултати од гореспоменатата анализа на двете групи студенти, се утврдува дека хипотезата за афективен филтер е делумно потврдена.

**5. Todorova, Marija** and Prodanovska-Poposka, Vesna (2023) Attitudes of high school students toward mother tongue usage in foreign language classroom. Vopitanie - Journal of Educational Sciences Theory and Practice, 18 (1). pp. 62-69. ISSN 1857-8705

Евалуација на трудот: Целта на овој труд е да се утврди перцепцијата на студентите за употребата и влијанието на мајчиниот јазик врз учењето на странскиот јазик. Во трудот се презентираат резултатите од анкета којашто има цел да ги испита ставовите на учениците, односно како тие го доживуваат процесот на настава по странски јазик со и без употреба на мајчиниот јазик. Резултатите убедливо укажуваат дека употребата на мајчиниот јазик е вообичаена практика којашто е широко прифатена од учениците.

**6.** Prodanovska-Poposka, Vesna and **Todorova, Marija** (2023) Foreign Language Learning Motivation in Academia. 5th International Conference "Education Across Borders" - "Innovative Education: Strengthening the Future". pp. 564-577. ISSN 978-9928-4731-8-9

Евалуација на трудот: Во овој труд се презентираат резултати од истражување кое има за цел да ја утврди мотивацијата за изучување на странски јазик кај високообразовниот академски кадар. Се истражуваат два типа на мотивација за учење на странски јазик преку користење на адаптирана верзија на Attitude/Motivation Test Battery од Гарднер, наменета за говорителите на англискиот јазик како странски јазик којшто е задолжителен и најшироко користен странски јазик во академската средина. Учесници во истражувањето се професори од повеќе јавни и приватни универзитети во Р. Северна Македонија.

**7.** Kuzmanovska, Dragana and Koceva, Vesna and Vitanova-Ringaceva, Ana and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana and Koteva, Ivana and **Todorova, Marija** (2022). Perception of Women in Society Given through Proverbs and Sayings. EDULEARN22 Proceedings 14th International Conference on Education and New Learning Technologies, pp. 5345-5349. ISSN 2340-1117.

Евалуација на трудот: Во овој труд се дава преглед на улогата на жената во општеството преку анализа на поголем корпус на поговорки и изреки со компонентата „жена“ на македонски, германски, англиски, италијански, шпански и турски јазик. Се прикажуваат резултати од истражување во кое учествуваат студенти од трета и четврта година од Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Студентите анализираат околу 50 поговорки и изреки на погореспоменатите странски јазици и нивните еквиваленти на македонски јазик. Прво се прикажуваат резултатите за позитивните и негативните карактеристики на жената, а потоа се прави споредба и се утврдува дека има повеќе сличности отколку разлики во однос на позитивната и негативната перцепција на жената во општеството.

**8.** **Todorova, Marija** and Prodanovska-Poposka, Vesna (2022) Разликата помеѓу Spanglish и Chicano English. Knowledge - International Journal, 50 (5). pp. 599-603. ISSN 2545-4439

Евалуација на трудот: Во овој труд се дискутира за различните дијалекти и јазични варијации коишто се зборуваат во различни делови во Соединетите Американски Држави, а особено прецизно се објаснуваат разликите и карактеристиките на Spanglish и Chicano English. Chicano English како дијалект на американскиот англиски јазик и Spanglish, јазична варијација, микс од шпански и англиски јазик. Се презентираат различни дефиниции, ставови и толкувања за овие современи лингвистички феномени и за нивните говорители.

**9.** **Todorova, Marija** and Prodanovska-Poposka, Vesna (2022) Teachers' perspectives on prevalence of the mother tongue in foreign language teaching. Vospitanie - Journal of Educational Sciences, Theory and Practice, 17 (1). pp. 34-39. ISSN 1857-8705

Евалуација на трудот: Во овој труд се анализира улогата на мајчиниот јазик во изучувањето на странскиот јазик. Целта на трудот е да се утврди колку се користи мајчиниот јазик на часовите по странски јазик од страна на наставниците и да се утврди перцепцијата на наставниците во однос на неговата употреба. Се презентираат резултати од спроведена анкета во која учествуваат 79 наставници кои предаваат странски јазици (англиски, германски, француски, италијански, руски, турски) во училиштата во Република Северна Македонија.

**10.** **Todorova, Marija** (2021) Онлајн настава по шпански јазик во услови на пандемија. Knowledge – International Journal, 46 (6). pp. 281-286. ISSN 2545-4439

Евалуација на трудот: Во овој труд се прави анализа на спроведување на наставата на далечина во Република Северна Македонија во услови на пандемија. Се истакнуваат предизвиците со кои се соочувале образовните институции како и предностите и негативностите на онлајн наставата. Се опишува организацијата и начинот на реализација на овој тип на настава на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, конкретно наставата по предметот Шпански јазик како странски јазик на Филолошкиот факултет. Целта на трудот е да се споредат постигнатите резултати на студентите за време на онлајн наставата и за време на наставата со физичко присуство и да се утврди дали и како влијае е-учењето врз успехот на студентите.

**11. Todorova, Marija** (2021) Контрастивна анализа на гласовните системи на шпанскиот и на италијанскиот јазик. Годишен зборник на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 12 (17). pp. 9-14. ISSN 1857-7059

Евалуација на трудот: Во овој труд се дава преглед на вокалните системи на шпанскиот и италијанскиот јазик и се прави контрастивна анализа. Се презентираат разликите во изговорот на самогласките и најчестите фонетски интерференции помеѓу вокалите во шпанскиот и италијанскиот јазик. Се презентира теоретско истражување на стручна литература од оваа област, со цел да се утврдат разликите од фонолошки аспект кои постојат помеѓу двата јазика, т.е. дали звукот одговара на буквата, дали фонемите се долги или кратки, кои се разликите во однос на артикулацијата на гласовите, односно местото и начинот на образување на гласовите итн.

**12. Todorova, Marija** and Ulanska, Tatjana (2021) Перцепцијата на студентите за онлајн наставата по шпански и англиски јазик во услови на пандемија. ФИЛКО - Зборник на трудови од Шеста меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 6 (6). pp. 339-345. ISSN 978-608-244-871-8

Евалуација на трудот: Во овој труд се анализира перцепцијата на студентите за онлајн наставата по шпански и англиски јазик, реализирана на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. Се презентираат резултатите од спроведена анкета како метод за анализирање на ставовите на студентите за онлајн наставата. Целта на овој труд е да се утврдат предизвиците со кои се соочиле студентите, да се утврди дали, според нив, се одржал квалитетот на наставата, дали постигнатите резултати биле објективни и реални, дали онлајн наставата имала негативно влијание врз нивниот успех и на крај, да се утврдат потенцијалните можности за конкретни и специфични подобрувања во реализацијата на овој тип на настава.

**13. Todorova, Marija** and Prodanovska-Poposka, Vesna (2021) Стратегии при усвојување на шпански јазик (ј3) кај студенти со англиски јазик (ј2). Годишен зборник 2021- Филолошки факултет, УГД - Штип, 12 (18). 205 -213. ISSN 1857-7059

Евалуација на трудот: Во овој труд се прави анализа на стратегиите коишто студентите со англиски како прв странски јазик, ги користат при усвојувањето на шпански како втор странски јазик. Во истражувањето учествуваат вкупно 16 студенти на додипломски студии, поточно студенти од прва и втора година на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. За потребите на ова истражување е креирана и спроведена онлајн анкета во Google Docs, со цел да се утврди дали и колку студентите ги пренесуваат и поврзуваат своите претходни знаења од англиски како прв странски јазик (Ј2) при усвојувањето на шпански како

втор странски јазик (Ј3) и кои стратегии за учење ги применуваат. Се користи прашалник за утврдување на стратегии „Strategy Inventory for Language Learning (SILL), version 7.0 (ESL/EFL)" развиен од Р. Оксфорд (Oxford, 1989).

**II. Учество на меѓународни научни конференции и собири**

Кандидатката м-р Марија Тодорова има приложено сертификати за учество на следниве меѓународни конференции:

1. 31st International scientific conference „The teacher of the future" во организација на Institute of Knowledge Management, којашто се одржала во Будва, Црна Гора, 23-26.6.2021 г.;
2. Kosova International Conference on Educational Research-KICER, одржана во Приштина, Косово, во периодот 10-11.6.2022 г.;
3. 5th International Conference „Education across borders - innovative education: strengthening the future", во организација на Fan S. Noli University, во Корча, Албанија, во периодот 28-29.4.2023 г.;
4. 45th International Scientific Conference „The teacher of the future" во организација на Institute of Knowledge Management, којашто се одржала во Будва, Црна Гора, во пеиодот 23-26.05.2024 г.;
5. Онлајн учество на IV International conference „IV Jornadas de ELE en Manila" - "El vocabulario en tu clase de ELE": The UP Diliman Department of European Languages, University of the Philippines Diliman, Дилиман, Република Филипини, во периодот 21-22.10.2022 г.;
6. Онлајн учество на 2nd International Conference on Scientific and Innovative Studies ICSIS 2024 - All Sciences Academy, Конија, Турција, на 18 и 19 април, 2024 г.

**III. Завршна евалуација на наставно - образовната и научноистражувачката дејност на виш лектор м-р Марија Тодорова**

Од приложениот список на објавени трудови во последните пет години како и од евалуацијата на секој труд поединечно, може да се забележи дека кандидатката м-р Марија Тодорова објавила солиден број научни и стручни трудови од потесната област на интерес. Нејзината ангажираност по предмети во наставата на прв циклус на Филолошкиот факултет и на другите единици во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, трудовите објавени во меѓународни научни списанија и учеството на меѓународни научни конференции покажуваат дека кандидатката во периодот од претходниот избор во виш лектор до денес, реализирала мошне плодотворна наставно-педагошка и научноистражувачка дејност.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

**IV. Учество на обуки, семинари, веб-конференции и предавања, организација на настани**

Кандидатката м-р Марија Тодорова има приложено сертификати за учество на следниве веб-конференции:

1. I Jornada de Formación para Profesores de Español en el contexto específico de personas migrantes y refugiadas организирана од La UDIMA, Universidad a Distancia de Madrid y la Oficina del Español de la Comunidad de Madrid, на 2 мај 2022 г.;
2. I Jornada de Sesiones en línea: Didácticas ELE, организиран од FEDELE, Federación de Escuelas de Español como Lengua Extranjera, на 8 јуни 2024 г.;

3. Teaching with compassion-enhancing sensitivity with language learners, организиран од AELCA, Accredited Educational & Language Coaching Academy, на 20.07.2024 г.;
4. Using neuroscientific principles to empower classes and how to totally transform grammar in language learning, организиран од AELCA, Accredited Educational & Language Coaching Academy, на 27.07.2024 г.

*3. Општа евалуација на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатката м-р Марија Тодорова*

Евалуацијата на резултатите што ги постигнала кандидатката виш лектор м-р Марија Тодорова покажува дека таа има искуство и достигнувања во трите посебни дејности. Во наставно-образовната дејност има искуство во високото образование како виш лектор по предмети од областа шпански јазик како дел од студиските програми од прв циклус на студии на Филолошкиот факултет и на другите единици при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Објавените научни трудови во списанија со меѓународен карактер, како и учеството на меѓународни научни конференции, зборуваат за сериозниот пристап на кандидатката и во научноистражувачката работа, а учеството во активности во функција на унапредување на нејзиниот личен професионален развој, сведочат за нејзината продуктивна стручно-апликативна дејност.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на изнесените податоци и приложената документација за кандидатката, членовите на Рецензентската комисија со задоволство заклучуваат дека виш лектор м-р Марија Тодорова во целост ги исполнува сите законски критериуми за избор во наставно-стручно звање виш лектор, предвидени со Законот за високото образование и со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Имено, како што може да се види од фактите изнесени погоре, м-р Марија Тодорова има наставно искуство во високото образование како лектор и виш лектор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во последните 11 години. Објавените научни трудови во списанија со меѓународен карактер, како и учеството на меѓународни научни конференции, зборуваат за сериозниот пристап на кандидатката во научноистражувачката работа, а учеството во активности во функција на унапредување на нејзиниот личен професионален развој, сведочат за нејзината продуктивна стручно-апликативна дејност.

Имајќи ги предвид предочените факти, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои овој извештај и да ја избере кандидатката м-р Марија Тодорова во наставно-стручно звање виш лектор за наставно-научната област 6.02.01.13 шпански јазик.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Весна Коцева, вонреден професор, претседател, с.р.
Д-р Надица Негриевска, доцент, член, с.р.
Д-р Светлана Јакимовска, редовен професор, член, с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНГЛИСКИ ЈАЗИК И МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1902-246/6 од 11.11.2024 година донесена на 296. седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултетот, одржана на 11.11.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *англиски јазик 6.02.01.16 и методика на наставата по јазик 6.02.01.32* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- **д-р Нина Даскаловска,** (претседател) редовен професор за наставно-научните области 64004 англистика; 64028 методика на јазик; 61225 методика на литературата на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- **д-р Брикена Цафери**, (член) редовен професор за наставно-научните области 64004 англистика и 64011 применета лингвистика на Факултет за јазици, култури и комуникација при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово;
- **д-р Натка Јанкова-Алаѓозовска**, (член) вонреден професор за наставно-научните области 6.02.01.16 англиски јазик; и општа лингвистика 6.02.01.28 на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Слободен печат” и „Коха” на 30.10.2024 година и во предвидениот рок се пријавил само еден кандидат: д-р Симона Серафимовска, доктор по филолошки науки – англиски јазик и литература, лектор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип со постојано место на живеење на ул. Генерал Михајло Апостолски 34/12, Штип, која ги има доставено следниве документи :1. Пријава; 2. Уверение за државјанство; 3. Три примероци од диплома за трет циклус заверени на нотар; 4. Оригинал диплома за прв, втор и трет циклус; 5.Примерок од докторски и магистерски труд; 6. Биографија; 7. Листа на објавени научни трудови; 8.Примероци од трудовите; 9. Сертификати од учество на конференции и други активности; 10. Уверение за положени испити од прв циклус заверено на нотар; 11. Уверение за положени испити од втор циклус заверено на нотар; 12. Дипломи од прв и втор циклус заверени на нотар; 13.Одлука за претходен избор во звање лектор во областите за кои се врши изборот.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Симона Серафимовска** е родена на 30.11.1993 година во Штип со адреса на постојано живеалиште ул. Генерал Михајло Апостолски 34/12 Штип. Основно образование завршила во Основното училиште „Ванчо Прке” - Штип во 2008 г. со одличен успех, а средно образование во СОУ Гимназија „Славчо Стојменски” – Штип во 2012 г., со одличен успех, исто така.

Во учебната 2012/2013 г. се запишала на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Англиски јазик и книжевност-наставна насока. Филолошкиот факултет го завршила во редовниот рок и дипломирала во 2016 г. на тема „Улогата на технологијата во изучувањето на англискиот јазик". Додипломските студии ги завршила со *просечен успех 8,12*.

Во учебната 2016/2017 г. се запишала на втор циклус, односно постдипломски студии на Универзитетот Американ колеџ Скопје, Факултет за странски јазици, насока Настава по англиски јазик. Постдипломските студии ги завршила во 2019 г. и магистрирала на тема „The Effects of Blended Learning and Smart Technologies on English Language Teaching". Постдипломските студии ги завршила со *просечен успех 8,25*.

По завршувањето на постдипломските студии активно се посветила на доусовршување за примена на современите алатки и техники во изучувањето на англискиот јазик вклучувајќи ги и актуелните платформи од редот на Zoom, Microsoft Teams, MS Office 365, Apple iWork, Adobe Creative Cloud и други. Исто така, кандидатката активно била вклучена во научноистражувачкиот процес со десиминирање на нејзините истражувачки резултати на меѓународни собири, меѓународни натпревари и публикации во домашни и меѓународни списанија. Во учебната 2021-2022 се запишува на трет циклус на студии на Факултет за јазици, култури и комуникации при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово и истите ги завршува во октомври 2024 г. со просечен успех *9.60*.

Успешно ја одбранила својата докторска дисертација со наслов „Перспективите на студентите кои изучуваат англиски како странски јазик за употребата на паметни мобилни уреди во наставниот процес во високото образование – Студија на случај Универзитет 'Гоце Делчев' – Штип" и се стекнува со академски степен доктор на филолошки науки – англиски јазик и литература.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во наставно-научно звање доцент***

Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатката за избор во наставно-стручно звање *доцент* согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**Општи услови за избор во звање:**

- Кандидатката д-р Симона Серафимовска има завршено студии од втор циклус академски студии од научната област во која се избира и има стекнато назив магистер од соодветната област (насока – настава по англиски јазик);
- Има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв (8,12) и втор циклус (8,25) за секој циклус посебно;
- Научен степен доктор на науки од соодветната област: кандидатката Симона Серафимовска на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово на Факултетот за јазици, култури и комуникација на Катедрата за англиски јазик ги положува сите предвидени испити на докторските студии од студиската програма Англиски јазик и литература: Англиски јазик, со просечна оценка 9.60, а на 4 октомври 2024 година ја одбранува докторската дисертација со наслов „Перспективите на студентите кои изучуваат англиски како странски јазик

за употребата на паметни мобилни уреди во наставниот процес во високото образование – Студија на случај Универзитет ’Гоце Делчев’ – Штип“, со што се стекнува со академиски степен доктор по филолошки науки - англиски јазик и литература.

- Има наставно и практично искуство во областа во која се избира (Деталите за оваа ставка на кандидатот се наведени во делот *Наставно-образовна и научноистражувачка дејност)*.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Серафимовска Симона** и Цафери Брикена | *Teaching English as a Foreign Language with new technologies.* | Logos and Littera | 11 |
| 2 | **Серафимовска Симона** | *Application of digital technologies in English language teaching* | Knowledge – International Journal | 16 |
| 3 | Серафимовски Далибор, **Серафимовска Симона**, Речаноски Стојче и Чекеровски Тодор | *A mobile device approach to English language acquisition* | Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics | 6 |
| 4 | **Серафимовска Симона** | *The role of the technology in adoption of the English language* | Knowledge – International Journal | 15 |
| 5 | **Серафимовска Симона** и Трајаноска Ивана | *Blended learning and English language teaching in Republic of North Macedonia.* | AICEI 2021 Journal University American College Skopje | 16 |

**Посебни услови:**

- Објавени научни и стручни трудови во областа во која се избира (листа на научни и стручни трудови, како и целите печатени трудови);
- Две препораки од професори од соодветната област (кандидатката има приложено препораки од еминентни професори од соодветната област.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

***Наставно-образовна дејност***

Движењето низ наставно-образовната и научноистражувачката дејност кандидатката д-р Симона Серафимовска го реализирала низ неколку посебни фази.

***Активности во текот на студискиот процес***

За време на додипломските студии, како во рамките на програмските наставни активности така и надвор од нив, кандидатката д-р Симона Серафимовска имала можност да се вклучи во практични и надгледни едукативни процеси кои и овозможиле квалитетна надградба во рамките на целиот систем на едуцирање

и особено осознавање на техниките за полесно изучување на англискиот јазик. Во таа насока ќе треба да се споменат некои од едукативните установи каде што имала можност да реализира практична настава: Основно училиште „Димитар Влахов" - Штип, Основно училиште „Тошо Арсов" - Штип, Основно училиште „Ванчо Прке"- Штип, Основно училиште „Гоце Делчев" - Штип и СОУ Гимназија „Славчо Стојменски" - Штип.

Сите овие практични и наставни едукации и овозможиле стекнување на нови знаења, сигурност и стабилност во наставната проблематика, планирањето и изведувањето на наставните часови и градењето на одлични меѓучовечки односи преку искуствата од повеќето наставници.

***Активности за време на вториот циклус студии***

Во текот на редовните и активни студии на Универзитет Американ колеџ Скопје, кандидатката д-р Симона Серафимовска имала можност за линковски врски со неколку реномирани универзитети во Англија, Данска, Австрија, САД и др.

Во рамките на тие остварени контакти, во текот на август 2017 година, таа реализирала престој на Универзитетот „Royal Holloway" во Лондон овозможен преку професор д-р David Alderton, при што ја искористила можноста да се запознае со примената на модерната технологија во изучувањето на англискиот јазик.

Во јуни 2018 година реализирала научен престој на Филолошкиот факултет при Универзитетот во Виена, Институт за англистика и американистика. Тој престој го искористила за поблиско запознавање на едукативниот процес и можностите кои ги нуди Еразмус плус програмата.

Во текот на летниот семестар во учебната 2018 година, усовршувањето на м-р Симона Серафимовска, а во склоп на постдипломските студии, било поддржано преку одржување на предавања во СОУ Гимназија „Славчо Стојменски" – Штип. Исто така, во текот на интерактивната настава на Универзитет Американ колеџ кандидатката учествувала на повеќе јавни научни дебати организирани од еминентни експерти од предметната научна област од реномирани европски и светски универзитети: Prof. Dr. Emilia Waters guest visiting professor from University of Oxford – topic debate – Multilingualism; Prof. Dr. David Lambert guest visiting professor from Denmark – topic debate: ELT Testing; Prof. Dr. Slobodanka Dimova full professor at "University of Copenhagen" topic debate – Advanced ELT Methods "

За време на третиот циклус кандидатката сега веќе м-р Симона Серафимовска го продолжува успешниот пат во нејзиното усовршување на Универзитетот Југоисточна Европа во Тетово како студент на третиот циклус на Факултет за јазици, култури и комуникации. Таму се стекнува со сериозни предизвици научно и искуствено далеку повисоки бидејќи во наставата се вклучени најголем број експерти од САД и Обединетото Кралство. Личните контакти кои ги имала им овозможиле научни престои преку официјални и неофицијални мобилности на повеќе универзитети во Европа на кои со задоволство го посочуваме реномираниот Институт за англистика и американистика на Филолошкиот факултет во Виена под менторство на проф. д-р Кристиане Далтон.

Активности на третиот циклус и овозможиле бројни научни патувања со учество на меѓународни симпозиуми, конференции и конгреси, а научниот опус се преточил и во публицирање на научни трудови во меѓународни списанија.

***Педагошка активност***

Во учебната 2018-2019 г., со Одлука на наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, кандидатката официјално била избрана за демонстратор по Англиски јазик. Токму таму кандидатката ги стекнала нејзините најголеми искуства во асистирањето на наставата и во непосредното одржување на настава по Англиски јазик.

Во мај 2021 год. кандидатката тогашен м-р Симона Серафимовска стапува во редовен работен однос на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип како лектор во наставно-стручна област – англистика, од каде што започнува нејзината професионална педагошка кариера. Со вработувањето таа организира и изведува настава по предметите Англиски јазик А2.1 и Англиски јазик А2.2 на нематичните факултети во Штип, Кампус 1, Кампус 2, Кампус 4 и наставните центри Кавадарци, Скопје, Струмица и Гевгелија. На Филилошкиот факултет таа организира и изведува настава и вежби по предметите Современ англиски јазик 3 и Современ англиски јазик 4 во Штип и во Струмица. Овие обемни и едукативни активности ја профилираат кандидатката сега д-р Симона Серафимовска во сериозен млад наставник кои несебично се вложи во предизвиците со бројната млада студентска популација особено со студентите на прва година од 13 различни факултети и три академии при УГД – Штип.

*Стручна и научна активност*

Покрај редовните и дополнителни едукативни активности во рамките на нејзиното континуирано усовршување, во последниот период кандидатката д-р Симона Серафимовска активно се вклучила и во научноистражувачката работа.

Во овој комплексен процес таа почнала да навлегува уште за време на постдипломските студии, кога како млад истражувач пристапила кон изработка на истражувачки проекти.

Непосредно по завршувањето на постдипломските студии, кандидатката, комплетно се посветила на истражувачката дејност и меѓународната афирмација. Тука би сакале да го потенцираме нејзиното учество на 15. Меѓународен натпревар на научноистражувачки проекти на англиски јазик меѓу ученици и студенти во Екатеринбург, Русија, март 2020 г., каде што ја освоила третата награда со нејзиниот научен труд под наслов „The Effects of Blended Learning and Smart Technologies on English Language Teaching". Исто така, кандидатката својата научноистражувачка работа ја прави јавно достапна преку објавување на резултатите во домашни и меѓународни списанија. Континуитетот во научноистражувачкиот процес особено добива на значење на третиот циклус на студии, каде што кандидатката Симона Серафимовска влегува во сериозни научни остварувања кои се гледаат во нејзината мобилност, комуникативна мрежа и публицистички остварувања.

Понатаму е даден преглед на позначајните научни остварувања на кандидатката:

***Кандидатката д-р Симона Серафимовска ги има објавено следниве научни и стручни трудови:***

1. **Koceva, Ana and Jankova Alagjozovska, Natka and Jovanovska, Sashka and Serafimovska, Simona (2024) <u>Regional varieties of English and listening comprehension skills of EFL university students.</u> In: Bursa 3rd International conference on humanity and social sciences, 20 - 22 September 2024, online.**

Учењето странски јазик бара стекнување на вештини за зборување, слушање, читање и пишување. Фокус на трудот е вештината на слушање и нејзината застапеност во учебниците што се користат во средните училишта во Северна Македонија, конкретно во однос на двете главни регионални варијанти на англискиот јазик: британски англиски и американски англиски. Применета е квалитативна анализа на официјално доделените учебници по англиски јазик, во средните училишта и квантитативна анализа на прашалник дистрибуиран меѓу студентите по англиски јазик на Филолошкиот факултет во Штип, Северна Македонија.

**2. Jankova Alagjozovska, Natka and Serafimovska, Simona (2024) *Intercultural Lessons: Reality or Myth.* International Turkic World Congress on Social, Humanities, Administrative and Educational Sciences Proceedings Book, Baku - Azerbaijan. ISSN ISBN: 978-625-6879-43-0**

Трудот ги истражува меѓукултурните лекции во глобализираниот свет, поставувајќи го прашањето дали тие се реалност или мит. Авторките се фокусираат на тоа како образовните системи во мултикултурните општества се соочуваат со предизвиците на интеграција и разбирање меѓу различните култури. Преку анализа на теоретски концепти и студии на случај, трудот предлага методологии за подобрување на интеркултурното образование. Исто така, се разгледува улогата на меѓукултурната компетенција во создавањето поинклузивни училишни заедници и како таа придонесува за намалување на културните недоразбирања.

**3. Serafimovska, Simona and Kamceva Panova, Lidija (2024) *The Culture Globalization.* Knowledge International Journal, 62.5 (5). pp. 587-590. ISSN 2545-4439**

Овој труд се фокусира на глобализацијата на културата, разгледувајќи го нејзиното влијание преку процесите на миграција и интеркултурна размена. Авторките дискутираат како глобализацијата води до мешање на културите и создавање на нови културни форми, но исто така се осврнуваат и на ризиците од губење на културниот идентитет. Трудот го истражува и економскиот, политичкиот и културниот аспект на глобализацијата, како и позитивните и негативните страни на културната глобализација врз локалните заедници.

**4. Jankova Alagjozovska, Natka and Serafimovska, Simona (2024) *The Importance of Communicative Competence in Foreign Language Learning.* 9th International New York Academic Research Congress On Social, Humanities, Administrative, and Educational Sciences Proceedings Book. ISSN 978-625-6879-51-5**

Овој труд се фокусира на значењето на комуникативната компетенција во процесот на изучување странски јазици, со акцент на потребата од јазични вештини кои овозможуваат ефективна и значајна комуникација. Авторките ги разгледуваат различните стратегии и методологии за развој на комуникативната компетенција кај учениците, поттикнувајќи поинтерактивни наставни методи.

**5. Jovanovska, Sashka, Jankova Alagjozovska, Natka, Koceva, Ana, Serafimovska, Simona (2024) Auxiliary Verbs in English Language Sentences. Academy Global Publishing House. pp. 605-613.**

Овој труд ја анализира улогата на помошните глаголи во англискиот јазик, разгледувајќи ги примарните и модалните помошни глаголи. Авторите ги истражуваат нивните синтаксички и семантички функции, со посебен акцент на разликите меѓу помошните и лексичките глаголи. Преку примери, тие го илустрираат значењето на помошните глаголи во создавањето сложени временски

форми, прашални и негативни реченици. Трудот вклучува и детална дискусија за употребата на модалните глаголи и нивната уникатна граматичка природа во англискиот јазик.

**6. Serafimovska, Simona and Jankova Alagjozovska, Natka (2024) <u>The Relationship Between Multiculturalism and Feminism</u>. BZT TURAN PUBLISHING HOUSE. pp. 731-736.**

Овој труд ги испитува комплексните односи меѓу мултикултурализмот и феминизмот, анализирајќи како овие две идеологии се преклопуваат и се поддржуваат. Авторките ја разгледуваат интеракцијата на различните културни идентитети со феминистичките движења, акцентирајќи ја важноста на интерсекционалноста во разбирањето на женските права во мултикултурни општества. Трудот истражува и како мултикултурализмот влијае врз прашањата за родова еднаквост, како и предизвиците и можностите што произлегуваат од различните културни перспективи во рамките на феминизмот.

**7. Serafimovska, Simona (2023) <u>The role of the technology in adoption of the English language.</u> Knowledge International Journal, 60 (2). pp. 308-311. ISSN 2545-4439**

Трудот ја истражува улогата на технологијата во усвојувањето на англискиот јазик, нагласувајќи ги придобивките од современите дигитални алатки, како што се онлајн платформи, мултимедијални уреди и електронски речници. Авторката разгледува како овие технологии се применуваат во наставата за подобрување на јазичните вештини, анализирајќи ги предизвиците и можностите за учениците во дигиталната ера. Трудот ги разгледува и слабостите на постоечките технологии во образовниот процес.

**8. Serafimovska, Simona and Xhaferi, Brikena (2023) <u>Teaching English as a Foreign Language with new technologies.</u> Logos and Littera, 10. ISSN 2336-9884**

Овој труд ги разгледува иновациите во учењето англиски јазик како странски, фокусирајќи се на новите технологии што се применуваат во образованието, особено во услови на пандемија. Авторките анализираат различни платформи како Microsoft Teams, Zoom и Google Meet, кои овозможија продолжување на образовниот процес преку далечинско учење. Истражувањето вклучува податоци од универзитети во Македонија и други земји, дискутирајќи ги предностите и предизвиците на онлајн наставата за студентите и професорите.

**9. Serafimovska, Simona and Jankova Alagjozovska, Natka (2023) <u>The role of modern technologies in learning English language during Covid-19 pandemic.</u> Knowledge International Journal, 56 (2). pp. 155-161. ISSN 1851-923X**

Трудот ја истражува улогата на модерните технологии во процесот на учење на англискиот јазик за време на пандемијата на COVID-19. Авторките ги анализираат различните електронски платформи како Zoom, Google Classroom, Moodle и WhatsApp, кои беа користени за далечинско учење. Се дискутираат предностите и предизвиците на онлајн наставата, вклучувајќи ги технолошките пречки, слабата интернет-конекција, како и недостатокот на интеракција и практична примена на наученото.

**10. Serafimovska, Simona and Xhaferi, Brikena (2022) <u>The application of smartphones in English Language learning - Some New Insights.</u> In: 11th UBT Annual International Conference on Education and Development, 29-30 Oct 2022, Kosovo, Prishtina.**

Во денешно време, паметните телефони се промовираат како многу важна алатка на современите технологии, која ја перципира и практикува младата популација, кај нас и во светот, во која особено значајно место заземаат студентите. Во рамките на овој труд, значењето, улогата и примената на паметните телефони во проучувањето нагласен е англискиот јазик во високообразовниот систем. Случајот на моделот претставен во овој труд има функција да го популаризира паметниот телефон во универзитетските средини како алатка за учење англиски јазик од студентите како примачи од една страна и професорите од друга страна. За студија на случај беше земен Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, каде што студентите од различни факултетите го искажале своето искуство во примената на паметните телефони во изучувањето на англискиот јазик.

**11. Serafimovska, Simona (2022) <u>Application of digital technologies in English language teaching.</u> Knowledge - International Journal, 51 (2). pp. 317-321. ISSN 2545-4439**

Трудот ги разгледува придобивките од примената на дигитални технологии во наставата по англиски јазик. Авторката анализира како платформите како Moodle, Google Classroom и различни мултимедијални алатки придонесуваат за подобрување на ангажираноста и учењето на студентите. Истражувањето покажа дека 50% од наставниците не користат вакви платформи, додека останатите користат Moodle и Google Classroom. Исто така, видеата и филмските материјали се користат редовно од 55% од наставниците како дополнителни ресурси за учење.

**12. Recanoski, Stojce and Serafimovska, Simona and Serafimovski, Dalibor (2021) *<u>Proposed model for better English language acquisition, based on wearable devices.</u>* In: First International Conference ETIMA 2021, 19-21 Oct 2021, Stip, R.N.Macedonia.**

Овој труд се фокусира на употребата на мобилни уреди за подобрување на процесот на изучување на англиски јазик. Авторите презентираат истражување кое покажува дека мобилните апликации овозможуваат пофлексибилен и персонализиран пристап кон учењето. Исто така, трудот истражува како мобилните технологии им овозможуваат на учениците да учат во нивно време и простор, без потреба од физичка присутност во училница. Заклучоците сугерираат дека мобилните уреди можат да бидат значаен додаток на традиционалните методи на учење, особено во контекст на формално образование.

**13. Serafimovska, Simona (2021<u>) Blended learning and English language teaching in R.N. Macedonia.</u> In: 16th Conference on European Integration, Skopje**.

Мешаното учење е комбинација од онлајн интеграција и учење лице в лице кои се надополнуваат еден со друг за да го подобрат и поддржуваат учењето. Широко се користи низ разни дисциплини и во изучување на англискиот како странски јазик. Овој труд има за цел да го прикаже значењето на употребата на пристапот на мешано учење како додаток на учењето лице в лице во наставата по англиски јазик и за разбирање на перцепцијата, ставовите и предизвиците на професорите по англиски јазик од високото образование во Република Северна Македонија во однос на мешаното учење во наставата по англиски како странски јазик.

**14. Serafimovska, Simona (2021) <u>Multiculturalism in English Language Teaching</u>. Knowledge International Journal, 49 (6). pp. 1247-1251. ISSN 1857-923X**

Овој труд ги разгледува принципите на мултикултурализмот во наставата по англиски јазик, посебно во мултикултурни училници. Авторката ја истражува

важноста на интеркултурната компетенција и како различни култури во образовниот процес влијаат врз успешното совладување на англискиот јазик. Таа анализира пристапи за инклузивност во наставните содржини и ги разгледува предизвиците за наставниците да го интегрираат мултикултурализмот во јазичната настава.

**15. Serafimovska, S (2020) <u>Structure of the English language Teachers at the Universities in the Republic of N. Macedonia</u>, Fifth International Scientific Conference FILKO, pp. 297- 304.**

Во овој труд се претставени резултатите што се однесуваат на структурата на наставниците кои предаваат англиски јазик на нашите универзитети преку пол, возраст, работно искуство и кои дисциплини ги учат. Над 95% од анкетираните наставници изјавиле дека го поддржуваат и применуваат процесот на нови технологии и современи алатки при изучување на англиски јазик на различни нивоа. Повеќето наставници по англиски јазик на универзитетско ниво во Република Северна Македонија се жени (85%), додека само 15% се нивни машки колеги. Резултатите покажале дека тоа се искусни наставници во нивните најплодни и најпродуктивни години за предавање.

**16. Serafimovska, S; (2020) <u>How parents background and attitudes influences children motivation at school (educationally) and English Language Learning</u>, Knowledge International Journal, pp. 443-448.**

Овој труд ги претставува резултатите од истражувањето и студиите за нивото и степенот на влијанието на родителите врз развојот на општиот процес на учење кај нивните деца, како и улогата на родителите во учењето на англиски јазик. Особено вклучувајќи ги современите трендови во учењето на англиски јазик, вклучително и примена на современо знаење во учењето и напредокот на студентите. Во трудот е ставен акцент на фактот дека децата на кои многу им се чита и зборуваат во текот на детството ќе имаат поголем фонд на зборови и подобра граматика за разлика од оние што не го практикуваат тоа со своите родители.

**17. Serafimovski, D; Serafimovska, S; Recanovski, S; D; Chekerovski, T; 2019<u>:</u> <u>A Mobile Device Approach to English Language Acquisition</u>, Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, pp. 21-26.**

Во овој труд се опишува модел за учење на јазик кој е насочен кон паметните телефони, моделот има за цел постепено да го збогатува фондот на зборови на англиски јазик на студентите за време на нивните предавања и потоа. Со други зборови, она што го прави овој модел ефикасен е тоа што студентите ги унапредуваат своите вокабуларни вештини паралелно на предметните наставни единици. Презентираниот модел е тестиран од техничка гледна точка во универзитетското опкружување и дава задоволителни технички карактеристики што го прави вистинска алатка за учење и на далечина.

**18. Serafimovska,S; 2020: The Effects of Blended Learning and Smart Technologies on English Language Teaching, XV International contest of research, practice-oriented and creative projects in English among schoolchildren and University students, Yekaterinburg, Russia, (audio and video presentation)**

Во трудот се презентирани резултатите од најновото истражување поврзано со поголем проект кој ја анализираше примената на современите технологии во изучувањето на англискиот јазик на универзитетите во Република Северна Македонија. Истражувачките резултати покажале дека примената на

современите платформи и комбинирани модели на изучување на англискиот јазик различно биле променувани во зависност од возраста на наставниците и од капацитетот на институцијата, во конкретниот случај одделните факултети за поседување на модерни алатки и инсталација на соодветни платформски пакети за изучување на англискиот јазик.

***Делови во научни книги:***

**19. Jankova Alagjozovska, Natka, and Simona Serafimovska. (2024). *Robison Crusoe and His Way to Moral Survival- An Analytical study from spatial perspective.* Space, Identity and Literature: Critical Perspectives Orient Longman.**

Како Англичанец од градот Јорк во седумнаесеттиот век, најмладиот син на трговец со германско потекло нетипичен прототип во англиското општество. Тоа е еден вид сага што се раскажува преку емотивниот дискурс на родителската забрана и ставовите и целите на потомците. Претставувајќи го својот татко како „странец од Бремен“, го наведува Робинзон Крусо до позитивните ставови на читателите. Оваа научна книга се фокусира на анализи на различни романи од различни периоди поврзани со времето и просторот.

***Монографија:***

**20. Serafimovska, Simona; (2023) The Efects of Blended Learning and Smart technologies on ELT. Other. Lambert Academic Publishing, Germany.**

Во оваа монографија се изнесени најновите резултати од истражувањата и компаративната анализа на мешовитото учење на англискиот јазик претставено со традиционалните конвективни методи и вклучувањето на современите технологии во изучувањето на англискиот јазик. Во шест основни поглавја и три потпоглавја со вклучени додатоци е направен сериозен чекор кон современите постапки и квалитативниот напредок во изучувањето на англискиот јазик, како во универзитетски услови, така и надградување на јазикот надвор од училниците што претставува позитивен предизвик за студентите припадници на новата дигитална ера.

***Учество на семинари и вебинари***

21. Учество на Вебинар - Eltam Online Webinar on the topis “ Teaching English to young Learners: How theory can inform Pedagogical Choices” with professor Ilina Kachinske.

***Член на универзитетски тела и комисии:***

- Член на Институт за јазици при Филолошки факултет;
- Член на Комисија за изработка на елаборат на прв циклус на студии на Филолошки факултет;
- Член на Комисија во одбрана на дипломски работи;
- Член на Комисија за одбирање и евидентирање на архивски материјал (решение).

Според досега изнесеното, слободно можеме да констатираме дека кандидатката д-р Симона Серафимовска наставно-педагошката и научноистражувачката дејност ги изведува посветено и со континуиран прогрес, при што покажува афинитет кон примената на современите алатки при изучувањето на англискиот јазик, што секако покажува дека го следи трендот во оваа насока.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование (Сл. весник на РМ бр. 82/18) и врз основа на Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Универзитетски гласник бр. 50 од 19.7.2021 год.), како и по деталното разгледување на комплетната доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Симона Серафимовска **ги исполнува сите законски услови за избор за наставник во наставно-научно звање доцент за наставно-научната област англиски јазик и методика на наставата по јазик.**

Во прилог на гореизнесеното одат и бројните факти, кои како атрибути ги покажува кандидатката во нејзиниот едукативен и научноистражувачки развој од додипломските, постдипломските студии и докторските студии, а секако и како истражувач кој се вклучил во научноистражувачкиот процес. Нејзиниот опус ни дава за право уште еднаш да констатираме дека афинитетите за примена на современи алатки во изучувањето на англискиот јазик влечат корени уште од студентските денови. Нејзините најнови истражувачки резултати го трасираат патот на овој млад истражувач во полето на современиот тренд на изучување на англискиот јазик што ја профилира д-р Симона Серафимовска како надежен научен работник.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисијата едногласно и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да го усвои нашиот предлог и **кандидатката д-р Симона Серафимовска да ја избере за наставник во наставно-научно звање *доцент* за наставно-научната област англиски јазик и методика на наставата по јазик.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Нина Даскаловска, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Брикена Џафери, редовен професор, член, с.р.
Д-р Натка Јанкова-Алаѓозовска, вонреден професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | **ВКУПНО** | | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Научен труд во меѓународно научно списание<br>Прв автор ред. бр. 4,7,8,9,11,12,15<br>Втор автор ред. бр. 14,17 | | | 7<br>2 | 9<br>6 | 63<br>12 |
| | Монографија или научна книга<br>Ред. бр.20 | | | 1 | 15 | 15 |
| | Дел или поглавје од монографија или научна книга<br>Ред. Бр.19 | | | 1 | 10 | 10 |
| | Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови на научен собир<br>ред. бр. 1,2,3,5,6,10,13,16 | | | 8 | 3 | 24 |
| | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско - музички награди<br>Ред. бр.18 | | | 1 | 10 | 10 |
| | Студиски престој во странство - еднократно | | | 1 | 8 | 8 |
| | Одбранет магистерски труд | | 4 | | | 4 |
| | Одбранет докторски труд | | 8 | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **154** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Член на институт за јазици | 1 | 2 | | | 2 |
| | Организација на настани (работилници, обуки, стручни собири, тркалезни маси, дебати, семинари, вебинари и сл.)<br>Ред. бр. 21 | 1 | 2 | | | 2 |
| | Член на работна група за изработка на елаборат за прв циклус на студии | 1 | 2 | | | 2 |
| | Член на факултетски орган, комисии | 2 | 2 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **10** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **164** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФАРМАЦЕВТСКА ХЕМИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-213/9 од 20.9.2024 година донесена на 325. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 20.9.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на асистент за наставно-научната област *фармацевтска хемија* (3.05.02.01) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, редовен професор за наставно-научните области фармацевтска хемија и радиофармација, вработена на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип – претседател;
- д-р Зорица Арсова-Сарафиновска, редовен професор за наставно-научните области клиничка фармација и инструментални фармацевтски анализи, вработена на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип – член;
- д-р Марија Арев, доцент за наставно-научната област фармацевтска хемија и биоорганска хемија на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и Коха на 7.9.2024 година и во предвидениот рок се пријави **ас. м-р Паулина Апостолова,** магистер по фармација, специјалист по испитување и контрола на лекови, вработена како асистент за наставно-научната област фармацевтска хемија (3.05.02.01) на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

М-р Паулина Апостолова е родена во Штип на 31.5.1989 година, каде што завршува основно и средно образование со континуиран одличен успех.

Од 2007 г. се запишува на Фармацевтскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломира во 2012 година со просечен успех 8,00 и освоени 300 кредити, со што се стекнува со академското звање магистер по фармација.

Од септември 2012 година до февруари 2013 година е вработена во Аптека „Радо лек“ во Штип, а од март 2013 до мај 2016 година е ангажирана како демонстратор (волонтер) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип по предметите Органска хемија, Биоорганска хемија, Инструментални фармацевтски анализи и Фармацевтска хемија.

Од мај 2016 година е во редовен работен однос како лаборант за поддршка во практичната настава по предметите Фармацевтска хемија 1,

2 и 3, Инструментални фармацевтски анализи, Аналитика на лекови 1 и 2, Органска хемија и Биоорганска хемија на прв циклус на студии на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Катедра по аналитика на лекови и фармацевтска хемија. Во исто време активно е вклучена во сите научноистражувачки проекти на Лабораторијата за радиофармација.

Од март 2022 година е избрана за асистент за наставно-научни области фармацевтска хемија и инструментални фармацевтски анализи на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Катедра по аналитика на лекови и фармацевтска хемија. Како асистент продолжува да биде редовно ангажирана во реализација на практичната настава по предметите Фармацевтска хемија 1, 2 и 3, Инструментални фармацевтски анализи за студентите по Фармација, Хемија за студентите по медицина и Medicinal chemistry на студиската програма по медицина на англиски јазик. Вклучена е во реализација на практичните турнуси и специјалистички трудови за специјализанти по здравствена специјализација Фармацевтска технологија.

Во овој период до денес продолжува со својата научноистражувачка работа и меѓународна соработка како активен член на повеќе меѓународни проекти и соработки. Во 2021 година се запишува на докторски студии (студии на трет циклус) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“, каде што редовно согласно со програмата ги реализира предвидените активности.

Во јануари 2014 г. го положува државниот испит и се стекнува со лиценца за работа од Фармацевтска комора на РСМ.

Кандидатката активно се служи со англиски јазик (Cambridge English Entry Level Certificate in APTIS – C).

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање асистент***

**Општи услови за избор:**

Кандидатката асистент м-р Паулина Апостолова ги завршува интегрираните студии на Фармацевтскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (300 кредити), со просечен успех 8,00 и се стекнува со звање магистер по фармација.

Кандидатката м-р Паулина Апостолова во 2021 г. положува специјалистичкиот испит од областа на здравствените специјализации по испитување и контрола на лекови со наслов „ Развој и валидација на HPLC метод за определување на содржината на метилпреднизолон ацепонат во крем “, при што се стекнува со звање специјалист по испитување и контрола на лекови.

Кандидатката м-р Паулина Апостолова во 2022 г. е избрана за асистент за наставно-научната област фармацевтска хемија и инструментални методи во фармацијата на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Катедра по аналитика на лекови и Фармацевтска хемија.

Објавени научни трудови во референтни научни публикации во последните години:

***Објавени научноистражувачки трудови од соодветните области во референтна научна публикација – меѓународни научни списанија***

| Ред. број | Автори | Наслов на трудот | Наслов на списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Apostolova P**, Karpicarov D, Arev M, Janevik-Ivanovska E, Gjorgjeska B, Arsova-Sarafinovska, Z**.** | *Development and Validation of HPLC method for determination of Methylprednisolone aceponate in cream* | Macedonian Pharmaceutical Bulletin | 2022 |
| 2. | Sterjova M, **Apostolova P**, Janevik-Ivanovska E. | *Radioimmunoconjugates of various monoclonal antibodies as potential anticancer therapy - review* | Acta medica balkanica - International Journal of Medical Sciences | 2022 |
| 3. | Karpicarov D, **Apostolova P**, Arev M, Arsova-Sarafinovska, Z Gjorgjeska B. | *Development and validation of HPLC method for content determination of Meloxicam in injections* | Knowledge - International Journal 57 (4), pp. 517-522 | 2023 |

***Учество на конференции и работилници***

| Ред. број | Автори | Наслов на трудот | Конференција и работилници | Година и место на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Apostolova P, Maingueneau C, Arev M, Guérard F, Gaschet J, Janevik-Ivanovska, E. | *Preparation and characterization of immunoconjugates as an initial step for targeted alpha therapy.* | 3rd Scientific symposium SFUS | 26.10.2023, Nis, Serbia |
| 2. | Apostolova P, Arev M, Janevik-Ivanovska E. | *Translation of experience and knowledge for formulation of conjugation of conjugated monoclonal antibodies for labeling* | 8th Congress of Pharmacy with International Participation | 27-30.04.2023 Borovets, Bulgaria, |
| 3, | Apostolova P, Janevik-Ivanovska E. | *The integration of Astatine-211 as potential radiotheranostics in personalized cancer treatment.* | Twelfth International Conference of radiaton, natural sciences, medicine, engineering, technology and ecology (RAD conference) | 17-21.6.2024 Herceg Novi, Montenegro, |

Кандидатката активно се служи со англиски јазик и поседува Cambridge English Entry Level Certificate in APTIS – C.

Кандидатката поседува исклучителна способност лабораториска дејност врзана за редовната рутинска активност со студентите, соработка со професорите и асистентите, како и активно учество во научноистражувачката работа во Лабораторијата за радиофармција и Катедрата по аналитика на лекови и фармацевтска хемија. Во периодот од нејзиното редовно вработување, а и претходно како волонтер-демонстратор активно е вклучена во подготовка и реализација на практичната настава за студентите на прв циклус студии на фармација, како и во реализација на сите меѓународни научноистражувачки проекти. Кандидатката ас. м-р Паулина Апостолова поседува максимална

кооперативност и целосна и посветеност на работата. Навремeнoто одговарање на сите задолженија, точноста и прецизноста во работењето, желбата да помогне и да се понуди во сите активности, особено во делот на креирање нови вештини и знаења, се само неколку од особините што ја одликуваат како асистент со кој вреди да се соработува. Таа има напредно познавање од хроматографските и спектроскопските техники, што ја одликува како вистински аналитичар – специјалист по испитување и контрола на лекови.

Од нејзиното вработување учествува во реализација на шест меѓународни проекти преку кои имаше можност да посети врвни институции во Европа и во соседните земји и оствари соработки кои веќе претставуваат препознатливи.

Автор/коавтор е на повеќе научни и стручни трудови во списанија со фактор на влијание, во меѓународно признати списанија и стручно списание за фармацевти.

**Посебни услови:**

Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати

Кандидатката м-р Паулина Апостолова во периодот од 2022 година до денес е учесник во три меѓународни проекти:

1. COST Action CA19114 - Network for Optimized Astatine labeled Radiopharmaceuticals (NOAR) / Мрежа за оптимизација на обележани радиофармацевтици со Астатин-211 - MC member. 2020 – 2024
2. IAEA CRP project: Development of Potential 177Lu Radiopharmaceuticals: Design, Radiolabelling and Nonclinical Evaluation (F22078) Janevik- Ivanovska E., Vranjes-Djuric S., Balogh L., Dimovski A., Zdravkovska M., Arev M., Davalieva K., Apostolova P., Rustemi H. et al. 2023 - 2028
3. IAEA CRP project: Development of new generation of Tc-99m kits - Freeze-Drying Process Design for Radiopharmaceutical Development of Peptide-Based FAPI and PSMA Ready-to-Use Kits for Labeling with Technetium-99m Including Stability Studies on Batch Formulations (F22077) Drakalska Sersemova E., Janevik- Ivanovska E.,Zdravkovska M., Arev M., Apostolova P., et al. 2024 - 2029

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Својата наставно-образовна дејност ас. м-р Паулина Апостолова ја започнува уште во 2013 година, кога е ангажирана за реализација на практичната настава при Факултетот за медицински науки, како демонстратор-волонтер на студиската програма Фармација. Во 2016 година е редовно вработена како лаборант на прв циклус студии и активно е вклучена во подготовката за реализација на практичната настава. Истовремено активно е вклучена во реализацијата научноистражувачките активности на Лабораторијата за радиофармација. Со завршувањето на здравствената специјализација од областа на испитување и контрола на лекови и стекнувањето на звањето специјалист, кандидатката се стекнува со компетенции за самостојно вршење на аналитичка дејност што претставува голема придобивка во идните истражувачки-апликативни дејности на катедрата и лабораторијата на која припаѓа.

Со изборот во асистент во 2022 година м-р Паулина Апостолова само продолжува со својата максимална ангажираност и посветеност во реализација на практичната настава за студентите од прв циклус на студии, како и во реализација на турнуси од здравствените специјализации и научните проекти и соработки.

Како резултат на нејзиниот научноистражувачки труд и учеството во домашни и меѓународни проекти во последните години м-р Паулина Апостолова има објавено 3 научни трудови и кратки комуникации во меѓународни научни списанија:

1. **Apostolova P**, Karpicarov D, Arev M, Janevik-Ivanovska E, Gjorgjeska B, Arsova-Sarafinovska, Z. Development and Validation of HPLC method for determination of Methylprednisolone aceponate in cream. Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 2022. https://eprints.ugd.edu.mk/30820/

Во овој оригинален труд ги има претставено постапките на развој и валидација на хроматографски метод за определување на активна супстанција метилпреднизолон ацепонат во фармацевтска дозирана форма крем. За спроведување на валидацијата користени се насоките согласно со меѓународниот водич ICH Q1A(R2), според кој определени се параметрите: специфичност, линеарност, точност, прецизност, соодветност на системот и робустност. Освен тоа, прикажана и пресметана е и мерната неодреденост преку top – down пристапот. Добиените резултати соодветствуваат според барањата на Европската фармакопеја 10.0, како и на соодветните литерарни податоци. Според тоа, покажано е дека развиениот и валидиран метод е соодветен за рутинско определување на содржина на метилпреднизолон ацепонат во крем.

2. Sterjova M, **Apostolova P**, Janevik-Ivanovska E. *Radioimmunoconjugates of various monoclonal antibodies as potential anticancer therapy - review*. Acta medica balkanica - International Journal of Medical Sciences, 2022. https://eprints.ugd.edu.mk/30203/

Во овој ревијален труд е направен преглед на формулации од радиоимуноконјугати кои се формулирани од моноклонално антитело (mAb) поврзано со медицински радиоизотоп. Моноклоналните антитела (mAbs) се имуноглобулини способни да препознаат единствени епитопи на еден антиген. Употребата на моноклонални антитела е значаен напредок за третман на различни видови рак. Кога пак истите се поврзани со радиоактивен изотоп, без разлика дали ќе се применат за дијагностички или терапевтски цели, припаѓаат во групата на радиофармацевтски препарати. Дијагностичките радиоимуноконјугати може да се користат за снимање на телото и најмногу за идентификација на позитивни лезии и метастази, додека радиотерапијата покажала ефикасност во третманот на цврсти тумори и хематолошки малигни тумори.

Во трудот се опфатени примери со радиоизотопи со алфа, бета и гама зрачење. Потенцирано е дека со цел да се формулира стабилен радиофармацевтски препарат, важно е да се обезбеди стабилна врска помеѓу изотопот и молекулите на носачите. За таа цел, нагласено е дека бифункционалните хелатори (BFC) кои содржат хелатна група од едната страна, се поврзуваат со изотопот со метални карактеристики и ковалентно се врзуваат за биолошките молекули, од другата страна.

Прегледот на радиоумуноконјугатите е претставен според видот на канцер по следниов редослед: радиоимунотерапевтици за лимфом, колоректален и канцер на панкреас, канцер на гради и јајници и канцер на бели дробови, мозок и бубрези.

3. Karpicarov D, **Apostolova P**, Arev M, Arsova-Sarafinovska, Z Gjorgjeska B. *Development and validation of HPLC method for content determination of Meloxicam in injections*. Knowledge - International Journal 2023, 57 (4), pp. 517-522. https://eprints.ugd.edu.mk/31666/

Во овој труд е прикажан развој и валидација на аналитички метод базиран на течна хроматографија под висок притисок, за определување на содржина на активна супстанција мелоксикам во дозирана форма инјекции. За дефинирање на условите на хроматографијата, изборот на стационарната и мобилната фаза, начинот на подготовка на стандардниот раствор и примерокот за анализа, дадени се соодветни објаснувања кои се важни како за развојот, така и за оптимизацијата на аналитичкиот метод. Валидацијата е направена во согласност со барањата на ICH, е потврдено дека методот е точен, прецизен при работа под исти услови, за краток временски период и на еден ист примерок, како и прецизен при работа во еден ден, во иста лабораторијата, од страна на два аналитичари. Потврдено е дека методот е специфичен, линеарен во дефинираниот опсег, како и робустен при промена на pH вредноста, протокот и односот на компонентите во мобилната фаза. На крај со користење на податоци од валидацијата, пресметана е и мерната неодреденост.

Активностите и ангажманот врзани научно-истражувачката дејност на м-р Паулина Апостолова се видливи и преку нејзиното учество како автор/коавтор на трудови презентирани на научни и стручни собири, издадени во зборници на трудови од научни собири, во земјава и во странство:

1. Apostolova P, Maingueneau C, Arev M, Guérard F, Gaschet J, Janevik-Ivanovska, E. *Preparation and characterization of immunoconjugates as an initial step for targeted alpha therapy*. In: 3rd Scientific symposium SFUS, 26.10.2023, Nis, Serbia. https://eprints.ugd.edu.mk/32495/
2. Apostolova P, Arev M, Janevik-Ivanovska E. *Translation of experience and knowledge for formulation of conjugation of conjugated monoclonal antibodies for labeling. In:* 8th Congress of Pharmacy with International Participation, Borovets, Bulgaria, 27–30.04.2023. https://eprints.ugd.edu.mk/31769/
3. Apostolova P, Janevik-Ivanovska E. *The integration of Astatine-211 as potential radiotheranostics in personalized cancer treatment.* In: Twelfth International Conference of radiaton, natural sciences, medicine, engineering, technology and ecology (RAD conference), Herceg Novi, Montenegro, 17-21.6.2024.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатката ас. м-р Паулина Апостолова се истакнува во стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на Факултетот за медицински науки, а истовремено нејзината активност е препознатлива во групата на млади истражувачи во Лабораторијата за радиофармација на Катедрата по аналитика на лекови и Фармацевтска хемија и тоа:

– Примена на добри лабораториски практики при развој и валидација на аналитички методи;
– Активности во Лабораторија за радиофармација при Факултетот за медицински науки врзани за реализација на начноистражувачки проекти;
– Техничка поддршка во подготовка на документација за ISO/IEC 17025 стандард за акредитација на лаборатории;
– Активно учество со презентација на студенти од втор циклус студии, и специјализанти од Испитување и контрола на лекови и Фармацевтска технологија.

Кандидатката има позитивни препораки од двајца професори кои се врвни стручњаци и препознатливи имиња во научната и истражувачката дејност во земјава и во странство, цитирани, релевантни и респектабилни и тоа:

- проф. д-р Билјана Ѓоргеска,
- проф. д-р Татјана Рушковска.

Целокупната научноистражувачка дејност и публикациите во кои учествува кандидатката како автор/коавтор е дадена на линкот на е-репозиториум: http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Apostolova=3APaulina=3A=3A.html

**Дополнителни активности на кандидатката:**

- член на Универзитетска уписна комисија (од 2013 до 2019 година);
- претседател и член на Комисија за спроведување на попис на УГД (2016 до 2022 година);
- член за креирање на спецификации за документи при реализација на тендерски постапки;
- активен член за организација на настани и промоции поврзани со Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на сите наведени податоци во извештајот и оценките за научноистражувачката и стручната дејност на кандидатката асистент м-р Паулина Апостолова, магистер по фармација и специјалист по испитување и контрола на лекови, нејзината целокупна активност и искуството стекнато во наставната дејност како асистент за наставно-научни области фармацевтска хемија и инструментални фармацевтски анализи на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Катедра по аналитика на лекови и Фармацевтска хемија за прв циклус студии и учесник во повеќе меѓународни проекти и соработки може да се забележи една исклучителна активност и посветеност кон работата и континуитет во професионалниот и академски развој.

Рецензентската комисија констатира дека кандидатката во целост го исполнува условот за избор во звање асистент во научната област фармацевтска хемија.

Ас. м-р Паулина Апостолова покажува исклучителна способност за научноистражувачка, стручно-апликативна и организациско-развојна дејност, како и наставно-образовна што се гледа од нејзините објавени научни и стручни трудови, учество во научни конференции, активна вклученост во реализацијата на меѓународни проекти и исклучителна посветеност во реализацијата на сите обврски.

Нејзината способност за стручна комуникација, стекнатите теоретски знаења и лабораториската експертиза, одличните комуникациски вештини и големиот ентузијазам одат во прилог на препознатлив тимски работник и соработник, веќе и надвор од универзитетот и државата.

Врз основа на изложеното, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип кандидатката ас. м-р Паулина Апостолова да биде избрана во звање асистент во научната област фармацевтска хемија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, редовен професор, претседател с.р.

Д-р Зорица Арсова-Сарафиновска, редовен професор, член, с.р.

Д-р Марија Арев, доцент, член, с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ РИМСКО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1102-152/3 од 12.11.2024 година, донесена на 266. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, одржана на 12 ноември 2024 година (вторник), определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања (редовен професор) за наставно-научната област *римско право* (со шифра: 5.05.00.20) на Правниот факултет при УГД – Штип, во следниот персонален состав:

- д-р Мирјана Поленак-Аќимовска (претседател) – редовен професор во пензија, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, област римско право;
- д-р Гоце Наумовски (член) – редовен професор, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, област римско право;
- д-р Игор Камбовски (член) – редовен професор, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, област граѓанско право.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Слободен печат“ двоброј 3264, стр. 22 (на македонски јазик) и весникот „Koha“ (на албански јазик) – на 5-6.10.2024 год. и во предвидениот рок, за делот 3.1. [Правен факултет – Наставник во сите звања за наставно-научна област римско право / 1 извршител] се пријави само еден кандидат:

- д-р Димитар Апасиев, вонреден професор на Правниот факултет при УГД.

Пријавата на кандидатот проф. д-р Димитар Апасиев по Конкурсот, со приемен бр. 0401-24/21 (од 10 октомври 2024 г.), поднесена во архивата на Правниот факултет, на ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А – 2000 Штип, е навремена, комплетна и уредна, а ја содржи следнава целосна документација дадена во прилози:

1. Важечка *Лична карта бр. М0856989* – во колор фотокопија [4 примероци];
2. *Извод од матична книга на родените бр. 08-2/788* (6.9.2011) – во фотокопија [4 примероци];
3. *Уверение за државјанство бр. 12.1.4.3/2-796* (7.10.2024) – во оригинал;
4. *Диплома за завршен прв циклус [додипломски] студии бр. 14927* (26.05.2010) – во оригинал и три нотарски заверени примероци [верни на оригиналот];
5. *Диплома за завршен втор циклус [постдипломски] студии бр. 152* - сер. бр. 00373 (18.06.2010) – во оригинал и три нотарски заверени примероци;
6. *Диплома за завршен трет циклус [докторски] студии сер. бр. 00007 - бр. 3845* (7.10.2015) – во оригинал и три нотарски заверени примероци;
7. *Уверение за положени испити на прв циклус студии бр. 33-6/98* (12.3.2009) – во четири нотарски заверени примероци;
8. *Уверение за положени испити на втор циклус студии бр. 09-5/1мм* (7.7.2010) – во четири нотарски заверени примероци;
9. *Уверение за положени испити на трет циклус студии бр. 100/30* (20.4.2015) – во четири нотарски заверени примероци;

10. Потврда за познавање странски / англиски јазик, т.е. *Меѓународен сертификат Cambridge Certificate of Preliminary English № 0044216090* (13.5.2014) – во четири нотарски заверени примероци;

11. Целосен *Список на објавени рецензирани [научни и стручни] трудови* во референтна научна публикација, согласно со ЗВО – во четири примероци;

12. *Извод од сите прикачени трудови* на UGD Academic Repository – во четири примероци;

13. По еден примерок од *објавените рецензирани трудови* од последните пет години пред објавување на огласот (во оригинал и/или во фотокопија), достапни и на Е-репозиториум;

14. *Кратка професионална биографија* (Curriculum vitae – наративна верзија со слика) – во четири примероци;

15. Детално *професионално портфолио* (со досегашно работно искуство и позиции во кариерата) – во еден примерок;

16. *Одлука на ННС за ментор бр. 1102-127/8* (25.10.2021) – во четири примерока;

17. Три *одлуки на ННС за член на Комисија за јавна одбрана на дипломска работа бр. 1103-115/1, 1103-115/2* (16.8.2024) и *1103-119/1* (19.8.2024) – од сите по четири примероци;

18. Претходна *Одлука за избор во звање доцент бр. 1102-237/3* (17.9.2015) – во четири примерока;

19. Претходна *Одлука за избор во звање вонреден професор бр. 1102-55/3* (7.4.2020) – во четири примерока;

20. *Анекс на Договорот за вработување бр. 05061/125* (1.10.2020) – за ангажман во настава;

21. Магистерска теза *„Јавноправни институти на Римското право реципирани во денешните правни системи“* (2010) – во еден укоричен примерок [со спирала];

22. *Докторска дисертација* „Iudicia publica - Римското кривично процесно право“ (2015) – во еден укоричен примерок [со спирала];

23. Монографија *Семејно насилство* (2020) - коавтори: С. Стојановски, О. Кошевалиска, Е. Максимова, М. Шутова и Б. Тодорова; Штип: Универзитет „Гоце Делчев“ – во еден укоричен примерок [со спирала];

24. Универзитетски учебник *Римско право* (2024), Штип: УГД, Е-библиотека – во еден укоричен примерок [со спирала];

25. Дополнителни *сертификати, пофалници, признанија, уверенија* и *благодарници* за учество на настани, манифестации, симпозиуми и конференции (во земјава и во странство) за последните пет години – вкупно 11 на број [во колор-копии].

Врз основа на вака приложената детална и веродостојна документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при УГД да му го поднесеме следниов рецензентски реферат, односно:

**И З В Е Ш Т А Ј**

I. ***Биографски податоци***

Кандидатот д-р Димитар Апасиев е роден на 22 септември 1983 година во Велес, каде што завршува основно и средно гимназиско образование (*општа насока*) – со континуиран одличен успех 5.00, во сите учебни години.

Во 2009 г. завршува прв циклус редовни четиригодишни додипломски

студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" при најстариот и прворангиран Државен универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, отсек *Правни студии* (уставно-правна група) и се стекнува со стручен назив дипломиран правник. Во 2010 г. завршува втор циклус на постдипломски [мастер] студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" при УКИМ – Скопје, насока *Римско право и приватно-правна традиција* (Модул А: Римско право) и успешно ја одбранува магистерската теза со наслов: „Јавно-правни институти на римското право реципирани во денешните правни системи" под менторство на проф. д-р Владо Бучковски – по што се стекнува со називот магистер по право [Master of Laws, LL.M.]. Во 2015 г. завршува трет циклус докторски студии на Правниот факултет „Јустинијан Први", УКИМ – Скопје (Институт за правно-историски науки – Потпрограма: *Римско право*) и, како докторски кандидат под менторство на проф. д-р Билјана Поповска, успешно ја брани својата докторска дисертација „Iudicia publica – Римското кривично-процесно право (со посебен осврт на правосудниот систем во време на Републиката)" – по што се стекнува со научен степен доктор на правни науки од областа на римското право [PhD].

Неговиот постигнат континуиран просечен успех на прв, втор и трет циклус студии е 10.00 (десет) – без ниту еден преполаган испит во текот на школувањето. Како првенец на повеќе генерации, носител е на наградите: *Златен Цицерон* како двократен апсолутен победник на традиционалните Ораторски вечери „Иво Пухан"; Златен Јустинијан / *Плакета Јустиција* за најдобар постигнат успех на правни студии (cum laude); јубилејната Деветтоноемвриска *награда проф. д-р Ѓорѓи Шоптрајанов* за најдобар студент на Општина Велес и уште десетина други.

Бил на студиски престој на најдобриот руски државен универзитет „Ломоносов" (Москва). Бил стипендист на European Public Law Center - Kikones Programme за млади правници (една година); потоа на Фондацијата за талентирани студенти „Коле Неделковски" (две години); на Министерството за образование и наука на Република Македонија (четири години); како и на Россотрудничество (Программа: Новое Поколение).

Пет години бил демонстратор на Правниот факултет при УКИМ во Скопје; три години бил помлад асистент, една година бил асистент-докторанд на Правниот факултет при УГД во Штип, пет години бил доцент на истиот факултет, а моментно е биран во звањето вонреден професор.

Учествувал во неколку научноистражувачки проекти и досега има објавено 15 книги и монографии, некои во коавторство со наши видни професори и академици; како и над 80 статии, односно, научни и стручни трудови, поглавја, прикази на книги, истражувачки студии и есеи. Има преведено и редактирано десетици стручни текстови за разни општествени теми од светски познати теоретичари – и тоа од англиски, руски, бугарски и српско-хрватски јазик.

Во текот на својата богата академска кариера има учествувано на 100-тина научни расправи, симпозиуми, стручни собири, конференции, средби, смотри, семинари, летни и зимски школи, кампови, промоции, обуки, презентации, работилници, трибини, панел-дискусии, тркалезни маси, дебати и јавни расправи од различни области на правото – во земјава и во странство (Русија, Турција, Грција, Хрватска, Србија, Бугарија, Италија) – кои детално се наведени во професионалното *Портфолио* доставено во прилог на биографијата, т.е. CV.

Пред и по полагањето на правосудниот испит, тој е член на повеќе работни тела, експертски комисии, мрежи, стручни платформи и бази на податоци,

со креирани професионални акаунти и open-access профили. Бил *правен консултант* и советник за цивилноправни прашања на неколку правосудни државни органи, адвокатски канцеларии, синдикати, граѓански здруженија, неформални активистички иницијативи, организации и општествени движења; а негови ставови и коментари за важни општествено-политички прашања – во форма на писма, изјави, интервјуа, колумни и академски блогови – се објавени скоро во сите македонски пишани и електронски медиуми.

Негов научен интерес првенствено е правната романистика, правната византологија, правно-историските, теориско-јуриспруденцијалните и јавно-правните науки, како и останати сродни јуристички дисциплини.

Бил избран за пратеник во Собранието на Република С. Македонија, во два последователни мандата (2020 и 2024), а бил и претседател на парламентарната Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот.

II. ***Општи услови за избор во звање редовен професор***

Согласно со чл. 166, ст. 3 од *Законот за високото образование* (Сл. весник на РМ бр. 82/2018 и 154/19, 178/21, 58/24) – Глава XI, Оддел 2 – кандидатот кумулативно ги исполнува сите таксативно наброени и законски предвидени услови за избор во наведеното наставно-научно звање редовен професор – и тоа:

**1.** Остварен просечен успех од најмалку *8,00 (осум)* на студиите на прв и втор циклус, за секој циклус посебно: кандидатот Апасиев има просек од чиста десетка во сите три циклуси на студии (10.00 во додипломски, 10.00 во постдипломски и 10.00 во докторски студии – т.е. во прв, втор и трет циклус соодветно);

**2.** Научен степен доктор на науки од научната област за која се избира: кандидатот Апасиев е доктор по *римско право* од јануари 2015 година, со издадена и свечено доделена диплома во април 2015 г. – за стекнат научен степен доктор на правни науки од областа на римското право;

**3.** Претходен избор во наставно-научно звање: Апасиев претходно бил биран во звањето вонреден професор по римско право на Правниот факултет при УГД, со *Одлука за избор во звање вонреден професор на ННС бр. 1102-55/3* (7.4.2020);

**4.** Способност за изведување на високообразовна дејност: Апасиев, во изминатите академски години, има неколку позитивни оценки од студентите по спроведена интерна *самоевалуација*;

**5.** Објавени најмалку шест рецензирани научни трудови во референтна научна публикација – во последните пет години пред објавување на Огласот за избор: Апасиев од изборот во помлад асистент досега има објавено повеќе од 70-на трудови, а во последните пет години, т.е. од изборот во вонреден професор (2020) до денес има објавено точно *шест статии* кои ги исполнуваат законски услови и стандарди (во периодики со меѓународен уредувачки одбор), а се уредно депонирани и во Е-репозиториумот на УГД, но истите се достапни и на следниве платформи – дадени со линкови:

*ORCID.org* (https://orcid.org/my-orcid?orcid=0009-0004-2617-9667);
*UGDScholar* (http://scholar.ugd.edu.mk/dimitarapasiev);
*GoogleScholar* (https://scholar.google.com/citations?user=veJkRD8AAAAJ&hl=en);
*AcademiaEdu* (http://ugd.academia.edu/DimitarApasiev);
*ResearchGate* (https://www.researchgate.net/profile/Dimitar_Apasiev/);
*UGD Academic Repository* (https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/641).

| Ред. бр. | Автор/и | Наслов на труд | Списание / публикација | Година на објавување |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Апасиев Димитар | *Византискатa „Еклога“ – иконоборскиот бревијар на Јустинијановите закони* | Зборник на трудови од Единаесеттата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Правен факултет, УГД, Штип; ISBN: 978-608-277-076-5; УДК: 340.136:27(495.02)”07” 340.136:39(495.02)”07”; стр. 49–65 | 2024 |
| 2. | Апасиев Димитар | *Codex Theodosianus – првата државна кодификација на римскиот поредок на leges* | Зборник на трудови од Единаесеттата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Правен факултет, УГД, Штип; ISBN: 978-608-277-076-5; УДК: 34(37)(091) 340.134(37)”438”; стр. 13–48 | 2024 |
| 3. | Апасиев Димитар | *Јустинијановите „Институции“ – првиот византиски правен учебник со законска сила* | Годишен зборник [со меѓународен уредувачки одбор], Правен факултет, Државен универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2023; Yearbook 2023 - Faculty of Law, Goce Delcev University – Stip; Volume XIII, Год. 13, 2023; ISSN: 1857-8713; УДК: 34(37)(091); стр. 11–29 | 2023 |
| 4. | Апасиев Димитар | *Домашните семејни судења во старото Римско право* | Годишен зборник [со меѓународен уредувачки одбор], Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2022; Yearbook 2022 - Faculty of Law, Goce Delcev University – Stip; Volume XII, Год. 12, 2022; ISSN: 1857-8713; УДК: 340.141(37), 343.8:316.812.35(37), 343.8:392.31(37); стр. 15–24 | 2022 |
| 5. | Апасиев Димитар | *Corpus Iuris Civili Romani – контроверзите при создавањето на Јустинијановата кодификација* | Годишен зборник [со меѓународен уредувачки одбор], Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2021; Yearbook 2021 - Faculty of Law, Goce Delcev University – Stip; Volume XI, Год. 11, 2021; ISSN: 1857-8713; УДК: 34(37); стр. 21–30 | 2021 |
| 6. | Апасиев Димитар | *Формално-правните причини поради кои т.н. „Закон за јазици“ не е закон* *(Case Study)* | Годишен зборник [со меѓународен уредувачки одбор], Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2020; Yearbook 2020 - Faculty of Law, Goce Delcev University – Stip; Volume X, Год. 10, 2020; ISBN: 1857-8713; УДК: 81`272:340.13(497.7) 81`272:340.13 ]:342.565.2(497.7); стр. 15–22 | 2020 |

III. ***Посебни услови за избор во звање редовен професор***

Согласно со чл. 10, ст. 3 од *Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип* (Универзитетски гласник на УГД бр. 50 / јули 2021, со ознака ОНУ.ПРВ.01, Верзија 05), кандидатот кумулативно ги исполнува сите статутарни и правилнички предвидени подзаконски услови за избор во наведеното звање – и тоа:

**1.** Објавен рецензиран универзитетски учебник или монографија: Кандидатот Апасиев, во последните пет години, има објавено и учебник и монографија:

а) *Римско право – учебник* (2024); Објавен на Е-библиотека; бесплатно електронско издание на Државниот универзитет „Гоце Делчев" – Штип; ISBN: 978-608-277-074-1; линк: www.e-lib.ugd.edu.mk/1209 [218 стр.]; и

б) *Семејно насилство* (колегијална монографија) / 2020; коавтори: Страшко Стојановски (ур.), Олга Кошевалиска, Елена Максимова, Милица Шутова и Билјана Тодорова; Универзитет „Гоце Делчев" – Штип; ISBN: 978-608-244-749-0 [206 стр.].

**2.** Под негово менторство да се изработени дипломски трудови, магистерски тези или докторски дисертации: Апасиев бил ментор при изработка на дипломски трудови од областа римско право на редовни студенти на УГД во академската 2021/2022 (пр. студент Мики Крстев со одобрен наслов од ННС: „Амбитускаата квесција во римското кривично право и во современото антикорупциско законодавство – историско-компаративна анализа" / од 21.10.2021 год.).

**3.** Учество или раководење со научноистражувачки проекти: во периодот кој е од наш интерес (2020-2024) Апасиев бил учесник во академскиот проект „Европската Унија и С. Македонија: правно-политички предизвици за евроинтеграциските процеси" – научноистражувачки проект основан во рамките на Правниот факултет при УГД - Штип, со *Одлука на ННС бр. 1102-76/12* (12.4.2024) / раководител: проф. д-р Ана Никодиновска Крстевска – проректор.

**4.** Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници:

а) Рецензент

* 2023–2020 = Рецензент на трудови објавени во *Годишниот зборник на Правниот факултет при УГД* – од областа на правната историја и правната романистика, УГД, Штип;

* 2022–2020 = Рецензент на трудови во Меѓународното научно списание *Student Social Science Journal* (SSSJ), Правен факултет, УГД, Штип.

б) Координатор / раководител / обучувач / тренер

* 2020 = Основач и *раководител* на првата Правна клиника за примарна бесплатна правна помош, Правен факултет, УГД, Штип (со акредитација и лиценца од надлежното Министерство за правда);

* 2024–2020 = Комисионер, т.е. *член на стручна Жири-комисија* на традиционалните Ораторски вечери на Правниот факултет при УГД, Штип.

**5.** Има остварено минимум 100 поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето (НО=40 + НИ=45 + САОР=15): кандидатот Апасиев, во последните пет години пред изборот, има остварено вкупна актива од 262,5 (со букви: двесте шеесет и два) поени од релевантната и актуелно важечка *Табела на активности за бодување* – по сите основи [НО=40 + НИ=73 + САОР=149,5].

IV. ***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност (НО + НИ)***

**1. Движење во наставата и изборни постапки**

Кандидатот Апасиев пет учебни години по ред (2005-2010) бил демонстратор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ – Скопје, по предметите *Римско право* [прв циклус студии] и *Реторика* [втор циклус студии].

Три академски години (2011-2014) бил помлад асистент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, држејќи настава, т.е. вежби по следниве матични предмети: *Римско право* (прва година, II семестар); *Историја на правото* (прва година, I семестар); *Философија на правото* (трета година, VI семестар); како и по *Уставно право* (прва година, I семестар); *Правосуден систем* (прва година, I семестар); *Локална самоуправа* (втора година, IV семестар); *Семејно право* (втора година, IV семестар) и *Облигационо право* (втора година, IV семестар).

Една академска година (2014-2015) бил асистент-докторанд на Правниот факултет при УГД во Штип, држејќи настава, т.е. предавања под надзор и вежби по предметите: *Римско право* (прва година, II семестар); *Историја на правото* (прва година, I семестар); *Философија на правото* (трета година, VI семестар); *Уставно право* (прва година, I семестар); *Правосуден систем* (прва година, I семестар); *Локална самоуправа* (втора година, IV семестар); *Граѓанско процесно право* (трета година, VI семестар) и *Граѓанско право – Применета програма* (четврта година, VIII семестар).

Пет академски години (2015-2020) бил доцент на Правниот факултет во Штип, држејќи настава по предметите: *Римско право* (прва година, II семестар); *Историја на правото* (прва година, I семестар); *Философија на правото* (трета година, VI семестар); *Правосуден систем* (прва година, I семестар) и *Реторика и правна аргументација* (втора година, IV семестар).

Пет академски години (2020-2025) бил вонреден професор на Правниот факултет во Штип, каде што – и покрај мирувањето на работниот однос, како „избрано лице на јавна функција“ – pro bono држел настава по предметите во прва студиска година на додипломските правни студии: *Историја на правото* (прва година, I семестар) и *Римско право* (прва година, II семестар).

**2. Учество на симпозиуми во земјава и во странство – научни конференции, тркалезни маси, работилници, школи, предавања и сл.**

* 2024 = XI$^{th}$ International Scientific Conference *Social Change in The Global World*, State University 'Goce Delcev' – Stip, Faculty of Law, Center for Legal and Political Research, Ceremonial Hall, Stip [со добиен сертификат за учество];

* 2024 = *Cooperative Multypolar System: In Quest For New World Order*; International Scientific Conference, State University “Ss. Cyril and Methodius” (Faculty of Philosophy) & Global Changes Center (GCC); Skopje, Hotel Aleksandar Palace;

* 2022 = *Механизми за парламентарен надзор над заложбите на Република Македонија за почитување на човековите права* – Презентација на Календарот на активности на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот; ОБСЕ, х. Александар Палас, Скопје;

* 2020 = Forum *“China and the Western Balkans: Perspectives and Prospects in the New Era“* – Albanian Institute for Globalization Studies (AIGS) & Global Changes Center (GCC); Skopje, Hotel Arka.

**3. Објавени книги, монографии и универзитетски учебници**

* 2024 = *Римско право – учебник*; објавен на Е-библиотека; бесплатно електронско издание на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип; ISBN: 978-608-277-074-1; Линк: www.e-lib.ugd.edu.mk/1209 [218 стр.];

* 2020 = *Семејно насилство* (колегијална монографија); коавтори: Страшко Стојановски (ур.), Олга Кошевалиска, Елена Максимова, Милица Шутова и Биљана Тодорова; Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип; ISBN: 978-608-244-749-0 [206 стр.].

**4. Кратка научна евалуација на научните трудови – посебно за последните пет години (од последниот избор)**

* 2024 = *Византиската „Еклога“ – иконоборскиот бревијар на Јустинијановите закони*; УДК: 340.136:27(495.02)»07» 340.136:39(495.02)»07»; Зборник на трудови од Единаесеттата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Правен факултет, УГД, Штип; ISBN: 978-608-277-076-5; стр. 49–65. Трудот се занимава со еден важен аспект на правно-историската проблематика за познатата византиска Еклога (грч. *ΕΚΛΟΓΗ ΤΩΝ ΝΟΜΩΝ*; лат. *Ecloga legum – Leonis et Constantini* / VIII век) или, во превод, *Изборот на законите* на источно-римските императори Лав III и син му Константин V. Ова императорско законодавно дело, односно царски бревијар, т.е. прирачник за судско-управна пракса – кое, во изворите, уште се среќава и под називот „Исавриска Еклога“ – впрочем, е своевиден скратен извод од Јустинијановите закони, но во модернизиран и хуманизиран облик. Иако Еклогата поаѓа од Римското право, кое за вечни времиња останало основа на византискиот правен живот, таа сепак се обидува да го измени во правец на „поголемо човекољубие“, притоа модифицирајќи го во насока на приспособување на тогашните општествено-економски услови, како и на христијанските начела. И навистина, аналитички земено, таа значително отстапува од т.н. *Јустинијаново право* – од една страна поради примесите на црковното / канонско право; а од друга страна, поради влијанието на локалните источни / азиски, т.е. народни обичаи на поданиците кои живееле на различни краишта на огромната Византиска Империја. Поконкретно, авторот на трудот прави обид за расветлување на низа значајни прашања на правната романистика од т.н. прв византиски период, а кои се однесуваат на: важноста, значењето, доносителите, начинот на создавање, јазикот, структурата / содржината, територијалното важење и преводите на оваа постјустинијанова правна компилација, подготвена за време на т.н. еретички цареви. Конечно, треба да се потенцира фактот дека, кон крајот на трудот, авторот прави пионерски обид, за прв пат на македонски јазик, интегрално да го преведе предговорот, т.е. воведниот дел, односно „преамбулата“ на Еклогата – којашто му претходи на нормативниот текст, а е пишувана во еден мошне свечен, панегиричен и химничен тон.

* 2024 = *Codex Theodosianus – првата државна кодисфикација на римскиот поредок на leges*; УДК: 34(37)(091) 340.134(37)»438»; Зборник на трудови од Единаесеттата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Правен факултет, УГД, Штип; ISBN: 978-608-277-076-5; стр. 13–48. Трудот се занимава со еден важен аспект на правно-историската проблематика за познатиот *Теодосиев кодекс* (*Codex Theodosianus* / V век), како прва државна

кодификација на римскиот правен поредок на leges, кој често неоправдано е во истражувачка сенка на подоцнежната т.н. Јустинијанова кодификација (*Corpus Iuris Civilis Romani* / VI век). Поконкретно, авторот прави обид за расветлување на низа значајни прашања на правната романистика од т.н. доцно-римски или рано-византиски период, а кои се однесуваат на: важноста, значењето, начинот на создавање, јазикот, структурата, начинот на цитирање, територијалното важење и преписите / ракописите на оваа предјустинијанова кодификација на законите донесени од т.н. „христијански цареви", а подготвена за време на источно-ромејскиот император Теодосиј Втори. Меѓу другото, од аспект на содржината, интересно е тоа што за првпат се преведени од латински на македонски јазик сите достапни наслови / титулуси на сите 16 книги на Кодексот! Кон крајот на трудот, авторот прави пионерски обид, повторно за првпат на македонски јазик, интегрално да ја преведе *Одлуката на Сенатот на Градот Рим за објавување на Теодосиевиот кодекс* (лат. *Gesta Senatus Romani de Theodosiano publicando* / 438), како и царската *Конституција за конситуционариите* (*Constitutio de constitutionariis* / 442) – кои, пак, се сметаат како своевиден вовед, односно предговор, т.е. „преамбула" на Теодосиевиот кодекс.

* 2023 = *Јустинијановите „Институции" – првиот византиски правен учебник со законска сила*; УДК: 34(37)(091); Годишен зборник [со меѓународен уредувачки одбор], Правен факултет, Државен универзитет „Гоце Делчев" – Штип, 2023; Yearbook 2022 - Faculty of Law, Goce Delcev University – Stip; Volume XIII, Год. 13, 2022; ISSN: 1857-8713; стр. 11–29. Трудот се занимава со еден важен аспект на правно-историска проблематика за т.н. Јустинијанова кодификација (лат. *Corpus Iuris Civilis Romani*), која го опфаќа правното наследство на целокупното Римско право. Поконкретно, авторот прави обид за расветлување на низа значајни прашања на правната романистика кои се однесуваат на: начинот на создавање, структурата, содржината, важноста, значењето, важењето и начинот на цитирање на познатите „Институции" на источно-ромејскиот, т.е. византискиот император Јустинијан Први Велики (VI век). Меѓу другото, даден е и посебен осврт на реформата во високото правно образование во Византија, со акцент на правните студии кои се одвивале на тогашните две најдобри државни Високи правни школи – онаа во Бејрут и онаа во Константинопол. Кон крајот на трудот, авторот прави пионерски обид, за прв пат на македонски јазик, да ја преведе царската конституција *Imperatoriam maiestatem* (од 21 ноември 533 год.) која се смета за своевиден вовед, односно предговор или „преамбула" на институциите.

* 2022 = *Домашните семејни судења во старото Римско право*; УДК:340.141(37), 343.8:316.812.35(37), 343.8:392.31(37); Годишен зборник [со меѓународен уредувачки одбор], Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, 2022; Yearbook 2022 - Faculty of Law, Goce Delcev University – Stip; Volume XII, Год. 12, 2022; ISSN: 1857-8713; стр. 15–24. Трудот се занимава со проблематиката на т.н. семејно правосудство во Рим, како архаичен облик на приватно судење, кои природно се јавил на самите почетоци на римското процесно право. Поподробно се обработени „агнатските судови", односно т.н. домашно / куќно судство; како и „когнатските судови", односно т.н. фамилијарно / роднинско судство. Посебно е ставен акцент на судењето на жената и на судењето на децата, кои биле под власта на pater familias-от, а дадени се и одломки од старите автори кои се однесуваат на процесирањето и на казнувањето на т.н. фамилијарни злодела, од кои како најекстремен случај се сметало „таткоубиството" (лат. *parricidium*).

* 2021 = *Corpus Iuris Civili Romani – контроверзите при создавањето на Јустинијановата кодификација*; УДК: 34(37); Годишен зборник [со меѓународен уредувачки одбор], Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2021; Yearbook 2021 - Faculty of Law, Goce Delcev University – Stip; Volume XI, Год. 11, 2021; ISSN: 1857-8713; стр. 21–30. Авторската намера кај овој труд, кој барем во македонски услови е пионерски за темата на која се однесува, е преку еден историско-компаративен и логичко-телеолошки пристап да го истражи досега запоставеното прашање: Како е можно, за толку кратко време (околу шест години) да се создаде едно вакво грандиозно правно дело, како што е Corpus Iuris Civilis на Јустинијан Први, кое е скоро трипати поголемо од Библијата, односно од христијанското *Свето Писмо*, т.е. од Стариот и Новиот Завет заедно? Авторот, скромно и непретенциозно, додава длабочина на она што досега беше разочарувачки плитка дебата за начинот и приликите во кои всушност настанала прочуената т.н. „Јустинијанова кодификација“ (VI век). Притоа, главната линија на аргументација е дека правниците-компилатори, кои тогаш биле повикани да го сработат ова монументално кодификаторско дело, се потпирале на солидна граѓа од веќе претходно создадени законици и правни збирки кои, пак, биле користени при правната едукација на Високите правни школи кои постоеле низ тогашниот Источен дел на Империјата.

* 2020 = *Формално-правните причини поради кои т.н. „Закон за јазици“ не е закон (Case Study)*; УДК: 81`272:340.13(497.7) 81`272:340.13]:342.565.2(497.7); Годишен зборник [со меѓународен уредувачки одбор], Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2020; Yearbook 2020 - Faculty of Law, Goce Delcev University – Stip; Volume X, Год. 10, 2020; ISBN: 1857-8713; стр. 15–22. Трудот е произлезен од серијата јавни настапи и стручни написи на авторот, пласирани низ пишаните и електронски медиуми и портали, а кои беа посветени на акцентирањето на неотстранливите правни пречки со кои се соочува октроираниот т.н. *Закон за употреба на јазиците* (2019). Впрочем, авторот е и еден од подносителите на Иницијативата пред Уставниот суд на РМ за поништување на овој противуставен и политички наметнат правен акт, кој по ниту еден принцип на јавното право (лат. *ius publicum*) не може да произведе правно дејство! Во овој труд авторот се задржува само на јуристичка аргументација на формално-правните причини поради кои овој контроверзен т.н. „закон“, донесен од страна на Собранието на РМ, а илегално објавен во „Службен весник на РМ“ без неопходниот претседателски потпис, не може да произведе никакво правно дејство, поради директна спротивност на процедурата во која е донесен со неколку важечки членови од Уставот на Република Македонија (1991) и неговите амандмани; потоа од Законот за Собранието на РМ (2009), Законот за објавување на законите и другите прописи во Службен весник на РМ (1999), како и од Деловникот на Собранието на РМ (2008).

## V. *Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност (СА + ОР)*

### 1. Јавни расправи

* 2024 = Јавна расправа на тема: *Родова еднаквост на жените од руралните средини преку нивна инклузија на пазарот на труд* – парламентарна Комисија за еднакви можности на жените и мажите, Сала „Борис Трајковски“, Собрание на РМ;

* 2021 = Јавна расправа на подготвителна седница по повод Иницијативата за оценување на уставноста на *Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија*; Уставен суд на РМ (Сала за седници), Скопје;

* 2021 = Јавна расправа на подготвителна седница по повод Иницијативите за оценување на уставноста и законитоста на указите за прогласување на *Законот за ратификација на т.н. Преспански договор и т.н. Закон за употреба на јазиците*; Уставен суд на РМ (Сала за седници), Скопје.

**2. Членство во научни мрежи, стручни платформи и бази на податоци (со креирани акаунти и професионални профили):**

* од 2024 = *ORCID.org* (https://orcid.org/my-orcid?orcid=0009-0004-2617-9667);
* од 2014 до денес = *Nauka.mk* (http://www.nauka.mon.gov.mk);
* од 2013 до денес = *UGDScholar* (http://scholar.ugd.edu.mk/dimitarapasiev);
* од 2013 = *GoogleScholar* (http:/scholar.google.com/citations?user=PmKeLxkAAAAJ&);
* од 2012 до денес = *AcademiaEdu* (http://ugd.academia.edu/DimitarApasiev);
* од 2012 = *ResearchGate* (https://www.researchgate.net/profile/Dimitar_Apasiev/);
* од 2012 = *UGD Academic Repository* (https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/641);
* од 2012 до денес = *AkademLink* (http://www.academlink.com/profile/Apasiev);
* од 2012 до денес = *Balkan Academic News* – Centre for Southeast European Studies (University of Graz, Austria).

**3. Членство во факултетски органи, тела и комисии, одбори, делегации или работни групи**

* 2024–2016 = Член на *Уредувачкиот одбор* (International Editorial Board) на меѓународното научно списание Student Social Science Journal (SSSJ), во издание на Правниот факултет при УГД, Штип;
* 2024–2015 = Претседател и член на *Комисии за полагање испити* по сродни предмети на Правниот факултет при УГД, Штип;
* 2024–2020 = Член на *Жири-комисија* на Ораторските вечери на Правниот факултет при УГД, Штип;
* 2024–2020 = *Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот*, како постојано работно тело на Собранието на РМ (член и претседател);
* 2024 = член на *Парламентарната група* на Собранието на РМ за соработка со Парламентот на Народна Република Кина;
* 2024 = член на *Парламентарната група* на Собранието на РМ за соработка со Парламентот на Руската Федерација;
* 2024 = член на *Парламентарната група* на Собранието на РМ за соработка со Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска;
* 2024 = член на *Интерпартиската парламентарна група* за правата на лицата со посебни способности (2024-2028);
* 2024 = член на *Интерпартиската парламентарна група* за правата на едно родителските семејства и самохрани родители;
* 2024 = Член на *Комисии за одбрана на дипломски трудови*, Правен факултет при УГД, Штип;

* 2024–2022 = член на ресорската *Оперативна работна група*, како претставник на Собранието на РМ, за отпочнување на процесот на кодификација на правото и правниот поредок во Р. Македонија (Министерство за правда);
* 2024–2021= член на *Интерпартиската парламентарна група* за заштита на природата и борба против загадувањето и климатските промени;
* 2024–2021= член на *Интерпартиската парламентарна група* за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во РМ (2024-2028);
* 2023–2021 = член на *Работната група* за учество во дијалогот „Жан Моне“ за подготовка на нов Деловник на Собранието на РМ;
* 2021 = Претседател и член на *Комисија за одбрана на магистерска теза*, Правен факултет при УГД, Штип.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на деталната анализа на приложената обемна документација, како и врз основа на личното познавање и можност за непосредна повеќегодишна професионална соработка, Рецензентската комисија, во својата завршна евалуација, едногласно констатира дека единствениот пријавен кандидат – проф. д-р Димитар Апасиев, од вработувањето на Правниот факултет при УГД до денес, активно и успешно бил вклучен во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност на оваа високообразовна институција, како и во нејзината промоција во јавноста – а конкретниот придонес и научно-стручниот развој на кандидатот Комисијата го вреднуваше и верификуваше преку квантифицирањето, т.е. реалното бодување на неговите перманентни активности, согласно со освоените поени во табелите кои се составен дел на *Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип* [вкупно: 262,5 поени].

Комисијата цени дека кандидатот Апасиев покажува перманентен интерес и желба за научно напредување, истакнувајќи се со темелна посветеност, обемна педагошка активност и висок степен на знаење и експертиза во областа на правната романистика – континуирано потврдувајќи ја својата стручност, компетентност и системска ориентација кон материјата кој ја проучува. Согласно со изнесеното, а во склад со *Законот за високото образование* и со претходно цитираниот *Правилник* за избор во звања, бидејќи конкретниот кандидат беспрекорно ги исполнува сите таксативно наведени законски и подзаконски критериуми, како и општите и посебните услови за избор во повисоко звање – со искрено и особено задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при УГД, кандидатот вон. проф. д-р Димитар Апасиев да биде избран во звањето редовен професор за наставно-научната област *римско право* и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат на УГД за понатамошно продолжување на постапката, сè до конечниот избор на предложениот кандидат, согласно со законските рокови.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Мирјана Поленак-Аќимовска, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Гоце Наумовски, редовен професор, член, с.р.
Д-р Игор Камбовски, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Ред. бр. | *Наставно-образовна дејност (НО)* | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| 5. | Избор во звање вонреден професор | | | | | 40 |
| | ВКУПНО НО: | | | | | **40** |
| **Ред. бр.** | ***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности (НИ)*** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно: |
| 1. | Монографија или научна книга | 1 | 10 | | | 10 |
| 4. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | 4 | 9 | | | 36 |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во Зборник од трудови на научен собир | 2 | 2 | | | 4 |
| 10. | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| 12. | Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | | | 4 |
| 14. | Учесник на научен проект (максимум во три проекти) | 1 | 2 | | | 2 |
| 16. | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | 1 | 1 | | | 1 |
| 20. | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | 1 | 1 | | | 1 |
| 21. | Основач на научна лабораторија (Правна клиника) | 1 | 4 | | | 4 |
| 24. | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | 3 | 1 | | | 3 |
| | ВКУПНО НИ: | | | | | **73** |
| **Ред. бр.** | ***Стручно-апликативна дејност и ганизациско-развојна дејност (СА + ОР)*** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно: |
| 1. | Книга / учебник | 1 | 10 | | | 10 |
| 13. | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 1 | 5 | | | 5 |
| 17. | Елаборати и експертизи | 28 | 2 | | | 56 |
| 18. | Изготвување на извештаи од анализи | 5 | 0,1 | | | 0,5 |
| 22. | Претседател на универзитетски или владини тела | 1 | 10 | | | 10 |
| 26. | Раководител на катедра / оддел / центар | 1 | 3 | | | 3 |
| 27. | Член на универзитетски или владини тела | 11 | 5 | | | 55 |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија | 3 | 2 | | | 6 |
| 29. | Член на институтски орган, комисија | 2 | 2 | | | 4 |
| | ВКУПНО САОР: | | | | | **149,5** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ: (ОД СИТЕ ОБЛАСТИ)** | | | | | **262,5** |

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ НАУКА ЗА ХРАНА И ТЕХНОЛОГИЈА НА ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ (2.11.05.01) НА ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2302-109/7 донесена на 172. седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет, одржана на 8.11.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *наука за храна и технологија на прехранбени производи (2.11.05.01)* на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип во следниов состав:

- д-р Сања Костадиновиќ-Величковска, редовен професор (наставно-научна област прехранбено инженерство) на Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, претседател;
- д-р Гроздан Караџов, редовен професор (наставно-научна област прехранбени технологии, на Технолошки факултет, Универзитет за прехранбени технологии во Пловдив, Р. Бугарија, член;
- д-р Николај Пенов, редовен професор (наставно-научна област прехранбени технологии) на Технолошки факултет, Универзитет за прехранбени технологии во Пловдив, Р. Бугарија, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“ на 5-6.10.2024 година и во предвидениот рок со комплетна документација се пријави еден кандидат - д-р Марија Менкиноска.

Пријавата ја разгледавме внимателно и утврдивме дека кандидатката д-р Марија Менкиноска на распишаниот Конкурс уредно, навремено и во целост ги има доставено сите документи:

- Пријава;
- Кратка биографија (4 примероци);
- Диплома за завршени додипломски студии (заверена кај нотар);
- Диплома за завршени специјалистички студии (заверена кај нотар);
- Диплома за завршен втор циклус студии (заверена кај нотар);
- Диплома за одбранета докторска дисертација (заверена кај нотар);
- Примерок од објавените трудови;
- Сертификат за познавање на англиски јазик;
- Уверение за државјанство.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

***Биографски податоци***

Д-р Марија Менкиноска е родена на 29.5.1977 во гр. Гоце Делчев, Република Бугарија, каде што завршува основно и средно образование.

По завршување на средното образование се запишува на Универзитет

„Св. Кирил и Методиј" во Скопје на Технолошко-металуршки факултет како стипендист на Македонската Влада.

По дипломирањето во 2003 год. се стекнува со звање дипломиран инженер технолог. Во 2008 год. кандидатката се запишува на специјалистички студии на Природно-математички факултет, Институт за биологија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје. Специјализира во 2010 год. на тема „*Антиоксидативни ензими кај пациенти зависни од алкохол и дрога*", со просечен успех 9.16.

Во учебната 2010/2011 година кандидатката своето образование го продолжува на магистерски студии на Природно-математички факултет, Институт за биологија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје. Во 2011 год. магистрира на тема „*Ефектите од третманот со фортифициран леб врз еритропоезата кај WISTAR стаорци*", со просечен успех 9,00 и се стекнува со звање магистер по биолошки науки.

Во учебната 2011/2012 година кандидатката своето образование го продолжува на докторски студии на Природно-математички факултет, Институт за биологија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје. На 14.7.2015 година Марија Менкиноска успешно ја одбранува докторската теза со наслов „*Влијанието на храна добиена со почвено-фолијарна биофортификација со цинк и железо врз хематопоезата кај бел лабораториски стаорец*" и со тоа се стекнува со степен доктор биолошки науки.

Пред да ја започне својата академска кариера на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, кандидатката се стекнала со работно искуство во повеќе македонски и странски фирми. Во 2009-2013 год. е вработена на Технолошко-технички факултет во Велес како лаборант, а во периодот од 2013-2017 е советник за настава и наука.

Во февруари 2017 год. со Одлука 02-126/3 на 17.2.2017 г. е избрана за насловен доцент на Технолошко-технички факултет во Велес при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола за наставно-научните области биологија, биохемија и друго.

Од јули 2023 г. со Одлука 210.07/2023 на 5.7.2023 г. е избрана за вонреден професор на Меѓународен балкански универзитет на Факултетот по дентална медицина, за наставно-научните области биологија, биохемија и друго.

Трудовите за избор во насловен доцент на д-р Марија Менкиноска се евалуирани и објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, бр. 424 од 1.2.2017 год., стр. 34-44, и истите не се земени предвид во овој Извештај.

Трудовите за избор во вонреден професор на д-р Марија Менкиноска се евалуирани и објавени во Билтенот на Меѓународен балкански универзитет бр. 31 од 14.6.2023 год., стр. 51-59.

**Општи услови за избор**

***Д-р Марија Менкиноска ги исполнува законските и подзаконските услови за избор во звање вонреден професор и тоа:***

Д-р Марија Менкиноска има научен степен доктор по биолошки науки.

Со Одлука бр. 210.07/2023 на 5.7.2023 год. е избрана за вонреден професор на Меѓународен балкански универзитет на Факултетот по дентална медицина, за наставно-научните области биологија, биохемија и друго.

Има објавени најмалку пет рецензирани научни трудови во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавување на огласот за избор од соодветната област во меѓународни списанија или меѓународни научни публикации:

**Список на објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација во последните пет години:**

| Бр. | Автор/и. | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Marija Menkinoska**, Angelina Stredovska Bozhinov, Sasko Martinovski, Tatjana Blazevska, Zlatin Zlatev, Goce Menkonoski | Soil-foliar Biofortification of Wheat with Zinc and Iron -Self-explanatory Model | International Journal of Engineering and Science Invention (IJESI) ISSN (Online): 2319-6734, ISSN (Print): 2319-6726 www.ijesi.org \|Volume 13 Issue 1 January (2024) PP 26-35 | 2012 |
| 2. | Tatjana Pavlova, Zlatin Zlatev, **Marija Menkinoska,** Tatjana Blazevska, Zora Uzunoska | Nutritional status and lifestyle as factors for obesity and malnutrition in adolescents in Macedonia | Journal of Hygienic Engineering and Design *Original scientific paper* Vol. 41, pp. 11-22. (2022) https://keypublishing.org/jhed/ | 2012 |
| 3. | T. Blazhevska, **M. Menkinoska**, V. Pavlova1, V. Stamatovska, G. Cilev, S. Stojanovski, N. Dimovska | Microbiological characteristics and hygienic-sanitary aspect of the water from Black River in the Pelagonija region-North Macedonia | Bulgarian Journal of Soil Science Agrochemisty and Ecology, Volume 55, No 1, 2021 ISSN 2534-9864 (On-line) DOI: 10.61308/ADKZ4530 https://soilscience-bg.org/page/en | 1966 |
| 4. | Indrit Loshi, Valon Shala, Arsim Elshani, Astrit Bilalli, Burel Cenaj, Vesna Antoska Knights, Tatjana Blazevska**,** **Marija Menkinoska** | Presence of listeria monocytogenes, escherichia coli and salmonella spp. in processed meat in Kosovo | Journal of Hygienic Engineering and Design Journal of Hygienic Engineering and Design, Vol. 37, (2021) https://keypublishing.org/jhed/ | 2012 |
| 5. | Z. Uzunoska, **M. Menkinoska**, N. Trajcheska, T. Blazeska, T. Kalevska | The effect of quercetin on diabetes complications | HORIZONS INTERNATIONAL SCIENTIFIC JOURNAL Series B Year XIII Vol. 6 Bitola ISSN 1857-9892 (2020) DOI 10.20544/HORIZONS.B.05.1.20.P01 UDC: 616.379-008.64-06-085.272 https://uklo.edu.mk/ojs/index | 2005 |
| 6. | T. Blazhevska, **M. Menkinoska**, V. Pavlova, Z. Uzunoska, N. Dimovska print: ISSN 2545-4447 On line: ISSN 2545-4455 | The content of inorganic nitrogen in the water from the fifth channel near the city of Bitola | JOURNAL OF AGRICULTURE AND PLANT SCIENCES, JAPS, vol 17, no. 1 (2019) UDC:628.193:546.175(497.774) Original scientific paper In print: ISSN 2545-4447 On line: ISSN 2545-4455 https://js.ugd.edu.mk/index. | 2016 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | **M. Menkinoska,** T. Blazhevska, V. Stamatovska | Comparison of the rheological characteristics of bio-fortified flour obtained from soft wheat varieties *Treska* and *Radika* | JOURNAL OF AGRICULTURE AND PLANT SCIENCES, JAPS, vol 17, no. 1 (2019) UDC: 664.641.12.017 Original scientific paper In print: ISSN 2545-4447 On line: ISSN 2545-4455 https://js.ugd.edu.mk/index. | 2016 |

***Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик.***

Кандидатката доставила сертификат за познавање на англиски јазик (Уверение од Центар за странски јазици-Скопје Б2/2 и Сертификат С1 бр. 201.01/2023 од Меѓународен балкански универзитет).

**Посебни услови:**

- Ментор е на 4 одбранети дипломски трудови и членства во Комисии за одбрана на 21 дипломски трудови;
- Член на Комисија за подобност, Комисија за оценка и Комисија за одбрана на магистерски труд;
- Учествува во научноистражувачки проекти наведени подолу во извештајот);
- Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето (наведени во табела составен дел од овој извештај).

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

***Наставно-образовна активност***

Кандидатката д-р Марија Менкиноска во 2009 година се вработува на Технолошко-технички факултет во Велес при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола. Како резултат на дефицитарен соработнички кадар (помлад асистент, асистент и/или асистент-докторанд) во периодот од 2009-2016 кандидатката успешно се вклучува во реализација на лабораториски и нумерички вежби по следниве предмети: Биохемија; Биохемија 1; Биохемија 2; Вовед во технологија на козметички и фармацевтски производи; Антиоксиданти, витамини и минерали; Здрава храна; Основи на диетотерапија.

Во февруари 2017 год. со Одлука 02-126/3 на 17.2.2017 г. е избрана насловен доцент на Технолошко-технички факултет во Велес при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола за наставно-научните области биологија, биохемија и друго.

По изборот во наставник во наставно-научно звање насловен доцент, односно од академската 2017/2018 година, насловен доцент, д-р Марија Менкиноска била активно вклучена во реализација на практична и теоретска настава на предметни целини на сите три циклуси.

Така на додипломски студии на насоките *Прехранбена технологија и биотехнологија и Нутриционизам* ги реализира предавањата и вежбите по следниве предмети: Биологија, Биохемија 1, Биохемија 2, Здрава храна и исхрана, Основи на диетотерапија, Познавање на исхрана1, Угоеност и недохранетост.

На вториот циклус студии е вклучена во наставата на студиските програми Нутриционизам 1, Нутризионизам 2 и Управување со квалитет и безбедност на храна каде што ги предава предметите (по поглавја):

Нутритивна физиологија, Диетопревенција и диетотерапија, Прехранбена микробиологија, Диетотерапија кај малнутриции, здебеленост и коморбидитети, Изучување на одбрани поглавја од функционалната анатомија начовекот.

На третиот циклус студии насловен доц. д-р Марија Менкиноска дава придонес во реализацијата на студиската програма Иновативни технологии за храна и нутриционизам, како дел од наставниот тим на предметите: Микробиологија на храна, Трендови во технологии на храна од растително потекло, Модел и процес на нутритивна грижа и патофизиолошки механизми на нутритивно-поврзаните болести, Нутритивна терапија кај хроничните бубрежни болести, Угоеност и потхранетост-нутритивен пристап при двојно оптоварување со болести.

Во 2023 год. со Одлука бр. 210.07/2023 на 5.7.2023 год. е избрана за вонреден професор Меѓународен балкански универзитет на Факултетот по дентална медицина, за наставно-научните области биологија, биохемија и друго.

По изборот во наставник во наставно-научно звање вонреден професор, д-р Марија Менкиноска била активно вклучена во реализација на практична и теоретска настава на предметни целини на прв циклус на студии на Факултет за дентална медицина.

Така на додипломски студии на Факултет за дентална медицина ги реализира предавањата и вежбите по следниве предмети: Медицинска хемија и биохемија (3+1), Орална физиологија и биохемија (1+3).

На Висока медицинска школа ги реализира предавањата и вежбите по следниве предмети: Современи методи во медицината (2+3), Исхрана и диететика (1+1) и Исхрана и диететика на мајки и деца (2+3).

Во периодот од 2017 година до денес, д-р Марија Менкиноска дала свој придонес во развојот и оспособувањето на млади кадри и соработници како:

- ментор на 4 одбранети дипломски трудови и член на 21 комисии за одбрана на дипломски трудови;

- член на Комисија за подобност, Комисија за оценка и Комисија за одбрана на магистерски трудови на кандидатите Наташа Никоска, Татјана Павлова и Елеонора Делиниколова;

- член на Комисија за подобност на кандидатите Анета Николовска, Антонио Велковски, Јелена Спасовска-Јаневска.

***Научноистражувачка активност***

***Објавени научни трудови во последните пет години во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации:***

1. **Marija Menkinoska**, Angelina Sredovska Bozhinov, Sasko Martinovski, Tatjana Blazevska, Zlatin Zlatev, Goce Menkonoski (2024) Soil-foliar Biofortification of Wheat with Zinc and Iron - Self-explanatory Model International Journal of Engineering and Science Invention (IJESI) ISSN (Online): 2319-6734, ISSN (Print): 2319-6726 www.ijesi.org Volume 13 Issue 1 January 2024 PP 26-35.

Предмет на истражување во овој труд е креирање на оригинален модел за збогатување на пченицата со цинк и железо преку почвено-фолијарна биофортификација. Карактеристично за моделот е вклучувањето на т.н. самообјаснување на моделот, а направен е со оригинално моделирање кое се состои од повеќе фази во ентитетска релација. Првата цел е да се развие модел

кој ќе овозможи добивање на информации за пченицата и брашното и тоа: концентрација на железо и цинк; морфолошки и производни карактеристики; минерални материи; квалитетни својства; економски параметри и др. Втората цел е моделот да се подигне на повисоко ниво односно во него да биде вградено т.н. самообјаснување, што значи автоматско креирање на објаснување за неговите излези, односно како тие се добиени и кои методи се користени. Придобивките можат да бидат трикратни: бенефит за компаниите преку поголем профит, бенефит за граѓаните преку консумирање здрави и квалитетни прехранбени производи и на крај, бенефит за државата. Моделот ќе им овозможи на компаниите кои се занимаваат со производство на пченица и брашно да добијат мноштво информации за методите за зголемување на цинкот и железото во пченицата и брашното, како и други важни информации.

**2.** Tatjana Pavlova, Zlatin Zlatev, **Marija Menkinoska**, Tatjana Blazevska, Zora Uzunoska (2022). Nutritional status and lifestyle as factors for obesity and malnutrition in adolescents in Macedonia. Journal of Hygienic Engineering and Design, Vol. 41, pp. 11-22.

Адолесценцијата е период во кој се јавуваат неправилни навики во исхраната, неправилниот избор на храна и недостатокот на физичка активност се главните фактори за појава на основни проблеми како што се дебелината и неисхранетоста кои се предуслов за појава на болести во подоцнежните фази од животот. Во ова истражување учествуваа 409 средношколци од повеќе средни училишта на територијата на Град Скопје. Испитаниците се од македонска и албанска етничка припадност. Возрасната граница се движи од 14 до 18 години. Истражувањето беше спроведено со интервјуирање на адолесценти со помош на комбиниран прашалник составен од 51 прашање (Q1 - Q51). Беше спроведено пилот-истражување, а како примерок беа земени 10% од одговорите на испитаниците. Од анализираните резултати од пилот-тестот беше утврдено дека главно влијание врз промена на телесната тежина на адолесцентите има: степенот на образование на родителите; видот на консумираната храна и физичка активност. Дополнително, направени се анализи за ефектот на пушењето, а кај девојчињата влијанието на нивниот менструален циклус. Сите фактори кои се покажаа како значајни според пилот-тестот покажаа значително влијание врз телесната тежина кај анкетираните адолесценти од македонска и албанска етничка припадност.

**3.** T. Blazhevska, **M. Menkinoska**, V. Pavlova1, V. Stamatovska, G. Cilev, S. Stojanovski, N. Dimovska (2021): Microbiological characteristics and hygienic-sanitary aspect of the water from Black River in the Pelagonija region-North Macedonia Bulgarian Journal of Soil Science Agrochemisty and Ecology, Volume 55, No 1, 2021

Присуството на микроорганизми во водната средина има променлив карактер и се разликува од еден до друг воден екосистем. Главната цел на ова истражување беше да се утврдат микробиолошките карактеристики на водата во Црна Река во Пелагонискиот регион во близина на градот Битола, Северна Македонија и со тоа да се утврди квалитетот на водата од хигиенско-санитарен аспект. Микробиолошката анализа опфати испитување на следните групи на микроорганизми: определување на вкупен број на колиформни бактерии-колиметриски метод според Mostprobablenumber со Mac Conkey-Broth на $37^0$C, вкупен број на Фекални колиформни бактерии-колометриски метод, на течен супстрат Mac Conkey-Broth на $44^0$ C, определување на бројот на Escherichia

coli-мембранска метода на филтрација и определување на број на Enterococcus-мембранска филтрација на Slantez Bartley Agar. Со сумирање на добиените резултати може да се заклучи дека вредности на Колиформните бактерии, Фекалните колиформни бактерии се високи поради присуството на отпадни води и фекална вода што тече од каналот во Црна Река. Загадувањето на водата е тесно поврзано со антропогеното влијание и затоа бара постојан мониторинг, следење на промените во квалитетот на водата.

**4**. Indrit Loshi, Valon Shala, Arsim Elshani, Astrit Bilalli, Burel Cenaj, Vesna Antoska Knights, Tatjana Blazevska**, Marija Menkinoska:** (2021) Presence of *listeria monocytogenes*, *escherichia coli* and *salmonella* spp. in processed meat in Kosovo Journal of Hygienic Engineering and Design Journal of Hygienic Engineering and Design, Vol. 37

Месото и неговите производи се едни од најконсумираните производи на косовскиот пазар. Целта на ова истражување беше да се утврди дали има присуство на некои патогени микроорганизми во преработените производи направени од домашно и странско месо. Во преработеното месо на 10 локални компании (содржи 54% увозно и 46% локално произведено месо), се испитани следните микроорганизми: Listeria monocytogenes, Escherichia coli и Salmonella spp. Вкупно земени се 120 мостри според Codex Alimentarius, а беа анализирани 40 примероци, за горенаведените групи на микроорганизми според следните методи: ISO 11290-1: 2017, ISO 16649-2: 2001 и ISO 6579-1: 2017. Од 40 анализирани примероци 7 беа позитивни на Listeria monocytogenes, 10 примероци беа позитивни на присуство на Escherichia coli, додека сите примероци беа негативни на Salmonella spp. Од добиените резултати заклучуваме дека присуството на E. coli и L. monocytogenes е високо, што се припишува на нецелосната имплементација на HACCP системот, како и спроведувањето на добрите хигиенски практики при производството на преработено месо.

**5.** Z. Uzunoska, **M. Menkinoska**, N. Trajcheska, T. Blazeska, T. Kalevska (2020): The effect of quercetin on diabetes complications HORIZONS INTERNATIONAL SCIENTIFIC JOURNAL Series B Natural Sciences and Mathematics, Engineering and Technology, Biotechnology, Medicine and Health Sciences Year XIII Vol. 6 Bitola ISSN 1857-9892 doi 10.20544/horizons.b.05.1.20.p01 udc: 616.379-008.64-06-085.272 008.64-06-085.272

Дијабетесот е сериозно метаболичко нарушување со бројни компликации и една од петте водечки причини за смрт во светот. Сепак, достапните лекови за дијабетичари имаат бројни ограничувања поради нивните несакани ефекти вклучувајќи хипогликемија, клеточна смрт и високи стапки на секундарни промени. Неодамна, акцентот е ставен на комплементарни и алтернативни третмани за дијабетес фокусирани на функционална храна и нејзините биоактивни соединенија. Еден од нив е кверцетинот, моќен антиоксиданс флавоноид, кој поседува различни биохемиски и физиолошки ефекти (антидијабетични, антиоксидантни и антиинфламаторни). Целта на оваа студија е преглед на литература фокусиран на влијанието на кверцетинот врз компликации предизвикани од дијабетот. Ин виво и ин витро студиите сугерираат дека кверцетинот е ветувачко биоактивно соединение за третман на оваа болест, но неговата ефикасност треба да се потврди со клинички испитувања.

**6.** T. Blazhevska, **M. Menkinoska**, V. Pavlova, Z. Uzunoska, N. Dimovska (2019): The content of inorganic nitrogen in the water from the fifth channel near the city of

Bitola JOURNAL OF AGRICULTURE AND PLANT SCIENCES, JAPS, vol 17, no. 1, UDC: 628.193:546.175(497.774) Original scientific paper In print: ISSN 2545-4447 On line: ISSN 2545-4455

Целта на ова истражување е анализа водата од петтиот канал ММ1, ММ2, ММ3, која се наоѓа во градот Битола и Црна Река. ММ4 е местото каде каналот се влева во реката. Истражувањето е спроведено во мај и ноември. Анализа е направена на следните хемиски параметри: содржината на амонијак и нитрити во водата, pH вредност, определување на нитрати. Од добиените резултати може да се заклучи дека најголемата содржина на амонијак (2,2 mg/L) има во мерното место ММ3, додека истите вредности во ММ4 се намалени. Една од препораките е третман на отпадните води пред испуштање во реките.

7. **M. Menkinoska,** T. Blazhevska, V. Stamatovska (2019): Comparison of the rheological characteristics of bio-fortified flour obtained from soft wheat varieties *Treska* and *Radika* JOURNAL OF AGRICULTURE AND PLANT SCIENCES, JAPS, vol 17, no. 1, UDC: 664.641.12.017 Original scientific paper In print: ISSN 2545-4447 On line: ISSN 2545-44554455

Целта на ова истражување беше да се испита влијанието на агрономското био-фортификација врз реолошките својства на тестото. Во ова истражување беа опфатени 7 примероци добиени со додавање на висококвалитетни хелатни ѓубрива во различни фази на раст на пченицата: Fe почвено 1, Fe почвено + фолијарно 2, Fe фолијарно 3, Контролна 4, Zn почвено 5, Zn почвено+фолијарно 6 и Zn фолијарно 7. Од податоците на фаринографот за апсорпција на вода беше заклучено дека сите варијанти за сортите *треска* и *радика* имаат приближни вредности со минимални разлики во однос на варијантата 4. Според добиените податоци за нивото на мекост може да се заклучи дека сите варијанти за двете сорти тесто се со среден квалитет. Според квалитативниот број, сите варијанти на двете сорти припаѓаат на квалитативната група Б2, со исклучок на варијантата 2 за сортата Треска и варијантата 5 за сортата *радика* која припаѓа на групата за квалитет Ц1. Од фаринографијата анализа може да се заклучи дека био-фортификацијата нема значајно влијание врз технолошкиот квалитет на брашното. Екстензографската анализа покажа дека за сортата *радика* од варијантите 1, 2 и 7 е добиено брашно со поголема растегливост, отпорност и енергија во споредба со сортата *треска*.

Во изборниот период, д-р Марија Менкиноска е коавтор на еден универзитетски учебник В. Павлова, М. Менкиноска, „Минерали, витамини и антиоксиданти (Билтенот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола бр. 423, од 30.12.2016) (во процедура на издавање)

Содржински текстот е поделен во три глави/теми систематизирани во наслови и поднаслови: 1. Минерали; 1.1. Метаболизам на вода; 1.2. Метаболизам на неоргански соли; 1.3. Макроелементи; 1.4. Микроелементи; 2. Витамини; 2.1. Липосолубилни витамини; 2.2. Хидросолубилни витамини; 3. Антиоксиданти.

Учебникот е конципиран според Наставната програма на првиот циклус студии на Технолошко-технички факултет во Велес. Содржините на ракописот се користат и на соодветни предмети на вториот и третиот циклус студии.

Согласно со Правилникот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, кандидатката д-р Марија Менкиноска се задолжува во најкраток можен период по изборот за вонреден професор да издаде рецензирана скрипта на е-библиотека за предметот кој ќе и биде доделен на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

***Трудови презентирани на научни собири со усна презентација или постер:***

1. Tatjana Pavlova, Zagorka Blazevska, **Marija Menkinoska** (2023) The role of rule and timing of meals as factors in dealing with increased body weight International Congress on Natural, Health Sciences and Technology Book of Abstracts Tetova, Republic of North Macedonia ISBN: 978-608-217-117-3 pp. 680 (oral presentation)
2. Tatjana Pavlova, Zagorka Blazevska, **Marija Menkinovska,** Zlatin Zlatev (2023) The influence of the choice of foods eaten on anthropometric parameters among adolescents of christian and muslim faith in the Republic of North Macedonia International Congress on Natural, Health Sciences and Technology Book of Abstracts Tetova, Republic of North Macedonia ISBN: 978-608-217-117-3 pp. 682. (oral presentation)
3. Tatjana Pavlova, Zlatin Zlatev, **Marija Menkinoska**, Tatjana Blazevska, Zora Uzunoska(2022): Nutritional status and lifestyle as factors for obesity and malnutrition in adolescents in Macedonia NUTRICON BOOK OF ABSTRACTS Food Quality and Safety, Health and Nutrition Congress (poster presentation)
4. I.Loshi, V. Shala, A. Elshani, A. Bilalli, B. Cenaj, V. Antoska Knights, T. Blazevska, **M. Menkinoska** (2021): Presence of Listeria monocytogenes, Escherichia coli and Salmonella spp. in processed meat in Kosovo BOOK OF ABSTRACTS Food Quality and Safety, Health and Nutrition Congress pp.188 (poster presentation)
5. **Marija Menkinoska**, Tatjana Blazhevska, Viktorija Stamatovska Comparison of the rheological characteristics of bio-fortified flour obtained from soft wheat varieties Treska and Radika 2nd International Meeting AGRISCIENCE & PRACTICE BOOK OF ABSTRACTS pp.58 (poster presentation)
6. Tatjana Blazhevska, **Marija Menkinoska** Valentina Pavlova Zora Uzunoska The content of inorganic nitrogen in the water from the fifth channel near the city of Bitola International Meeting AGRISCIENCE & PRACTICE BOOK OF ABSTRACTS pp.69 (poster presentation)
7. Учество на 10th International Scientific Conference KNOWLEDGE BASED SUSTAINABLE DEVELOPMENT ERAZ 2024 June 6, 2024 ISCTE – University Institute of Lisbon, Portugal (hybrid – online, virtually and in person)
8. Учество на EFSA ONE Conference 2022 ONE - Health, Environment, Society Conference, 21-24 June 2022“ online.
9. Учество на стручна работилница: Работилница за поттикнување на иновативноста во производството на прехранбени производи и за претставување на можностите за соработка во рамките на Прехранбено-технолошки центар за развој на иновативни продукти 2021-Велес

Д-р Марија Менкиноска во изборниот период својот придонес за развој на научноистражувачката и високообразовната дејност во земјава и во странство го остварила преку активностите.

***Кандидатката има остварено студиски престој во странство:***

Во рамките на програмата за мобилност на наставнички кадар CEEPUS III - FREEMOVER teacher, во периодот (октомври/2021) остварила студиски престој и одржала предавања на University of Zagreb Faculty of Agriculture, Department of Plant Nutrition.

Во рамките на програмата за мобилност на наставнички кадар CEEPUS III - FREEMOVER teacher, во периодот (мај/2018) остварила студиски престој и одржала предавања за студентите на прв циклус студии на Универзитетот во Русе, факултет во Разград, Р Бугарија.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Рецензент на ракописи доставени од меѓународните списанија:

***SCI списанија со импакт фактор* (1 труд)**

1. The Chemical Industry and Chemical Engineering Quarterly (Chem Ind. Chem. Eng.Q.) 2021 (1)

***CI списанија без импакт фактор (19 труда)***

1. Horizon Research Publishing, USA Journal of Food Science and Technology (2021-; (17)
2. Journal of Agricultural and Plant Sciences, (JAPS) 2019 (1)
3. Proceedings of University of Ruse, Biotechnologies and food technologies, 57(10.2), 2108 (1)

***Учество во научноистражувачки и апликативни проекти***

Покрај активната вклученост во наставата, учесник е и во еден научноистражувачки и два апликативни проекти:

1. BALKAN MED project, Benefit as you save (BAS),) Interreg V-B, Balkan Mediterranean project, 2017-2020 (апликативен проект)
2. Bioaccumulation of perfluorinated compounds-the last big chemical affair of the 20th century (позиција – истражувач) 2010-2012 научноистражувачки проект финансиран од МОН);
3. TEMPUS project, FOODLINKS, Improving academia-industry links in food safety and quality (158714-TEMPUS-ES-TEMPUS-JPHES), 2010-2013 (апликативен проект).

***Член на универзитетски или факултетски органи и комисии и владини тела:***

- Член на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет – Велес во периодот од 2017-2022 г.
- Секретар на Катедрата за нутриционизам на Технолошко-технички факултет – Велес од 2018-2022;
- Секретар на Катедрата за прехранбена технологија и биотехнологија на Технолошко-технички факултет – Велес, 2018-2022 г.;
- Член на Комисија за самоевалуација на Технолошко-техничкиот факултет – Велес, 2019- 2022 г.;
- Член на Комисија за прием на студенти на втор циклус студии, 2019-2021 г.;
- Член на Советот на втор циклус студии, 2019-2022 г.;
- Член на Наставно-научниот совет на Меѓународен балкански Универзитет во периодот, 2023-2024 г.;
- Претседател на Комисија за трансфер на студенти-Меѓународен балкански универзитет на Факултетот по дентална медицина – 2023-2024 г.;

- Претседател на Комисија за избор на асистенти - Меѓународен балкански универзитет на Факултетот по дентална медицина;
- Член на Комисија за избор на асистенти - Меѓународен балкански универзитет на Факултетот по дентална медицина;
- Од јуни 2022 г., д-р Марија Менкиноска е ангажирана како стручно лице за евалуација на проекти од страна на Фондот за иновации и технолошки развој.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование на Република Северна Македонија („Службен весник на РМ“ бр.82/18) и Правилникот за критериуми и постапка за избор на наставно-научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и распишаниот Конкурс, 5-6.2024 година, Рецензентската комисија ја разгледа доставената документација на единствениот пријавен кандидат - д-р Марија Менкиноска.

Врз основа на извршената анализа, Рецензентската комисија констатира дека д-р Марија Менкиноска ги исполнува условите предвидени со законските прописи за избор во звање вонреден професор. Прикажаните резултати од научноистражувачката работа потврдуваат дека станува збор за одговорен и креативен истражувач кој своите достигнувања ги споделува како со домашната, така и со меѓународната научна јавност преку публикување на научни и стручни трудови во домашни и меѓународни списанија и публикации и преку учество на домашни и меѓународни конференции.

Наведените активности кои се однесуваат на ангажманот во наставата и неформалните облици на професионално усовршување во текот на досегашната академската кариера недвосмислено ја покажуваат нејзината посветеност во иновирањето и етаблирањето на повеќе предметни програми.

Анализата на развојот на нејзината академска кариера во стручно-апликативната и организациско-развојната дејност покажува дека д-р Марија Менкиноска успешно ги интегрира индивидуалните, заедничките и општествените интереси за развој во областите во кои научно се развива.

Врз основа на постигнатите резултати во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност, Рецензентската комисија со чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет да го прифати нашиот предлог кандидатката д-р Марија Менкиноска да ја избере во звање вонреден професор за наставно-научната област наука за храна и технологија на прехранбени производи на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Сања Костадиновиќ-Величковска, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Гроздан Караџов, редовен професор, член, с.р.
Д-р Николај Пенов, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ Д-Р МАРИЈА МЕНКИНОСКА

| **Реден бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Избор во звање вонреден професор | 40 | | 40 | | |
| **ВКУПНО (НО)** | | **40** | | | | |
| **Реден бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно- уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| **1.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор,втор автор,останати автори) трудови бр.<br>прв автор: 1,7<br>втор автор: 3,5,6<br>останати автори: 2,4 | 2*9<br>3*6<br>2*3 | 18<br>18<br>6 | | | 42 |
| **2.** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно)<br>во земјава:<br>во странство: | 4*1<br>2*1,5 | 7 | | | 7 |
| **3.** | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 1*2 | 2 | | | 2 |
| **4.** | Студиски престој во странство | | | 1*8 | | 8 |
| **5.** | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати)<br>СЦИ-1 (труд)<br>ЦА -19 труда | 1*2<br>19*1,5 | 2<br>28,5 | | | 30,5 |
| **ВКУПНО** | | **89,5** | | | | |
| **Реден бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно- уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| 1. | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 1*5 | | | | 5 |
| 2. | Елаборати и експертизи | 1*2 | | | | 2 |
| 3. | Член на факултетски орган, комисија | 10*2 | 20 | | | 20 |
| **ВКУПНО** | | **27** | | | | |
| **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | **156,5** | | | | |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕЛОВНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1102-130/5 од 24.9.2024 година донесена на 263. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 23.9.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на соработник во звање асистент за научната област *деловно право* на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ, редовен професор на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – претседател,
- д-р Кристина Мишева, редовен професор на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член и
- д-р Билјана Тодорова, редовен професор на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 7.9.2024 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот **м-р Кристијан Панев.**

Рецензентската комисија ги разгледа документите и констатира дека приложената документација од кандидатот навремено е доставена со сите потребни документи согласно со објавениот Конкурс и чест ни е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот м-р Кристијан Панев е роден на 27.9.1992 година во Штип. Во 2016 година дипломирал на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со просек 9.62 и се здобил со стручно звање: дипломиран правник-правосудна насока. Кандидатот м-р Кристијан Панев го продолжил своето формално образование на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и се запишал на втор циклус студии. По положување на испитите од вториот циклус студии, кандидатот м-р Кристијан Панев пријавил тема за одбрана на магистерски труд од областа на деловното право, под менторство на проф. д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ, со наслов „Контрола на концентрациите како инструмент за заштита на конкуренцијата“. Во 2019 година магистрирал на вториот циклус на студии со просек 10.00 и се стекнал со звање магистер на правни науки – Правосудна насока, со 60 ЕКТС и квалификација од ниво VII A.

Во 2022 година магистрирал на втор циклус студии по меѓународно право, со просек 10.00, на Универзитетот во Стокхолм, Шведска. Истовремено, еден семестар работел и како асистент-истражувач со проф. Марк Кламберг при Универзитетот во Стокхолм, Шведска.

Во 2023 се запишала на докторски студии на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма – Деловно право.

Истовремено со стекнувањето на формалното образование, кандидатот го надополнил своето образование и со ангажмани од практиката. М-р Кристијан

Панев стекнал и работно искуство преку повеќе работни ангажмани. Во 2015 година, кандидатот е програмски координатор во Фондацијата за развој на локална заедница во Штип. Во рамките на овој ангажман, кандидатот е одговорен за развој и координација на проекти во областа на граѓанско учество, децентрализација и добро владеење. Од оваа позиција, кандидатот организира работилници, обуки и други јавни настани, но прави и анализи, истражувања и следење на јавни политики. Истовремено стекнува искуство и како раководител на канцеларија за правна помош на граѓански организации. Во овој делокруг на работни искуства, кандидатот стекнува искуство во подготовка на правни совети за финансиско и административно работење на здруженија и фондации, подготовка на планови за застапување, подготовка на извештаи и други административни работи.

Од 2016 до 2017 г. кандидатот е практикант во Основен суд Штип. Во април 2018 г. го положил и правосудниот испит.

Во 2019 година станува член на Управен одбор на Националниот младински совет на Македонија. Од оваа позиција стекнува искуство во делот на застапување и реализирање на младински политики, координација на организациски развој, активности за прибирање на фондови итн.

Од јуни 2021 година, кандидатот е вработен како асистент на Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во научната област деловно право и целосно е вклучен во одржување на вежби на прв циклус на студии на студиската програма Правни студии и тоа по следните предмети: Трговско право, Право на друштва, Договорно право и Финансово право. Во 2022 година, кандидатот бил член на Организацискиот одбор на меѓународната научна конференција „ЕУ е-здравствено право и јавното право“ во склоп на Жан Моне проектот „ЕУ е-здравствено право и Северна Македонија (ЕУЕХЛ)“. Исто така, член е на Организациски одбор на годишната Научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет“ на Правниот факултет. Досега има учествувано во многубројни меѓународни научни конференции од областа и бил автор на неколку објавени труда.

Дополнително, во делот на работното искуство, кандидатот има и неколку ангажмани како правен експерт. Од март 2018 до ноември 2019 година, кандидатот е ангажиран во проектни активности врзани за „Мобилни тимови за правна поддршка на граѓани и фамилии со ниски приходи“. Од март 2018 до јуни 2020 година, кандидатот м-р Кристијан Панев е ангажиран како правен експерт во „Коалицијата сите за правично судење“. Од оваа позиција стекнува искуство во делот на правната помош на граѓанските организации во делот на финансиско работење, авторски права итн. Од април 2022 до јуни 2022 г. работи како локален експерт за младинско претприемништво, при што подготвува и правна анализа, мислење и препораки за основање на младинска и студентска компанија, препораки за промени во Законот за трговски друштва и препораки и мислења за даночни олеснување. Од јануари 2023 до јули 2024 е ангажирани и како правен експерт за правна поддршка на граѓанските организации во Фондацијата за развој на локалната заедница.

Кандидатот м-р Кристијан Панев има стекнато неколку стипендии, признанија и награди и тоа:

- Стипендија за втор циклус студии во странство од Министерството за образование и наука, 2021;
- LEAD MKD – Стипендирана програма – Проект на УСАИД за граѓанско учество, 2018;

- Стипендија за најдобри студенти, Министерство за образование и наука, 2012-2016;
- Пофалница за најдобра студент на Правниот факултет при УГД, 2016;
- Прво место на државен ораторски натпревар – Европско движење во Република Македонија, 2013;
- Прво место на Ораторски вечери на Правен факултет при УГД, 2012;
- Прв најдобар говорник на национален дебатен турнир во Британска парламентарна дебата, 2011 и 2012.

Како потврда за неговиот научен развој и стекнато знаење се и повеќето сертификати што ги стекнал и тоа:

- Сертификат за управување со проекти AECOM's Consortium 2017;
- Јавно говорење и правна аргументација, ИДЕА Југоисточна Европа, 2014;
- Сертифициран тренер за street law, Младински образовен форум;
- Сертифициран тренер за дебата, Младински образовен форум.

Од приложената документација се гледа дека кандидатот има интерес за науката и постојаното усовршување, при што активно учествувал на меѓународни и домашни конференции и семинари, кои ќе бидат прикажани во натамошниот текст на рефератот. Ова е показател за неговата посветеност кон научноистражувачката работа и континуирано усовршување во оваа област.

Во творечкиот опус на кандидатот, покрај магистерскиот труд, влегуваат и неколку објавени труда во референтни научни публикации, прикажани во делот од рефератот посветен на научноистражувачката активност на кандидатот.

**Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип**

**Општи услови за избор:**

- Завршен прв и втор циклус на академски студии со најмалку 300 ЕКТС кредити.

Кандидатот има завршен прв и втор циклус студии со 300 ЕКТС за што има приложено соодветни дипломи за завршено образование.

- Да има стекнато назив магистер од соодветната област.

Кандидатот има стекнато назив магистер на правни науки, Правосудна насока, со одбрана на магистерски труд од областа на деловното право и Комисијата ја смета за соодветна област.

- Да има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот и вториот циклус академски студии посебно, или на студиски програми на интегриран прв и втор циклус студии заедно.

Кандидатот има просечен успех од 9,62 на прв циклус студии и просечен успех од 10,00 на втор циклус студии.

- Да има познавање на најмалку еден странски јазик.

Кандидатот има познавање на англиски јазик и има положено IELTS.

**Посебни услови:**

- Да има објавено минимум еден научен труд.

Кандидатот има објавено 9 научни трудови во референтни научни публикации.

- Да покажува способност за изведување на високообразовна, наставно-научна дејност.

Од јуни 2021 г. до сега, кандидатот е вклучен како соработник-асистент и одржува вежби на прв циклус студии за предметите: Трговско право, Право на друштва, Договорно право и Финансово право.

- Две препораки од професори од научната област на која се избира кандидатот и тоа од: проф. д-р Кристина Мишева од областа на деловно и финансово право и проф. д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ од областа на деловно право.

Кандидатот има доставено две препораки од професори кои имаат увид во наставно-научната работа и професионален развој на кандидатот.

Според член 7 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, единствени критериуми и елементи за вреднување или доделување на поени (квантификација) за активностите на пријавените кандидати кои се избираат во звања се следниве: стекнато образование, резултати од научноистражувачка работа, резултати и искуство во наставната дејност и подготвување на наставен и научноистражувачки подмладок, стручно-применувачка или стручно-уметничка дејност. За таа цел Комисијата, врз основа на приложената документација од кандидатот, како и од увидот во неговото работење преку е-репозиториум, ги утврди и вреднуваше следниве активности на кандидатот:

1. **Наставно-образовна дејност**

Својата наставно-образовна дејност м-р Кристијан Панев ја започнува во 2021 година, кога е редовно вработен како асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Кандидатот е вклучен во изведување на вежби на четири предмети на прв циклус студии на Правниот факултет, каде што се истакна со своите стручни, професионални и академски квалификации.

**На првиот циклус студии, кандидатот е вклучен на следниве предмети:**

На насока Правни студии во четврти семестар, предметот Право на друштва (2+2+1), Штип и Струмица;

На насока Правни студии во петти семестар, предметот Финансово право (3+2+2), Штип и Струмица;

На насока Правни студии во петти семестар, предметот Договорно право (2+2+1), Штип и Струмица;

На насока Правни студии во шести семестар, предметот Трговско право (2+2+1), Штип и Струмица.

2. **Научноистражувачка дејност**

Во поглед на научноистражувачката дејност, кандидатот м-р Кристијан Панев приложи и листа на публикации и достави и копии од истите, со што го потврдува и својот потенцијал и амбиција за творечка активност во сферата на правните науки. Во продолжение е прикажана кратка научна евалуација на научните трудови на кандидатот кој ги доставува за избор на асистент:

**2.1. Научноистражувачки трудови објавени во меѓународни научни списанија и меѓународни научни публикации**

1. Здравева А, Панев К. *Пристап до бесплатна правна помош во Република Македонија*. Зборник на трудови-секција млади истражувачи од 5. Меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет", Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип 2018, https://eprints.ugd.edu.mk/29346/

Авторите на овој труд ја истражуваат ефикасноста на системот на бесплатна правна помош во Република Македонија, анализирајќи го домашното законодавство и меѓународните конвенции. Дополнително, се фокусира на фактичката состојба на примената на ЗБПП, преку анализа на годишните извештаи на Министерството за правда, за да се утврди колку системот обезбедува еднаков пристап до правда на сите граѓани и ги идентификува недостатоците на системот на бесплатна правна помош.

2. Здравева А, Панев К. *Статус на инфлуенсерите во македонскиот правен систем*. Годишен зборник на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Северна Македонија. 2021, https://eprints.ugd.edu.mk/32468/

Во овој труд се елаборирани повеќе прашања поврзани со статусот и комерцијалната активност на инфлуенсерите во правниот систем. Во трудот се врши анализа на правните аспекти од договорите за соработка и правниот основ за ангажирање на инфлуенсерите, како и дејствијата на инфлуенсерите низ призмата на правото, можните даночни последици од нивните дејствија и нивниот однос со правата и слободите на потрошувачите.

3. Панев К. *Independence and Impartiality of Arbitrators in Investment-State Arbitration: The Blue Bank Case*. Зборник на трудови-секција млади истражувачи од 10-та Меѓународна научна конференција "Општествени промени во глобалниот свет", Правен факултет, Универзитет Гоце Делчев во Штип 2023, https://eprints.ugd.edu.mk/33085/

Авторот во овој труд ја анализира примената на стандардот на независност и непристрасност на арбитрите, преку обработка на значајната одлука на Меѓународниот центар за решавање на инвестициски спорови (ICSID) во случајот на Blue Bank. Покрај анализа на фактичката состојба и правните аргументи на страните во спорот, трудот критички ја оценува и одлуката на трибуналот во однос на предлогот за дисквалификација на арбитрите и влијанието на оваа одлука врз поширокото поле на инвестициска арбитража, особено во однос на предизвиците поврзани со обезбедувањето фер и непристрасен процес на арбитража во инвестициските спорови.

4. Тушевска Б., Панев К., *Улогата и значењето на товарните листови во утврдувањето на превозничката одговорност*. Зборник на трудови од 10-та Меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет", Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип 2023, https://eprints.ugd.edu.mk/34442/

Авторите во овој труд го проучуваат прашањето за улогата и значењето на превозничките документи во утврдување на превозничката одговорност, фокусирајќи се како на теоретските становишта и анализи, така и на релевантната практика, особено користејќи ја практиката како дополнување на теоријата и расчистување на одредени дилеми кои се уште се присутни во релевантната фела и помеѓу експертите од областа на транспортот и логистиката.

5. Стојановски С., Панева А., Панев К., *Youth, Migration and Higher Education* Balkan Social Sciences Review, 22. 2024, https://eprints.ugd.edu.mk/33161/

Авторите во овој труд се фокусираат на истражување на општата мотивација за миграција во балканските земји, со фокус на македонското општество. Две истражувања се претставени како емпириска основа за понатамошни анализи. Резултатите ја одразуваат општата состојба во источниот и централниот регион на државата. Вклучени се и лонгитудинални аспекти, споредувајќи ги податоците генерирани во 2014, 2018, 2022 и 2023 година.

6. Панев К. Како се трошат парите на граѓанските организации? – Анализа на практиките при трошењето на парите за граѓанските организации од буџетот на општина Штип, 2020, Фондација за развој на локалната заедница Штип, https://frlz.org.mk/wp-content/uploads/2020/08/analiza_final-1.pdf

Во рамките на овој труд, направена е темелна анализа на начинот на трошење на парите на граѓанските организации, а со цел да се види оправданоста и рационализирањето на парите во овој сегмент.

7. Што треба да знам? – Прирачник за студентските права и одговорности на универзитетите и студентските домови, 2020, https://issuu.com/youtheducationalforum/docs/540422a9dc634f

Во овој прирачник фокусот е на подобрувањето на позицијата и знаењата на студентите, со цел создавање на подобра основа за остварување на своите права.

8. Ангелова М., Панев К. Нов бран во студентското организирање – Анализа на студентското (ре)формирање на државните универзитети во Штип, Битола и Тетово, Национален младински совет на Македонија, 2020, https://frlz.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/NBSO-Istrazuvanje-Print.pdf

Во ова истражување, авторите ја анализираат правната рамка и изборниот модел за избор на студентски претставници на студентите во трите државни универзитети во Штип, Битола и Тетово. Целта на целокупното истражување е да се прикаже позицијата на студентите во текот на студирањето, потребата од реформирање на истата и оправданоста во ова насока.

9. Панев К., Цагадуроски А., Субвенционирано вработување – Анализа на трошоци и придобивки – субвенционирано вработување на невработени млади лица до 29 години преку ослободување од придонеси, Finance Think, 2016 https://www.fiscast.mk/wp-content/plugins/am-cost-benefit-graph/pdf/subvencionirano%20vrabotuvanje.pdf?fbclid=IwAR2nHANdNA52lxHL4JnjJ8Uj122zCi6yrqUdqIqyf5ItLXEzKmihTN33LRQ

Во овој труд, авторите прават кост-бенефит анализа на политиката за субвенционирано вработување на млади невработени лица до 29 години, преку ослободување од придонеси, при што даваат свои согледувања и соодветни заклучоци и препораки за политиката.

### 2.2. Магистерски труд

Во творечкиот опус на кандидатот влегува и магистерскиот труд со наслов „Контрола на концентрации како инструмент за заштита на конкуренцијата“. Во овој труд кандидатот обработува едно исклучително комплексно прашање и тоа како од теоретски така и од практичен аспект. Фокусот на магистерскиот труд е да даде одговор на прашањето: кој и колку ги контролира концентрациите, со осврт

на Република Македонија и како тоа е правено уредено во Република Македонија. Кандидатот прави и анализа на усогласеноста на македонското законодавство во делот на контрола на концентрации и заштита на конкуренцијата, со правото на Европската Унија, а ја споредува и активноста и работата на надлежните органи за заштита на конкуренцијата во Македонија и во Европската Унија, притоа изведувајќи релевантни заклучоци. Понатаму, кандидатот м-р Кристијан Панев, особено се фокусира на анализирање на потребата од дополнителна законска или подзаконска интервенција, што претставува и најголемиот придонес во истражувањето. Магистерскиот труд е одбранет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во 2019 година.

**2.3. Учество на меѓународни и домашни научни конференции**

- Учество на меѓународна научна конференција: „EU at the Crossroads - Ways to Preserve Democracy and Rule of Law“, со излагање на тема: „Towards Responsible Business Conduct: Analyzing the Evolution of Corporate Human Rights and Environmental Due Diligence in the EU“, Правен факултет, Универзитет „Јосип Јурај Штросмаер“ во Осиек, Хрватска, 13-14 јуни 2024.
- Учество на меѓународна научна конференција „The 7th International Scientific Conference Management and law 2024 “Modern Challenges in Management, Economy, Law, Security and Information Society”, со излагање на тема: „Understanding Merger Control in Macedonian Competition Law”, Факултет за бизнис и право, МБ Универзитет, Белград, Србија, 17 мај 2024.
- Учество на меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, со излагање на тема: „Пристап до правда во македонскиот правен систем“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 28-29 септември 2023.
- Учество на конференција „II Annual Scientific Conference of the Central European Academy“, со излагање на тема „The impact of Open Balkan on cross-border employment and labour mobility“, Central European Academy, Будимпешта, Унгарија, 21-22 септември 2023.

Учество на конференција „Одржливиот развој во правото и во политиките: патоказ за достигнување на целите на одржлив развој на Обединетите нации“, со излагање на тема „Улогата на јавните набавки во концептот на одржлив развој”, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 6 јуни 2023.

**2.4. Учество во научни и меѓународни проекти**

- 2022-2023, учесник во научноистражувачки проект „*Млади, миграции и образование*“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, како млад истражувач;
- 2021-2023, учесник во научноистражувачки проект „*Концептот на одржлив развој низ призмата на правото и политиките*“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, како член на истражувачки тим;
- 2023-2025, учесник во проект „Strengthening Quality News and Independent Journalism in the Western Balkans and Turkey II“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, како член на проектниот тим;
- 2022, учесник во научноистражувачки проект „*EU eHealth Law and North Macedonia: From Current Practice to Implementation (EUEHL)“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, како член на Организациски одбор на конференција „EU eHealth Law and Public Health”*.

**3. Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Членовите на Комисијата имаат можност да ја следат оваа дејност на кандидатот преку работата на наставно-научните совети, како и платформите на Универзитетот. Оттука, Комисијата утврди дека кандидатот учествува во остварување на повеќе активности врзани со организирање на конференции, настани, работилници, семинари и слично во рамки на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, од кои ги издвојуваме:

- Член на Организацискиот одбор на X и XI Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
- Член на Организацискиот одбор на XI и XII Ораторска вечер на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
- Обучувач за јавно говорење за средношколци и студенти во 2022 и 2023, во организација на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
- Член на Правната клиника на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- Член на Работна група за терենски активности на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип во средните училишта;
- Учесник на Саем на високо образование, како претставник на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- Член на Дисциплинска комисија на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата внимателно ја разгледа приложената документација и при донесувањето на заклучокот се раководеше првенствено од условите наведени во Конкурсот, како и од одредбите на Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21 и 58/24) и од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Универзитетски Гласник бр.50 од 19.7.2021).

Според горенаведеното и согласно со прегледаната документација доставена од кандидатот м-р Кристијан Панев, членовите на Рецензентската комисија имаат чест и задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Правен факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го избере кандидатот м-р Кристијан Панев во соработничко звање - асистент на областа деловно право.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Борка Тушевска Гавриловиќ, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Кристина Мишева, редовен професор, член, с.р.
Д-р Билјана Тодорова, редовен професор, член, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ВЛИЈАНИЕ НА РЕЗИСТЕНТНОСТА НА АЦЕТИЛСАЛИЦИЛНАТА КИСЕЛИНА ВРЗ КЛИНИЧКАТА СЛИКА НА ИСХЕМИЧЕН МОЗОЧЕН УДАР И ПОЈАВАТА НА РЕЦИДИВИ", ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"- ШТИП**

До Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 при Универзитет „Гоце Делчев"- Штип

Наставно-научниот совет на трет циклус докторски студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип на својата 93. редовна седница, одржана на 28.10.2024 година, донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија за оценка на докторската дисертација по претходно доставена пријава од спец. д-р Елена Личкова со наслов

**„ВЛИЈАНИЕ НА РЕЗИСТЕНТНОСТА НА АЦЕТИЛСАЛИЦИЛНАТА КИСЕЛИНА ВРЗ КЛИНИЧКАТА СЛИКА НА ИСХЕМИЧЕН МОЗОЧЕН УДАР И ПОЈАВАТА НА РЕЦИДИВИ"**

Рецензентска комисија во состав:

1. ред. проф. д-р Емилија Цветковска, претседател;
2. вонр. проф. д-р Гордана Камчева-Михаилова, член;
3. вонр. проф. д-р Марија Дарковска-Серафимовска, член;
4. вонр. проф. д-р Валентина Велкоска-Накова, член (интерен ментор);
5. ред. проф. д-р Анита Арсовска, член (екстерен ментор)

за оценка на докторската дисертација го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ**

Елена Личкова е родена на 17.4.1974 година во Штип, каде што завршила основното и средното образование. Студиите на Медицинскиот факултет во Скопје ги започнала во учебната 1992/1993 година. Дипломирала на Медицинскиот факултет во Скопје во октомври 1999 година, со просечна оценка 7,5. Во 1999/2000 година се вработила како професор по група стручни предмети во Средното државно медицинско училиште „Јане Сандански" во Штип. Во 2000 година се здобила со лиценца за работа. Во јуни 2002 година се вработила како општ лекар во ЈЗУ „Општа болница"- Штип, каде што се уште работи. Во март 2004 година ја започнала специјализацијата по неврологија на Медицинскиот факултет во Скопје. Специјализацијата со успех ја завршила во април 2009 година положувајќи го специјалистичкиот испит и се здобила со звање специјалист по неврологија. Во учебната 2021 год. на Факултет за медицински науки при УГД-Штип започнала докторски студии во областа на клиничката медицина, под менторство на вонр.проф. д-р Валентина Велкоска-Накова. Во тек на четирите семестри од третиот циклус во III, IV, V и VI семестар ги завршила сите предвидени семинари, конференции и работилници, и има просечен успех од 10,0. Во 2022/2023 година добила согласност од стручниот колегиум на Клиничка болница – Штип за изработка на докторската дисертација. Во септември 2023 г. Етичката комисија за истражувања на луѓе при Факултет за медицински науки на УГД-Штип ја одобрила изработката на докторската дисертација на кандидатката. Во октомври 2023 година ја започнала супспецијализацијата по неврофизиологија

на Медицинскиот факултет во Скопје, која е сè уште во тек. Во моментов работи како специјалист по неврологија на Одделението по неврологија во Клиничка болница - Штип. Има објавено неколку изворни научни трудови, два од темата на докторатот, како и повеќе апстракти во книги на апстракти од меѓународни конгреси.

**АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА**

Докторската дисертација со наслов **„ВЛИЈАНИЕ НА РЕЗИСТЕНТНОСТА НА АЦЕТИЛСАЛИЦИЛНАТА КИСЕЛИНА ВРЗ КЛИНИЧКАТА СЛИКА НА ИСХЕМИЧЕН МОЗОЧЕН УДАР И ПОЈАВАТА НА РЕЦИДИВИ"** од спец. д-р Елена Личкова е самостоен научен труд изнесен на 96 страници. Истиот ги има сите неопходни структурни елементи на докторска дисертација: апстракт на македонски и на англиски јазик, вовед, мотив, цели и хипотези, материјал и методи, резултати, заклучок, рефренеци и кратенки. Содржи десет табели, дваесет и два графикони и шест слики. Цитирани се 82 референци во најголемиот број од последната деценија, што укажува на актуелноста на избраниот проблем за истражување во докторската дисертација.

Во **ВОВЕДОТ** се образложува темата исхемичен мозочен удар (ИМУ) преку сите актуелни дефиниции, негов краток историјат, етиологија, епидемиологија, патогенеза, поделба, клиничка слика, превенција и третман. Понатаму детално се образложува механизмот на дејство и фармаколошките својства на ацетилсалицилната киселина (АСА), со акцент на резистенцијата кон АСА. Кандидатот детално ги образложува механизмите кои го објаснуваат феноменот на резистенција на АСА. Воведниот дел го завршува со преглед на литература, давајќи осврт на досегашните истражувања на оваа проблематика. Со наведените и внимателно селектирани податоци од литературата, кандидатката ја потврдува варијабилноста во резултатите веќе објавени на оваа проблематика, истакнувајќи дека ваква слична анализа не е работена во нашата држава. Воедно ја потенцира и инсуфициентноста на научните докази за влијанито на резистенцијата на АСА врз појавата на рецидивантни ИМУ и други кардиоваскуларни настани.

**МОТИВАЦИЈАТА** за оваа докторска дисертација произлегува од високата преваленција на ИМУ, значителниот инвалидитет и високата смртност поврзани со мозочниот удар. Се смета дека со ова истражување ќе се даде придонес во подобрување на терапевтските пристапи кај пациенти кои доживуваат примарен или рецидивантен мозочен удар. Добивањето на појасни и прецизни заклучоци врз основа на лабораториски потврдена резистентност на АСА би можело да отвори нови можности во клиничката пракса, вклучувајќи опции како зголемување на дозата на АСА или премин кон алтернативни антиагрегациони терапии. Со ова би се спречиле нови цереброваскуларни инциденти и ќе се намали ризикот од повторување на ИМУ.

Понатаму кандидатката јасно ги дефинирала **ЦЕЛИТЕ И ХИПОТЕЗИТЕ** на научноистражувачката работа.

Цели:

1. Да се утврди дали постои врска помеѓу резистентноста на АСА и клиничката слика кај пациенти со ИМУ.
2. Да се утврди преваленцијата на резистентноста на АСА кај наши пациенти со ИМУ и рецидивантен ИМУ.
3. Да се испита поврзаноста на резистентноста на АСА со ИМУ и со рекурентен ИМУ.

4. Да се процени дали е присутна поврзаност на резистентноста на АСА со ризик-факторите за ИМУ.

Хипотези:

1. Сите пациенти со мозочен удар не реагираат исто на стандардна доза на АСА.
2. Преваленцијата на резистентност на АСА кај нашите пациенти е во согласност со преваленцијата во други истражувања.
3. Постои тесна поврзаност помеѓу резистентноста на АСА и тежината на клиничката слика.
4. Пациентите со рецидивантен ИМУ имаат повисока преваленција на резистентноста на АСА.
5. Одделни ризик-фактори се асоцирани со резистентноста на АСА.
6. Постои поврзаност меѓу ризик-факторите и степенот на невролошки дефицит одреден преку скалите Националната скала за мозочни удари на Институтот за здравје (NIHSS) и Модифицирана Ранкин скала (mRS); степенот на невролошки дефицит е повисок кај оние со резистентност на АСА.

Даден е детален опис на **МАТЕРИЈАЛИТЕ И МЕТОДИТЕ** кои се користени во истражувањето, како и поделбата на пациентите во групи. Дефиниран е типот на студијата-пресечна и времетраењето на истражувањето - една година. Вклучени биле 100 последователни пациенти со ИМУ за првпат дијагностицирани на Одделот за неврологија при Клиничка болница, Штип. Кандидатот дефинира инклузиони и ексклузиони критериуми при селекција на пациентите. Во студијата не биле вклучени пациенти со: хеморагичен мозочен инсулт, тромбоцитопенија (TP ≤ 150), тешка анемија (Hb ≤ 90), аритмија на срцето (АФФ), употреба на НСАИЛ, антикоагулантна терапија, друга антиагрегациона терапија различна од АСА, акутна инфекција. Едната кохорта на пациенти опфаќала пациенти со примарен ИМУ, а другата со рецидивантен ИМУ. Кај анализираните пациенти се бележеле сите ризик-факторите за ИМУ и се земала крв за лабораториски анализи (број на тромбоцити (PLT), хемглобин (Hb), хематокрит (Hct), гликемија (GLU), гликолизиран хемоглобин (HbA1c), уреа (URE), креатинин (CRE), вкупен холестерол (CHOL) и триглицериди (TG).

Исхемичните мозочни промени биле идентификувани преку компјутерска томографија (КТ) или магнетна резонанца (МРИ), реализирани на одделот за рендген дијагностика при Клиничка болница, Штип. Кај сите вклучени пациенти се проценувал невролошки статус со невролошките скали NIHSS и mRS. Кај сите пациенти била тестирана евентуална резистентност на АСА. Кандидатката детално ја опишува методологијата на процена на тромбоцитната функција и резистентност на АСА. Истата е испитувана во Институтот за трансфузиона медицина на РС Македонија, Центар за трансфузиона медицина, Штип.
Изработката на докторската дисертација била одобрена од Етичката комисија при Факултетот за медицински науки - Штип.

За статистичка евалуација на податоците во истражувањето биле употребени стандардните статистички методи: средна вредност, стандардна девијација, проценти, t- тест, $\chi^2$ тест, анализа на варијанса (АНОВА) и Пирсонова корелација. Обработувањето на податоците било изведено со користење на компјутерска програма SPSS 20,0 за Windows компјутерска програма.

На почетокот од **РЕЗУЛТАТИТЕ** е дадена анализа на демографските и клинички карактеристики на анализираната популација. Кандидатката ја

прикажува преваленцијата на резистентност на ACA во нашата популација, која изнесува 32%. Потоа ги споредува карактеристиките на ACA резистентни со ACA сензитивни пациенти, пронаоѓајќи дека ACA резистентните пациенти се значајно постари, од машки пол, со претходен кардиоваскуларен настан ($p<0,05$). Се анализира и влијанието на присутните коморбидитети врз појавата на потешка клиничка слика или резистенција на ACA.

Резултат со најголема тежина е значајно почестото јавување на рецидивантен ИМУ кај ACA резистентните пациенти. Тестот Хи-квадрат (Chi-square) покажал статистички значајна разлика во рекуренција на инсулт помеѓу ACA-сензитивните и ACA-резистентните пациенти ($x^2$ =23,55; $p<0,00001$). Понатаму кандидатката ги пронаоѓа факторите кои водат до потешка клиничка слика после ИМУ, односно ја анализира поврзаноста на тежината на клиничката слика со демографските и лабораториските параметри, користејќи ги скалите NIHSS и mRS.

NIHSS статистички значајно позитивно корелирал со возраста на пациентите (r=0,193, p=0,044) за разлика од mRS, каде што немало статистички значајна корелација. Просечната вредност на NIHSS и mRS не била висока за оваа кохорта на пациенти, 3 и 1, соодветно. Дополнително, NIHSS и mRS покажале статистички значајна позитивна корелација со вредноста на хемоглобин (r=0,198 и r=0,216, p=0,048 и 0,031 соодветно), хематокрит (r=0,251 и r=0,283, p=0,012 и 0,004, соодветно) и триглицеридите (r=0,202 и r=0,219, p=0,044 и 0,028, соодветно). Само NIHSS статистички значајно позитивно корелирал со возраста на пациентите (r=0,193, p=0,044). Сепак, не била пронајдена статистички значајна корелација помеѓу тежината на клиничката презентација, оценета со NIHSS и mRS и резистенцијата на ACA. Возраста на пациентите покажала статистички значајна позитивна корелација со резистенцијата на ACA (r=0,210, $p<0,01$).

Понатаму кандидатот го класифицира тежината на ударот оценет според NIHSS во 5 категории: без симптоми (оценка 0), минорни (оценка 1-4), средно-тешки (оценка 5-15), средно-тешки до тешки (оценка 16-20) и многу тешки (оценка 21-42) мозочни удари. Но, и овој пат, не била пронајдена значајна корелација помеѓу резистенцијата на ACA и тежината на ударот.

На крај користејќи ANOVA, хемоглобинот, хематокритот, возраста, гликемијата на гладно и присуството на ДМ имале статистички значаен ефект на категоријата на тежина на мозочниот удар ($p<0,05$).

Сите резултати се претставени табеларно и графички, а промените за кои е констатирана статистички значајна разлика се со наведен степен на значајност на разликите.

**ДИСКУСИЈАТА** содржи осврт на резултатите од студијата, дискутирајќи ги одделно сите добиени резултати со оние кои се веќе објавени во литературата. Дискутира за вкупната преваленција на резистентност на ACA кај пациенти со исхемичен мозочен удар, според возраст и пол во нашата студија во споредба со други студии. Дискутира за разликите во лабораториските параметри помеѓу ACA сензитивните и ACA резистентните пациенти, споредувајќи ги овие резултати со резултати од други слични истражувања. Се дискутира за ефектите од коморбидитетите и лошите навики, како пушење на цигари и алкохолизам врз добиените резултати. Посебно се става акцент на распространетоста на резистентност на ACA кај пациенти со рекурентен исхемичен мозочен удар, споредувајќи ги повторно сопствените резултати со резултати од слични

истражувања. Се дискутира корелацијата помеѓу тежината на клиничката слика со АСА резистенцијата и останатите анализирани варијабли, како демографски, лабораториски и клинички карактеристики. Кандидатот изведува логични причинско-последични објаснувања за сите презентирани резултати, било да се статистички значајни или не. На крај од дискусијата објективно се посочени предностите и ограничувањата на оваа студија во однос на други претходни истражувања како и клиничката релевантност на добиените податоци со истражувањето.

Како ограничувања на студијата се наведуваат малиот примерок, еднократна проценка на резистентноста на АСА, процена на АСА резистенција само со еден метод, невклучување на генетски анализи, како и недостатокот од долгорочно следење на пациентите.

Апликативниот придонес на оваа докторска дисертација произлегува од широката употреба на АСА во фармакотерапијата, пред сè како златен стандард во превенцијата на исхемични кардиоваскуларни настани. Доколку нејзината ефикасност кај одредени пациенти е намалена поради појавата на резистентноста, други фактори, како што се генетски варијации, коморбидитети или физиолошки состојби, може да играат значајна улога во одредувањето на исходот од кардиоваскуларна превенција со АСА. Наодот дека повозрасните мажи со претходни кардиоваскуларни заболувања се почесто АСА резистентни, укажува да се размислува за ординирање на друг антиагрегационен лек, различен од АСА. Иако мала анализирана група, сепак почестата појава на ИМУ кај АСА резистенти пациенти, дава акцент на потребата од биохемиско тестирање за резистентност на АСА во нашата популација. Придонесот на оваа студија се состои и во тоа што ја оценува врската меѓу резистентноста на АСА и клиничката слика на ИМУ и детално ги анализира механизмите што можат да ја објаснат оваа резистентност. Иако постоела резистентноста на АСА кај значителен број пациенти, не се утврдила статистички значајна корелација меѓу резистентноста и сериозноста на ИМУ, оценета преку невролошките скали, NIHSS и mRS. Ова укажува дека клиничката тежина на мозочниот удар не е секогаш поврзана со биохемиските параметри на резистентноста на АСА. Од друга страна, хиперглобулијата оценета со висок хемоглобин и/или хематокрит, заедно со постарата возраст и присуството на дијабетес тип 2 влијаеле врз тежината на ИМУ и може да се окарактеризираат како ризик фактори за појава на потешка клиничка слика на ИМУ. Ова може да има клиничка корист во превенцијата на ИМУ и одлуките за агресивност во третманот кај пациенти со ИМУ. Резултатите ја отвораат вратата за нови истражувања кои ќе се фокусираат на персонализираните терапии и на подобрување на дијагностичките и третманските стратегии за пациенти кои покажуваат резистентност на АСА.

Од докторската дисертација произлегуваат следните најзначајни **ЗАКЛУЧОЦИ**:

1. Резистентност на стандардната доза на АСА пројавиле 32%, односно една третина од пациентите,
2. Постоела статистички значајна разлика во возраста и полот помеѓу АСА резистентните и АСА сензитивните пациенти; машкиот пол и постарата возраст се покажале статистички значајно почести кај АСА резистентните пациенти,
3. Од коморбидитетите претходниот кардиоваскуларен настан се покажал како статистички значајно почест кај АСА резистентните пациенти, а присуството на дијабетес тип 2 како ризик фактор за потешка клиничка слика кај ИМУ

4. Рецидивантен ИМУ бил статистички значајно почест кај АСА резистентните пациенти,

5. Резистентноста на АСА не влијаела врз тежината на клиничката слика кај ИМУ,

6. Тежината на клиничката слика кај ИМУ е во асоцијација со возраста, повисоките нивоа на хемоглобин, хематокрит, гликемијата и триглицеридите.

**ОЦЕНКА ЗА ПРИЈАВЕНАТА ТЕМА**

Комисијата оценува дека докторската дисертација со наслов **„ВЛИЈАНИЕ НА РЕЗИСТЕНТНОСТА НА АЦЕТИЛСАЛИЦИЛНАТА КИСЕЛИНА ВРЗ КЛИНИЧКАТА СЛИКА НА ИСХЕМИЧЕН МОЗОЧЕН УДАР И ПОЈАВАТА НА РЕЦИДИВИ”**, изработена од спец. д-р Елена Личкова, е резултат на самостојна научна работа на актуелна и значајна тема од областа на неврологијата. Содржината на дисертацијата е јасно изнесена. Добиените резултати се анализирани соодветно и од нив се извлечени логички заклучоци кои упатуваат на апликативна и едукативна вредност на докторската дисертација. Темата е прва од ваков вид во РС Македонија. Таа нуди одговор на неколку неразјаснети прашања околу потребата од биохемиско тестирање на резистентноста на АСА. Истата ги дефинира подгрупите на пациенти кај кои се очекува резистентност кон АСА и ризик факторите за појава на потешка клиничка слика при ИМУ. Оваа докторска дисертација пронаоѓа дека резистенцијата кон АСА може да биде одговорна за појава на рецидивантни ИМУ, што ја сугерира потребата од ова тестирање со цел избегнување на рецидивантни ИМУ. Резултатите од ова истражување го дополнува постоечкиот корпус на знаење со нови податоци за распространетоста и импликациите на резистентноста на АСА кај пациенти со ИМУ. Затоа, комисијата смета дека докторската дисертација ќе даде клинички и научен придонес во областа на неврологијата.

**ЗАКЛУЧОК**

Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на трет циклус докторски студии на Факултетот за медицински науки, Кампус 3 при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, да одреди термин за јавна одбрана на докторска дисертација од спец. д-р Елена Личкова со наслов **„ВЛИЈАНИЕ НА РЕЗИСТЕНТНОСТА НА АЦЕТИЛСАЛИЦИЛНАТА КИСЕЛИНА ВРЗ КЛИНИЧКАТА СЛИКА НА ИСХЕМИЧЕН МОЗОЧЕН УДАР И ПОЈАВАТА НА РЕЦИДИВИ”.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Емилија Цветковска, редовен професор, претседател, с.р.

Д-р Гордана Камчева-Михаилова, вонреден професор, член, с.р.

Д-р Марија Дарковска-Серафимовска, вонреден професор, член, с.р.

Д-р Валентина Велкоска-Накова, вонреден професор, член (интерен ментор), с.р.

Д-р Анита Арсовска, редовен професор, член (екстерен ментор), с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КОНТРОЛА И УПРАВУВАЊЕ НА ЗАГАДУВАЊЕТО НА ВОЗДУХ, ВОДА И ПОЧВА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП**

Со Одлука бр.1702-232/3 од 26.11.2024 година донесена на 68. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 25.11.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на асистент за наставно-научната област *контрола и управување на загадувањето на воздух, вода и почва* – еден извршител на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за избор на асистент за наставно-научна област *контрола и управување на загадувањето на воздух, вода и почва* беше објавен во весниците „Вечер" и „Коха" на 14.11.2024 година и во предвидениот рок се пријавила само кандидатката м-р Ана Михаиловска.

Согласно со Одлуката, Комисијата работеше во состав:

– д-р Дејан Мираковски, редовен професор за наставно-научната област вентилација и техничка заштита, вработен на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип - **претседател**;
– д-р Марија Хаџи-Николова, редовен професор за наставно-научната област животна средина, вработена на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип - **член**;
– д-р Афродита Зенделска, вонреден професор за наставно-научната област подготовка на минерални суровини, вработена на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип – **член**.

Кандидатката м-р Ана Михаиловска врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во целост заедно со пријавата ги има доставено следниве документи: 1) пријава; 2) диплома за завршен прв циклус на студии - еден примерок заверен на нотар; 3) уверение за положени испити на прв циклус на студии; 4) уверение за положени испити на втор циклус на студии – оригинал и три копии заверени на нотар; 5) потврда за познавање на странски јазик (англиски и германски); 6) кратка биографија со список на објавени трудови и по еден примерок од трудовите; 7) препорака од двајца професори; 8) примерок од магистерскиот труд и 9) уверение за државјанство.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

М-р Ана Михаиловска е родена на 9.5.1999 г. во Делчево, РС Македонија. Основно образование завршува во ОУ „Св.Кирил и Методиј" во Македонска Каменица, а средно образование во СОУ „Миле Јаневски-Џингар" во Македонска Каменица, математичко подрачје, со континуиран одличен успех (5,0). Како ученик учествува на повеќе натпревари на регионално и републичко ниво и се стекнува со неколку признанија и пофалници.

Во 2018 г. се запишува на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, на студиската програма Инженерство за заштита на животна средина. Студиите на прв циклус ги завршува во 2022 година со просечен успех 9,51 и се стекнува со звање дипл.инж за заштита на животната средина. Како најдобро дипломиран студент на генерацијата е добитник на неколку награди и признанија: „Пофалница за најдобро дипломиран студент во учебната 2022 г.“ од Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, „Инженерски прстен на најдобрите дипломирани инженери од македонските универзитети“ доделен од комората на овластени архитекти и овластени инженери под покровителство на претседателот на државата, „Признание за најдобар млад истражувач во Источниот регион за 2022“ доделено од Регионалниот актив на новинари „Исток“, како и Прва награда на 10. Ораторска вечер на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип.

Во ноември 2022 г. се запишува на втор циклус студии на ФПТН, на студиската програма Инженерство за заштита на животна средина. Во април 2024 година била на еднонеделен престој во Каунас, Литванија, по повод International Week, *«Engineering and Educational Technologies 2024: Creating an Inclusive Learning Environment by Training Engineering Specialists»*.

Студиите на втор циклус ги завршува на 7.11.2024 година со просечен успех 9,85 и се стекнува со звање магистер на науки од областа на инженерство за заштита на животната средина.

Од 1.11.2022 г. до денес активно е вклучена во работата на Лабораторијата „АМБИКОН“ во рамки на Факултетот за природни и технички науки.

Од 21.11.2022 до 1.6.2024 г. е ангажирана како демонстратор на Факултетот за природни и технички науки на група предмети на студиската програма Инженерство за заштита на животна средина.

Успешно се служи со англиски и германски јазик. Одлично ги владее сите алатки од MS Office пакетот (MS Word, Power Point, Excel). Поседува возачка дозвола Б-категорија.

***Кандидатката м-р Ана Михаиловска ги исполнува законските услови за избор во соработничко звање асистент:***

1. Остварен просечен успех од 9,51 на студиите од прв циклус на Факултетот за природни и технички науки на студиската програма Инженерство за заштита на животна средина (240 кредити) при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
2. Остварен просечен успех од 9,85 на студиите од втор циклус на Факултетот за природни и технички науки на студиската програма Инженерство за заштита на животна средина (120 кредити) при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
3. Стекнато назив магистер на науки од областа на инженерство за заштита на животна средина;
4. Познавање на странски јазици – кандидатката доставила сертификат за познавање на англиски и германски јазик;
5. Демонстрира способност за изведување наставно-научна дејност; во изминатиот период беше вклучена како демонстратор во реализација на аудиториски и лабораториски вежби на група предмети на студиската програма Инженерство за заштита на животна средина;
6. Две препораки од професори.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатката м-р Ана Михаиловска во периодот од 21.11.2022 до 1.6.2024 била ангажирана како демонстратор на Факултетот за природни и технички науки на студиската програма Инженерство за заштита на животна средина. Во овој период како демонстратор кандидатката успешно ги изведува и организира вежбите по предметите: Загадување и заштита на воздухот, Техники на опрубување и анализи, Менаџмент на комунален отпад, Управување со посебни текови на отпад, Менаџмент на опасен отпад, Рециклажни технологии и Третман на отпадни води на студиската програма Инженерство за заштита на животна средина.

Од 1.11.2022 г. до денес активно е вклучена во работата на Лабораторијата „АМБИКОН“ во рамки на Факултетот за природни и технички науки. Има посетувано и успешно завршува обуки за ракување со повеќе инструменти во Лабораторијата и тоа: каскаден импактор, спектрофотометар, оптички трансмисиометар и систем за изокинетичко земање на примероци. Има посетувано обука: Вовед во моделирање на загадувањето на воздухот, Course IAEA 2023, обука за дефинирање на критериуми и механизми за компетентност, овластување и следење на персоналот во лабораторија, одговорности и меѓусебна поврзаност согласно со барањата на МКС ISO/IEC 17025:2018.

Во текот на студирањето на прв циклус студии учествува во проектот „Справување со загадувањето на воздух на Град Скопје“, а како студент на втор циклус студии продолжува со учество во проектот „Справување со загадувањето на воздухот“, каде што активно е вклучена во земање и анализа на примероци потребни за изработка на студии за распределба на извори на загадување за урбаните средини Куманово, Гостивар, Струмица, Кавадарци и Струга и подготовка на студии за квалитетот на воздухот во затворени простории во избрани јавни простори во пилот урбани области, како дел од лабораторија АМБИКОН.

Учесник е на неколку домашни и меѓународни конференции, од областа на инженерство за заштита на животна средина. Како коавтор има објавено 3 научни трудови. Активностите се презентирани во е-репозиториумот, објавени на веб-страницата на УГД.

***Кандидатката м-р Ана Михаиловска, во последните 3 години, ги има објавено следниве трудови:***

***Трудови објавени во меѓународни списанија со импакт-фактор***

1. Mirakovski, D., Zendelska, A., Boev, B., Hadzi-Nikolova, M., Sijakova-Ivanova, T., Doneva, N., Boev, I., Dimov, G., Doneva, E., **Mihailovska,A.**, (2024) *Evaluation of PM2.5 Sources in Skopje Urban Area Using Positive Matrix Factorization.* Environmental Modeling & Assessment. ISSN 1420-2026 / e-ISSN:1573-2967

Во трудот се прикажани резултатите од истражувањето за распределба на изворите како еден од првите обиди да се квантифицира придонесот на изворите на загадување на амбиенталните честички (PM2.5) во урбаното подрачје на Град Скопје. Земањето примероци е спроведено на две локации во град Скопје, едната во Ново Лисиче, втората во Карпош. Елементарниот состав на PM2.5 аеросолите е анализиран со недеструктивна енергетско дисперзивна

флуоресцентна спектроскопија на X-зраци, фотометриски се анализирани јони растворливи во вода, а црниот јаглерод е детектиран со оптички трансмисометар. За моделирање на податоците е искористена позитивна матрична факторизација и пресметан е придонесот на секој извор во вкупната маса на честичките (PM2,5). Идентификувани се седум главни извори на загадување за двете локации, вклучувајќи согорување на биомаса, горење на отворено, сообраќај, согорување гориво/остаток на нафта, индустрија и почва/минерална прашина. И покрај тоа што е целосно сезонско, согорувањето на биомасата дава најголем годишен релативен придонес, достигнувајќи 32% за локалитетот Ново Лисиче и 33% за локалитетот Карпош, а во текот на зимските месеци, само овој извор придонесува над годишните гранични нивоа на PM2.5. Сообраќајот е вториот најважен извор. Годишниот релативен придонес на сообраќајот во вкупната маса на честички на локалитетот Ново Лисиче изнесува 23%, а на локалитетот Карпош 18%.

***Трудови објавени на меѓународни научни собири, конгреси и симпозиуми***

1. Topcheva, T., Hadzi-Nikolova, M., Doneva, N., Zendelska, A., Mihailovska, A., Samardziski, B., (2023) *Personal noise exposure level among employees in schools, automotive and mining industry.* In: The 20th International Conference "Man and Working Environment" Safety engineering & management – science, industry, education (SEM-SIE 2023), 7-8 Dec 2023, Nis, Republic of Serbia.

Професионалната изложеност на високи нивоа на бучава е проблем во речиси сите индустрии, вклучително и услужниот сектор. Нивото на изложеност варира во зависност од изворите на бучава. Според достапните истражувачки студии, овој проблем често се појавува во индустрии како транспорт, рударство, производство и градежништво. Во трудот е направена споредба на резултатите добиени од спроведеното испитување на персонална изложеност на бучава во реални услови за да се утврди нивото на изложеност на бучава на наставниците, како и кај работниците во автомобилската и рударската индустрија. Резултатите од ова истражување покажуваат дека високото ниво на бучава претставува ризик за здравјето и безбедноста на работниците на сите три различни работни места, вклучително и индустријата и образованието.

2. Doneva, E., Mihailovska, A., Angelovska, S., Petrovska, J., Mirakovski, D., Zendelska, A., (2021) *Indoor air quality in homes using biomass for heating and cooking.* In: 2nd Scientific conference for Critical environmental issues of the Western Balkan Countries, 28-30 Oct 2021, Stip, Republic of North Macedonia.

Во трудот се прикажани резултатите од студијата во рамки на која се направени мерења на квалитетот на воздухот во затворени простории (IAQ) во индивидуални куќи во Скопје како урбана средина и населбата Лисиче, која користи биомаса за греење и готвење. Измерените параметри вклучуваат цврсти честички (PM 1, PM 2,5, PM 4 и PM10), јаглерод диоксид, температура, релативна влажност и атмосферски притисок. Мониторингот траел неколку последователни денови со цел да се избегне влијанието на различни навики за користење на просторот и нивоа на загадување на околината. Добиените резултати покажуваат дека 24-часовната просечна концентрација на PM10 во домовите што се загреваат со внатрешни печки се во опсег од 200,1 ± 126,9 μg/m3 (n = 17), додека во домовите што користат биомаса со надворешни системи за греење 24 часа, просечната концентрација на PM10 била во опсег од 14,7 ± 6,5 μg/m3 (n = 4). Во истиот период, 24-часовните просечни надворешни концентрации на PM 10 на станицата

Лисиче биле 72,25 ± 57,19 μg/m³. Добиените податоци покажуваат значително повисока концентрација во затворен простор за домови кои користат печки во затворен простор, што укажува на внатрешните печки како многу значаен извор на загадување на воздухот во затворените простории.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и според приложената документација, кандидатката **м-р Ана Михаиловска ги исполнува сите законски услови, сите општи услови и критериумите за да биде избрана во звањето асистент** за наставно-научната област контрола и управување на загадувањето на воздух, вода и почва. Врз основа на приложениот материјал и изнесените податоци, според Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип кандидатката м-р Ана Михаиловска да биде избрана за асистент во наставно-научната област контрола и управување на загадувањето на воздух, вода и почва на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Дејан Мираковски, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Марија Хаџи-Николова, редовен професор, член, с.р.
Д-р Афродита Зенделска, вонреден професор, член, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „НЕГА НА ПАЦИЕНТИ СО КОЛОРЕКТАЛЕН КАРЦИНОМ" ОД ДОЦ. Д-Р МАРИЈА КАРАКОЛЕВСКА-ИЛОВА И НАСЛОВЕН ВОНР. ПРОФ. Д-Р ДЕВА ПЕТРОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.2002-280/14 од 15.11.2024 година, на 329. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 15.11.2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Лилјана Манева-Костовска, редовен професор во пензија и
- д-р Илија Милев, доцент, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, избран во научната област хирургија,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**НЕГА НА ПАЦИЕНТИ СО КОЛОРЕКТАЛЕН КАРЦИНОМ**" од авторките **доцент д-р Марија Караколевска – Илова, насловен вонреден професор д-р Дева Петрова,** скрипта наменета за студентите на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки, студиска програма на Висока здравствена школа, насока Медицинска сестра/техничар на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.
Ракописот со наслов „НЕГА НА ПАЦИЕНТИ СО КОЛОРЕКТАЛЕН КАРЦИНОМ" припаѓа во научната област онкологија според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „НЕГА НА ПАЦИЕНТИ СО КОЛОРЕКТАЛЕН КАРЦИНОМ" од авторките доц. д-р Марија Караколевска-Илова и насловен вонр. проф. д-р Дева Петрова е наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки, студиска програма на Висока здравствена школа, насока Медицинска сестра/техничар на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за предметот Онкологија со нега, со предвидениот фонд на часови од 2+2+0, кој студентите го изучуваат во четвртиот семестар.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот „НЕГА НА ПАЦИЕНТИ СО КОЛОРЕКТАЛЕН КАРЦИНОМ" од авторките доц. д-р Марија Караколевска-Илова и насловен вонр. проф. д-р Дева Петрова е даден на 67 страници, А4-формат, со проред 1 и со големина на букви 11. Обемот на овој ракопис по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Овој учебник е прв од ваков вид за студентите на студиска програма на Висока здравствена школа, насока Медицинска сестра за предметот Онкологија со нега.

**Краток опис на содржината:** Негата на онколошки болни е специјализирана област на медицинската професија која ги обработува методите на медицинска нега на пациентите со малигни заболувања. За да се обезбеди најдобра медицинска нега кај оваа специфична група на пациенти неопходно е добро познавање на особеностите на малигните заболувања и нивното системско влијание, како и начинот на апликација на специфичната онколошка терапија и несаканите ефекти кои истата ги предизвикува. Од друга страна, потребно е да се разберат и специфичните потреби на секоја возраст на пациентите со малигно заболување. Онколошките медицински сестри се значајни соработници во мултидисциплинарен здравствен тим при остварувањето на најдобра можна медицинска нега за пациентите со малигни заболувања. Тие играат незаменлива улога во внимателното следење на состојбата за време на онколошкиот третман кај овие пациенти, обезбедуваат грижа и поддршка во текот на лекувањето и претставуваат значаен професионален соговорник за семејствата на овие пациенти.

Карциномите на колон и ректум претставуваат посебен дел од онкологијата кој се занимава со проучување на епидемиологијата, етиологијата и тераписките модалитети со главен осврт на специфичните онколошки третмани кај карциномите на гастроинтестиналниот систем како едни од најчестите малигноми. Медицинската сестра има голема улога при негата и тераписките постапки кај пациентите со малигни заболувања на гастроинтестинален систем. Нејзината задача е поставување на венски пристап за парентерална апликација на лекови (хемотерапија), инфузиони раствори и раствори за парентерална исхрана, како и следење на виталните параметри за време на апликацијата на специфичната терапија. Посебен акцент онколошката медицинска сестра поставува на информираноста на пациентите за несаканите ефекти од терапијата и правилната нега во домашни услови. На медицинската сестра која работи на одделение за онкологија неопходна и е и добра обука за да може да биде незаменлив соработник на лекарот. Медицинската сестра мора да има одлично познавање од оваа патологија и да биде едукатор на пациентите и нивните семејства за спецификите на терапијата, специфичната исхрана, како и навремено препознавање на знаците и симптомите при несаканите ефекти од терапијата.

Материјалот на скриптата е разделен во 16 поглавја кои сликовито и детално ги обработуваат темите од областа на колоректалниот карцином.

**Поглавје 1: Вовед.** Колоректалниот карцином е најчесто малигно заболување на гастроинтестиналниот тракт со мултифакторијална етиологија. Како таков има големо значење врз морбидитетот на пациентите, како и предизвик во неговиот третман. Во *Воведот* се дава еден општ приказ за колоректалниот карцином, неговата инциденца, факторите на ризик и епидемиолошките карактеристики. Напредокот во патофизиолошкото разбирање за настанокот на овој карцином го зголеми опсегот на опции за третман и за локална и за напредната болест, што доведе до индивидуализирани планови за лекување.

**Поглавје 2: Анатомија на колон и ректум.** Во ова поглавје детално описно и сликовито се дадени анатомските карактеристики на колон и ректум, ембриолошкото потекло на деловите на колон и ректум, нивната инервација, васкуларизација и лимфна дренажа. Сето ова е прикажано со цел понатаму да се разберат хируршките процедури што се спроведуваат кај колоректален карцином, начинот на лимфогено и хематогено метастазирање, како и разликата во тераписките модалитети помеѓу карцином на колон и ректум.

**Поглавје 3: Епидемиологија на колоректален карцином.** Колоректалниот карцином е трет најчесто дијагностициран карцином на светско ниво, по карциномот на белите дробови и на дојката. Со цел да се разбере значењето на овој карцином како битен здравствен проблем, детално описно и сликовито е даден приказ за инциденцата на колоректален карцином во светски и европски рамки, како и во однос на половата структура.

**Поглавје 4: Етиологија на колоректален карцином.** Во ова поглавје е даден детален приказ на етиологијата на колоректален карцином. Детално се обработени и прикажани променливите и непроменливите ризик фактори, со цел да се подигне свеста за превентивните можности кај оваа група на карциноми. Со не помала важност се дава и акцент на генетските и наследните форми на овие карциноми како посебна група и во однос на третман и во однос на ризик од други типови на карциноми во фамилијата.

**Поглавје 5: Локализација, симптоми и знаци на колоректален карцином.** Во однос на локализацијата на карциномот на колон и ректум се спроведуваат соодветните третмански опции и во делот на хирургијата и во делот на специфичниот онколошки третман. Со цел навремено откривање на овие малигнитети треба да се знаат симптомите и знаците, како би можело пациентот навремено да биде насочен кон дијагностичките процедури и онколошките третмански опции.

**Поглавје 6: Дијагноза на колоректален карцином.** Дијагнозата на колоректален карцином се засновува на три столба: историја на болеста, физикален преглед и инвестигации. Ова поглавје ги содржи детално обработени и сликовито прикажани сите дијагностички модалитети кои се користат за докажување на заболувањето и проценка на клиничкиот стадиум на болеста.

**Поглавје 7: Патологија.** Кај колоректалните карциноми, утврдувањето на стадиумот на болеста вообичаено се врши по хируршката експлоријација и хистопатолошкиот преглед на оперативниот материјал. Ова поглавје ги обработува патохистолошките критериуми кои треба да ги содржи еден постоперативен патохистолошки наод со предиктивна и прогностичка цел.

**Поглавје 8: Раст и метастазирање.** Ова поглавје дава приказ на макроскопскиот раст на колоректалниот карцином, како и начините и пределекционите места за метастазирање.

**Поглавје 9: Стадиум на заболувањето.** Одлуките за типот на третман на карцином на колонот се донесуваат врз основа на податоците од Dukes или модифицираната Astler-Coller класификација. Стадиумите на болест треба да бидат дефинирани со ТНМ класификација. Ова поглавје дава детален опис за Т (големина на тумор), Н (лимфни јазли) и М (далечни метастази) кај колоректален карцином и стадиумите за заболувањето по ТНМ класификацијата.

**Поглавје 10: Третман.** Третманот кај колоректален карцином е индивидуален, односно се донесува одлука за персонализиран третман. Тоа подразбира консултација на мултидисциплинарен тим (т.н. тумор борд) во кој се вклучени патолог, радиолог, хирург и онколог. Врз основа на клиничките карактеристики на карциномот (стадиумот на заболувањето), патохистолошкиот тип, биолошките/молекуларни карактеристики на туморот како и фактичката физичка состојба на пациентот се донесува одлука за соодветен третман кој е индивидуален. Овде детално описно и сликовито се изнесени најновите научни ставови за третман на инвазивниот ресектибилен неметастатски карцином

на колон (со детален приказ за карактеристиките на хируршката ресекција и принципите на адјувантна/неоадјувантна хемотерапија/биолошка терапија кај ресектибилен карцином на колон). Даден е и осврт на третманот базиран врз стадиумот на заболувањето. Исто така, даден е и детален приказ за третман на ресектибилен карцином на ректум (хируршка ресекција и модалитетите на хемотерапијата и радиотерапијата). Посебен дел од ова поглавје е посветен на радиотерапијата на карцином на колон (од принципите на симулација на пациентот за зрачење до начинот на спроведување на зрачниот третман).

**Поглавје 11: Принципи на третман на метастатска болест.** Метастатска болест ќе развијат 50-60% од пациентите со колоректален карцином, додека 80-90% од овие пациенти имаат нерктебилна метастатска болест во црниот дроб. Метастатската болест претставува посебен предизвик за онколозите, па затоа е обработен пристапот во нејзиното третирање како посебен ентитет.

**Поглавје 12: Несакани ефекти од применетата онколошка терапија и справувањесоистите.** Несаканитеефектиодприменетататерапијабилозалокална, локо-регионална или метастатска болест произлегуваат од видот на терапија (хемотерапија, радиотерапија или конкурентна хеморадиотерапија), типот на применетите цитостатици, биолошка терапија, како и од индивидулатната општа состојба на секој пациент. Справувањето со несаканите ефекти е и одговорност и на здравствените работници, посебно за медицинската сестра која треба да знае да ги препознае промените кај пациентот предизвикани од соодветната онколошка терапија, правилно да го насочи пациентот за успешно справување со истите и во крајна линија навремено да го алармира докторот/онколог. Изнесен е детален опис за сите несакани ефекти од хемотерапијата (гадење, повраќање, стоматитис, дијареја, алопеција, кожни промени) и улогата на медицинската сестра во нивно препознавање и разрешување, како и информирање на пациентите. Посебен осврт е дадено за фебрилната неутропенија како животозагрозувачка состојба и улогата на медицинската сестра во нејзино навремено препознавање и алармирање на докторот. Екстравазацијата е состојба која директно е поврзана со искуството и знаењето на медицинската сестра за правилно справување со истата, па така има посебен осврт за препораките на интервенција поврзани со истата.

**Поглавје 13: Несакани ефекти од применетата онколошка радиотерапија и справување со истите.** Спроведување на зрачна терапија кај ректален карцином е со точно определена доза разделена во дневни фракции. Претходно се изработува детален зрачен план за секој пациент со кој се постигнува оптимална зрачна доза на самиот тумор или лежиштето на туморот со максимална заштита на околните здрави структури. Сепак и при спроведување на зрачниот третман може да се појават одредени несакани ефекти. Медицинската сестра и во овој дел од третманот на онколошките пациенти има значајна улога во едукацијата на пациентите за несаканите ефекти, како и навремено препознавање на истите и давање на упатство за нивно решавање.

**Поглавје 14: Палијативна нега и квалитет на живот кај пациентите со колоректален карцином**. Во тек на природниот тек на малигното заболување пациентите можат да бидат третирани со различни тераписки модалитети со цел постигнување на неколку основни цели. Од една страна целта може да биде потполно излекување на пациентот, а доколку тоа не е возможно да се обезбеди продолжување на животот (подолго преживување без болест и целокупно преживување). Палијативната нега претставува спроведување методи со кои се

исполнуваат потребите на пациентите со малигно заболување кај кои не може да се постигне излекување. Палијативната нега има мултидисциплинарен карактер, а тоа значи дека во нејзиното спроведување се вклучени повеќе стручни профили (онколози, хирурзи, радиотерапевти, физијатри и физиотерапевти, психолози, анестезиолози, специјалисти за третман на болка, доктори од општа медицина, како и медицинска сестра). Претставена е улогата на медицинската сестра при спроведување на палијативната нега, а посебно кај домашната палијативна нега.

**Поглавје 15: Болка и третман на болка (болен синдром).** Болката претставува комплексно физиолошко и емотивно искуство, а не само чувство. Во напредната малигна болест веќе две третини од пациентите имаат болен синдром. Болката е една од најчестите и најтешките компликации на малигниот процес. Примарната цел е нејзино потполно отстранување или намалување како пациентот би имал прифатлив функционален статус, квалитет на живот и релативно безболна смрт. Ова поглавје дава детален приказ за видовите на болка и начинот на настанување. Посебен дел претставува начинот на правилно справување со истата во кој значајна улога има и медицинската сестра.

**Поглавје 16: Скрининг за колоректален карцином.** Скринингот е значајна алатка во пронаоѓањето на соодветно заболување кај здравата популација. Навременото дијагностицирање на колоректалниот карцином е од големо прогностичко значење за преживувањето кај овие пациенти, но и намалување на морбидитетот со третманот. Затоа како посебно поглавје се опишани препораките за скрининг програмата кај колоректален карцином.

Библиографските единици, вкупно 50, користени при пишување на скриптата правилно се цитирани во АПА стил.

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот **„Нега на пациенти со колоректален карцином" од авторите доц. д-р Марија Караколевска-Илова и насловен вонр. проф. д-р Дева Петрова** е наменет за студентите на Високата медицинска школа, насока Медицинска сестра/техничар на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Ракописот претставува значаен едукативен текст во кој изнесените содржини се претставени стручно, сеопфатно, јасно и разбирливо, врз основа на цитираните најсовремени релевантни медицински литературни извори.

Врз база на сето погоре кажано, а врз основа на стандардите, критериумите и индикаторите предвидени со методологијата за вреднување и објавување на учебници, Рецензентската комисија има особена чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ракописот **„Нега на пациенти со колоректален карцином" од авторките доц. д-р Марија Караколевска-Илова и насловен вонр. проф. д-р Дева Петрова** да го прифати за објавување во е-библиотеката на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

Д-р Лилјана Манева-Костовска, редовен професор во пензија, с.р.

Д-р Илија Милев, доцент, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ ЗА ЗБИРКА ЗАДАЧИ СО НАСЛОВ „ЗБИРКА ЗАДАЧИ ПО ЛИНЕАРНА АЛГЕБРА И АНАЛИТИЧКА ГЕОМЕТРИЈА” ОД ПРОФ. Д-Р МАРТИН ЛУКАРЕВСКИ И ВОНР. ПРОФ. Д-Р ЕЛЕНА КАРАМАЗОВА-ГЕЛОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1502-134/6 од 259. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за информатика, одржана на 7.10.2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Костадин Тренчевски, редовен професор, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје,
- д-р Никола Тунески, редовен професор, Машински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ЗБИРКА ЗАДАЧИ ПО ЛИНЕАРНА АЛГЕБРА И АНАЛИТИЧКА ГЕОМЕТРИЈА**” од **проф. д-р Мартин Лукаревски и вонр. проф. д-р Елена Карамазова-Гелова,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Ракописот со наслов „Збирка задачи по Линеарна алгебра и аналитичка геометрија” припаѓа во научната област математика според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултет за информатика го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „Збирка задачи по Линеарна алгебра и Аналитичка геометрија“ од авторите проф. д-р Мартин Лукаревски и вонр. проф. д-р Елена Карамазова-Гелова е наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за информатика, студиска програма Компјутерски науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како учебно помагало при совладување на содржините од истоимениот предмет.

Предметот Линеарна алгебра со аналитичка геометрија, според наставната програма, е предвиден како задолжителен предмет во I семестар на I циклус студии за студентите на Факултет за информатика, студиска програма Компјутерски науки со неделен фонд на часови 2+2+1. Предложениот ракопис е во согласност со Наставната програма и ја опфаќа наставната материја од наставните содржини кои се изучуваат по предметот Линеарна алгебра со Аналитичка геометрија, така што може да биде прифатен како учебно помагало за наведениот предмет. Но, покрај предметот Линеарна алгебра со Аналитичка геометрија, збирката задачи може да се користи и по предметот Линеарна алгебра, како и останати предмети во кои се изучуваат содржини од Линеарна алгебра и содржини од Аналитичка геометрија.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот „Збирка задачи по Линеарна алгебра и Аналитичка геометрија" од авторите проф. д-р Мартин Лукаревски и вонреден проф. д-р Елена Карамазова-Гелова е напишан на македонски литературен јазик, текстот е компјутерски обработен и среден, што овозможува лесно читање на презентираниот материјал. Целиот ракопис е изработен на високо техничко ниво. Ракописот содржи 87 страници во А4 формат, 10 слики и 6 библиографски единици. Обемот и содржината на ракописот се во согласност со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Содржината на ракописот „Збирка задачи по Линеарна алгебра и Аналитичка геометрија" наменет како учебно помагало за предметот Линеарна алгебра со Аналитичка геометрија е соодветна на усвоениот наставен план и програма за истиот предмет. Содржината е логично структурирана, материјалот е концизно изнесен, што води во насока на остварување на поставената цел и задачи на авторите – совладување на концептите од предметот Линеарна алгебра со аналитичка геометрија. Според нашите сознанија, ваква збирка задачи, по обем и содржина, којашто одговара на предвидената наставна програма по предметот Линеарна алгебра со Аналитичка геометрија на ФИ при УГД, не е објавена.

**Краток опис на содржината:** Ракописот „Збирка задачи по Линеарна алгебра и Аналитичка геометрија" е конципиран така што содржи тринаесет целини предвидени за дванаесет работни седмици во текот на еден семестар.
На почеток од првата глава решени се задачи со операции на матрици, а потоа наведени се неколку решени примери со наоѓање на ранг на дадена матрица.
Во втората глава наведени се повеќе решени задачи со пресметување вредност на детерминанта на матрица најпрво од втор ред, а потоа од трет, четврти и повисок ред.

Третата глава содржи повеќе решени задачи од наоѓање инверзна матрица на дадена матрица со елементарни редични трансформации и со формулата $A^{-1} = \frac{1}{\det A}\tilde{A}$, каде $\tilde{A}$ е адјунгирана матрица на $A$.

Задачи со решавање на системи линеарни равенки можат да се најдат во четвртата глава. Задачите се решени со Камерово правило, Гаусов метод и теоремата на Кронекер – Капели.

Петтата глава содржи решени задачи од сопствени вредности и вектори на матрица. Најпрво се наведени задачи од наоѓање на сопствени вредности и вектори на матрица од втор ред, потоа на матрица од трет ред и на крај матрица од $n-$ ти ред.

Шестата глава содржи решени задачи од векторско сметање.

Решени задачи со линеарна зависност и независност на вектори се наведени во седмата глава. Исто така, во оваа глава се наоѓаат и задачи со наоѓање на линеарна обвивка.

Осмата глава е наменета за задачи со скаларен, векторски и мешан производ.

Деветтата целина се состои од решени задачи со примена на скаларниот, векторскиот и мешан производ за пресметување плоштина и волумен.

Задачи со нивните решенија од равенка на рамнина во просторот и равенка на права во просторот се наведени во десеттата и единаесеттата глава, соодветно.

Во дванесеттата глава се разработени растојанијата меѓу точка и рамнина, точка и права, меѓу две прави и меѓу две рамнини.

И во последната тринаесетта глава се наведени задачи од површини.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на понудената содржина и оценката за квалитетот и соодветноста на третираните теми релевантни на областа, Рецензентската комисија оценува дека поднесениот ракопис „Збирка задачи по Линеарна алгебра и Аналитичка геометрија“ од авторите проф. д-р Мартин Лукаревски и вонр. проф. д-р Елена Карамазова-Гелова, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за информатика, студиска програма Компјутерски науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, одговара на критериумите за квалитет и приспособеност на наставните програми. Соодветно на тоа му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип да го прифати за позитивен Извештајот за содржината, оценката и предлогот на ракописот „Збирка задачи по Линеарна алгебра и Аналитичка геометрија“ од авторите проф. д-р Мартин Лукаревски и вонр. проф. д-р Елена Карамазова-Гелова да го одобри издавањето и користењето на „Збирка задачи по Линеарна алгебра и Аналитичка геометрија“ од авторите проф. д-р Мартин Лукаревски и вонр. проф. д-р Елена Карамазова-Гелова, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за информатика, студиска програма Компјутерски науки на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како учебно помагало за совладување на материјалот по предметот Линеарна алгебра со Аналитичка геометрија.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

Д-р Костадин Тренчевски, редовен професор, с.р.

Д-р Никола Тунески, редовен професор, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ХЕМИЈА ЗА СТРУЧНИ СТУДИИ" ОД ДОЦЕНТ Д-Р МИЛКИЦА АРСОВА И АСИСТЕНТ М-Р ПАВЛИНКА КОКОШКАРОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2002-26/14 од 328. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 28.10.2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Рубин Гулабоски, редовен професор, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев", Штип и
- д-р Татјана Рушковска, редовен професор, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев", Штип,

за изготвување на извештај (рецензија) на приложениот ракопис „**ПРАКТИКУМ ПО ХЕМИЈА ЗА СТРУЧНИ СТУДИИ**" од **доцент д-р Милкица Арсова и асистент м-р Павлинка Кокошкарова,** наменет за студентите на прв циклус студии (стручни студии) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Ракописот со наслов „ПРАКТИКУМ ПО ХЕМИЈА ЗА СТРУЧНИ СТУДИИ" припаѓа во научната област хемија според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов **„ПРАКТИКУМ ПО ХЕМИЈА ЗА СТРУЧНИ СТУДИИ"** е наменет како учебно помагало по предметот Хемија за стручни студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, за студиските програми Медицински лаборант и Забен техничар. Предметот Хемија е застапен како задолжителен предмет во прв семестар на двете студиски програми, со неделен фонд на часови 3+2+2 кај студиската програма Медицински лаборант и со фонд на часови од 2+2+1 кај студиската програма Забен техничар. Ракописот е во целосна согласност со наставната и предметната програма на предметот Хемија за кој е главната намена на овој практикум. Притоа, во ракописот во целост е опфатена и елаборирана програмата што е предвидена за реализација на практичната настава по предметот Хемија.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот „Практикум по хемија за стручни студии" е напишан на 77 страници А4 формат, напишан со единечен проред и големина на буквите 11. Ракописот содржи 25 слики, чии извори на потекло се соодветно наведени, како и 10 табели. Покрај тоа, во ракописот се претставени голем број на математички изрази и хемиски формули на неоргански и органски соединенија. Сите претставени податоци во ракописот целосно соодветствуваат на предметната програма за практична настава за предметот Хемија на стручните студии Медицински лаборант и Забен техничар на Факултетот за медицински

науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а ракописот е напишан во целосна согласност со одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракописот „ПРАКТИКУМ ПО ХЕМИЈА ЗА СТРУЧНИ СТУДИИ“ е прв од ваков вид што е објавен на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кој со содржината и обемот целосно соодветствува на предметната програма за практичната настава на стручни студии од областа на медицински лаборанти и забни техничари. Не постојат други ракописи на други факултети во Македонија, каде што е публикуван материјал од ваква природа.

**Краток опис на содржината:** Ракописот со наслов **„**ПРАКТИКУМ ПО ХЕМИЈА ЗА СТРУЧНИ СТУДИИ**“** е поделен во 12 поглавја и тоа: 1. Вежба бр. 1: Запознавање со хемиска лабораторија и правила во лабораторија; 2. Вежба бр. 2: Својства на материјата: Физички својства и класификација на материјата; 3. Вежба бр. 3: Хемиска номенклатура на неоргански соединенија; 4. Вежба бр. 4: Атомско-молекуларна теорија на материјата; 5. Вежба бр. 5: Електронска конфигурација; 6. Вежба бр. 6: Оксидо-редукциски реакции; 7. Вежба бр. 7: Гасни закони; 8. Вежба бр. 8: Раствори-квантитативно изразување на составот на растворите; 9. Вежба бр. 9: Разредување и мешање на раствори; 10. Вежба бр. 10: Хемиски реакции и хемиски равенки; 11. Вежба бр. 11: Хемиска рамнотежа; 12. Вежба бр. 12: Одредување на pH. Пуфери; 13. Вежба бр. 13: Хемиски реакции во водени раствори; 14. Вежба бр. 14: Номенклатура на органски соединенија. На крај од ракописот е претставена и литература што е користена при реализацијата на практикумот.

Во поглавјето со наслов „Запознавање со хемиска лабораторија и правила во лабораторија“ детално е опишана една современа хемиска лабораторија, како и правилата за работа во лабораторија. Притоа, наведени се сите можни опасности што може да се случат при работа во хемиска лабораторија, а наведени се и детални протоколи како да се постапи во случај на пожар и повреди во хемиска лабораторија. Во овој дел од ракописот, авторите даваат детален опис и сликовити прикази на најголем дел од лабораторискиот прибор што се користи во хемиска лабораторија, при што е даден краток опис за начинот на употреба на секоја од наведените лабораториски алатки. Во овој дел од ракописот авторите претставуваат 16 слики, со наведени извори на потекло. Една од сликите е во табеларен формат и содржи повеќе илустрации, што овозможува подобар визуелен преглед на голем дел од лабораторискиот прибор што се употребува во хемиска лабораторија.

Во поглавјето со наслов „Својства на материјата: Физички својства и класификација на материјата“, авторите ги претставуваат дефинициите за чисти супстанции и смеси, а посебно внимание посветуваат за физичките параметри преку кои се изразени својствата на материјата. Притоа, табеларно се прикажани основните физички величини преку кои се изразуваат својствата на материјата, заедно со основните единици за тие физички величини. Покрај корисниот вовед за некои математички операции што се применуваат во хемиските пресметки, во овој дел од ракописот, авторите даваат детални објаснувања за единиците што се поголеми или помали вредности од основните единици, како и за начините на меѓусебна претворба во единиците, објаснети со конкретни примери. Во ова поглавје, авторите претставуваат поголем број практични примери за претворба од помали во поголеми единици кај одредени физички величини (маса, волумен, густина) и обратно, а дадени се и неколку примери за вежбање на студентите.

Во поглавјето со наслов „Хемиска номенклатура на неоргански соединенија“ авторите даваат детален систематски преглед на сите класи неоргански соединенија, со примери за секоја од класите на неоргански соединенија (оксиди, хидроксиди, киселини, бази, соли). Притоа, во корисни табеларни прикази, авторите систематски го објаснуваат именувањето на бескислородните и кислородните киселини, што е од фундаментална важност за разбирање на именувањето на солите. Овој дел од практикумот е од суштинска важност за студентите, бидејќи се смета како азбука во хемијата и авторите со голема прецизност и систематски приод ги имаат дефинирано сите важни аспекти од номенклатурата на неорганските соединенија.

Во поглавјето со наслов „Атомско-молекуларна теорија на материјата“, авторките на ракописот даваат краток преглед за електронската структура на атомите, за распоредот на електроните во енергетски нивоа во зависност од нивната енергија, а даваат и краток опис на правилата што важат за однесувањето на електроните.

Во петтото поглавје насловено како „Електронска конфигурација“ авторките го претставуваат шематскиот начин на прикажување на електронската структура на електроните. Во суштина, електроните се најзначајните честички од структурата на атомите кои се одговорни за реактивноста на материјата. Знаејќи ги принципите за електронската конфигурација се добиваат сознанија за реактивноста на материјата, како и за валентноста на атомите и за потенцијалот за креирање на хемиски врски на атомите од периодниот систем.

Во следното поглавје со наслов „Оксидо-редукциски реакции“, презентирани се основните дефиниции за процесите на оксидација и редукција, што се едни од најважните процеси во природата. Посебен интерес е посветен на шематските алгоритми за изедначување на оксидо-редукциските равенки, при што на систематски начин се презентирани различни оксидо-редукциски реакции и детално се презентирани начините за изедначување на сите специфични оксидо-редукциски реакции. Покрај тоа, дадени се и одреден број на примери за вежбање за студентите.

Во поглавјето со наслов „Гасни закони“ се прикажани сите закони и меѓусебни зависности на параметрите (притисок, волумен, температура, количество супстанција) што влијаат на состојбата на гасовите. Покрај тоа, дефинирани се и термините за моларен волумен, а претставено е и значењето за равенката за идеални гасови, што често се користи во пракса за определување на непознат параметар поврзан со даден гас што е дефиниран како „идеален“.

Во поглавјето со наслов „Раствори-квантитативно изразување на составот на растворите“ се претставени сите важни својства и релевантни дефиниции за раствори, а посебно внимание е посветено на начините на изразување на квантитативниот состав на растворите. Овој дел од практикумот е проследен со релевантни примери поврзани со задачи што покажуваат како може да се приготват раствори со дадена концентрација или даден удел.

Во следното поглавје со наслов „Разредување и мешање на раствори“ се дадени конкретни примери и се изведени соодветните математички изрази за разредување и мешање на раствори, што е од суштинска важност во пракса и е круцијален сегмент во работата на медицинските лаборанти и забните техничари. Во ова поглавје се презентирани и голем број на примери за разредување и мешање на раствори.

Во поглавјето со наслов „Хемиски реакции и хемиски равенки“ е направена класификација на хемиските реакции, а претставени се и хемиските равенки како математички форми за изразување на трансформациите што се случуваат при хемиските реакции. Овој дел од ракописот е од посебна важност, бидејќи хемиските реакции се движечка сила за одвивање на сите процеси во живите организми.

Во поглавјето со наслов „Хемиска рамнотежа“ се претставени дефиниции за хемиска рамнотежа, што е состојба од исклучителна важност во одвивањето на хемиските процеси. Притоа, во ова поглавје се дадени и математичките изрази за константата на рамнотежа за различни хемиски реакции, што овозможува пресметување на концентрациите на продуктите и реактантите кога дадена хемиска реакција се наоѓа во состојба на хемиска рамнотежа.

Во поглавјето со наслов „Одредување на pH. Пуфери“ е претставен концептот на автојонизација на водата и концептот на изразување на киселоста и базноста на водените раствори преку pH. Покрај дефинициите за pH, во овој дел посебно внимание е посветено на пуферските системи, составот и својствата на некои пуфери, а дадени се и изрази за пресметување на pH на киселински и базни пуферски системи.

Во поглавјето насловено како „Хемиски реакции во водени раствори“ се дадени основните принципи на електролитна дисоцијација, а претставени се поголем број на релевантни примери карактеристични за важни хемиски реакции што се одвиваат во водени раствори.

Во последното поглавје насловено како „Номенклатура на органски соединенија“ накратко е претставена хемијата на јаглеродот, при што е направена систематска класификација на главните типови на органски соединенија. Покрај тоа, за секоја класа на органски соединенија, претставен е систематски пристап во именувањето на членовите што припаѓаат на секоја класа од обработените соединенија. Бројните примери што се претставени за обработените класи органски соединенија претставуваат основа за систематски приод во изучувањето на функционалните групи како важни сегменти што ја дефинираат реактивноста на секоја класа органски соединенија.

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот „Практикум по хемија за стручни студии“ од авторките доцент д-р Милкица Арсова и асистент м-р Павлинка Кокошкарова, наменет за стручните студии Медицински лаборант и Забен техничар при Факултетот за медицински науки е прв ракопис од овој вид, во кој детално се елаборирани најважните концепти од предвидените програми за практичната настава по предметот Хемија. Покрај големиот број на илустрации, за секоја наставна единица, авторите даваат соодветен вовед и на систематски начин ги воведуваат студентите во главните концепти на секоја обработена вежба. Ракописот изобилува со голем број на решени примери, кои се од суштинска важност за конкретна примена на претставените концепти на секоја вежба во пракса. Ракописот е пишуван на стил и јазик што се соодветни за студентите за кои е наменет практикумот, а материјалот е напишан и обработен согласно со критериумите за објавување од соодветниот правилник на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Овој ракопис е од голема важност за наставата по хемија, бидејќи студентите систематски се воведуваат во секоја обработена проблематика. Важно е да се наведе дека ова е прв ваков ракопис по предметот Хемија, што е наменет за студентите запишани на стручните студии Медицински лаборант и Забен техничар.

Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да го прифати позитивно рецензираниот ракопис со наслов „**ПРАКТИКУМ ПО ХЕМИЈА ЗА СТРУЧНИ СТУДИИ**“ поднесен од авторките доцент д-р Милкица Арсова и асистент м-р Павлинка Кокошкарова, како основна литература и да одобри негово користење според Правилникот за издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Д-р Рубин Гулабоски, редовен професор, с.р.
Д-р Татјана Рушковска, редовен професор, с.р.

**ИСПРАВКА**
**на техничка грешка**

Во „Универзитетски билтен“ со број 355 од 15.11.2024 год., на стр. 17, во Рефератот за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област фармацевтска технологија со индустриска фармација и микро/нанотехнологија (3.05.02.12) – еден извршител на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во насловот на Рефератот, во првата реченица од истиот и на стр. 24, во последната реченица, се брише (3.05.02.12) и се додава (3.05.02.13).

**ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ**
**ДЕКАН,**
проф. д-р Милка Здравковска, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА**

| **Билтен 2.12.2024 година** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ** | 1. Компјутерот во училиштата | 1602-98/15 од 29.10.2024 год. | Проф. д-р Снежана Мирасчиева | Марија Марков |
| | 2. Професионален развој на предучилишните работници | 1602-98/16 од 29.10.2024 год. | Проф. д-р Снежана Мирасчиева | Марија Арсова |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА** | 3. Дизајн и моделирање на телеприсутен робот за инклузивно далечинско образование | 1502-171/19 од 18.11.2024 год. | Проф. д-р Сашо Коцески | Благој Котевски |
| **ФИЛМСКА АКАДЕМИЈА** | 4. Кореографски практики во високообразовниот систем за создавање современи танчари во Северна Македонија | 2502-63/6 од 29.11.2024 год. | Проф. д-р Рисима Матевска-Мијановиќ | Дејан Битровски |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КАЗНЕНО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на 266. седница одржана на 12.11.2024 година, донесе Одлука бр. 1102-152/4 од 13.11.2024 година за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област *казнено-материјално право* на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- д-р Олга Кошевалиска, редовен професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,
- д-р Елена Максимова, вонреден професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,
- д-р Лазар Нанев, насловен вонреден професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за изборот на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област казнено право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, беше објавен во весникот „Слободен печат“ и „Коха“ на 30.10.2024 година и во предвидениот рок се пријавија кандидатите д-р Горѓи Сламков и д-р Нада Донева.

По прегледувањето на доставената документација од кандидатите, како членови на Рецензентската комисија, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип му го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Д-р Ѓорѓи Сламков**

**I *Биографски податоци***

Кандидатот д-р Ѓорги М. Сламков е роден на 27.1.1976 година во Гевгелија.

Во периодот 1994 - 1998 година - студира на додипломски студии на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, каде што по нивното завршување, со просек 8, се стекнува со стручен назив дипломиран правник.

Во периодот од 1998 до 2002 година студира на постдипломски студии по Казнено право и криминологија на Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. По положувањето на предвидените испити, со просек 9,32 и одбраната на магистерскиот труд под наслов „Општокорисна работа“ на 16.5.2002 година се стекнува со назив - магистер по правни науки, област казнено право.

На 16.5.2007 година докторира на Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со одбраната на докторската дисертација од казнено-правната област, под наслов „Условна осуда со заштитен надзор“ со што се стекнува со научен назив - доктор по правни науки.

*Работно искуство:*

Во октомври 2022 – тековно е избран за декан на Факултетот за правни науки, Европски универзитет – Скопје.

Од септември 2020 – септември 2022, претседател на Универзитетскиот сенат, Европски универзитет – Скопје, во два последователни мандати, од 16.9.2020 до 15.09.2022 година.

Од септември 2019 – септември 2020, член на Универзитетскиот сенат, Европски универзитет – Скопје.

Од мај 2019 – вонреден професор, Европски универзитет – Скопје. На 2.5.2019 година, избран на јавен конкурс за вонреден професор по група предмети од областа на казненото право.

Од април 2016 до мај 2018 г. е избран за претседател на Комисија за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Од април 2013 до април 2015 г. е именуван за претседател на Државна комисија за спречување на корупцијата.

Од октомври 2007 до декември 2012 г., доцент на Правен факултет, Европски универзитет – Скопје. Декан на Факултетот за правни науки (2010-2011 година).

Од октомври 2005 до октомври 2007, началник на Одделение за прекршоци, Министерство за внатрешни работи, советник на началникот на СВР Гевгелија.

Од 2004 до 2005 г., асистент по казнено право, Полициска академија – Скопје.

Од август 2001 до јули 2004 г., инспектор, Министерство за внатрешни работи.

Во текот на својата работа има остварено повеќе престои во странство, и тоа:

- 2013 г. студиски престој за борба против измами и корупција во Барселона, Шпанија;
- 2013 г. - студиски престој за антикорупциски политики во Париз, Франција;
- 2014 г. - студиски престој за механизми за спречување на корупцијата во Берлин, Германија;
- 2017 г. - студиски престој за отчетност, транспарентност и пристап до информации во Мадрид, Шпанија.

Во текот на својот академски ангажман на Правен факултет при Европски универзитет, кандидатот бил ангажиран на прв циклус студии: Казнено право, Казнено процесно право, Меѓународно казнено право и Малолетничко казнено право и на втор циклус на студии: Казнено право — применета програма и Казнено процесно право.

**II Општи услови за избор:**

**Законски услови согласно со чл.166 ст.2 од Законот за високо образование (Сл.весник 82/2018) што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор:**

Кандидатот д-р Ѓорги Сламков, согласно со бараните услови од Законот за високо образование, има доставено*:*

1. **За соодветен просечен успех –** уверение за положени испити од прв циклус студии, со просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв

циклус и уверение за положени испити од втор циклус со просечен успех од 9.32 на втор циклус студии.

2. **За научен степен доктор на науки од научната област во која се избира**:

Кандидатот е доктор на науки од научна област казнено право со одбранета докторска дисертација на Факултетот за правни науки „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, под наслов „Условна осуда со заштитен надзор“.

3. **Претходен избор во наставно-научно звање**

Кандидатот д-р Сламков претходно бил биран во звањето вонреден професор во научната област казнено право на Европски универзитет – Скопје, со Одлука бр. 02-290/1 од 8.5.2019 година.

4. **Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација** согласно со Закон за високо образование во последните пет години пред објавување на огласот за избор:

- Кандидатот има поднесено листа со околу 40 публикации, од кои ќе бидат валоризирани оние кои се меѓународни публикации во смисла на Законот за високо образование, а кои се објавени во последните пет години пред распишување на огласот за избор.

Во продолжение е табелата со објавени трудови:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Меѓународни научни списанија/ меѓународни научни публикации | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Vasko Stamevski, Gjorgi Slamkov, Elizabeta Stamevska | „Financing of terrorism – looking at money laundering and organized crime as main forms of financing“ | International scientific journal “Sui Generis”, Vision University Vol. 2 No. 1 | 2023 |
| 2 | Ѓорги Сламков, Васко Стамевски, Елизабета Стамевска | „Предуслови и мерки за ефикасна борба против перење пари“ | International Journal of science and arts IDEA, European University – Skopje, Vol. 7, no. 13 | 2023 |
| 3 | Gjorgi Slamkov, Vasko Stamevski, Elizabeta Stamevska | “Challenges for improving the legal framework for protection of whistleblowers in the Macedonian legislation | International scientific journal “Sui Generis”, Vision University, Vol. 1 No. 2 | 2022 |
| 4 | Ѓорги Сламков | „Практична имплементација на правните решенија за конфискација и ефектите во владеењето на правото“ | International Journal of science and arts IDEA, European University – Skopje, Vol. 6, no. 12 | 2022 |
| 5 | Gjorgi Slamkov | „Corruption and its suppression“ (Collection of articles) | LAP Lambert Academic Publishing | 2022 |
| 6 | Vasko Stamevski, Gjorgi Slamkov, Elizabeta Stamevska | “The Concept of “White-collar” crime” | „Vision“ International Scientific Journal, Vision University , Volume 6, Issue 2 | 2021 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7 | Gjorgi Slamkov | "Strengthen the role of law by changing the institutional framework for combating corruption | Journal of sustainable development, Integrated Business Faculty, Skopje, Republic of North Macedonia | 2021 |
| 8 | Gjorgi Slamkov, Aleksandar Dastevski | "Achievements and challenges of Probation agencies in Southeast Europe" | International Journal of science and arts IDEA, European University – Skopje, Vol. 5, no. 10 | 2021 |
| 9 | Gjorgi Slamkov | "The importance of full implementation of the provisions of asset recovery in the fight against corruption" | Journal Of Sustainable Development, Integrated Business Faculty, Skopje, Republic of North Macedonia, Vol. 11, Issue 26 | 2021 |
| 10 | Gjorgi Slamkov | "Risks of corruption during COVID-19" | „Vision" International Scientific Journal, Vision University , Volume 5, Issue 1 | 2021 |
| 11 | Васко Стамевски, Ѓорги Сламков | „Некои аспекти на етиологијата на криминалот на злоупотреба на власта" | International Journal of science and arts IDEA, vol. 4, no. 7 | 2020 |
| 12 | Gjorgi Slamkov, Vasko Stamevski | New mechanisms for prevention of corruption in the financing of political parties in order to strengthen democratic society" | International Journal of science and arts IDEA, European University – Skopje, Vol. 4, no. 7 | 2020 |

5. Серификат за познавање англиски Б2/Ц издаден од British Council.

6. **Биографија согласно со која се приложува досегашната активност и способност во изведувањето на високообразовната дејност**. Д-р Сламков до сега активно учествува во наставата на прв и втор циклус студии и држи настава по повеќе предмети од казнено-правната област на Факултетот за правни науки, како и на други факултети во состав на Европски универзитет. Во последните пет години е ментор/член во 23 рецензиони комисии за оценка и одбрана на магистерски труд.

**III Посебни услови за избор во звање вонреден професор**

Согласно со чл. 10, ст. 2 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (Универзитетски гласник на УГД бр.50/2021 година), кандидатот кумулативно ги исполнува сите статутарни и правилнички предвидени подзаконски услови за избор во наведеното звање и тоа:

1. ***Рецензирана електронска скрипта во електронска верзија по предметот за кој се избира од соодветната научна област објавена во е-библиотека објавена во е-библиотека или практикум со вежби од истиот предмет или објавен рецензиран универзитетски учебник или монографија***

- Кандидатот има објавена монографија со наслов „Степенот на имплементација на стратешкиот антикорупциски документ како позаказател за успешноста во борбата против корупцијата, Знаењето и талентот: фундамент за

успешност, монографија, Европски универзитет, Скопје, 2024 – од авторите Ѓорги Сламков, Васко Стамевски.

- Ѓорги Сламков, „Нови механизми за јакнење на ефикасноста во борбата против корупцијата", Монографија: Улога на иновациите како развоен двигател, Европски универзитет Република Македонија, Скопје 2019
- Gjorgi Slamkov, „Corruption and its suppression" (Collection of articles), LAP Lambert Academic Publishing ( 2022), ISBN 978-620-4-98552-7.

2. ***Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати***

Од биографијата на кандидатот видливи се значајните достигнувања во примената на научноистражувачките резултати, изразени преку објавени трудови, книги, учества и презентација на резултати на научни конференции и сл. Меѓу останатото се инволвирања во следниве проекти:

- Зајакнување на општинските совети – фаза 2" UNDP, Swiss Agengy for Development and Cooperation SDC, 2023/24 (https://opstinskisoveti.mk/#), Прирачник за борба против корупција,
- „Поддршка за имплементација на елементите на системот на интегритет" ОБСЕ, септември – октомври 2024, заштитено пријавување и заштита на укажувачи,
- International project "Public Legal Education on Whistleblowing and Whistleblower Protection" Lucid Linx, 2022, Regional Anti-Corruption Initiative, (https://lms.rai-see.org/course/view.php?id=28),

***3. Придонес во оспособување на помлади наставници и соработници***

Во 2004 и 2005 година кандидатот работи како асистент по казнено право на Полициска академија во Скопје. Од 2007 година е избран во звање доцент и предава на Факултетот за правни науки при Европски универзитет – Република Македонија, Скопје. Во периодот од октомври 2010 година до јули 2011 година ја извршува функцијата декан на Факултетот за правни науки при Европски универзитет – Република Македонија. Во периодот од 2012 до 2014 година, кандидатот д-р Сламков бил предавач во Академијата за судии и јавни обвинители. Во 2019 г. е избран за вонреден професор на Факултетот за правни науки при Европски универзитет. Во последните пет години е ментор/член во 23 рецензентски комисии за оценка и одбрана на магистерски труд. Рецензент е на научни и стручни трудови од областа на казненото право.

***4. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=30; (НИ)=38; (САОР)=7 или вкупно 75 поени***

- Од приложената табела на крајот од овој извештај кандидатот има остварено (НО)=40; (НИ)=146; (САОР)=30.5 или вкупно 216.5 поени.

**IV Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

***IV - а) Наставно-образовна дејност***

1. Кандидатот д-р Сламков претходно бил биран во звањето вонреден професор во научната област казнено право на Европски универзитет – Скопје, со Одлука бр. 02-290/1 од 8.5.2019 година

Во текот на 2004 и 2005 година кандидатот д-р Сламков работи како асистент по казнено право на Полициска академија во Скопје. Во 2007 година, на јавен конкурс, е избран за доцент на Факултетот за правни науки при Европски Универзитет – Република Македонија, Скопје, каде што држи настава по предметите: Казнено право, Казнено процесно право, Малолетничко казнено право и Меѓународно казнено право. Во периодот од октомври 2010 година до јули 2011 година ја извршува функцијата декан на Факултетот за правни науки при Европски универзитет – Република Македонија. На 5.6.2012 година, на јавен конкурс, е избран за вонреден професор на Факултетот за правни науки при Европски универзитет - Република Македонија, Скопје, по група предмети од областа на казненото право. Активно учествува во наставата на прв и втор циклус студии и држи настава по повеќе предмети од казнено-правната област, и тоа: казнено право, казнено процесно право, меѓународно казнено право и малолетничко казнено право (прв циклус) и казнено право – применета програма и казнено процесно право (втор циклус). На 2.5.2019 година, на јавен конкурс, е избран за вонреден професор на Факултетот за правни науки при Европски универзитет - Република Македонија, Скопје, по група предмети од областа на казненото право. Во наставно-научната работа активно учествува во наставата на прв и втор циклус на студии како на Факултетот за правни науки, како и на други факултети во состав на Европски универзитет, односно Факултет за детективи и криминалистика и Факултет за економски науки, и држи настава по повеќе предмети од казнено-правната област. Ангажиран е за предметите: Казнено право, Казнено процесно право, Меѓународно казнено право и корупција и нејзино сузбивање, на прв циклус студии, и Казнено право – применета програма и Казнено процесно право на втор циклус студии.

Освен овие активности поврзани со наставата, кандидатот во рамките на факултетот активно се вклучува во дебати, трибини и други активности од наставно-образовен и научноистражувачки карактер.

***IV-b Научноистражувачка дејност***

**I. Научноистражувачки трудови објавени во меѓународни научни списанија и меѓународни научни публикации**

Во прилог на документацијата за избор, кандидатот д-р Ѓорги Сламков, ги достави следниве трудови:

2. Vasko Stamevski, Gjorgi Slamkov, Elizabeta Stamevska, „Financing of terrorism – looking at money laundering and organized crime as main forms of financing“, International scientific journal “Sui Generis”, Vision University, Vol. 2 No. 1, p-g. 45-64, (2023)
3. Ѓорги Сламков, Васко Стамевски, Елизабета Стамевска, „Предуслови и мерки за ефикасна борба против перење пари“, International Journal of science and arts IDEA, European University – Skopje, Vol. 7, no. 13, p-g. 55-68, 2023
4. Gjorgi Slamkov, Vasko Stamevski, Elizabeta Stamevska, “Challenges for improving the legal framework for protection of whistleblowers in the Macedonian legislation, International scientific journal “Sui Generis”, Vision University, Vol. 1 No. 2, p-g. 25-34, (2022)
5. Ѓорги Сламков, „Практична имплементација на правните решенија за конфискација и ефектите во владеењето на правото“,International Journal of

science and arts IDEA, European University – Skopje, Vol. 6, no. 12, p-g. 39-49, 2022, ISSN: 2545-4552, ISSN: 2545-4560

6. Vasko Stamevski, Gjorgi Slamkov, Elizabeta Stamevska, "The Concept of "White-collar" crime", „Vision" International Scientific Journal, Vision University , Volume 6, Issue 2, 2021, p. 113 - 124

7. Gjorgi Slamkov, "Strengthen the role of law by changing the institutional framework for combating corruption, JOURNAL OF SUSTAINABLE DEVELOPMENT, Integrated Business Faculty, Skopje, Republic of North Macedonia, 2021, December 2021, Volume 11, Issue 27, p-g. 87-104, ISSN: 1857-8519

8. Gjorgi Slamkov, Aleksandar Dastevski, "Achievements and challenges of Probation agencies in Southeast Europe", International Journal of science and arts IDEA, European University – Skopje, Vol. 5, no. 10, p-g. 67-77, 2021, ISSN: 2545-4552, ISSN: 2545-4560

9. Gjorgi Slamkov, "The importance of full implementation of the provisions of asset recovery in the fight against corruption", JOURNAL OF SUSTAINABLE DEVELOPMENT, Integrated Business Faculty, Skopje, Republic of North Macedonia, VOL. 11, ISSUE 26 (2021), 70-96, ISSN: 1857-8519

10. Gjorgi Slamkov, "Risks of corruption during COVID-19", ",„Vision" International Scientific Journal, Vision University , Volume 5, Issue 1, 2021, p. 39 – 53, ISSN: 2545-4323, ISSN: 2545-4331

11. Васко Стамевски, Ѓорги Сламков, „Некои аспекти на етиологијата на криминалот на злоупотреба на власта", International Journal of science and arts IDEA, vol. 4, no. 7, p-g. 113- 127, 2020

12. Gjorgi Slamkov, Vasko Stamevski „New mechanisms for prevention of corruption in the financing of political parties in order to strengthen democratic society", International Journal of science and arts IDEA, European University – Skopje, Vol. 4, no. 7, p-g. 85-93, 2020, ISSN: 2545-4552, ISSN: 2545-4560

13. Gjorgi Slamkov, Zoran Filipovski, „ The role of the whistleblowers in the fight against corruption",„Vision" International Scientific Journal, Vision University, Volume 4, Issue 2, December 2019, p. 63 – 86

**II. Учество на конференции, тркалезни маси и работилници**

14. Меѓународна научна конференција „AI, Human Rights, Migration, Democracy and Public Impact" International University Vision, 24-25.10.2024.

15. Научно-стручна работилница „Знаењето и талентот - фундамент за успешност", Европски универзитет, 20.3.2024 година, Скопје.

16. Меѓународна научна конференција „Ново време, нови вредности во науката и општеството", Европски универзитет, 22.9.2023, Скопје.

17. Меѓународна конференција Охридски конгрес на правото 2022, „Положба на судиите на Балканот и нивната институционална и лична независност", 13 - 16 октомври 2022, Охрид.

18. Меѓународна научна конференција „Науката и уметноста во функција на одржливо општество", Европски универзитет, 23.9.2022 година, Скопје.

19. Меѓународна научна конференција „Науката и уметноста во услови на пандемија". Европски универзитет, 24.9.2021 година, Скопје.

20. Меѓународна научна конференција „Патот кон успехот – иновација, интеракција, имплементација", Европски универзитет, 25.9.2020 година, Скопје.

**III. Книга:**

21. Gjorgi Slamkov, „Corruption and its suppression" (Collection of articles), LAP Lambert Academic Publishing ( 2022), ISBN 978-620-4-98552-7.

**IV. Монографија/дел од монографија**

22. Ѓорги Сламков, „Нови механизми за јакнење на ефикасноста во борбата против корупцијата", монографија: Улога на иновациите како развоен двигател, Европски универзитет Република Македонија, Скопје 2019, стр. 110 – 119.
23. Ѓорги Сламков, Васко Стамевски, „Степенот на имплементација на стратешкиот антикорупциски документ како позакател за успешноста во борбата против корупцијата, Знаењето и талентот: фундамент за успешност, монографија, Европски универзитет, Скопје, 2024, стр. 69-80.
24. Васко Стамевски, Ѓорги Сламков, „Услови за уставно, законско и одговорно вршење на власта – правна држава и владеење на правото, Знаењето и талентот: фундамент за успешност, монографија, Европски универзитет, Скопје, 2024, стр. 59-68.

**V. Докторска дисертација и магистерска работа:**

25. Сламков, Ѓорги (2002): „Општокорисна работа", **магистер по правни науки, област казнено право**, Правен факултет „Јустинијан Први", при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје.
26. Сламков, Ѓорги (2006): „Условна осуда со заштитен надзор", **доктор по правни науки**, област казнено право, Правен факултет „Јустинијан Први", при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје.

**Кратка научна евалуација на научните трудови – посебно за последните пет години:**

1) *Ѓорги Сламков, Васко Стамевски, Елизабета Стамевска, „Предуслови и мерки за ефикасна борба против перење пари", International Journal of science and arts IDEA, European University - Skopje, Vol. 7, no. 13, p-д. 55-68, 2023*

Во рамките на трудот авторите ја обработуваат темата за штетните последици од перењето пари, предусловите за превенција, како и мерките за ефикасна борба против перењето пари. Акцентот е ставен на меѓународниот пристап поаѓајќи од фактот дека во услови на глобализација и брз трансфер на капитал и стоки, можностите за прекугранично пренесување на приносите од кривично дело, преку перење пари, е можно во висок степен.

Авторите ги обработуваат горните прашања од аспект на трансфер на незаконски стекнат капитал од државите во развој кон финансиските центри и развиените држави. Во рамките на трудот ги презентираат позначајните предуслови за ефикасна меѓународна борба против перењето пари, и тоа како преку јакнење на нормативната рамка, така и преку креирање на соодветни институционални капацитети.

Посебно внимание е посветено на мерките за ефикасна борба против перењето пари. Станува збор за инструменти кои се применуваат од финансиски институции, како и од органи за спроведување на законот, со цел за длабинска анализа на потеклото на парите, постоењето на елементи за сомневање, следење на движењето на средствата, посебен пристап кон високо ризичните држави, како и градење на механизми за брза реакција на меѓународен план во случај

на основано сомневање дека станува збор за перење на приноси од извршено кривично дело.

Научен придонес на трудот: Во рамките на трудот авторите нудат решенија на проблеми што се констатирани во пракса, предлагаат мерки за ефикасна борба против перењето пари, глобален проблем кој претставува основа за вклучување на противправно стекнати приноси во легалните финансиски текови. Авторите разработуваат соодветен инструментариум за општествена реакција со цел подобрување на резултатите при спречување на перење пари.

Личен придонес на авторот/кандидатот: Во овој труд авторот, заедно со други автори, учествува во креирање на научен труд преку кој ги презентира сопствените познавања за специфично кривични-правно прашање, односно перењето пари. Во рамките на трудот предлага мерки и активности, научно базирани, за спречување на перењето пари.

2) *Vasko Stamevski, Gjorgi Slamkov, Elizabeta Stamevska, „Financing of terrorism — looking at money laundering and organized crime as main forms of financing", International scientific journal "Sui Generis", Vision University, Vol. 2 No. 1, p-đ. 45-64, (2023)*

Во рамките на трудот авторите акцентот го ставаат на финансирањето на тероризмот како собирање и дистрибуција на средства со намера да ги искористат за извршување терористички делува.

За да ги финансираат своите активности, терористите често користат пари стекнати од извршување на кривични дела. Перењето пари е процес на прикривање пари или имот што е незаконски прибавен. Кога имотот се стекнува со извршување на кривично дело, извршителот бара начин како да ги искористи стекнатите пари без привлекување на внимание на надлежните истражни органи.

Системот за борба против перење пари и финансирањето на тероризмот е еден од потсистемите во единствениот систем на јавна и национална безбедност, вклучува збир на дејствија и мерки во рамките на организацијата на физички и техничка заштита и безбедносна заштита, активни и пасивни, со цел да се спречат разни криминални и други облици на загрозување на националната безбедност во сферата на перење пари и борба против тероризмот на национално, регионално и меѓународно ниво.

Научен придонес на трудот: Во рамките на трудот авторите ја обработуваат темата за извори на финансирање на тероризмот. Се навлегува во длабинско анализирање на модалитетите за негово финансирање преку перење пари и различните појавни облици на организираниот криминал. Се градат заклучоци за градење на ефикасни системи за откривање на приносите од криминални активности и спречување на нивниот тек кон финансирање на тероризмот.

Личен придонес на авторот/кандидатот: Во овој труд авторот, заедно со други автори, учествува во креирање на научен труд преку кој ги презентира сопствените познавања за специфично кривично-правно прашање, односно финансирањето на тероризмот.

3) *Gjorgi Slamkov, Vasl«o Stamevski, Elizabeta Stamevska, "Challenges for improving the legal frameworl« for protection of whistleblowers in the Macedonian legislation, International scientific journal "Sui Generis", Vision University, Vol. 1 No. 2, p-đ. 25-34, (2022)*

Во рамките на трудот се обработува македонската правна рамка за заштита на укажувачите, со потенцирање на „слабите точки" во имплементацијата на законот и подзаконските акти.

Направен е краток приказ на основните карактеристики на македонскиот систем за заштита на укажувачите особено во делот на видови на заштитено пријавување, како и облиците на заштита на укажувачите. Се прави споредба на конкретни законски решенија со актите на Европска Унија и Совет на Европа и притоа се презентираат потенцијални решенија за подобрување на правната рамка за заштита на укажувачите.

Се анализираат извештаи на релевантни институции и преку анализата се презентираат недостатоци во правната рамка. Посебен аспект се посветува на заштита на укажувачите во правните лица во приватниот сектор, односно на недореченоста во правните решенија, постоењето на правни празнини и потребата за целосно регулирање на конкретни прашања.

Подобрувањето на правната рамка за заштита на укажувачите во комбинација со преземање на мерки за јакнење на јавната свест се фактори за подобра практична примена на македонската регулатива за заштита на укажувачите.

Научен придонес на трудот: Во рамките на трудот, авторите ја обработуваат темата за заштитено пријавување и заштита на укажувачите. Прават детален приказ на поставеноста на македонската легислатива за заштита на укажувачите, презентираат правни празнини и предлози за нивно надминување.

Личен придонес на авторот/кандидатот: Во овој труд авторот, заедно со други автори, учествува во креирање на научен труд преку кој се презентира македонскиот правен механизам за заштита на укажувачите.

4) *Ѓорги Сламков, „Практична имплементација на правните решенија за конфискација и ефектите во владеењето на правото", International Journal of science and arts IDEA, European University — Skopje, Vol. 6, no. 12, p-д. 39-49, 2022, ISSN: 2545-4552, ISSN: 2545-4560*

Во рамките на трудот се обработуваат нормативните решенија за конфискација на имот и имотна корист содржани во македонското казнено законодавство, нивната практична имплементација, како и ефектот во пракса.

Доколку имотната корист е стимулот за извршување на кривичното дело, тогаш конфискацијата од страна на државата е неговата спротивност. Комбинацијата на казна со мерка конфискација е силна структура преку која се постигнуваат повеќе ефекти. Правилната примена на конфискацијата има силно влијание врз превенцијата, како генерална така и специјална. Така, доколку мерката има успешна практична примена тогаш резултатите во справувањето со криминалот ќе бидат поголеми, а со тоа владеењето на правото ќе биде на повисоко ниво.

Во рамките на трудот авторот дава посебен осврт на одредбите за конфискација на имот и имотна корист како и на предизвиците за подобрување на оваа материја поаѓајќи од фактот дека во глобални рамки се става голем акцент на враќање на незаконски стекнатиот имот на државата. Имено, автор потенцира дека враќањето на имотот е предуслов за воспоставување на правдата и правната држава.

Во трудот авторот се осврнува и на меѓународните искуства и иницијативи во оваа област кои се неопходен инструмент за соработка. Размената на знаења и искуства, како и градењето на институционални решенија од поширок карактер се фактори кои влијаат на усогласувањето на домашната рамка со глобалните напори за спречување на незаконското богатење.

Научен придонес на трудот: Во рамките на трудот, авторот обработува тема од казнено-правен карактер во која централен фокус е конфискацијата на имотните добра стекнати преку извршување на кривично дело. Во рамките на трудот, авторот дава предлози за подобрување на правната рамка, јакнење на ефективноста од постапувањето на надлежните институции поаѓајќи од премисата дека „неправото не смее да биде основа на правото», зашто тоа е негација на смислата на кривично-правната реакција на општеството кон сторителите на кривични дела.

Личен придонес на авторот: Во овој труд авторот презентира идеи за справување со криминалот во, така да се каже, последните чекори на казнено-правната реакција, односно конфискување на противправно стекнатата корист/имот, воспоставување на правда и владеење на правото. Казнено-правната проблематика авторот ја обработува со децении, вклучувајќи го и овој дел, насочен кон заштита на вредностите и интересите на општеството и поединецот.

5) *Vasko Stamevski, Gjorgi Slamkov, Elizabeta Stamevska, "The Concept of "Whitecollar" crime", „Vision" International Scientific Journal, Vision University , Volume 6, Issue 2, 2021, p. 113 - 124*

Во рамките на трудот се обработува тема поврзана со специфична категорија на сторители на кривични дела, односно „криминал на белите јаки". Терминот „криминал на белите јаки" е синоним за кривични дела извршени од бизнис елита или високи владини функционери. Овие злосторства се карактеризираат со измама, прикривање или повреда на довербата и не се зависни од примена или закана со физичка сила или насилство.

Во рамките на „криминалот на белите јаки" се вклучени сите форми на економски и финансиски криминал, како што се поткуп, даночно затајување, фалсификување даночни книги, лаукни стечајци и слично, односно група на кривични дела кои можат да ги направат привилегирани сторители преку искористување на сопствената положба, углед, моќ и влијание.

Мотивите зад извршувањето на кривични дела поврзани со „криминалот на белите јаки" пред се произлегуваат од желбата за контрола во општеството, стравот и вознемиреност од социјалниот статус, недостаток на социјална свест и интегритет, слаби и неефикасни внатрешни контроли на организации, алчност и глад за богатство, парични и финансиски придобивки и неефективна корпоративна култура во економијата.

Научен придонес на трудот: Во рамките на трудот авторите ја обработуваат темата за „криминалот на белите јаки". Станува збор за подрачје на силно влијание во општеството и висока темна бројка на овој облик на криминал. Истражувањата за овој облик на криминал се потребни особено во држави со слаби институции каде спроведувањето на законот има бројни бариери.

Личен придонес на авторот/кандидатот: Во овој труд авторот, заедно со други автори, учествува во креирање на научен труд преку кој се презентира потребата за посуштински истражувања за овој облик на криминалитет. Авторот во трудот ги внесува сопствените гледишта како резултат на практичното искуство од работење во истражни органи, односно непосредно има постапувано во оваа проблематика, во насока на откривање и документирање на кривични дела од оваа група.

6) *Gjorgi Slamkov, "Strengthen the role of law by changing the institutional framework for combating corruption, Journal of sustainable development, Integrated Business Faculty,*

*Skopje, Republic of North Macedonia, December 2021, Volume 12, Issue 27, рд. 87-104, ISSN: 1857-8519*

Во рамките на трудот авторот потенцира дека бројните истражувања и рангирања на меѓународни организации за истражување на корупција покажуваат дека Северна Македонија има сериозни проблеми во борбата против корупцијата и затоа е потребен суштински пристап за подобрување на ситуацијата. Целта на трудот е акцентирање на потребата од преземање суштински чекори во борбата против корупцијата. Фокусот е ставен на промената на институционалниот пристап во борбата против корупцијата, односно замена на досегашниот превентивен модел (каде водечка институција е Државната комисија за спречување на корупцијата - ДКСК) и замена со моделот на органи за спроведување на законот, т.е. во идната водечка институција во борбата против корупцијата во Северна Македонија да биде Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Во трудот се нагласува дека со промена на главниот орган за борба против корупцијата, ДКСК ќе се трансформира во Комисија за спречување судир на интереси. На тој начин сегашното тело ќе продолжи да работи, но со ингеренции од воспитнопревентивен и административен карактер, бидејќи и денес тоа тело нема оперативни надлежности.

Во трудот авторот посочува дека за постигнување значаен резултат во борбата против корупцијата потребни се суштински промени во составот и работењето на Судскиот совет, Советот на јавни обвинители и Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители. Ова се клучните институции во правосудството и потребно е да се зголеми транспарентноста и отчетноста во нивната работа, а особено во нивниот состав.

Личен придонес на авторот: Во трудот, авторот создава стратешки пристап за намалување на високото ниво на корупција во Северна Македонија, со нудење неколку препораки кои на среден и долг рок треба да ја подобрат состојбата во сузбивањето на корупцијата.

7) *Gjorgi Slamkov, Aleksandar Dastevski, ”Achievements and challenges of Probation agencies in Southeast Europe”, International Journal of science and arts IDEA, European University - Skopje, vol. 5, no. 10, р-д. 67-77, 2021, ISSN: 2545-4552, ISSN: 2545-4560*

Централна тема на трудот е степенот на развиеност на пробациските служби во земјите од Југоисточна Европа. Имено, со презентирање на статистички податоци, авторите создаваат слика за работењето на пробациските служби во секоја од наведените земји. Дополнително, за секоја од нив е даден краток опис на институционалниот и нормативниот развој.

Потребата од следните чекори е нагласена, бидејќи според одредени показатели овие земји ги имаат екстремните вредности (највисоки и најниски). Ова укажува на фактот дека материјата се уште се развива и го бара своето оптимално место.

Во основа, создавањето и развојот на пробациската служба е процес кој трае долго. Во никој случај не треба да се донесе избрзана одлука или автоматско копирање на правни решенија од друга држава.

Авторите го нагласуваат фактот дека во македонскиот казнен систем алтернативните санкции и мерки, како вид санкции, беа воведени во 2004 година, Законот за пробација беше донесен во 2015 година, додека првите случаи на пробациската служба беа во 2018/2019 година. Со овие податоци,

авторите укажуваат на важноста на факторот навременост во спроведувањето на реформите, како суштински услов за успех на напорите за спроведување на алтернативна казнена политика во земјите од Југоисточна Европа.

Авторите нагласуваат дека пробационите служби треба да имаат повисок степен на независност, одржлив буџет и објективно избрани квалитетни кадри.

Авторите забележуваат дека, во споредба со земјите од Западна Европа, процесот на создавање и функционирање на пробациски служби во земјите од Југоисточна Европа е многу бавен, што има влијание врз борбата против криминалот и севкупната казнена политика.

Во рамките на трудот, авторите прават компаративна анализа на капацитетите и резултатите од работењето на пробациските служби во државите од југоисточна Европа, односно имплементацијата на алтернативната казнена политика. Преку низа на параметри ги утврдуваат состојбите во секоја од државите и при тоа забележуваат постапувања кои се далеку од смислата на алтернативната казнена политика, во заклучоците се содржани предлози за надминување на слабостите.

Личен придонес на авторот: Во трудот се обработува материја за која авторот се залага подолг временски период. Имено, магистерскиот и докторскиот труд на авторот се однесуваат токму на материја за алтернативната казнена политика, при што една од идеите за која се залага е формирање на тело за имплементација на алтернативните санкции и мерки, односно на Пробациска служба. За разлика од поранешни негови трудови, каде се залага за формирање на телото, овде е насочен (заедно до друг автор) кон анализа на достигнувањата на државите од Југоисточна Европа во имплементацијата на алтернативната казнена политика.

8) *Gjorgi Slamkov, "The importance 0f full implementation 0f the provisions of asset recovery in the fight against corruption", Journal of sustainable development, Integrated Business Faculty, Skopje, Republic of North Macedonia, VOL. 11, ISSUE 26 (2021), 70-96, ISSN: 1857-8519*

Во рамките на трудот авторот потенцира дека борбата против корупцијата нема ефект доколку од сторителот на корупттивното дело не му се конфискувани стоките или средствата што ги стекнал на незаконски начин.

Овој труд ги истакнува пречките за меѓународна соработка за враќање на украдените добра. Факт е дека во изминатиот период, речиси две децении, од донесувањето на UNCAC, многу е направено на полето на превенцијата, криминализацијата, како и меѓународната соработка, но во делот на враќање на имотот недостасуваат поголеми резултати.

Тоа е во основа имот стекнат на коруптивен начин, главно во земјите во развој и пренесен во развиените земји. На тој начин криминалците стекнуваат огромно богатство, а од друга страна, сиромаштијата во земјата на потекло се зголемува поради губење на ресурсите.

Во трудот се претставени конкретни примери за враќање на средствата. Станува збор за случаи кога постапката трае долги години, во која се вклучени високи политички личности и огромни суми на пари. Во трудот се дадени неколку препораки за подобрување на внатрешните регулативи на земјите, но и за меѓународна соработка со цел да се зголеми откривањето на случаи на украдени средства земени во други земји.

Брзата и заемна соработка државата молител и замолената држава е од суштинско значење за откривање, запленување, замрзнување, конфискација и враќање на украдениот капитал.

Во трудот се обработува тема која релативно малку е обработувана во домашната стручна литература, а е особено меѓународно апострофирана, вклучувајќи и специјална сесија на Генералното собрание на ООН во 2021 година. Централен фокус е отстранување на пречките за враќање на капиталот, вредностите и други добра кои преку коруптивни дела ги стекнале високи политички фигури од државите во развој и потоа преку перење пари ги трансферирале во развиени држави или финансиските центри, често пати користејќи ја можноста за криење на вистинските сопственици.

Личен придонес на авторот: Авторот подолг временски период теоретски и практично работи на материјата поврзана со борба против корупцијата. Сето тоа му овозможи да навлезе во деталите на проблематиката, да креира решенија и да настојува нивна имплементација. Во овој труд авторот се осврнува на неколку примери од пракса и преку нив прикажува дека и покрај меѓународните регулативи и изразените желби за соработка сепак кога ќе треба да се вратат материјалните добра во државата молител (оштетена со коруптивно кривично дело) сепак се јавуваат бројни пречки и тешкотии.

9) *Gjorgi Slamkov, ”Risks of corruption during COVID-19”, („„Vision” International Scientific Journal, Vision University, Volume 5, Issue 1, 2021, p. 39 — 53, ISSN: 25454323, ISSN: 2545-4331*

Во рамките на трудот се обработува прашањето за ризици од појава на корупција за време на справувањето со пандемијата која ја одбележа 2020, односно COVID -19.

Имено, кризата ги затекна скоро сите држави и ја наметна потребата за ургентни мерки како би се намалиле штетните последици. Но, скратувањето на роковите или поедноставување на процедурите за јавни набавки создаде услови за појава на коруптивни активности, т.е., злоупотреба на државни ресурси за приватни цели.

Во трудот како најризични точки за корупција за време на COVID -19 кризата се јавните набавки, економската помош од државата кон граѓаните и компаниите, како и падот на интегритетот. Во истиот се наброени неколку афери од коруптивен карактер за време на пандемијата кои произлегуваат токму од горeспомнатите ризични точки, кои вклучуваат набавки по екстремно високи цени, низок квалитет на стоките, тајност на постапката, исчезната хуманитарна помош, злоупотреба на карантинот и слично.

Во трудот се потенцира дека најефикасно средство за борба против корупцијата е транспарентноста, а во услови на COVID -19 и предизвиците кои ги носи со себе, транспарентноста треба да биде на повисоко ниво.

Отчетноста, информирањето на граѓаните за пристапот до јавни информации се алатки кои одат во насока на намалување на ризиците од корупција за време на криза и јакнење на довербата во системот и владеењето на правото, трудот е креиран во еден специфичен период, односно додека траеше кризата со Ковидот. Во трудот се анализирани факторите кои создадоа можности за корупција вонредна состојба, презентирани се конкретни примери и од таму произлегува заклучокот дека во такви (кризни) состојби една од најефикасните алатки е транспарентноста во процесите и проверливост на презентираните резултати.

Личен придонес на авторот: Авторот има практично искуство од раководење на двете клучни институции во државата за спречување на корупцијата и за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер (транспарентност). Во рамките на овој труд многу од согледувањата се резултат на практично стекнатото искуство особено апострофирање на транспарентноста, отчетноста и пристапот до јавни информации.

10) *Gjorgi Slamkov, Zoran Filipovski, „The role of the whistleblowers in the fight against corruption", „Vision" International Scientific Journal, Vision University, Volume 4, Issue 2, December 2019, p. 63 — 86*

Трудот се занимава со еден од инструментите во борбата против корупција, односно „укажувачите". Тие се непосреден извор на информации од местото каде што е извршено кривичното дело - недозволено однесување, кое има долга историја, но со различни третман.

Всушност, сложеноста и распространетоста на корупцијата бара и примена на различни средства за справување со неа и укажувачите можат да придонесат во различни периоди, пред да се изврши штетното дејствие, за време на извршувањето и по неговото извршување.

Последната деценија, на меѓународно ниво, многу внимание е посветено на укажувачите. Меѓу бројните акти кои содржат одредби за овој антикорупциски инструмент се Принципите на Г20 за ефикасна заштита на укажувачи — Принципи од Осака, усвоени во јуни 2019 година и истите се катализатор за подобрување на положбата на укажувачите и нивна заштита, со цел ефикасна борба против корупцијата,

Во истата насока, на ниво на ЕУ во 2019 година е донесена новата Директива за заштита на укажувачите, која има неколкугодишна имплементација во сите земји-членки. Нејзина цел е да се зголеми заштитата на укажувачите и да се подигне свеста во општеството за нивното значење. Искуство во ЕУ ниво покажува невоедначен пристап кон материјата, т.е. некои земји членки немаат регулатива, во други земји членки тоа е симболично регулирано, а во трети земји членки (околу десет) постои квалитетна регулација на овој антикорупциски инструмент.

Во трудот се претставени најновите правни инструменти за заштита на укажувачите и насоки за идниот развој на овој инструмент.

Научен придонес на трудот: Во рамките на трудот се анализираат новите инструменти на глобално ниво за заштита на укажувачите. Авторите ги извлекуваат поентите на принципите од Осака, документ на Г20 кои се насочени кон подобра заштита на укажувачите и јакнење на овој антикорупциски инструмент. Потоа, авторите се осврнуваат на европската Директива од 2019 година и патоказаот за нејзино имплементирање во државите членки. Ова се значајни теми, бидејќи ние како држава-кандидат за членство во ЕУ мораме да пристапиме кон усогласување со новите решенија и да спроведеме соодветни законски измени и дополнувања.

Личен придонес на авторот/кандидатот: Авторот/кандидатот има широки познавања на антикорупциската регулатива и преку овој труд презентира следење на најновите случувања и иницијативи во оваа област. Фактот што трудот е објавен само неколку месеци по донесувањето на наведените два глобални документи за заштита на укажувачите го потенцира токму фактот за континуитетот во тематските истражувања.

11) *Gjorgi Slamkov, „Corruption and its suppression" (Collection of articles), LAP Lambert Academic Publishing (2022), ISBN 978-620-4-98552-7,* книга

Во оваа публикација авторот ја прикажува корупцијата како феномен кој е присутен во сите земји во светот и е постојана закана која треба континуирано да се пресретнува и надминува со сите правни и институционални алатки. Нагласува дека борбата против корупцијата мора да има стратешки приоритет за да се обезбеди долгорочен одржлив општествен развој. Смета дека неселективноста во откривањето и санкционирањето директно придонесува за постигнување на целта. Дека политичката волја, нормативните решенија, институционалната рамка, независните институции, ефикасното спроведување на законот, како и институционалниот и личниот капацитет и интегритет се подеднакво важни за успешна борба против корупцијата.

Кандидатот/авторот смета дека корупцијата ја поткопува демократијата, го уништува владеењето на правото и ја нарушува довербата на граѓаните во институциите на системот. На 96 страници нагласува дека корупцијата го попречува социјалниот и економскиот развој, ги обесхрабрува инвеститорите, го загрозува пазарот и во исто време претставува значајна закана за безбедноста и стабилноста.

12) *Ѓорги Сламков, „Нови механизми за јакнење на ефикасноста во борбата против корупцијата", Монографија: Улога на иновациите како развоен двигател, Европски универзитет Република Македонија, Скопје 2019,* монографија

Монографијата под наслов „Улогата на иновациите како развоен двигател" е создадена како резултат од работата на учесниците во работилница која работела на истата тема, а е организира од Факултетот за економски науки при Европскиот универзитет, Република Македонија – Скопје. Мисијата на Работилницата била да одговори на предизвиците на еволуција на општеството потикната од иновативноста. Иновациите, согласно авторите, се круцијален двигател за развој и конкурентност на компаниите. Обемот и брзината на воведување на иновациите се последица на голем број научни и технолошки достигнувања и нивно имплементирање во практиката. Иновативноста се состои од имплементација на нови или значително подобрени финансиски и нефинансиски производи, нови процеси, стратегии, нови маркетинг методи или нови организациски методи во деловното работење, организацијата на работата и односите со надворешните партнери. Поради овие причини, тие сметаат дека голем број на компании со цел да влијаат врз нивниот раст, односно врз иднината на претпријатијата вложуваат дел од своите средства во истражување и развој, како активност на која се придава особено значење во денешното време на модернизација.

Придонесот на кандидатот/авторот д-р Ѓроѓи Сламков е во делот насловен како „Нови механизми за јакнење на ефикасноста во борбата против корупцијата" каде што зборува за владеење на правото, нормативната и институционалната рамка на Република Македонија за борба против корупцијата, различните видови на тела за борба против корупцијата и дава свој осврт и придонес за нови пристапи, односно решенија за кои смета дека ќе има дополнителен придонес во квалитативното исполнување на еден од позначајните Копенхашки критериуми – владеење на правото.

**V. Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатот д-р Ѓорги Сламков покрај во наставно-образовната и научноистражувачката дејност има низа активности и во стручно-апликативната и организациско-развојната дејност. Конкретните активности се прикажани во листата подолу:

**Учество на стручен собир со реферат (постер/усно)**

„Зајакнување на општинските совети – фаза 2“ UNDP, Swiss Agengy for Development and Cooperation SDC, 2023/24 (https://opstinskisoveti.mk/#), Прирачник за борба против корупција

27. Поддршка за имплементација на елементите на системот на интегритет“ ОБСЕ, септември – октомври 2024, заштитено пријавување и заштита на укажувачи

International project “Public Legal Education on Whistleblowing and Whistleblower Protection” Lucid Linx, 2022, Regional Anti-Corruption Initiative, (https://lms.rai-see.org/course/view.php?id=28)

**Членство на факултетски и универзитетски органи и комисии, како и членство во комисии и работни тела на државни институции**

30. Во периодот од 30.9.2019 до 15.9.2020 г. е член на Универзитетскиот сенат.
31. Во периодот од 16.9.2020 до 15.9.2022 година, во два мандати, е избран за претседател на Универзитетскиот сенат на Европски универзитет – Скопје.
32. Од 1.10.2022 година е избран за декан на Факултетот за правни науки при Европски универзитет – Скопје.
33. Член на комисии за оцена и одбрана на магистерски трудови.
34. Член на меѓународниот уредувачки одбор на списанието за наука и уметност „ИДЕЈА“.
35. Член на програмскиот одбор на Монографија „Знаењето и талентот – фундамент за успешност“, Европски универзитет - Скопје, 2024.
36. Член на програмскиот и организацискиот одбор на единаесетта, тринаесетта и четринаесетта меѓународна научна конференција на Европски универзитет - Скопје.

Учесник во изготвувањето на Елаборатот за студиска програма „Казнено право“ на II/втор/ циклус едногодишни студии со 60 ЕКТС на Факултет за правни науки при Европски универзитет Скопје (2021) (https://www.eu.edu.mk/fpn-vtor-ciklus/)

Од сето претходно елаборирано преку приложените и наведените факти и податоци се потврдуваат наставно-образовната и научноистражувачката дејност, како и стручно-апликативната и организациско-развојната дејност на кандидатот.

**Д-р Нада Донева**

***I Биографски податоци***

Кандидатката д-р Нада Донева е родена на 28.2.1987 година во Штип, Р Македонија. Основно образование завршува во ОУ „Ванчо Прќе“ во Штип. Во 2005 година завршува средно образование во Гимназија „Славчо Стојменски“ - Штип, општествено-хуманистичка насока. Истата година е примена на Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје. Во 2008 година, завршува додипломски

студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, со просечен успех од 9,50 со што го завршува првиот циклус на правните студии според студиската програма од 2005/2006 година, освојува 180 ЕКТС кредити и се стекнува со стручен назив **дипломиран правник - (LLB) Bachelor of Laws.**

Во 2008 година се запишува на втор циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје - мастер студии на казнено-правна насока и ги положува сите предвидени тринаесет (13) испити од вториот циклус со просечен успех од 9,25, по што ја пријавува темата на магистерскиот труд - „Евтаназија“. На 12 јануари 2011 година, јавно ја одбрани изработената магистерска теза, со што освои 300 ЕКТС кредити и се стекна со стручен назив **магистер по право - (LL.M) Master of Laws**.

Во 2011 година се запишува на Школата за докторски студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Правниот факултет „Јустинијан Први“, Катедра за казнено право. По положување на предвидените девет (9) испити од трет циклус на студии - докторски студии со просечен успех од 9,77 ја пријавува темата на докторската дисертација - „Трговија со луѓе со особен осврт на внатрешната трговија со луѓе во Република Македонија“. На 24 јануари 2019 година јавно ја одбрани докторската дисертација, со што освои 180 ЕКТС кредити и се стекна со научен назив **доктор на правни науки по казнено право (Doctor of Law in Criminal Law).**

**Работно искуство**

Во периодот од јуни до декември 2010 година волонтира во Основен суд – Штип.

Од декември 2010 година започнува да волонтира во Ректоратот на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (Оддел за човечки ресурси и како секретар на Факултетот за туризам и бизнис логистика).

Од декември 2011 година работи како секретар на единица – Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Од 2022 година е избрана за насловен доцент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, казнено право со Одлука број 1102-96/22 од 11.5.2022 г.

**II Општи услови за избор:**

**Законски услови согласно со чл.166 ст.2 од Законот за високо образование (Сл.весник 82/2018) што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор:**

Кандидатот д-р Нада Донева, согласно со бараните услови од Законот за високо образование, има доставено**:**

1. **За соодветен просечен успех** – уверение за положени испити од прв циклус на студии, со просечен успех од најмалку 9,50 на студиите на прв циклус, уверение за положени испити од втор циклус со просечен успех од 9.25 на втор циклус на студии и уверение за положени испити на трет циклус студии со просечен успех од 9.77.
2. **За научен степен доктор на науки од научната област во која се избира**:

Кандидатката е ***доктор на науки од научна област казнено право*** со одбранета докторска дисертација на Факултетот за правни науки „Јустинијан

Први“, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, под наслов „Трговија со луѓе со посебен осврт на внатрешната трговија со луѓе во Република Македонија“.

3. **Претходен избор во наставно-научно звање.**

Кандидатката д-р Донева претходно била бирана во **звањето насловен доцент** во научната област казнено право на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, со Одлука број 1102-96/22 од 11.5.2022 г.

4. **Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација** согласно со Закон за високо образование во последните пет години пред објавување на огласот за избор:

- Кандидатот има поднесено листа со околу 20 публикации, од кои ќе бидат валоризирани оние кои се меѓународни публикации во смисла на Законот за високо образование, а кои се објавени во последните пет години пред распишување на огласот за избор.

Во продолжение е табелата со објавени трудови:

| Р. бр. | Автор | Објавено | Наслов на трудот | Години на објавување |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Gjorgieva, Dijana and Doneva, Nada | International Scientific Journal Vision, 9 (1). | *The Impact of Criminal Verdicts in Civil Proceedings* | 2024 |
| 2 | Doneva, Nada and Gjorgjieva, Dijana | International Scientific Journal ”Sui Generiss”, 2 (2) | *Mediation in Criminal and Civil Cases in the Positive Law of the Republic of North Macedonia - Situation and Challenges* | 2023 |
| 3 | Донева Нада Ѓорѓиева Дијана | Зборник на трудови: Единаесетта меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ | *„Местото на судската власт во системот на поделба на власта во Република Северна Македонија и одговорност на судиите“* | 2024 |
| 4 | Донева Нада | Зборник на трудови: Десетта меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ | *„Општествена интеграција на жртви на трговија со луѓе“* | 2023 |
| 5 | Донева Нада Ѓорѓиева Дијана Ибиш Ебру | Годишен зборник, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ бр.13, 2023 | *„Атхезионо решавање на имотноправни барања во кривична постапка“* | 2023 |
| 6 | Doneva Nada | EUWEB Legal Essays<br>Issue 2/2023 | *“The incidents of human trafficking in the Republic of North Macedonia and its readiness to meet standards in the fight against it on the way to EU”* | 2023 |
| 7 | Doneva Nada | Knowledge - International Journal, Institute of Knowledge Management, Vol. 5. 1., Skopje, February 2022 | *„Implementation of national policies in relation to the fight against internal human trafficking in Republic of North Macedonia“* | 2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | Донева Нада | Списание на научни трудови: Дванаесетта меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток - Запад“, Свети Николе: Меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“, бр. 2 - Право и политикологија, 2021 | *„Деца на улица во Република Северна Македонија и нивната ранливост во однос на трговијата со луѓе“* | 2021 |
| 9 | Донева Нада и Роглева Александра | Зборник на трудови Осма меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Штип: Универзитет „Гоце Делчев“, Правен факултет, бр. 1 - Право, 2021 | *„Социјална заштита на жртви на трговија со луѓе - правна и институционална рамка во Република Северна Македонија“* | 2021 |

5. Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик - англиски со завршен шести степен и италијански јазик со завршен втор степен.

**6. Биографија согласно со која се приложува досегашната активност и способност во изведувањето на високообразовната дејност**. Од изборот во звање насловен доцент до сега се уште немаат изминато пет години, а во овој период д-р Донева има учествувано во изведување на настава на предмет Европско казнено право, двогодишни студии на Правен факултет УГД, втор циклус, еден семестар.

**III Посебни услови за избор во звање вонреден професор**

Согласно со чл. 10, ст. 2 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Универзитетски гласник на УГД бр.50/2021 година), кандидатката ги има доставено следниве податоци за избор во звање вонреден професор:

1. ***Рецензирана скрипта во електронска верзија објавена во е библиотека или практикум, или објавен рецензиран универзитетски учебник или монографија***

Кандидатката, до сега, нема издадено рецензирана скрипта во е библиотека или практикум или објавено рецензиран универзитетски учебник или монографија.

2. ***Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати***

Согласно со приложената биографија, кандидатката има учествувано во следниве проекти:

- CA22106 – Migrant Disaster Victim Identification (MDVI) - Management Committee Member (член на Управен одбор во COST проект).

3. ***Придонес во оспособување на помлади наставници и соработници***

Кандидатката д-р Донева се јавува како рецензент на труд со наслов „Евтаназија“, објавен во студентското списание Student's Social Science Journal.

***4. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=30; (НИ)=38; (САОР)=7 или вкупно 75 поени:***

- Од приложената табела на крајот од овој извештај кандидатот има остварено (НО)=30; (НИ)=93; (САОР)=12 или вкупно 135 поени.

**IV Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

***IV-a Наставно-образовна дејност***

1. Кандидатката д-р Донева од 2022 година избрана е за насловен доцент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, казнено право, Одлука број 1102-96/22 од 11.5.2022 г.

***IV-b Научноистражувачка дејност***

**I. Научноистражувачки трудови објавени во меѓународни научни списанија и меѓународни научни публикации**

Во прилог на документацијата за избор, кандидатката д-р Нада Донева, ги достави следниве трудови:

2. Doneva, Nada and Gjorgjieva, Dijana (2024) *The Place of the Judicial Authority in the System of Division of Power in the Republic of North Macedonia and Responsibility of Judges МЕСТОТО НА СУДСКАТА ВЛАСТ ВО СИСТЕМОТ НА ПОДЕЛБА НА ВЛАСТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ОДГОВОРНОСТ НА СУДИИТЕ.* Proceedings of the Eleventh International Scientific Conference "Social Changes in the Global World", 11 (11). pp. 109-124. ISSN UDK 347.96/.99:342.33(497.7) 347.962.6(497.7)
3. Gjorgieva, Dijana and Doneva, Nada (2024) *The Impact of Criminal Verdicts in Civil Proceedings.* International Scientific Journal Vision, 9 (1). pp. 105-116.
4. Doneva, Nada and Gjorgjieva, Dijana (2023) *Mediation in Criminal and Civil Cases in the Positive Law of the Republic of North Macedonia - Situation and Challenges.* International Scientific Journal "Sui Generiss", 2 (2). pp. 35-51.
5. Doneva, Nada (2023) *The incidence of human trafficking in the Republic of North Macedonia and its readiness to meet the minimum standards in the fight against it on the way to EU.* EUWEB Legal Essays, Global and International Perspectives, Issue 2/2023 (2). pp. 43-67. ISSN 2785-5228
6. Doneva, Nada and Gjorgjieva, Dijana and Ibis, Ebru (2023) *Атхезионо решавање на имотноправни барања во кривична постапка.* Годишен зборник 2023, Правен факултет, 13 (13). pp. 57-65. ISSN 1857-8713
7. Doneva, Nada (2022) *Implementation of national policies in relation to the fight against internal human trafficking in Republic of North Macedonia.* Knowledge - International Journal (KIJ). pp. 139-145. ISSN 2545-4439
8. Doneva, Nada (2021) *Деца на улица во Република Северна Македонија и нивната ранливост во однос на трговијата со луѓе.* Списание на научни трудови - Меѓународен дијалог: Исток - Запад (право и политикологија), 8 (2). pp. 17-22. ISSN 1857-9299
9. Doneva, Nada (2023) *Social integration of victims of human trafficking.* In: Tenth International Scientific Conference Social Changes in the Global World, 28-29 Sept 2023, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip.
10. Doneva, Nada and Rogleva, Aleksandra (2021) *Социјална заштита на жртви на трговија со луѓе - правна и институционална рамка во Република Северна Македонија.* In: Осма меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", Sept 2021, Stip.

**II. Учество на конференции, тркалезни маси и работилници**

11. Doneva, Nada, (2024) "Identification on victims"of migration disasters – challenges and perspectives" International Scientific Conference on AI, Human Rights, Migration Democracy and Public Impact, International University Vision, October 2024.

12. Gjorgieva, Dijana, Doneva, Nada (2024) "Court proceedings and artificial Intelligence – new horizons", International Conference on Law and Politics: Contemporary Global Issues in Law and Politics, International Balkan University(IBU) October 2024

13. Doneva, Nada and Gjorgjieva, Dijana (2024) *The Place of the Judicial Authority in the System of Division of Power in the Republic of North Macedonia and Responsibility of Judges МЕСТОТО НА СУДСКАТА ВЛАСТ ВО СИСТЕМОТ НА ПОДЕЛБА НА ВЛАСТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ОДГОВОРНОСТ НА СУДИИТЕ.* Eleventh International Scientific Conference "Social Changes in the Global World", Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip.

14. Doneva, Nada (2023) *Social integration of victims of human trafficking.* In: Tenth International Scientific Conference Social Changes in the Global World, 28-29 Sept 2023, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip.

15. Doneva, Nada and Rogleva, Aleksandra (2021) *Социјална заштита на жртви на трговија со луѓе - правна и институционална рамка во Република Северна Македонија.* In: Осма меѓународна научна конференција "Општествените промени во глобалниот свет", Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip.Sept 2021.

16. Донева, Нада (2021) „Деца на улица во Република Северна Македонија и нивната ранливост во однос на трговијата со луѓе", Дванаесетта меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток - Запад", Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Државин" бр. 2, Св.Николе

**III Докторска дисертација и магистерски труд:**

19. Донева, Нада (2011): „ Евтаназија", **магистер по право - (LL.M) Master of Laws**, Правен факултет „Јустинијан Први", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје.

20. Донева, Нада, (2019): „Трговија со луѓе со особен осврт на внатрешната трговија со луѓе во Република Македонија", **доктор на правни науки по казнено право (Doctor of Law in Criminal Law)**, Правен факултет „Јустинијан Први", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје.

**V. Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатката д-р Нада Донева во доставените документи ги приложи следните активности во рамки на стручно-апликативната и организациско-развојната дејност. Конкретните активности се прикажани во листата подолу:

**Труд во стручно (научно-популарно) списание**

21. Doneva, Nada (2019) *Ефикасност на казненото законодавство од аспект на справување со инциденцата на внатрешна трговија со луѓе во Република Северна Македонија Efficiency of criminal legislation from the aspect of management of internal human trafficking in the Pepublic of Horth Macedonia.* Стручно списание Правник (331332). 17-22-47-54. ISSN 1409-5238

22. Doneva, Nada (2020) *Феноменолошки аспекти на внатрешна трговија со луѓе во Република Северна Македонија.* Правен дијалог (21). pp. 80-90. ISSN 1857-7644

**Учесник во научен проект**

23. CA22106 – Migrant Disaster Victim Identification (MDVI) - Management Committee Member (член на Управен одбор во COST проект).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата детално ги прегледа доставените документи на двајцата кандидати. Во согласност со Законот за високо образование, како и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип и според анализата на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека од двајцата пријавени кандидати само д-р Ѓорѓи Сламков ги исполнува условите за избор во наставно-научно звање вонреден професор.

Од разгледаната документација поднесена од кандидатката, (меѓу кои недостигаа оригинални документи од дипломи од завршено претходно образование кои се бараа согласно конкурсот) кај кандидатката д-р Нада Донева беше воочено дека од изборот во звање насловен доцент до сега се уште немаат изминато пет години, а во овој период д-р Донева има малку учествувано во изведување на настава, недоволно за избор во звање вонреден професор (општ услов согласно со Закон). Воедно, кандидатката, до сега, нема издадено рецензирана скрипта во е-библиотека или практикум или објавено рецензиран универзитетски учебник или монографија (посебен услов согласно со Правилник).

Имајќи ги предвид сите наведени факти во извештајот погоре, видливо е дека кандидатот д-р Ѓорги Сламков преку објавените научни и стручни трудови, учебните помагала, учествата на меѓународно научни конференции, активности од проекти, стручно апликативна и организациска работа, ги исполнува условите за избор во вонреден професор во областа казнено право, согласно со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

За целокупната активност во периодот од избор во вонреден до денес, кандидатот д-р Ѓорги Сламков врз основа на научноистражувачка работа, наставно-образовна работа и стручно апликативна, организациско-развојна дејност, остварено НО 40 +НИ 146+САОР 30.5, или вкупно 216.5 поени.

Според гореизнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, д-р Ѓорги Сламков да биде избран во **звањето вонреден професор за наставно-научната област казнено материјално право.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

Д-р Олга Кошевалиска, редовен професор, с.р.

Д-р Елена Максимова, вонреден професор, с.р.

Д-р Лазар Нанев, насловен вонреден професор, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ ЗА КАНДИДАТ Д-Р ЃОРЃИ СЛАМКОВ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | Поени | број | поени | |
| | Избор во звање доцент | 1 (бр.1) | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност истручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | Поени | број | поени | |
| | Монографија или научна книга | 1 (бр.21) | | | 15 | 15 |
| | Дел од монографија или научна книга | 3 (бр.22, 23,24) | 6 | | | 18 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | Прв автор -9 (9x9) (бр.1,4,5,6,8,9,10,11,13)<br><br>Втор автор -3 (3x6) (бр. 2,6,11)<br><br>Поени ( 9/6/3) | | | | 81<br>18<br>———<br>99 |
| | Одбранета докторска теза | 1 (бр.26) | 8 | | | 8 |
| | Одбранет магистерски труд | 1 (бр.25) | 4 | | | 4 |
| | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | 6 (бр. 14,16,17, 18,19,20) | 1 | | | 6 |
| | Член на уредувачки одбор на научно списание | 1 (бр.34) | 1 | | | 1 |
| | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | 1 (бр.36) | 1 | | | 1 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **146** |

| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| | Претседател на универзитетски или владини тела | 1 (бр.31) | 10 | | | 10 |
| | Декан | 1 (бр.32) | 12 | | | 12 |
| | Член на универзитетски или владини тела | 1 (бр.37) | 5 | | | 5 |
| | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 3 (бр. 27,28,29) | 0.5 | | | 1.5 |
| | Елаборати и експертизи | 1 (бр.37) | 2 | | | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30.5** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕОБЛАСТИ** | | | | | **216.5** |

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ ЗА КАНДИДАТ Д-Р НАДА ДОНЕВА

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | Поени | број | поени | |
| | Избор во звање доцент | 1 (бр.1) | 30 | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност истручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **Поени** | **број** | **поени** | |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | Прв автор -8 (8x9) (бр.2,4,5,6,7,8,9,10)<br><br>Втор автор -3 (3x1) (бр. 3)<br><br>Поени ( 9/6/3) | | | | 72<br>3<br>―――<br>75 |
| | Одбранета докторска теза | 1 (бр.20) | 8 | | | 8 |
| | Одбранет магистерски труд | 1 (бр.19) | 4 | | | 4 |
| | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | 6 (br. 11,12,13, 14,15,16) | 1 | | | 6 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **93** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност иорганизациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **Поени** | **број** | **поени** | |
| | Труд во стручно (научно-популарно) списание | 2 (бр.21,22) | 2 | | | 4 |
| | Учесник во научен проект | | | 1 (бр.23) | 8 | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **12** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕОБЛАСТИ** | | | | | **135** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ УРБАНИСТИЧКО И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ НА ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2302-114/8 од 25.11.2024 година донесена на 173. седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет, одржана на 25.11.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област урбанистичко и просторно планирање (2.11.01.01), во следниов состав:

- **д-р Сашо Блажевски** – доцент за наставно-научна област урбанизам, вработен на Факултет за архитектура и дизајн при Универзитет Американ колеџ Скопје - претседател;
- **д-р Дамјан Балкоски –** доцент за наставно-научна област урбанизам, вработен на Факултет за архитектура при Универзитет МИТ- член;
- **д-р Васка Сандева –** редовен професор за наставно-научна област пејзажна архитектура, вработена на Факултет за природни и технички науки, ентериер и дизајн на мебел при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха“ на 14.11.2024 година и во предвидениот рок се пријави 1 кандидат: д-р Екатерина Намичева-Тодоровска, доктор по културолошки студии.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет да му го поднесеме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Екатерина Намичева-Тодоровска е родена на 25.4.1992 година во Скопје. Средното образование го завршила во 2010 година, на англиски јазик, во Интернационалната гимназија „Нова“.

Во септември 2010 година се запишала на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ колеџ во Скопје, каде што дипломирала во септември 2013 година со дипломска работа на тема „Дом за стари лица во Скопје“, под менторство на проф. Виолета Бакалчев. Се стекнала со звање дипломиран инженер архитект, со просек од додипломските студии А- 3.45/4.00 (9,34).

Во септември 2013 година започнала студии на Факултетот за архитектура и градежно инженерство при Politecnico di Milano, насока Презервација на културно наследство. На 21 декември 2015 година го одбранила својот магистерски труд со наслов „The Church of Saint Sophia in Ohrid, the Republic of Macedonia. Architectural analysis of its restorations and the revitalization of the west entrance and the surroundings“, под менторство на проф. д-р Stefano L’occaso и се здобила со звање магистер по архитектура, со просек 99/110 (9,44).

Од октомври 2014 година се запишала на втори магистерски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на насоката Дизајн и технологии на мебел и ентериер, каде што магистрирала на 9.3.2020 година, со просек 9.64.

Во текот на магистерските студии во Италија (2013-2015) стекнала практично искуство во областа на презервацијата, работела на истражувања во архивите за документација на реставрациите на Палацо Дукале во Мантова и на техничката документација за фазите на реставрацијата во палатата, под менторство на проф. д-р Stefano L'occaso. За време на нејзините архитектонски студии, Намичева стекнува практично искуство преку пракси во престижни институции како Palazzo Ducale di Mantova и Comune di Mantova, каде што учествува во истражувачки проекти поврзани со реставрација на историски структури.

Во периодот од 3.12.2014 до 14.3.2015 година, кандидатката била ангажирана во Општината Мантова, во Одделот за урбанизам на адреса Виа Рома 36, Мантова, каде што работела на мапирање и типологија на историското јадро на Мантова, како дел од проект на УНЕСКО.

Од април 2016 година е ангажирана како стручен соработник на Архитектонскиот факултет при ФОН Универзитет, каде што предавала предмети како Историја на архитектура 1, Историја на архитектура 3 и Ентериер - внатрешно уредување 2.

Во мај 2016 година кандидатката била избрана за помлад асистент на Архитектонскиот факултет при АУЕ-ФОН Универзитет. Во октомври 2016 и 2019 година повторно е избрана за помлад асистент на Факултетот за арт и дизајн при ЕУРМ. Во октомври 2019 година е избрана за асистент на Архитектонскиот факултет при АУЕ-ФОН Универзитет.

Во 2016 година започнала докторски студии на Институтот за културолошки студии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", каде што истражува за архитектонското урбано јадро и културната меморија на Скопје. Со својата посветеност, успешно ги завршила докторските студии во 2022 година, со просечна оценка 10.00.

Во периодот од 11.1.2020 до 15.7.2021 година, кандидатката работела како доцент на ФОН Универзитет, каде што предавала предмети како: Историја на архитектура 1, Историја на архитектура 2, Ревитализација на историски јадра, Основи на проектирање, Македонска историја и уметност, Основи на урбанизам, Историја на дизајн и Документирање на градителско наследство.

Од 2021 година работи на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, како асистент на Факултетот за природни и технички науки.

**ПРИЗНАТИ УМЕТНИЧКИ И СТРУЧНИ ДЕЛА, ОДНОСНО ОСТВАРУВАЊА КОИ СЕ ОД ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА АФИРМАЦИЈА НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА ВО И НАДВОР ОД ЗЕМЈАВА**

Намичева нејзиниот ангажман го проширува и надвор од академската средина; во јуни 2016 година таа дизајнира изложба за уметникот Д. Кондовски и организира работилница за портретна фотографија како дел од МНТ фестот во Македонскиот народен театар, покажувајќи ја својата посветеност за промовирање на уметничките иницијативи. Од 2021 година, Намичева е поврзана со Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, дополнително проширувајќи ја својата професионална мрежа и придонесувајќи во академската заедница преку својот разновиден сет на вештини и експертиза. Нејзиниот интердисциплинарен пристап кон архитектурата и дизајнот ја нагласува нејзината страст за зачувување и разбирање на богатото наследство на Скопје и пошироко.

Во 2018 година, кандидатката била автор на едукативната поставка „МемоАрх“ на Скопје креатива, одржана од 11 до 13 мај 2018 година во МКЦ Скопје. Исто така, во истиот период, учествувала со модната инсталација „Во името на фалусот и јас сум човек“ на истата манифестација, како и со проектот „Дете и простор“, архитектонска инсталација пред платото на МКЦ. Во декември 2018 година била автор на интерактивната поставка „T+Arh“ во Музејот на тетовскиот крај. Во 2019 година, учествувала на Скопје креатива со проектот „РеТекс-Архисегмент“, а исто така изложувала дела на фестивалот 4-th Women’s Scream Festival Macedonia 2019 - „I scream for me“, одржан на 28 март во Јавна соба, Скопје. Во 2019 година, била и автор на CreArt Pavilion, поставен во ботаничката градина како дел од проектот „ReBreathSk“ во рамките на АРХИФАКТ.

Од 2010 година, кандидатката е член на Ерменската заедница во Република Македонија. Од 2013 година е член на ICOM – Меѓународниот совет на музеи, а од 2015 година е член на АРХИФАКТ – Здружение за архитектура, дизајн и култура.

Во периодот од 2010 до 2014 година, кандидатката била добитник на интернационална стипендија од Ерменската генерална добротворна унија (Armenian General Benevolent Union), со седиште на адреса 55 East 59th Street, 7th Floor, New York, NY 10022-1112. Во академската 2014-2015 година добила стипендија од регионот Ломбардија за магистерски студии на Politecnico di Milano, доделена од Diritto allo Studio.

Кандидатката учествувала на повеќе изложби од областа на уметноста и архитектурата, вклучувајќи ја изложбата „90 години од раѓањето на уметникот Димитар Кондовски“ (3-17 април, 2017) во Македонскиот народен театар и „Скопје АрхиТРАНСформа-Архибелези“ (26 јули - 17 август 2017) во Музејот на Град Скопје. Во 2018 година била дел од изложбата „Руските архитекти во Скопје“ во Музејот на македонската борба, како и од неколку инсталации на Скопје Креатива, вклучувајќи ја едукативната поставка МемоАрх и модната инсталација „Во името на фалусот и јас сум човек“. Таа исто така била автор на детска архитектонска инсталација „Дете и простор“ на истото настанување. Во 2019 година, нејзини дела биле изложени на фестивалот Women’s Scream Festival, како и на Скопје Креатива 2019 со изложбата РеТекс-Архисегмент, додека проектот CreArt Pavilion бил претставен во ботаничката градина како дел од проектот ReBreathSk.

**Општи услови за избор**

- Просечен успех – додипломски студии 9.34.
- Просечен успех – магистерски студии |9.44 и втори магистерски студии | 9.64.
- Научен степен – доктор по културолошки студии. Докторската дисертација со наслов „Возобновување на изгубената меморија: скопските резиденцијални објекти помеѓу двете светски војни” е одбранета на 6.7.2022 година на Институтот за културолошки студии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“,
- Објавени минимум 4 научни трудови во референтна научна публикација:

| Бр. | Автор | Име на трудот | Публикација | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Намичева Екатерина, Катерина Деспот, Михаил Намичев | ***Влијанието на мебелот врз културолошкиот аспект на станбениот простор во првата половина на 20 век*** | ПАЛИМПСЕСТ - Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања, Год. 4, Бр. 7, UDC:684.4:728.3(497.711)(049.3) Штип, 2019 | 2019 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | Намичев Петар, Намичева Екатерина | ***Виртуелната реалност како метод на промоција*** <br><br> ***на архитектонското културно наследство и на културната меморија*** | UDC: 930.85:004.932 <br><br> Штип, 2019 | 2019 |
| 3 | Намичев Петар, Намичева Екатерина | ***Традиционалната архитектура во Велешко од 19 век и почетокот на 20 век*** | PATRIMONIUM <br> Spisanie za kulturnoto nasledstvo - spomenici, restavracija, muzei - Година 12, број 17 / 2019 <br> УДК: 728.6(497.713)”18/19” | 2019 |
| 4 | Деспот Катерина, Намичев Петар, Сандева Васка, Намичева Екатерина | ***Problems and features of sitting sites in the medicines of musics of living instruments*** | IXth International scientific conference on architecture and civil engineering ArCivE. ISSN 2367-7252 | 2019 |
| 5 | Намичев Петар, Намичева Екатерина | ***The Traditional architecture in the region of Prilep from the 19th to the beginning of the 20th century*** | Patrimonium.MK - Periodical for Cultural Heritage - Monuments, Restoration, Museums, 13 (18). pp. 673-700. ISSN 1857-5811 | 2020 |
| 6 | Намичев Петар, Намичева Екатерина | ***Традиционалната архитектура – модели на*** <br><br> ***Заштита и зачувување на функцијата*** | Palimpsest International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, 5 (9). pp. 213-221. ISSN 2545-3998 | 2020 |
| 7 | Намичев Петар, Намичева Екатерина | ***Јавните и приватните објекти значајни за развојот на урбаното градско јадро на Скопје*** | Palimpsest International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, 5 (10). pp. 57-70. ISSN 2545-3998 | 2020 |
| 8 | Намичев Петар, Намичева Екатерина | ***Традиционалната конструкција на македонската куќа од 19 век*** | Natural resourses and technology, XV (15). pp. 107-112. ISSN 1857-6966 | 2021 |
| **9** | Намичев Петар, Намичева Екатерина | ***Традиционалната архитектура во Гевгелиско од 19 век*** | Patrimonium (19). pp. 345-360. ISSN 1857-5811 | 2021 |
| 10 | Намичев Петар, Намичева Екатерина | ***Просторни карактеристики на традиционалната*** <br><br> ***селска куќа во Скопскиот регион од 19 век*** | Palimpsest International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, 6 (12). pp. 187-199. ISSN 2545-3998 | 2021 |
| 11 | Намичев Петар, Намичева Екатерина | ***Надворешна декорација на традиционалната куќа во Македонија од 19 век*** | Балканот и балканските народи – паралели во историјата и во современоста. pp. 48-62. ISSN ISBN 978-608-4845-12-6 | 2021 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12 | Намичев Петар, Намичева Екатерина | ***Културна одржливост и архитектонско наследство*** | P A L I M P S E S T International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, 6 (11). pp. 227-239. ISSN 2545-3998 | 2021 |
| 13 | Намичев Петар, Намичева Екатерина | ***Традиционалното живеалиште во Лесново*** | Patrimonium.mk, 15 (20/202). pp. 343-364. ISSN 1857 -5811 | 2022 |
| 14 | Намичев Петар, Намичева Екатерина | ***Significance of the bazaar for preservation of the traditional urban form in Macedonia - Study case of Skopje's old bazaar.*** | Palimsest International Journal for Linguistic, 7 (13). pp. 215-228. ISSN 2545 -3998 | 2022 |
| 15 | Намичев Петар, Намичева Екатерина | ***The Branding of cities – the role of Skopje Palaces in the Cultural branding of the*** ***city from the beginning of the 20th Century.*** | Palimspest, International journal for linguistic, literary and cultural research, VII (14). pp. 181-190. ISSN 2545-3998 | 2022 |
| 16 | Намичев Петар, Намичева Тодоровска Екатерина | ***Typology of housing units in the region of Ohrid.*** | Natural Resources and Technology, 16 (2). pp. 35-41. ISSN 1857-6966 | 2022 |
| 17 | Намичев Петар, Намичева Тодоровска Екатерина | ***Селската куќа во Охридската област од 19 век*** | Patrimonium, 16 (21). pp. 259-274. ISSN 1857-5811 | 2022 |
| 18 | Намичев Петар, Намичева Тодоровска Екатерина | ***Руските архитекти во Скопје во периодот меѓу двете светски војни*** | Palimsest, 8 (16). pp. 153-163. ISSN 2545-3998 | 2023 |
| 19 | Намичев Петар, Намичева Тодоровска Екатерина | ***Руските архитекти и инженери од почетокот на 20 век во Скопје и*** ***нивното влијание врз урбаниот развој*** | Palimpsest, international journal for linguistic, literary and cultural research, VIII (15). pp. 225-233. ISSN 2545-3998 | 2023 |
| 20 | Nikolovska, Vladica and Despot, Katerina and Sandeva, Vaska and Namiceva Todorovska, Ekaterina | ***The importance of architectural accessibility in modern society*** | Natural Resources and Technology, 17 (1). pp. 43-48. ISSN 1857-6966 | 2023 |
| 21 | Despot, Katerina and Sandeva, Vaska and Namiceva Todorovska, Ekaterina | ***The two pages of the beauty in the design*** | XXXII INTERNATIONAL CONFERENCE FOR STUDENTS AND YOUNG SCIENTISTS ' 2023 5 ÷6 October 2023, Technical faculty, SWU "Neofit Riski" -Blagoevgrad, Bulgaria ISSN 2603-4395 | 2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 22 | Sandeva, Vaska and Despot, Katerina and Namiceva Todorovska, Ekaterina and Nikolovska, Vladica | **The influence of composition in geoparks** | Подекс - Повекс: Технологија на подземна и површинска експлоатација на минерални суровини. pp. 258-266. ISSN ISBN: 978-608-65530-7-4 | 2023 |
| 23 | Sandeva, Vaska and Despot, Katerina and Namiceva Todorovska, Ekaterina | **The green system and the connection with the street network** | XXXII INTERNATIONAL CONFERENCE FOR STUDENTS AND YOUNG SCIENTISTS ‘ 2023 5 ÷6 October 2023, Technical faculty, SWU “Neofit Riski” -Blagoevgrad, Bulgaria<br><br>ISSN 1314-4669 | 2023 |
| 24 | Sandeva, Vaska and Despot, Katerina and Namiceva Todorovska, Ekaterina and Nikolovska, Vladica | **Геоморфолошки феномен Маркови кули - Прилеп** | XIV Стручно советување со меѓународно учество Подекс - Повекс ’23, 06-08 Oct 2023, Ohrid | 2023 |
| 25 | Намичев Петар, Намичева Тодоровска Екатерина | ***Transformations of the Vernacular Houses of Macedonia in the 19th Century*** | Journal of the International Society for the Study of Vernacular Settlements, 11 (05). pp. 70-87. ISSN 2378-2222 | 2024 |
| 26 | Намичев Петар, Намичева Тодоровска Екатерина | ***The architectural production of architect Boris Dutov in the period of 1921-1940 in the city of skopje*** | PALIMPSEST / ПАЛИМПСЕСТ, 9(17), 157-166. https://doi.org/10.46763/PALIM24917157nt | 2024 |

- Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик – англиски јазик:
- Потврда како доказ дека англискиот јазик е јазикот на кој се изведува наставата во Интернационалните училишта „НОВА“ во период од 4 години каде Намичева дипломирала во јуни 2010 година.
- Втора потврда за положен тест TOEFL.
- Англискиот јазик а официјален јазик на три-годишните магистерски студии по архитектура на Политехнико ди Милано, каде што Намичева-Тодоровска магистрира 2015 година.
- Способност за изведување на високообразовна дејност: д-р Екатерина Намичева има 9-годишна академска кариера со пет избори од помлад асистент, асистент и доцент од областа на архитектурата.

**Посебни услови**

- Две препораки од професори – од проф. д-р Марула Николоска и проф. д-р Мирче Кокалески.
- Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)= 15 (НИ)= 340 (САОР)= 65,5 или вкупно 420,5 поени.

## I. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во периодот од 15.3.2016 до 3.10.2016 година, кандидатката работела како помлад асистент на Факултетот за архитектура и дизајн при ФОН Универзитет, каде што асистирала на предметите Историја на архитектура 1, Историја на архитектура 2 и Ентериер 2.

Од 3.10.2016 до 3.9.2019 година била ангажирана како помлад асистент на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет, Република Македонија, каде што предавала на предметите: Основи на проектирање 1 и 2, Дизајн на ентериер, Дизајн на мебел, 3Д дизајн, Илуминација на ентериер, Фотографија, Компјутерско дизајнирање, Мултимедија, Сценографија и Ентериер дизајн 1 и 2.

Од 3.9.2019 до 11.1.2020 година повторно работела на ФОН Универзитет како асистент на предметите: Историја на архитектура 1, Историја на архитектура 2, Ревитализација на историски јадра, Основи на проектирање, Македонска историја и уметност и Основи на урбанизам.

Потоа, од 11.1.2020 до 15.7.2021 година, кандидатката била доцент на ФОН Универзитет, каде што предавала предмети како Историја на архитектура 1, Историја на архитектура 2, Ревитализација на историски јадра, Основи на проектирање, Македонска историја и уметност, Основи на урбанизам, Историја на дизајн и Документирање на градителско наследство.

Од 15.7.2021 година до денес, работи на Универзитетот „Гоце Делчев“ (УГД) на Факултетот за природни и технички науки, каде што асистира на предметите: Реализација на проект, Индустриски дизајн, Дизајн на канцелариски мебел, Техники на дизајн, Материјали 1 и 2, Обликување на јавен простор, Дизајн на урбана опрема, Графички дизајн, Авангарден дизајн и Илуминација на ентериер.

Во областа на културното наследство и урбанизмот, кандидатката учествувала во бројни проекти, меѓу кои: истражување во архивите за реставрација на Палацо Дукале во Мантова (11.5.2015 - 7.8.2015) под менторство на проф. д-р Стефано Л’окасо, техничка документација за фазите на реставрација; мапирање и типологија на историското јадро на Мантова (3.12.2014 - 14.3.2015) како дел од проект на УНЕСКО; учество во конзерваторски проекти во Полска (2018), вклучувајќи истражување на палата од 1620 година во Bystrzyca Kłodzka и црквата „Св. Катерина“ во Bierutów во соработка со проф. Малахович. Во 2019 година учествувала во истражувачки проект за традиционалната архитектура во Демир Хисар, поддржан од Министерството за култура на РМ, и интерактивни работилници во село Љубанци. Во 2020 година работела на дизајн на интерактивна едукативна игра со традиционална архитектура, поддржана од Град Скопје.

Кандидатката има искуство како ментор и автор на неколку работилници од областа на уметноста и дизајнот. Во 2017 година била ментор на работилница за портретна фотографија во соработка со фотографот Драган Гајиќ и Македонскиот народен театар. Во 2018 година била ментор и автор на неколку изданија на работилницата РеТекс, која се одржала во Музејот на Град Скопје, како дел од европскиот проект КреАрт и поддржана од Министерството за култура на РМ. Во истата година учествувала како ментор на студентите од катедрата за ентериер на ЕУРМ во проектот за Инклузивна училница-Inno4edu, во соработка со УНИЦЕФ. Во 2019 година, повторно ја водела работилницата РеТекс во Музејот на Град Скопје, поддржана од Министерството за култура.

Кандидатката има значајно искуство во дизајн на проекти од областа на уметноста и креативните индустрии. Некои од нејзините проекти вклучуваат

дизајн на каталози за изложбите „ПОРТАЛИ/PORTALS" (2018 и 2020), „РЕЛАЦИИ/RELATIONS" (2019), и за работилницата РеТекс (2018 и 2019), во рамките на CreArt. Network of Cities for Artistic Creation. Исто така, дизајнирала четири постери за активностите на CreArt во 2018 година, како и поштенски картички за креативна работилница во ботаничката градина ReBreathSk-CreArt (2019). Покрај тоа, работела на редизајн на логото за „РУДНИЦИ БАЊАНИ АД"(2018), како и на дизајн на лого и визуелен идентитет за архитектонското биро ЧИП и невладината организација АРХИФАКТ.

**II. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

Преглед на научноистражувачката дејност и стручно-уметнички и стручно-апликативната дејност и организациско-развојна дејност според член 10 од Правилникот за посебните услови и постапка за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип активностите на д-р Намичева Тодоровска за периодот од 2019 до 2024 година односно во последните 5 (пет) години пред објавување на Конкурсот за избор се согледува преку следните реализирани активности:

**Евалуација на трудовите за избор (публикувани во последните пет години):**

[1] **Автори:** Намичева Екатерина, Катерина Деспот, Михаил Намичев

**Име на труд:** Влијанието на мебелот врз културолошкиот аспект на станбениот простор во првата половина на 20 век.

**Публикација:** ПАЛИМПСЕСТ - Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања, Год. 4, Бр. 7,

UDC:684.4:728.3 (497.711) (049.3) Штип, 2019

**Година:** 2019

**Опис:** Овој труд истражува како уредувањето на станбениот простор во првата половина на 20 век добива културолошко значење преку примената на мебелот. Промените во ентериерот и изборот на мебел се поврзани со општествениот статус на семејствата, при што богатите семејства користеле скапи и стилски парчиња мебел, често носени од европските градови или изработени од домашни мајстори. Особено внимание е посветено на гостинските соби, кои подоцна се развиле во салони за гости. Трудот го нагласува значењето на мебелот во подигнување на културната свест и општествениот живот на градот.

[2] **Автори:** Намичев Петар, Намичева Екатерина

**Име на труд:** Виртуелната реалност како метод на промоција на архитектонското културно наследство и на културната меморија

**Публикација:** ПАЛИМПСЕСТ - Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања, Год. 4, Бр. 8,

UDC: 930.85:004.932 Штип, 2019

**Година:** 2019

**Опис:** Овој труд ги истражува можностите на виртуелната реалност во создавањето интерактивни аудиовизуелни средини за повеќе корисници, со фокус на нејзината примена во зачувување на културното наследство. Потекнувајќи од индустриската и воената визуелна симулација од 80-тите години на 20 век, виртуелната реалност овозможува корисниците да се внесат во симулации и реално да комуницираат со дигитални објекти. Преку примери од

палатите во урбаното јадро на Скопје и светски примери, трудот ги разгледува методите на мешаната, аугментираната и виртуелната реалност. Главна цел е да се потенцира употребата на виртуелната реалност како средство за пренос на знаење и зачувување на културната меморија. Трудот го истакнува значењето на виртуелното наследство како алатка за конзервација, дигитална репродукција и презентација на културни артефакти преку напредни VR технологии, особено во контекст на објектите од културното наследство на Скопје кои исчезнале по земјотресот во 1963 година.

[3] **Автори:** Намичев Петар, Намичева Екатерина

**Име на труд:** Традиционалната архитектура во велешко од 19 век и почетокот на 20 век

**Публикација:** PATRIMONIUM Spisanie za kulturnoto nasledstvo - spomenici, restavracija, muzei - Година 12, број 17 / 2019 УДК: 728.6(497.713)»18/19»

**Година:** 2019

**Опис:** Овој труд се фокусира на традиционалната архитектура во Велешкиот регион, истакнувајќи ја нејзината автентична форма на живеалиште и специфичните карактеристики на станбеното наследство. Опфатени се различни типови на куќи, при што најзастапен е отворениот тип со чардак. Трудот го разгледува значењето на мајсторските тајфи, употребата на локални градежни материјали и обичаите поврзани со градењето на куќите. Особено е акцентирано културното и локалното значење на овие објекти како дел од наследството на регионот.

[4] **Автори:** Деспот Катерина, Намичев Петар, Сандева Васка, Намичева Екатерина

**Име на труд:** Problems and features of sitting sites in the medicines of musics of living instruments.

**Публикација:** IXth International scientific conference on architecture and civil engineering ArCivE. ISSN 2367-7252

**Година: 2019**

**Опис:** Овој труд ги истражува различните форми и функции на седењето, со посебен фокус на столот како објект чиј дизајн варира според материјалот, намената и целната група корисници. Во него се истакнува основната структура на столот, која се состои од хоризонтални и вертикални површини за поддршка на телото и грбот, додека воедно се потенцира и психолошката и симболичката врска помеѓу столот и неговиот корисник. Трудот, исто така, ги разгледува предизвиците при седењето кои се специфични за музичарите, особено во оркестрите, каде што долготрајното седење може да предизвика мускулоскелетни нарушувања, што претставува сериозен ризик за нивната професионална изведба.

[5] **Автори:** Намичев Петар, Намичева Екатерина

**Име на труд:** The Traditional architecture in the region of Prilep from the 19th to the beginning of the 20th century

**Публикација:** Patrimonium.MK - Periodical for Cultural Heritage - Monuments, Restoration, Museums, 13 (18). pp. 673-700. ISSN 1857-5811

**Година:** 2020

**Опис:** Овој труд ги истражува специфичните карактеристики на традиционалното градителство во Прилепскиот регион, со фокус на моделите на живеалишта како приземните куќи и куќите со кат од типот чардаклија. Се анализира внатрешната и надворешната обработка на куќите, активностите

на мајсторските тајфи и употребата на локални градежни материјали. Посебен акцент е ставен на обичаите и верувањата поврзани со процесот на градење и вселување, при што профаните објекти се валоризирани како значаен дел од културното наследство на регионот.

[6] **Автори:** Намичев Петар, Намичева Екатерина

**Име на труд:** Традиционалната архитектура – модели на заштита и зачувување на функцијата

**Публикација:** Palimpsest International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, 5 (9). pp. 213-221. ISSN 2545-3998

**Година:** 2020

**Опис:** Овој труд ги истражува развојот на традиционалната архитектура од 18, 19 и почетокот на 20 век и можностите за нејзино вклопување во современите функции и потреби. Анализата на капацитетите за рурален туризам создава насоки за развој на територијата, а презентираните конзерваторски интервенции укажуваат на потенцијалот за адаптација на станбените објекти. Преку применетите методи и анализи, трудот поставува основа за валоризација на вредностите на историските објекти, како дел од градителското наследство на Балканот.

[7] **Автори:** Намичев Петар, Намичева Екатерина

**Име на труд:** Јавните и приватните објекти значајни за развојот на урбаното градско јадро на Скопје

**Публикација:** Palimpsest International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, 5 (10). pp. 57-70. ISSN 2545-3998

**Година:** 2020

**Опис:** Овој труд истражува различните значења на деловите на градот Скопје и нивното оформување, поврзувајќи ги со социјалната историја и културниот контекст. Во раните 20-ти години се идентификуваат специфични параметри за создавање на градското јадро, како и разни интерпретации на новите архитектонски тенденции, со акцент на стилската формација позната како „академизам“. Трудот анализира јавните и приватните објекти од овој период, нагласувајќи го влијанието на странските архитекти и нивните композиции на развојот на централното градско јадро во Скопје.

[8] **Автори:** Намичева Екатерина, Намичев Петар,

**Име на труд:** Традиционалната конструкција на македонската куќа од 19-от век

**Публикација:**Naturalresourses and technology, XV (15). pp. 107-112. ISSN 1857-6966

**Година:** 2021

**Опис:** Овој труд анализира конструктивниот систем на традиционалната куќа, која користела локални материјали како камен, земја и дрво. Живеалиштата со приземје и кат најчесто се изградени со масивни камени ѕидови во приземјето и бондручен систем на катот, што е вообичаена комбинација. Каменот се користел за темелите и носечките ѕидови, додека земјата била применувана за подови и врзно средство. Дрвото, пак, се користело за изработка на врати, прозорци и декоративни елементи. Трудот истакнува еколошкиот пристап во изборот на материјали и адаптацијата на конструкцијата на потребите на семејството и урбаниот простор.

[9] **Автори:**Намичев Петар, Намичева Екатерина
**Име на труд:** Традиционалната архитектура во Гевгелиско од 19 век
**Публикација:** Patrimonium (19). pp. 345-360. ISSN 1857-5811
**Година:** 2021
**Опис:** Овој труд се фокусира на развојот на традиционалниот начин на градење во Гевгелија, истражувајќи типологијата на просторни градби кои се формирале во текот на долг временски период. Анализирани се најзастапените модели, како што се приземни куќи од затворен тип, куќи со трем и отворен чардак. Исто така, се истражуваат обичаите поврзани со градењето, од темелите до вселувањето во новата куќа. Трудот вклучува информации за градителите, нивната организација и употребата на локални материјали. Авторот заклучува дека од 18 век до денес традиционалната архитектура во Гевгелија ја задржала својата автентичност, потврдувајќи ја вредноста на локалните градби.

[10] **Автори:**Намичев Петар, Намичева Екатерина
**Име на труд:** Просторни карактеристики на традиционалната селска куќа во Скопскиот регион од 19 век
**Публикација:** Palimpsest International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, 6 (12). pp. 187-199. ISSN 2545-3998
**Година:** 2021
**Опис:** Овој труд истражува руралните населби во скопскиот регион, фокусирајќи се на различните типови на живеалишта и нивната еволуција, вклучувајќи куќарки, колиби, приземни и надземни куќи, куќи на клед, куќи со кат (чардаклија) и куќи-куле. Просторните карактеристики на овие живеалишта вклучуваат економски простории во приземјето и простории за престој на катот, со променливи димензии во зависност од семејните потреби. Ентериерот е опишан како скромен, со минимална опрема и декорација. Специфичен за регионот е типот на куќа со отворен чардак, кој претставува заштитен модел во согласност со климатските и економските услови.

[11] **Автори:** Намичев Петар, Намичева Екатерина
**Име на труд:** Надворешна декорација на традиционалната куќа во Македонија од 19 век
**Публикација:** Балканот и балканските народи – паралели во историјата и во современоста. pp. 48-62. ISSN ISBN 978-608-4845-12-6
**Година:** 2021
**Опис:** Овој труд ја проучува органската методологија во дизајнирањето на просторот и нејзиното влијание врз елементите на фасадата, со акцент на тоа како ориентацијата и зголеменото природно осветлување, постигнато преку погустата распореденост на прозорците, придонесуваат за декорацијата на фасадата. Се истакнуваат специфичните форми и концепти на надворешниот дизајн обликувани од структурните карактеристики на различни регионални модели, со фокус на интензивноста на декорацијата на предната фасада. Анализата, исто така, ги опфаќа клучните фактори кои ја дефинираат завршната обработка на фасадата од 19 век, вклучувајќи ја формата и позицијата на балконите, ритамот на прозорците и вратите, и декоративните елементи, што сè придонесува за вкупната визуелна идентитет на овие домови.

[12] **Автори:** Намичев Петар, Намичева Екатерина
**Име на труд:** Културна одржливост и архитектонско наследство
**Публикација:** P A L I M P S E S T International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, 6 (11). pp. 227-239. ISSN 2545-3998

**Година:** 2021

**Опис:** Овој труд истражува конзервацијата и адаптивната реупотреба на запоставените историски објекти како клучен дел од урбаната регенерација, адресирајќи ја потребата за нови структури. Нагласени се придобивките од ревитализацијата на историските градби во старите градски јадра, што придонесува за постигнување на целите за одржливост. Со разбирањето и прифаќањето на социо-економскиот и културниот потенцијал на овие локации, многу структури кои ја имаат изгубено својата првична функција можат да се трансформираат во корисни простори, вдахнувајќи нов живот на старите населби и создавајќи одржливи социјални и економски средини. Трудот презентира препораки за зголемување на приватните инвестиции во објектите од културното наследство за да се обезбеди нивна конзервација, како и постигнување на целите за одржлив развој, фокусирајќи се на можностите за промоција на повторната употреба и реновирањето на објектите од почетокот на 20 век во Скопје.

[13] **Автори:** <u>Екатерина</u> <u>Намичева Тодоровска,</u> Намичев Петар

**Име на труд:** Традиционалното живеалиште во Лесново, Злетово

**Публикација:** Patrimonium (19). pp. 345-360. ISSN 1857-5811

**Година:** 2022

**Опис:** Овој труд ја истражува населбата Лесново, која е дел од руралните населби со уникатни локални карактеристики и се наоѓа во непосредна близина на Злетово. Традиционалниот начин на градење во овој регион вклучува специфични карактеристики на живеалиштата, при што доминира каменот како локален материјал, а моделите на просторна концепција се базираат на два основни типа: затворен и отворен со чардак. Непосредната близина на манастирскиот комплекс ја зголемува важноста на населбата, која се одликува со специфична рурална структура и архитектонско-естетски карактеристики, што ја поставува Лесново како значаен дел од градителското наследство на регионот.

[14] **Автори:** <u>Екатерина</u> <u>Намичева Тодоровска,</u> Намичев Петар

**Име на труд:** Significance of the bazaar for preservation of the traditional urban form in Macedonia - Study case of Skopje's old bazaar

**Публикација:** Palimsest International Journal for Linguistic, 7 (13). pp. 215-228. ISSN 2545 -3998

**Година:** 2022

**Опис:** The paper examines the vital role of the bazaar in preserving the traditional urban concept of Skopje, particularly during the Ottoman period. It analyzes the spatial structure of Skopje's historic core, comparing it with urban developments in other Balkan countries. The study highlights how the bazaar facilitated the establishment of public building groupings—such as hans, hamams, sacred structures, and bezistens—that became integral to local urban composition. The multifaceted significance of the bazaar is explored, emphasizing its size, economic impact, and strategic position over time. Ultimately, the paper argues that the bazaar exemplifies a model of spatial unity, reflecting both local needs and broader Ottoman influences in urban planning.

[15] **Автори:** <u>Екатерина</u> <u>Намичева Тодоровска,</u> Намичев Петар

**Име на труд:** The Branding of cities – the role of Skopje Palaces in the Cultural branding of the city from the beginning of the 20th Century.in Macedonia - Study case of Skopje's old bazaar

**Публикација:** Palimspest, International journal for linguistic, literary and cultural research, VII (14). pp. 181-190. ISSN 2545-3998

**Година:** 2022

**Опис:** Овој труд истражува што е она кое го поседуваат силните брендови и што им е потребно на градовите како Скопје за да се брендираат успешно. За да биде градот добар бренд, тој мора да поседува карактеристики кои се дефиниирачки и посебни и кои лесно се идентификуваат. Овие карактеристики го вклучуваат изгледот на градот, вербата на луѓето во градот, она што го претставува градот и какви луѓе живеат во него. Во почетокот на XX век урбаниот развој на градот Скопје на десната страна на реката Вардар влијае врз социјалниот живот на населението обликувајќи ги нивните потреби и желби, создавајќи нов идентитет, а воедно и бренд на градот. Во овој труд се наведуваат карактеристиките од почетокот на XX век кои го оформуваат идентитетот на градот Скопје.

[16] **Автори:**Намичев Петар, Екатерина Намичева Тодоровска

**Име на труд:** Typology of housing units in the region of Ohrid.

**Публикација:** Natural Resources and Technology, 16 (2). pp. 35-41. ISSN 1857-6966

**Година:** 2022

**Опис:**Текстот ја истражува руралната типологија на населбите во Охрид, кои обично имаат компактен карактер и се наоѓаат во рамните или ридести области. Населбите во ридестите подрачја, како што се Рамне, Велестово и Рача, се формираат според конфигурацијата на теренот, при што локацијата на населбите е создадена според потребите на новоселени семејства. Клучен фактор за нивното формирање е достапноста на обработливо земјиште за риболов, земјоделство и сточарство. Традиционалните верувања за обликот и големината на куќите влијаат на изгледот на населбите, кои во својата околина создаваат пријатни услови за живот. На крајот на 18 век, населбите биле мали, но во 19 и 20 век, со интензивното населување на нови семејства, дошло до значително зголемување на бројот на куќи и на локалното население.

[17] **Автори:**Намичев Петар, Екатерина Намичева Тодоровска

**Име на труд:** Селската куќа во Охридската област од 19 век

**Публикација:** Patrimonium, 16 (21). pp. 259-274. ISSN 1857-5811

**Година:** 2022

**Опис:** Руралната концепција на населбите во охридско е најчесто од збиен тип, поставени во рамничарскиот или ридскиот предел, што создава поволни услови за развој на живеалиштата. Доминантен модел на куќа е куќата со приземје и кат, која еволуирала со затворен и отворен чардак. Природните ресурси на езерото, планинските и котлински предели нудат можности за различни креативни, просторни, конструктивни и естетски вредности на живеалиштата. Разновидноста на моделите на живеалишта во селските населби претставува важен дел од градителското наследство на регионот, обележан со богат културен и историски контекст.

[18] **Автори:**Намичев Петар, Екатерина Намичева Тодоровска

**Име на труд:** Руските архитекти во Скопје во периодот меѓу двете светски војни

**Публикација:** Palimsest, 8 (16). pp. 153-163. ISSN 2545-3998

**Година:** 2023

**Опис:** Во годините по Првата светска војна, од 1918 година, во новото Кралство на СХС се појавила потреба за обнова на уништените градежни структури во градовите. Во продукцијата на станбената архитектура на Скопје

од 1922 до 1941 година, значителен печат оставиле архитектите и инженерите-емигранти од Русија, кои се населиле во Скопје во периодот 1919-1921 година. Неколку од нив, како Иван Артемушкин, Борис Дутов и Вјачеслав Бујко, со своите работи во општинските служби стекнале добра репутација и основале самостојни технички бироа. Целокупната продукција на овие архитекти, која го формирала централното градско јадро на Скопје, во голема мера била уништена во земјотресот од 1963 година. Овој труд нуди преглед на влијателните руски архитекти и инженери во Скопје за време на овој историски период.

**[19] Автори:**Намичев Петар, Екатерина Намичева Тодоровска

**Име на труд:** Руските архитекти и инженери од почетокот на 20 век во Скопје и нивното влијание врз урбаниот развој

**Публикација:** Palimpsest, international journal for linguistic, literary and cultural research, VIII (15). pp. 225-233. ISSN 2545-3998

**Година:** 2023

**Опис:** По Првата светска војна, во новонастанатото Кралство на СХС, постоела голема потреба за обновување на уништените градежни структури во градовите. Интензивираните градежни активности, како и општествената колонизаторска политика, довеле до брз раст на населението во Скопје и зголемена економска моќ на дел од населението. Оваа ситуација создаде потреба за ангажирање на образовани архитекти и инженери, кои недостасувале во регионот. Во периодот од 1922 до 1941 година, значителен печат на продукцијата на станбената архитектура во Скопје оставиле архитектите и инженерите-емигранти од Русија, кои се населиле во градот во периодот 1919-1921 година.

**[20] Автори:** Nikolovska V., Despot K., Sandeva V. & Namiceva Todorovska E.

**Име на труд:** The importance of architectural accessibility in modern society

**Публикација:** Natural Resources and Technology, 17 (1). pp. 43-48. ISSN 1857-6966

**Година:** 2023

**Опис:** Главната цел на архитектурата е создавање на достапна средина за потребите на луѓето, што е клучно за квалитетот на животот. Дизајнирањето без архитектонски бариери и свеста за потребите на лицата со инвалидитет е актуелна тема. Вклучувањето на овие потреби ја истакнува етичката димензија на архитектурата и одговорноста кон животната средина. Поширокота достапност е важна за околу 15% од населението со инвалидитет и помага во зголемувањето на нивната вклученост во секојдневните активности. Архитектонската достапност влијае на сите групи на луѓе, промовирајќи социјална кохезија и развој на модерното општество.

**[21] Автори:** Despot K., Sandeva V. & Namiceva Todorovska E.

**Име на труд:** The two pages of the beauty in the design.

**Публикација:** XXXII INTERNATIONAL CONFERENCE FOR STUDENTS AND YOUNG SCIENTISTS ‘ 2023 5 ÷6 October 2023, Technical faculty, SWU "Neofit Riski" -Blagoevgrad, Bulgaria ISSN 2603-4395

**Година:** 2023

**Опис:** The interplay between personal style and the prevailing epoch—two sides of beauty—gives rise to a myriad of distinct forms that, despite their differences, resonate with an underlying unity. This internal resonance culminates in a dominant aesthetic expression. Both elements are inherently subjective; the epoch seeks to manifest its essence through art and design, while the designer aims to convey their individuality by choosing forms that resonate with their personal vision.

[22] **Автори:** Sandeva V. and Despot K. and Namiceva Todorovska E. & Nikolovska V.

**Име на труд:** The influence of composition in geoparks

**Публикација:** Подекс - Повекс: Технологија на подземна и површинска експлоатација на минерални суровини. pp. 258-266. ISSN ISBN: 978-608-65530-7-4

**Година:** 2023

**Опис:** Во трудот се истражува интеракцијата помеѓу личниот стил и доминантната епоха како две страни на убавината, кои создаваат мноштво уникатни форми. И покрај нивните разлики, тие резонираат со основна единственост, што доведува до доминантна естетска експресија. Двата елементи се субјективни; епохата настојува да ја изрази својата суштина преку уметноста и дизајнот, додека дизајнерот се стреми да ја пренесе својата индивидуалност преку изборот на форми кои резонираат со неговата лична визија.

[23] **Автори:** Sandeva V. and Despot K. and Namiceva Todorovska E. & Nikolovska V.

**Име на труд:** The green system and the connection with the street network.

**Публикација:** XXXII INTERNATIONAL CONFERENCE FOR STUDENTS AND YOUNG SCIENTISTS ‘2023 5 ÷6 October 2023, Technical faculty, SWU “Neofit Riski” -Blagoevgrad, Bulgaria ISSN 1314-4669. pp. 258-266. ISSN ISBN: 978-608-65530-7-4

**Година:** 2023

**Опис:** Во трудот се анализира зелениот систем како просторна мрежа од зелени површини со биолошка, рекреативна и естетска функција, која игра значајна улога во макроструктурата на градот. Брзиот научно-технолошки развој предизвика сериозно нарушување на еколошката рамнотежа меѓу човекот и околината. Главниот проблем се јавува во конфликтот „човек - автомобил - животна средина“, кој бара соодветни решенија преку промена на урбанистичките концепти.

[24] **Автори:** Sandeva V. and Despot K. and Namiceva Todorovska E. & Nikolovska V.

**Име на труд:** Геоморфолошки феномен Маркови кули - Прилеп.

**Публикација:** XIV Стручно советување со меѓународно учество Подекс - Повекс ’23, 06-08 Oct 2023, Ohrid.

**Година:** 2023

**Опис:** Трудот ја истражува улогата на композицијата во организирањето и обликувањето на просторот за создавање на естетски и функционални решенија во архитектурата, пејзажната архитектура и други креативни дејности. Композицијата овозможува визуелно изразување и пренесување на порака преку просторот. Во трудот се презентираат Марковите кули како културно-историско наследство, прикажани од ликовен аспект, со цел да се нагласи нивната естетска вредност и природна убавина.

[25] **Автори:** Намичев Петар, Екатерина Намичева Тодоровска

**Име на труд:** Transformations of the Vernacular Houses of Macedonia in the 19th Century.

**Публикација:** Journal of the International Society for the Study of Vernacular Settlements, 11 (05). pp. 70-87. ISSN 2378-2222

**Година:** 2024

**Опис:** Трудот истражува значајни трансформации во традиционалните куќи од 19 век во Македонија, кои одразуваат сложено влијание од социо-економски, културни и технолошки фактори. Преку квалитативен пристап, истражувањето се фокусира на куќите во селата и градовите, користејќи техники како анализа на литература, набљудувања, фотографски документирања и интервјуа. Наодите покажуваат дека промените се поврзани со напредокот во градежните материјали и техники, а урбанизацијата, глобализацијата и културните промени влијаат на традиционалната архитектура, што создава предизвици за зачувување на културното наследство.

[26] **Автори:** Намичев Петар, Екатерина Намичева Тодоровска

**Име на труд:** The architectural production of architect Boris Dutov in the period of 1921-1940 in the city of Skopje

**Публикација:** PALIMPSEST / ПАЛИМПСЕСТ, 9(17), 157-166. https://doi.org/10.46763/PALIM24917157nt

**Година:** 2024

**Опис:** Трудот ги разгледува архитектонските проекти на Борис Дутов, еден од најпродуктивните архитекти во Скопје меѓу двете светски војни. Во периодот од 1921 до 1940 година, Дутов проектирал над 433 станбени објекти и бројни комерцијални и јавни згради. Неговата работа била најчесто насочена кон скромни проекти, при што покажал вештина за архитектонска композиција во академски стил, приспособен на вкусот на комесарите и социјалните услови на градското население.

По согледување на доставената документација на кандидатите, Рецензентската комисија констатира дека:

## ЗАКЛУЧОК

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за општите и посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која и беше уредно доставена. По прегледот на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Екатерина Намичева-Тодоровска во целост ги исполнува условите предвидени со позитивните законски прописи за избор за наставник во наставно-научно звање доцент во област урбанистичко и просторно планирање. Кандидатката има континуирано научно напредување, како и позитивни научноистражувачки резултати. Истовремено има одличен придонес во наставно-образовната и стручно-апликативната дејност и ги поседува потребните бодови (вкупно 420,5), согласно со критериумите за бодување. Врз основа на гореизнесеното, Рецензенската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип да ја избере кандидатката д-р Екатерина Намичева-Тодоровска во наставник со наставно-научно звање доцент за наставно-научната област урбанистичко и просторно планирање (2.11.01.01).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
**Д-р Сашо Блажевски, доцент, претседател, с.р.**
**Д-р Дамјан Балкоски, доцент, член, с.р.**
**Д-р Васка Сандева, редовен професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Избор во звање асистент (бр.1702-143/5 од 08.07.2021) | 1 | 15 | / | / | **15** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **15** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Монографија или научна книга | 5 | 10 | / | / | **50** |
| **2** | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор) | 1 | 15 | 1 | 15 | **30** |
| **3** | Научен труд објавен во списание со ИФ (втор автор) | 16 | 10 | / | / | **160** |
| **4** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (втор автор) | 3 | 6 | / | / | **18** |
| **5** | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | / | / | **8** |
| **6** | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | 1 | 4 | **8** |
| **7** | Студиски престој во странство | / | / | 2 | 8 | **16** |
| **8** | Самостојно ликовно претставување (ликовна изложба) | 7 | 6 | | | **42** |
| **9** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 4 | 2 | | | **8** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **340** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Труд во стручно (научно-популарно) списание | 16 | 2 | | | **32** |
| **2** | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 16 | 2 | | | **32** |
| **3** | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 3 | 0.5 | | | **1,5** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **65,5** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **420.5** |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ
Примено: 22.11.2024
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 0401 | 2418 | 3 | - |

**ДО**
**ДЕКАНОТ НА ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ: Проф.д-р Ацо Јаневски**
**ДО**
**РЕЦЕЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА:**
**Д-р Пенка Ангелинова Димитрова, редовен професор во пензија Машински факултет, Технички Универзитет-Софија, Р. Бугарија – Претседател,**
**Д-р Владимир Станковиќ, редовен професор Технолошки факултет, Универзитет Ниш, Р. Србија - член**
**Проф.д-р Снежина Андонова редовен професор од Техничкиот факултет при Југозападен Универзитет „Неофит Рилски" Благоевград, Р. Бугарија - член**

Арх. знак 0401-24/1
Рок на чување
22.11 2024 год.
Потпис,

**Подносител**: Проф. д-р Јана Манева-Чупоска

**Предмет**: ПРИГОВОР НА ДВА РЕФЕРАТА ЗА ИЗБОР НА ДВАЈЦА НАСТАВНИЦИ ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА ОБЛАСТ ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ТЕКСТИЛ И ОБЛЕКА НА ТЕХНОЛОШКО –ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП (објавен од страна на Рецензенската комисија во Универзитетски билтен бр.355 од ноември 2024 год.)

## ПРИГОВОР

Во месец ноември 2024 година **во Универзитетски билтен бр.355** беше објавен **Реферат за избор на двајца наставници во сите звања за област дизајнирање на текстил и облека на Технолошко-технички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип**. Со цитираниот реферат, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, м-р Јордан Ефремов и м-р Ванѓа Димитријева да бидат избрани во звањето редовни професори по стручно-уметнички предмети во наставно-научната област Дизајнирање на текстил и облека и Предлог-одлуката да се достави до Универзитетскиот сенат, за кандидатите да бидат избрани во наставно-научното звање редовен професор, за претходно назначената област на Технолошко-технички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Го принесувам овој **Приговор** на наведениот Реферат затоа што сметам дека се сторени повеќе неправилности при спроведување на постапката донесена од страна на рецензентската комисија, што во крајна линија беа на моја штета и имаа за резултат да не бидам избрана на конкурсот. Сметам дека наведените неправилности биле причина за донесување на погрешен заклучок на Рецензентската комисија (понатаму Комисијата) и нивното отстранување би можело да доведе до поинакво одлучување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ КОН ПРИГОВОРОТ

Видно од приложената документација е дека имам степен доктор на науки, наспроти кандидатите Ефремов и Димитријева кои се со завршен втор циклус магистерски студии. Согласно **чл.166 ст.3 од ЗВО**, за избор во наставно-научно звање редовен професор, може да биде избрано лице кое:

1. **има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно,** односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус,
2. **има научен степен доктор на науки од соодветната област**,
3. има објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со овој закон во последните пет години пред објавување на огласот за избор,
4. да бил претходно избран во звање вонреден професор,
5. има објавен рецензиран учебник или монографија или практикум или збирка задачи од научната област за која се избира и
6. има способност за изведување на високообразовна дејност.

Согласно **ст.5 од истиот член**, на лицата кои имаат засновано работен однос како доцент,

вонреден професор, асистент, асистент докторанд или помлад асистент на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на овој закон, **нема да се применуваат одредбите од ставот (2) алинеја 1. и ставот (3) алинеја 1**., при нивниот избор во исто или повисоко наставно-научно звање без оглед на која високообразовна установа се врши новиот избор.

**Ова значи дека со цитираниот ст.5 се исклучува само условот за просечен успех** од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус. Сите останати услови остануваат. Со изготвениот Реферат, **Комисијата во целост го исклучила и условот за поседување на степен докторат**, директно прекршувајќи ги ЗВО и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип **и со самото објавување во Универзитетскиот билтен нанесена е целосна јавна дискриминација на мојата професионална биографија.**

Согласно **чл.167 од ЗВО,** за доцент, вонреден професор и редовен професор по стручно-уметничките предмети може да биде избрано и лице без научен степен доктор на науки, кое има завршено соодветно високо образование од втор циклус, признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјата, како и способност за наставна работа.

Законот за високото образование и подзаконските акти **не даваат можност да се избере лице со завршени студии од хуманистички науки – ликовна уметност во област технолошко-технички науки – текстилно инженерство.** Според конкурсот, изборот се врши во област **2.11.06.05 – дизајнирање на текстил и облека**, што според фраскатиевата класификација објавена во Сл. Весник на РСМ бр.91 од 19.04.2024 год спаѓа во подрачје 2 – Инженерство и технологија. **Избраните кандидати имаа завршено образование во област ликовна уметност и текстил што припаѓа на подрачје 6 – хуманистички науки, што воопшто не е компатибилно со областа во која се врши изборот** и во никој случај Рецензентската комисија не смеела да прифати дека се работи да кандидати со соодветно образование на кој не се применува законскиот критериум за завршено образование и постигнат просечен успех. **За да може да се примени чл.167 и да се смета дека кандидатот има втор степен соодветно образование, тоа треба да е од областа во која се врши изборот или и покрај завршеното образование од хуманистичките науки, задолжително да има завршен трет циклус како научно поле на интерес, што овде повторно не е случај.**

**Дополнително, контрадикторноста** во рефератот е ако веќе изборот се врши по чл.167, требало да се бараат стручно уметнички трудови, а не научни трудови во референтна научна публикација, рецензирана скрипта или ЦД за кои Комисијата навела дека не сум ги доставила.

**Рецензентската комисија била должна за секој кандидат да изготви Реферат и во рефератот табеларно по сите критериуми да ги вреднува со бодови остварувањата на секој кандидат поединечно**, а во случајот вредносна оцена дала само за кандидатите м-р Јордан Ефремов и м-р Ванѓа Димитријева.

Комисијата донела погрешен заклучок дека **не сум доставила препораки потребни за избор во доцент. Напоменувам дека јас не се кандидирав за избор во доцент, бидејќи сум вработена на друг универзитет и избрана во звање редовен професор, а тоа не е реверзибилен процес, туку е звање кое не се губи. (за што беше даден документ за избор во редовен професор во трајно звање)**

Во самиот конкурс е наведено дека нема да се применуваат наведените критериуми од т.1 на огласот, па на крај комисијата **сепак ги применила** и тоа само во однос на мене и тоа на околноста дека не сум приложила доказ за издаден учебник, рецензирани скрипта, практикум, или ЦД. Во самиот конкурс **се бараше само еден примерок од докторски труд** за што потоа во образложението во рефератот да стои дека не е доволно само тоа. **Овој услов не е предвиден со ЗВО, ниту беше дел од потребните критериуми во самиот конкурс, туку со вашиот Правилникот на УГД, (објавен на сајтот на универзитетот) при што издадениот универзитетски учебник би требало да е издаден во е-библиотека на УГД. Ваквиот став на рецензионата комисија е крајно тенденциозен (со што дава простор за сомнеж дали воопшто рецензионата комисија е запознаена со ваквите детали и правилници, посебно кога се работи за рецензиона комисија која е надвор од Р.С. Македонија) бидејќи нема никаква логика да се бара до е-библиотека пристап за кои имаат само вработени на УГД, со што е невозможно надворешен кандидат да објавува и со што сум ставена во**

**понеповолна положба од избраните кандидати и директно дискриминирана.**

Комисијата навела дека немам доставено две препораки, **а всушност тој услов се однесува за избор во доцент, кое звање веќе го имам стекнато и воопшто на УГД не сум конкурирала за избор во звање доцент или вонреден професор.**

Од содржината на Реферaтот, Комисијата ме одбила бидејќи сум немала приложено доказ дека имам звање во областа во која што е распишан конкурсот, **а еднаш стекнато звање не се губи.**

Комисијата навела дека областа „Дизајн и уметност" не постои во фраскатиевата класификација каде јас сум избрана во редовен професор на Факултетот за арт и дизајн – Европски Универзитет-Скопје. **Ваквиот став на рецензионата комисија е целосно правно неоснован со дискриминирачка цел. Во прилог во самата документација беше даден документ за мојот избор каде ЈАСНО е напишано дека сум избрана ПО ГРУПА СТРУЧНО УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА ДИЗАЈН И УМЕТНОСТ што е редовна и целосно правно основана пракса на сите уметнички академии и факултети за дизајн.**

Како потврда на мојот **Приговор** исто така повторно во однос на правната обврска според ЗВО да се бира во област 2.11.06.05 – дизајнирање на текстил и облека, е со **задолжителен трет циклус на студии** поради припадноста во Технолошко-техничките науки се и звањата на самата рецензиона комисија каде може да се видат и нивните задолжителни академски и законски параметри а тоа е завршен трет циклус на студии од подрачјата на Технологија и текстил како научна дисциплина. Според фраскатиевата класификација во Р.С. Македонија објавена во Сл. Весник на РСМ бр.91 од 19.04.2024 год. исто така подрачјето 2 спаѓа во – Инженерство и технологија што е уште еден аргумент дека редовни професори односно професори во било кое звање **не можат да бидат професори во овие области, без завршен трет циклус на студии.**

Од погоре изнесеното, **Барам овој Приговор** да биде објавен, по него да се постапи и да биде усвоен, а Рецензентската комисија да ја повтори или дополни постапката така што ќе ги отстрани наведените неправилности и ќе може да донесе правилна одлука.

Со почит,
Подносител
Проф.д-р Јана Манева-Чупоска

22.11.2024 г.

Примено: 28.11.2024

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 0401 - | 24/9 | 2 | - |

До

**Наставно-научниот совет на**

**Технолошко-технички факултет**

**при Универзитет „Гоце Делчев"- Штип**

Арх. знак 0401 - 24
Рок на чување 1 г
28.11 2024 год.
Потпис

**ПРЕДМЕТ:**

**Одговор на приговор**

**поднесен од д-р Јана Манева Чупоска, бр.0401-24/8 од 22.11.2024 год. против двата Реферата за избор на за избор на двајца наставници во сите наставно научни звања за област „ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ТЕКСТИЛ И ОБЛЕКА" на Технолошко-технички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, објавен во Билтен на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип бр.355 од 15 ноември 2024 година.**

Рецензентската комисијата за избор на двајца наставници во сите наставно-научни звања за област Дизајнирање на текстил и облека на Технолошко-технички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, врз основа на доставената документација од страна на кандидатите кои аплицираа на Конкурсот ги состави рефератите. Комисијата се раководеше првенствено од условите наведени во Конкурсот, како и од одредбите на Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапка за избор во наставно-научни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Комисијата му предложи на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип да му предложи на сенатот на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип да ги избере м-р Јордан Ефремов и м-р Ванѓа Димитријева-Кузманоска за редовни професори за научната област Дизајнирање на текстил и облека.

Незадоволна, од предлогот за избор на кандидатите м-р Јордан Ефремов и м-р Ванѓа Димитријева-Кузманоска, кандидатката д-р Јана Манева Чупоска во законски предвидениот рок поднесе Приговор бр.0401-24/8 од 22.11.2024 година на Рефератите за избор на двајца наставници во сите наставно научни звања за област Дизајнирање на текстил и облека на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, објавен во Билтен на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип бр.355 од 15.11.2024 година.

Комисијата жали доколку кандидатката д-р Јана Манева Чупоска се чувствува дискриминирано меѓутоа искрено, смета дека таа не придонела за таквиот впечаток.

Конкурсот беше објавен за избор на професор во сите звања, а тоа се доцент, вонреден професор и редовен професор и кандитатката се пријавила, без да наведе дека би се навредила доколку при изборот се земат во предвид другите звања, освен редовен професор.

Комисијата (врз основа на документацијата) смета дека за избор **во редовен професор** д-р Јана Манева Чупоска не исполнува два услови и тоа:

- претходен избор во звање вонреден професор во областа **Дизајнирање на текстил и облека,** при што, изборот во друга област (во хуманистичките науки ) не може да се земе во предвид
- кандидатката нема објавено **учебник**

За избор во **вонреден професор** д-р Јана Манева Чупоска не го исполнува условот:

претходен избор во звање доцент во областа **Дизајнирање на текстил и облека**

Поради доследност во постапката, а следејќи го конкурсот (не од негирачки побуди) комисијата мораше да го разгледа и исполнувањето на условите за **доцент**, при што забележа дека д-р Јана Манева Чупоска не доставила препораки.

Поради **неисполнување на законските услови** за избор во звање во областа **Дизајнирање на текстил и облека**, комисијата сметаше дека не треба да ги евалуира (да доделува поени) активностите на д-р Јана Манева Чупоска.

Во однос на образованието, комисијата укажува дека сите кандидати имаат образование од областа на Хуманистичките науки, што комисијата не го гледа како пречка за избор. Законот не го фаворизира (без исполнување на другите услови), изборот, на кандидатот кој има докторат како што е случајот со д-р Јана Манева Чупоска, која е доктор по Фолклористика.

Врз основа на изнесеното, Рецензетската комисија му предлага на **Наставно научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „ Гоце Делчев" – Штип да го одбие Приговорот на д-р Јана Манева Чупоска како неоснован и да го земе во предвид заклучокот и предлогот на Комисијата во Рефератите објавени во Универзитетски билтен бр. 355 од 15.11.2024.**

**Датум**

27.11.2024

Рецензетска комисија

**Д-р Пенка Ангелинова Димитрова**, редовен професор во пензија, претседател

**Д-р Владимир Станковиќ**, редовен професор, член

**Д-р Снежина Андонова**, редовен професор, член